# МАКЕДОНСКИТЕ СЛЕПИ ГУСЛАРИ

Александар Стерјовски



МАТИЦА МАКЕДОНСКА

М А Т И Ц А М А К Е Д О Н С К А
СКОПЈЕ & МЕЛБУРН

*Директор*
Раде Силјан

*Главен уредник*
Божин Павловски

*Рецензенти*

д-р Танас Вражиновски
д-р Марко Китевски

*Уредник*
Антонио Б. Павловски

*Ликовно-графички уредник*
Нико П. Този

АЛЕКСАНДАР СТЕРЈОВСКИ

# ПРОСЈАЦИТЕ - ГУСЛАРИ

(ПРИЛОГ КОН ХОМЕРОВСКОТО ПРАШАЊЕ)

Матица македонска
1999

ALEXANDAR STERIOVSKY

# BEGGAR – PLAYERS OF THE GUSLE

(A CONTRIBUTION TO THE HOMER ISSUE)

Matica makedonska
Skopje

АЛЕКСАНДАР СТЕРЈОВСКИ

# ПРОСЈАЦИТЕ - ГУСЛАРИ

(ПРИЛОГ КОН ХОМЕРОВСКОТО ПРАШАЊЕ)

Матица македонска
Скопје

# СВЕДОШТВА
# EVIDENCE

*The Macedonian Beggar-gusle players lasted until the end of the nineteenth century, not counting the last few who coud still be found nowadays. They have left evidence about themselves, imprinting themselves in a deep and lively way on the culture, especially in folk literature. They have been recorded in belletristic literature, particularly during the Macedonian Renaissance period. Even „The Sirdar", a poem awarded the laurel wreath, was attributed by its author to one of them („a gray-haired beggar" who had dictated it to him accompanied on a „two-string gusle"). They have also been recorded in travel literature, which contains valuable and original information about them. However, we find the best and most impressive documents about their exisatence in the fine arts. Especially important evidence is the wooden sculpture of a gusle player sitting cross-legged with a one-string gusle from the 15th or 16th centuries, found on the gate of St. Jovan Prodrom Monastery (Demir Hisar, Bitola area).*

*Some of their contemporaries had encounters with the gusle players and left important records, of which the especially valuable are those from individuals professionally involved in literary folklore.*

*In Macedonian terminology there are several names for them. Besides the most common terms „beggars" and „beggar-gusle players", they are also known as „bozhjaci" (God's people), „pitachi", (alms-men), „singers", „pevtzi" (singers), „gagaldzii" and „tzigulari" (fiddlers) and as „the blind". Their songs are called „beggar's songs" and „blind people's songs", and a major corpus of them have taken a place in Macedonian folklore. Unfortunately, these songs are all of a later date, the first published song dating back only to 1855. There are separate collections of songs by the beggar-gusle players Nikola Tilev, Jovan Mihailov, Apostle Sekulovski, Vangel Kiparizoski and others.*

*Treated as relics from long ago and with the commendation that they have enriched the national culture by their creativity as authors, as guardians and conservers of folklore materials, but also as sowers of motifs, the beggar-gusle players have attracted considerable scholarly interest. Unfortunately, they have never received correspondingly strong research treatment; all that has been offered is in fact a teaspoon dipped in the huge and seemingly inexhaustible „ocean" of material about them.*

# ОДРАЗ ВО ЛИТЕРАТУРНИОТ ФОЛКЛОР

Македонскиот народен раскажувач и пејач отсекогаш со посебен интерес ја следел впечатливата појава на просјаците и на просјаците-свирачи и во своите записи ја регистрирал со поединости и верно. Причината била едноставна, биле толку бројни и катадневни што, всушност, станале и неодминливи. Се среќавале зад секој агол и со својата агресивност не го оставале човека на мира ниту на улица, ниту во работилница, ниту, пак, во неговиот дом. Поединечно или во групи, но секогаш во незадржливи бранови, нападно го рушеле и она што било најсвето, домашниот интегритет. Ако, притоа, се придодаваат и приказните што се раскажувале за фантастичните богатства пронајдени по смртта во нивните трошни куќи или мувлосани постели, кои обврзно го бујателе вообразението, тогаш сосема е јасно зошто станале една од заинтригираните теми на литературниот фолклор.

Едно од обврзните прашања што се поставувало во врска со нив било: казна ли е или привилегија ли е нивната судбина. Ако е казна, зошто е казна, ако е привилегија, со што ја заслужиле.

Слепи или сакати (*„улогаи"*), грозно испарталени и смрдливи, со деформирани лика, буделе сомилост или одбивност и морничавост. А такви се и нивната судбина не е поинаква, заклучува народниот раскажувач, зашто тоа го заслужиле со својата пакост, подлост и ненаситност во јадењето, пиењето и трупањето богатство (*„Парите на слепите просјаци"*[1], *„Сакатиот питач што сакаше да му го усвоит магарето и жената на еден патник чоек што влегувал во некој град на пазар"*, *„Слепиот што ќе го вардеа бостанот"*[2]) Оттаму и генералниот заклучок: *„...што ти треба да праиш добрина на сакат чоек што го накажал Госпо..."*[3].

Но од друга страна тие се привилегирано божјо суштество што патува (теоксенија) преку кое се проверува добрината, гостољубието и доброто однесување и според тоа поединецот сразмерно се наградува или

---

[1] Стефан И. Верковиќ, **Македонски народни умотворби**, книга четврта, **Јужно-македонски народни приказни**, Подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1985,70.

[2] Марко К. Цепенков, **Македонски народни умотворби во десет книги**, книга петта, **Народни приказни**, Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1972,290.

[3] Истиот, книга шеста, 417.

казнува.[4] Нивниот музички инструмент, како и нивната свирка имаат Орфејски, односно божји специфики („*Ама во гуслата шо свирел: умрен човек оживувал, а пак и жив умирал*"[5]). Пред неа стаписано и занесено застануваат и самовилите, волшебните змии и боговите зашто и таа е со божјо потекло[6].

Како и самите просјаци-гуслари, и народниот раскажувач просењето го третира не за навреда и понижување, ами за занает. Во него немало ништо срамно, дури „... *овој занаат посигурен што бил не е чаре друг занаат да има посигурен*", вели малку шеговито Цепенков.[7] Од тие причини како гаранција при добивање раката на ќерката од идниот зет, царски син, тетстот барал да го има токму овој занает. И обичните, но и просјаците-гуслари имале нормален семеен живот, раскажуваат приказните, сопруги и деца без телесни и други недостатоци. Просењето, како и секој занает, раскажуваат тие, останувал во кругот на семејството и се предавал од татко на син.[9]

Покрај приказните и народните преданија дале интересни материјали за нив, посебно за нивното потекло. Има неколку, со основата „слеп" што го објаснуваат настанувањето на некои топоними. Едното говори за настанувањето на прилепското село Слепче[10], второто поврзано е со демирхисарското село и манастир Слепче[11].

Има две предајни толкувања и за нивната бројност и потекло. Едното, кое го раскажувале самите, говори дека водат потекло од Света Гора (оттаму наводно и името „божјаци"). Имало, раскажува тоа, посебно место во Света Гора, каде, по божја казна, се раѓале сите слепи и сакати што постоеле, односно сите на кои им била потребна дародавност од другите.[12] Второто поконкретно ги разработува просјачките

---

[4] Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, том петти, **Приказни**, Приредил д-р Томе Саздов, Мисла, Скопје, 1976, 185, 205; Марко К. Цепенков, цит. дело, книга петта, 365.

[5] д-р Кшиштоф Вроцлавски, **Македонскиот народен раскажувач: Димо Стенковски**, II текстови, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, посебни изданија, кн. 6, Скопје, 1984, 27.

[6] Стефан И. Верковиќ, цит. дело, 74, 90, 91, 118; Марко К. Цепенков, цит. дело, книга петта, 329.

[7] Исто, 271

[8] Исто.

[9] Марко К. Цепенков, цит. дело, кн. трета, 119, кн. петта – 271, 319.

[10] д-р Јован Хаџи Василевиќ, **Прилеп и његова околина**, Београд, 1902, 133.

[11] Ванѓелко Лозановски, **Слепченскиот книжевно-уметнички центар**, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1987, 19.

[12] Митар С. Влаховиќ, **О слепим гусларима у Јужној Србији**, Гласник етнографског музеја у Београду, књ. шеста, Београд, 1931, 101.

и гусларските традиции во Македонија, посебно во Битола и извлекува заклучок дека корењата треба да се бараат во ослепените Самоилови војници.[13]

Тоа, како мошне интересно, го прифаќаат и го разработуваат, нудејќи ја првата хипотеза, многумина научници.

Според неа, најголемиот број ослепени Самоилови војници, и оние од првиот бран по Беласицката битка, кој иснезувал околу 15.000, како и од второто ослепување, потекнувале од градовите на Вардарска Македонија, посебно од Битола, Прилеп, Охрид и др. Неспособни за живот, се оддале на просење пеејќи ги песните за битките во кои учествувале, но и песни што биле популарни. Така го заработувале својот леб и ја граделе македонската, пред сѐ, битолската просјачко-гусларска традиција.[14]

Толкувањето како мошќне интересно, па и успешно, го прифаќаа В. Јорданов,[15] Сретен Л. Поповиќ,[16] Петар Динеков,[17] д-р Коле Симитчиев,[18] Александар Матковски,[19] и други.[20] Се разбира, има и спротивни мислења, па како неаргументирано, површно па и „глупо", го отфрлаат други.[21]

Наспроти приказните и преданијата, за жал, народната песна не се заинтригирала посебно и постудиозно за нив. Сепак, тешката и мачна слика на просјак што проси пред црквените порти е почеста во песните, особено во оние што ги пееле самите просјаци-гуслари.[22]

Најбројни, и, се разбира со специфични детали од животот нивни, се кратките фолклорни форми, посебно поговорките, пословиците и

---

[13] А. Шоповъ, **Изъ живота и положението на Българить въ Вилаетить**, Плодивъ ,1893, 360.

[14] Йор, Ивановъ, **Беласицката битка, 29 юли 1014 год**. Известия на Историческото дружество въ София, кн. III, София, 1911, 14-16.

[15] В. Йордановъ, **Крали Марко въ българската народна епика**, Сборник на Бъгарското книжевно дружество въ София, 1901.

[16] Сретен Л. П. [оповић], **Путовање по Новој Србији**, Издање књижаре Браће Поповића у Новом Саду, 291/бел. 1.

[17] Петър Динеков, **Български фолклор**, Първа част, Български писател, София, 1972, 230.

[18] д-р Коле Симитчиев, **По прашањето за потеклото на македонскиот народен еп**, Македонски фолклор, г. I, бр. 1, Скопје, 1968, 46-47.

[19] Александар Матковски, **Отпорот во Македонија во времето на турското живеење**, том II, Мисла, Скопје, 1983, 70.

[20] **Сборник на народни умотворения и народопис**, кн. III, Български юнашки епос, БАН, София, 1971, 49.

[21] д-р Јован Хаџи Василевић, цит. дело, 188.

[22] Александар Стерјовски, **Последниот охридски гуслар**, Матица Македонска, Скопје, 1994, 34/220.

клетвите. *„Творбата на питачот со ништо не се полнит"*[23], *„На просјакот лицето му е црно, но тробата му е пуна"*[24], *„Гуслар ми гусли по си мегдани"*[25] велат тие.

Нема сомнение, битолските просјаци оставиле најдлабоки траги. А. Шопов, кој во крајот на минатиот век ја прокрстарил Македонија тврди дека во *„сите вилаети"* на Турската империја била позната поговорката *„Битолски просјак"* со сите нејзини деривати.[26] Неа во ова време ја забележал и Љ. Каравелов (*„Ги зацрвенил муцките како битолски просјак"*[27]), ја регистрирал и П. Чилев,[28] но можела да се сретне и во подоцнежниот период. Меѓу двете светски војни упорно живеела во Битола,[29] можела да се сретне и во Пиринска и во Вардарска Македонија и по ослободувањето.[30]

Сето тоа, се разбира, е веродостојна потврда за големото значење и улога што ја имале во македонскиот живот во минатото.

## ОДРАЗ ВО УМЕТНИЧКАТА ЛИТЕРАТУРА

Како иритирачка посебност просјаците и просјаците-гуслари нашле одраз и во уметничката литература. Претставени се со сиот живот и со сета разнообразност и како поединци и како социјална групација.[31] Меѓу другите посебно внимание им посветил Максим Горки,[32] Јаков Игњатовиќ[33] и др. И Иво Андриќ, црпејќи теми и ликови од нивната средина многу свои дела ги поврзал со нив.[34]

---

[23] Марко К. Цепенков, цит. дело, книга осма, 23.

[24] **Македонски народни умотворби, Пословици**, Во редакција на д-р Харалампие Поленаковиќ и Кирил Пенушлиски, Кочо Рацин, Скопје, 1954, 701.

[25] **Архив на Македонската академија на науките и уметностите** (понатаму АЕ, Фонд, Бранислав Русиќ, АЕ 109/II В... 8.

[26] А. Шоповъ, цит. дело и стр.

[27] Лю бенъ Каравеловъ, **Записи за България и за Българете**, София, 1930, 148

[28] П. Чилевъ, **Тайниятъ езикъ на слъпцитъ въ Битолско**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжница, кн. XVI/XVII, София, 1900, 876.

[29] А. Ђ. **Битољ град који умире**, Време, Београд, 11 август 1937, 7.

[30] АЕ 109/II в... 7.

[31] Fr Š. Kuhač, **Prilog za povjest glazbe južnoslovenske**, RAD JAZU, knj. XXXVIII, Zagreb – 1877, 8, 9; d-r Matija Murko, **Tragom srpsko-hrvatske narodne epike**, I, putovanja u godinama 1930, Zagreb, 216-217, 452.; Светозар Матић, **Наш народни еп и наш стих**, **Огледи и студије**, Матица Српска, Нови Сад, 1964, 295.

[32] E. Kljuškov, **Maksim Gorki i slijepi**, Socijalna misao, godište XV, br. 10, Zagreb, 1968, 525-529.

[33] С. Матић, **Сремске песме у Вуковој збирци**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, в. 2, Београд, 1934, 147.

[34] Светозар Кољевић, **Наш јуначки еп**, Нолит, Београд, 1974, 269-270.

Кирил Пејчиновиќ е првиот кој во Македонија литерарно обрнал внимание на нив. Тоа би требало да е и очекувано и природно зашто како свештено лице постојано ги среќавал и зашто се наоѓале во неговата непосредна близина, на црквените и манастирските порти не само за време празниците, ами и во делничните денови. Лично следејќи една позитивна традиција на нашата црква и тој бил обврзан да се грижи и да ги заштитува. Поаѓајќи од тоа лично искуство, но и од едно народно верување, во „Словото за празниците" препорачува посебен однос, она што е прво како плод, да им се додели токму ним („... *да раздадеш за Бога от првата кошница што ќе забереш, јем од најхубавото место да забереш, првото и ченото да го дадеш на некои просјаци, или во црква отнеси и раздади по лјуди, или по питачи*").[34a]

Сепак, Григор Прличев е оној, како никој друг во македонската постара и понова литература, кој најмногу восхитувачки се однесол кон нив. Јавно презентирајќи дека својата овенчана поема „*Сердарот*" само ја „*препишал*" од еден од нив, гласно го искажал не само личниот, ами и ставот на неговата генерација. Дека е така потврдува и неговиот сограѓанин и врсник, Кузман Шапкарев, сеќавајќи се во своите мемоарски белешки на своето детство,[35] кои, ете, од својата страна го одгатнуваат и го појаснуваат и Прличевиот став и однос.

Последните стихови од поемата „*Сердарот*" гласат:

На гусла двоструна свирејќи, покрај патот седнат,
го пее ова просјак сед;
а јас, пак, прост запишувач, минејќи тука еднаш
го запишав од ред до ред.[36]

Кон тоа воодушевување се приклучува уште еден македонски преродбенски творец, Рајко Жинзифов. На просјаците-гуслари им посвети две книжевни дела, поемата „*Гусљар в сабор*" и песната „*Питач*". Иако првото е под влијанието на творештвото на Тарас Шевченко, всушност и тоа инспиративно извира од непосредните и живи сеќавања што беше ги понесол од Македонија од времето кога овие народни пејачи ја имале извонредната улога. Дел од првото дело, како песна „*Здравица*" како делегат на Сесловенскиот собор во Москва ќе чита пред делегатите запознавајќи ги со македонската историја и со улогата на бардите („Новите Бојани") среде Македонците.[37]

---

[34a] Кирил Пејчиновиќ, **Слово за празниците (Од „Огледало")**, Култура, Скопје, 1968, 89.

[35] Кузман А. Шапкарев, цит. дело, книга прва, 45/бел. а.

[36] Григор С. Прличев, **Одбрани страници**, Приредил Тодор Димитровски, Кочо Рацин, Скопје, 1959, 52.

[37] Рајко Жинзифов, **Одбрани творби**, Предговор и коментари Гане Тодоровски, Мисла-Македонска книга–Култура–Наша книга, Скопје, 1986, 174.

И песната *„Питач"* ги повторува Жинзифовите основни импресии. Неговиот пејач, со *„гусла јаворова"*, пее:

Пеит за народност, пеит
За баштина и љубов,
И нас с'нце да огреит,
И да никнит живот нов.[38]

Просјакот и просјакот-свирач и пејач, го среќаваме и во делата на современите македонски автори. Еден таков, го откриваме во битовата драма *„Бегалка"* од Васил Иљоски.

Петре М. Андреевски од својот ученички престој во Битола беше ја понел и песната на еден слеп пејач, Мустафа Мустафовски, кој во 60-тите години од овој век, Широк Сокак беше го одбрал за место за пеење и заработка. Песната носи наслов *„Слеп пеач"*. Во неа Андреевски се обидел да ја открие темната страна на душата на пејачов, констатирајќи дека:

Тој денови не познава
затоа што нема дни
Тој познава само една ноќ
која што во него
населена е отсекогаш.[39]

Рефлексии на Битолскиот просјачко-гусларски центар среќаваме и во романот на современиот македонски писател Владимир Костов,[40] но и во мемоарската литература на еден друг битолчанец.[41]

Сепак, најзначајното дело е документарната проза *„Битолските клетници"* од Григорије Божовиќ. Под влијание на сличната проза на Борисав Станковиќ, која го носи впечатливото име *„Божјаци"* тој реши да одговори на сите прашања во врска со нив, сликајќи ги и како личности и како групација.[42] Во песната *„Народниот работник"* од Венко Марковски, исто така спомнат е македонскиот гуслар.

## ОДРАЗ ВО ПАТЕПИСНАТА ЛИТЕРАТУРА

Странците кои ја посетувале Турската империја и кои зад себе оставиле пишани белешки денес претставуваат значајни и неодминливи извори во реконструкцијата и на појавата и на животот и на просјаците и на

---

[38] Исто

[39] Петре Андреевски, **Јазли**, Кочо Рацин, Скопје, 1960, 12-13.

[40] Владимир Костов, **Црквичето четириесет маченици во Битола**, Мисла, Скопје, 1984, 59.

[41] д-р Трајче Грујовски, **Битола на мојата младост**, Мисирков, Битола, 1987, 56-57.

[42] Григорије Божовић, **Приповетке**, СКЗ, Београд, 1926, 3-27.

просјаците-свирачи. Така – речи и нема странец што немал контакти со нив. За нив пишува Стефан Герлах (1557). Ги откривал најмногу по улиците, како и пред црквените порти. *„По црквената служба*, вели тој, *тие јадат и пијат во црквата и пред неа*"[43]. За нив пишува Еспри-Мари Кузинери,[44] Остин Леар,[45] Ами Буе[46] и др. Впрочем тоа и не е чудно, зашто „ ...*толпата просјаци со патерици претставува специфична слика на секој поголем турски град*" заклучува С. Сеиже.[47]

Овие страници даваат и маса податоци и за вториот вид просјаци, просјаците-забавувачи.

По Цариградскиот Пат (Ниш–Софија–Цариград) во 1555 год., како член на дипломатско претставништво помина и Ханс Дерншвам. Во местото Конуш сретнал 8 просјаци седнати на патот, од кои двајца имале гусли.[48]

Скоро во истото време и по истиот пат врви и Стефан Герлах. И нему на неколку пати му го привлекле вниманието разни свирачи, меѓу нив и гуслари. Во 1577 год. говори за тајфа од тројца музиканти, од кои едниот бил харфист, вториот гуслар, а третиот свирел на даире.[49]

Во 1611 год. на прочуениот Пиротски панаѓур се нашол и Французинот Лефервр. Му го привлекле вниманието две слепи гусларки, кои со своите еднострунни гусли проселе меѓу посетителите. Според него нивниот инструмент бил изработен од грубо изделкана цепеница, бил со една жица од 10-13 коњски власа исплетени во една жица. Врз неа стружеле со лак направен на иститот начин. Тонот што го извлекувале со прстите од левата рака бил висок, но пријатен.[50]

Французинот Кикле се нашол во 1658 год. во Белград. Таму сретнал Роми и Ромки во сцена на развлечение. Своите веселби ги придружувале со вид виолина, кемане.[51]

---

[43] Стефан Герлах, **Дневник на едно пътуване до Османската порта в Цариград**, Отечестен фронт, София, 1976, 204.

[44] **Френски пътеписи за Балканите XV–XVIII**, Наука и искуство, София, 364.

[45] **Македонија во делата на странските патописци**, 1827–1849, Подготвил Александар Матковски, мисла, Скопје, 1992, 518.

[46] Исто, 218.

[47] **Френски пътеписи**... 151.

[48] **Дневникът на Ханс Дерншвам за пътуването му до Цариград през** 1553–1555 г., Отечествен фронт, Институт за балканистика при БАН, София, 1970, 186.

[49] Стефан Герлах, цит. дело, 222.

[50] **Френски пътеписи**... 186.

[51] Josip Andreis, dr Dragutin Svetko, Stana Đurić-Klajn, **Historijski razvoj muzičke kulture u Jugoslaviji**, Školska knjiga, Zagreb, 1962, 553.

За ваков двострун инструмент, кого го нарекува „лира" говори и Шоазел Гуфие во пролетта 1799 год.[52]

Се разбира, има и други патеписци што оставиле податоци за гуслата и за просјаците-гуслари.

Англичанецот Едмунд Спенсер (1850) на половуна пат меѓу Прилеп–Битола, во близина на Црна Река посетил едно село. Селаните, раскажува тој, пошле на наделна служба, по која се оддале на веселба играјќи под звуците на гајда и гусла.[53]

Хенри Ф. Тозер, професор на Оксфордскиот универзитет, археолог, географ, фолклорист, топограф, во 1869 год, ја посетил и Македонија. Отседнал во еден дом, близу до Градско и до Вардар. Таму сретнал, обесени на ѕидот два вида гусли, едната, еднострунa, слична на црногорските, втората помала и со неколку струни.[54]

За овој инструмент и за просјаците–гуслари пишуваат и: К Иречек,[55] А. Л. Кастелан,[56] Лебрун – Воинеску,[57] А. Бихан,[58] Лудвик Куба[59] и др.

Патеписците, се разбира, забележиле и други форми на забава и други музички инструменти.

Меѓу другите, Стефан Герлах говори дека водењето оро и играњето оро само со песна многу било популарно во средниот Балкан.[60] Истото го потврдува и Пјер Лескалопие во 1574 год.[61], како и Пуквил, кој нуди интересен податок дека најпопуларен инструмент меѓу словенското население на Балканот, сепак била гајдата.[62]

---

[52] **Балканот во делата на странските патописци во времето на турското владеење**, 2, Приредил Александар Матковски, Култура, Скопје, 1992, 365.

[53] **Македонија во делата на странските патописци**, 1850–1864.. 21.

[54] **Етнография на Македония**, Извори и материали в два тома, том 1, БАН, София, 1992, д. 95, стр. 227.

[55] Конст. Иречек:, **Княжество България**, част пръва, **Пътувания по Бъгария**, Пловдив, 1899, 97.

[56] Боривое Џимревски, **Музичките инструменти во патеписната литература од времето на турскиот период на Балканот и нивните траги денеска**, Македонски фолклор, г. XI, бр. 21-22, Скопје, 1978, 304.

[57] Fr. Lebrun–M. Voinescu, **Macedonia**, Bucarest, 1911, 34.

[58] **Етнография на Македония** ... 2, д. 4, стр. 163.

[59] Климе Поповски, **Лудвиг Куба за Македонија**, Нова Македонија, 26 февруари 1933, 12.

[60] д-ръ Конст. Иречекъ, **Стари пътешествия по България отъ 15-16 столѣтие**, Периодическо списание, кн. VI, София, 1883, 124.

[61] **Френски пътеписи**... 152.

[62] **Руменийски делници и празници от XVIII век**, Стечествен фронт, София, 1978, 11.

# ОДРАЗ ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ

Од стотината фрески и икони што го обработуваат слепилото а распространети се на подрачјата на поранешна Југославија, за жал, сосема мал е бројот на оние што го отсликуваат музичкиот живот и кои даде податоци за просјаците–гуслари.[63]

Сепак некои илустрации од средновековните книжевни споменици го поправаат впечатокот. Така, една минијатура од *„Александрида"* од XIV век отсликува група трпезариски свирачи, од кои крајниот десно, четвртиот, во рацете држи еднострунa гусла.



Група издвоени трпезариски свирачи, гусларот е крајниот десно (минијатура од „Александрида" од XIV век)

A group of musicians - entertainers during dinner; the player of the gusle is on the extreme right. A miniature from "Alexandrida (16th century)

[63] Ljubomir Savić, **Votivi očiju u srpskoj etnografiji**, Socijalna misao, godište – X, br. 7, Zagreb, 1962, 350–351; Istiot, **Freska slepih u Olinju u Sloveniji**, Socijalna misao, godište XI, br. 9, Zagreb, 1964, 392–394; dr. Mirjana Ćorović–Ljubinković, **Pretstave slepih u srpskoj srednovekovnoj umetnosti**, Socijalna misao, godište VII, br. 9–10, Zagreb, 1960, 340; Ljubomir Savić, **Slepoća kako motiv u srednovekovnoj umetnosti**, Socijalna misao, godište III, br. 7–8, Zagreb, 1956, 259–260; Истиот, **Историја слепих Србије**, први део, Савез слепих Србије, Београд, 1964, 36; д-р Милорад Павић, **Историја српске књижевности барокног доба** (XVII и XVIII век), Нолит, Београд, 1970, 450.

Во 1621 год. во Рим објавено е делото *„Песни покорни на кралот Давид"*, во кое, исто така, нацртана е еднострунa гусла.[64]

Во Македонија откриени се четири фрески, две икони и четири длабо-рези на кои се прикажани вкупно 15 музички инструменти од различни периоди (XII, XIV, XV, XVI, XVIII и XIX век).

На дрвената порта од манастирот Св. Јован Продром од село Слепче (Демир Хисар – Битолско), која, инаку, потекнува од крајот на XV или почетокот на XVI век невешто и грубо, но со јасни контури изрезбарена е еднострунa гусла во рацете на гуслар кој седи во типичната, скрстнозе поза.[65]



Скица на гуслар, кој свири на еднострунa гусла, на резба на црквените порти на манастирот Св. Јован Продром во с. Слепче, Демирхисарско (XV-XVIv)

A player of the gusle, evidently playing the one-string gusle, engraved on the portal of St. Jovan Prodrom Monastery, in the village of Slepche, Bitola area (15th-16th centuries)

---

[64] д-р Милорад Павић, цит. дело, 450.

[65] Петар Момировић, **Један средновековни портре гуслара**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, све. 2, Београд, 1934, 169–170; Истиот, **Врата манастира Слепча код Битоља**, Гласник Српског научног друштва, књ. XV; XVI, Скопље, 1936, 327–337; Т. П. Вукановић **Студије из балканског фолклора**, Врањански гласник, књ. V, Народни музеј у Врању, Врање, 1969, 325.



Детал од иконата „Хвалите Господа" од с. Кучевиште, Скопска Црна Гора со гуслар на триструна гусла(XVI-XVIII в.)

A player of a three-string gusle, detail of the icon "Praise to God" from the village of Kuchevishte, Skopska Crna Gora (16th-18th centuries)

На Трескавичката порта, првиот свирач лево седи на истиот начин со прекрстени нозе, додека вториот стои, држејќи гудачки инструмент.[66]

На иконата „*Хвалите Господа*", псалм 149 од село Кучевиште, Скопска Црна Гора, а која потекнува од XVII век, прикажана е триструна гусла.[67]

Французинот Ф. Каниц на својот пат низ Балканот во почетокот на минатиот век сретна и во своите забелешки ликовно изгравира неколку музички инструменти, меѓу нив и триструната гусла.[68]

„*Нова Македонија*", како прилог на текстот на Бр. Русиќ, донесува цртеж на бројна група востаници, која со посебно внимание го слуша гудањето на слеп гуслар (по сѐ, на Апостол гусларот) а кој свири на триструна гусла.[69]

Просјаците и просјаците–гуслари станаа уметнички интерес и за современите ликовни творци.

Испарталавен просјак, со слепечки стап во десната рака и торба на десното рамо, а пред куќна порта чинот во просењето, го наоѓаме во ликовното творештво на Бретение. Група од неколку слепи во каритатуралната сцена се наоѓаат и во „*Општата историја на уметноста*" од Ѓина Паскел.[70] Хрватскиот ликовен уметник Влахо Буковац доловил момент на просење на просјак кој коленичи. Сликарски дела со мотив просјаци и слепи–гуслари понудиле и ликовните уметници Паја Јовановиќ, Ѓорѓе Крстиќ, Д. Стакиќ и др.

Списанието „*Орао*", кое излегуваше во минатиот век, на своите страници континуирано објавува ликовни прилози со мотив – слепи – гуслари.[71]

Слика на гуслар, а под наслов „*Селски гуслар*", кој свири на празник објавена е и во бугарскиот битолски неделник „*Пелистерско ехо*" во 1942 год.[72] Борко Лазевски го внесол во муралот во Битолската пошта итн.

---

[66] **Македонска резба**, Македонска академија на науките и уметностите, Изложбен салон, Скопје, 7–XII–1978, 15–I–1979, 16.

[67] Александар Линин, **Историскиот развој на народните музички инструменти на Македонските Словени**, Македонска музика, 6, Скопје, 1986, 88–90.

[68] Боривое Џимревски, цит. статија, 318.

[69] Бранислав Русиќ, **Македонските гуслари**, Нова Македонија, Скопје, 16 август 1953, Забавен прилог.

[70] Ђина Паскел, **Општа историја уметности**, 2, 202.

[71] Аноним, **Срби око певача–слика гуслара**, Орао за 1888 год. 63–64, 128; **Гуслар у дубровачкој пивници** (слика), Орао за 1894, 49–50; **У црногорској крчми** (по сликама Паја Јовановиќ), Орао, 1896, 65–66.

[72] **Пелистерско ехо**, г. I, бр. 19 Битоля, 10 май 1942,2.

## ИМИЊА

**Просјаци, питачи** – Просјаците – гуслари беа познати во Македонија под разни имиња. Најчесто, под кое беа регистрирани и оние кои егзистенцијата ја обезбедувале преку милостиња, било просјаци, односно питачи.

Иако се тврди дека „просјак" е понов термин и дека него го употребувале „разумните" (школуваните луѓе)[73], во Македонија има долга традиција и широка примена. Го среќаваме во книжевните дела на К. Пејчиновиќ[74], во лексичкиот фонд на К. Шапкарев[75], во тетовскиот и гевгелискиот говор[76] кога се говорело за битолските просјаци[77]. Се наоѓал и во говорната комуникација во Егејска Македонија, каде покрај „просјак"[78] го имало и „просек"[79], додека во дебарските говори наспроти „просач" паралелно го имало и „питач"[80]. Се среќавал и во говорот на Кратовската кааза, оттаму и терминот „просјачки песни", кого го употребувал Е. Каранов[81].

„Питач", пак се наоѓал во честа фрекфенција во западно-македонските говори. Го имало во Битола и Битолско[82], во Охрид и Охридско[83], во местата околу Црн Дрим[84], но и Струмичко[85]. Во својата поезија го употребувал и Р. Жинзифов[86].

Термините „бедњаци" и „лазаровци", според новозаветниот Лазар, чести во говорите во Бугарија[87], во Македонија не нашле своевиден одраз.

---

[73] Бр. Русић – А. Шмаус, **Гуслар Ванђел из Охрида**, Прилози проучавању народне поезије, год. III, св. 1, Београд, 1936, 122.

[74] Кирил Пејчиновиќ, цит. дело, 89.

[75] Кузман А. Шапкарев, цит. дело, книга прва, 54/б.а,б.

[76] д-р Јован Хаџи Василевић, **Скопље и његова околина**, Београд, 1930, 354; Истиот, **Јужна Стара Србија**, књига прва (Кумановска област), Београд, 1909, 397.

[77] АЕ 109/II-а... 51.

[78] Кузман А. Шапкарев, цит. дело, книга 5, 415.

[79] Стефан И. Верковиќ, цит. дело, книга четврта, 322.

[80] И. С. Ястребовъ, **Обычаи и пѣсни турецкихъ сербовъ**, С. Петерсбургъ, 1886, 228.

[81] др- Томе Саздов, **Студии за македонската народна книжевност**, НИО Студентски збор, Скопје, 1980, 137.

[82] Вл. Влаховић, **Неколико запажења и народним песмама у Битољу**, Гласник Етнографског музеја у Београду, Београд, 1938, 87.

[83] Хр. Вакарелски, **За един Трубадур на Македония**, Македонска мисъл, г. I, кн. 9–10, 413.

[84] АЕ 119/I-а...37.

[85] Мил. С. Филиповић, **Епска песма у околини Струмице**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, Београд, 1934, 228.

[86] Рајко Жинзифов, цит. дело, 57.

[87] Любенъ Каравеловъ, цит. дело, 149.

**Божјаци.** – Толку честиот термин „божјаци" во некои словенски балкански говори, а со значење просјак и во македонските говори станал вообичаен. Се среќавал во говорот во Прилеп и Прилепско[88], во Тетовско[89], во Гостивар и Скопје[90]. Го регистрирала и македонската народна песна[91], како и уметничката литература. Една збирка раскази од Б. Станковиќ го има името „Божјаци"[92]. Како во минатото, така и денес со него се именува оној што проси[93].

Во дериватна продукција како „божјар" го имало во некои македонски говори во минатото[94].

**Пејачи, певци.** – Основната причина за поврзувањето и сраснувањето на терминот „пејачи" со просјаците-гуслари стои во фактот дека тој не бил само музичар, кој ја следи народната песна или орото, туку и интерпретатор на народната песна. Еден дел од нив немаат музички инструмент и песната им е единственото средство за просење. Еден таков среќаваме во „Бегалка" од Васил Иљоски.

Паралелно со „пејачи" суштествувал и терминот „певци". Иако има тврдење дека во Македонија бил непознат[95], односно дека дека бил понов и дека со него се означувал само човек што знае многу песни[96], всушност, бил во честа фрекфенција во живиот говор. Го имало во говорот во Демир Хисар (Железнец)[97], но и низ другите краишта низ Македонија[98].

**Свирачи.** – Покрај „пејачи" и „певци" мошне експлоатиран, заедно со дериватите: „гуслари", „кеманции", „кеманеџии", „цигулари", „гагалџии", „лиричари" и др. бил и терминот „свирачи". Најстар запис за него е оној од 1268 год. во „*Иловачката крмчија*", каде е во паралелна употреба и

---

[88] Бр. Русиќ – А. Шмаус, цит. статија, 122.

[89] Митар С. Влаховиќ, цит. статија, 102.

[90] Исто.

[91] „**Шо дојдоа два просјака /два слепјака, два божјака/ брашенце ти посакаа/ ти брашенце не им даде" (Сборник от народни умотворения и обичаи в Дебърско и Кичевско**), Западна Македония, Събрал и издава Васил Икономовъ, София, 1893, 143; „**Сторија два просјака /два просјака, два божјака/ еден ќорав, еден окат" (Речник на македонската народна поезија**, том II, А–Г, Институт за македонски јазик" Крсте Мисирков, Скопје, 1983, 143.

[92] Борисав Станковиќ, **Сабрана дела**, II, Просвета, Београд, 101–169.

[93] **Речник на македонскиот јазик**, – Институт за македонски јазик, Скопје, 1961, 40.

[94] АЕ 109/II-г...16.

[95] Бр. Русиќ–А. Шмаус, цит. статија, 122.

[96] Конст. Иричекъ, **Княжество България**...98.

[97] Јован Цвијиќ, **Балканско полуострово и јужнословенске земље**, Завод за издавање уџбенике Социјалистичке републике Србије, Београд, 1966, 180.

[98] Бр. Русиќ, **Сеќавање на Апостола**, Стремеж, г. III, бр. 3–4, Прилеп, 1957, 46; АМАНУ, АЕ 109/I-б... 8; Јован Цвијиќ, цит. дело, 444, 463.

со истото значење со „гуслар", „шпилман" и „скомрах". Со тоа и на посреден начин се обелоденува и основната нивна дејност која не била само свирачка и пејачка, ами е и глумечка[99]. Првиот македонски свирач од XIV век е Преде Свирец[100]. Терминот го среќаваме и во една „Александрида" од XV век[101], но и во турските документи од овој век во кого се забележани околу 30-тина имиња на македонски свирачи[102]. Терминот „гуслар", исто така, е мошне стар. Го прифатила и го експлоатирала и научната литература која се бави со проблемот на македонските просјаци-гуслари, па сосема нормално беше тој да се наметне и во оваа прилика.

**Слепци.** – Стандардниот термин преку кого најчесто се прифаќале просјаците–гуслари бил „слепци". Кај Вука Караџиќ е исклучив. Бројот на слепите, наспроти другите, сакатите, според Ф. Кухач, била основната причина за неговата фреквенција.[103] Како податлив го прифатиле и повеќе современи фолклористи.[104]

А. П. Стоилов тврди дека во Пиринска Македонија просјаците–гуслари биле познати како „гуслари", „цигулари", но и како „слепци".[105] Битолските и прилепските просјаци–гуслари се именувале за „битолски", односно „прилепски слепци".[106] Така се оправдуваат и термините „слепечки песни" и „слепечка гусла".[107]

## СВЕДОЦИ

Возобновувајќи ги своите сеќавања од детството, а во врска со охридските просјаци–гуслари, Кузман Шапкарев, запишал: *„Во детството ние помниме мнозина стари просјаци, извори на изобилен број стари песни. Денеска ниеден од нив не гледаме или мошне ретко,*

---

[99] dr. V. Jagić. **Opisi i izvodi iz nekoliko južno-slovenskih rukopisa**, Starine, JAZU, knj. VI, Zagreb, 1874, 81, 85.

[100] Стојан Новаковић, **Законски споменици српских држава средњег века**, Београд,1912, 703.

[101] др Мираш Кићовић, **Старо позориште код Срба**, Зборник радова, књ. X, Српска академија наука, књ. 1, Београд, 1951, 18, 19.

[102] Александар Стерјовски, **Македонски свирачи и глумци од XV век**, Современост, г. XXXI, бр. 10, Скопје, 1982, 74–88.

[103] Fr. Kuhač, cit. delo, 34.

[104] Božidar Šikora, **Pregled povjesti hrvatske muzike**, Zagreb, 1922, 93; Милан Карановић, Гусле, г. I, св. 2, Београд, 1934, 239.

[105] А. П. Стоилоъ, **Пѣвческа школа въс. Добърско (Разложко)**, Отечество кн. 22 и 23, 11-12.

[106] д-р Јован Хаџи Василевић **Скопље и његова** .... 354; Истиот, **Прилеп и његова**.... 188.

[107] Вук Караџић, **О српској народној поезији**, Просвета, Београд, 1964, 69.

*како некоја опашеста ѕвезда: а нивните денешни просјаци го наследиле од своите претходници само просјачкото занимање, но не и нивното пеење".*[108]

Учителот Михаил Филипов, кој се бавел и со собирачка дејност на фолклорни материјали, во писмото до Ст. Верковиќ од 1868 год. соопштува дека во разлошкото село Нидобранцко (Нидобрдско, Добрско) меѓу просјаците пејачи имало и голем број стари и добри песни. Контактите со нив, меѓутоа биле скоро невозможни заради нивниот начин на живот, зашто поголемиот дел од годината биле на пат надвор од селото, па, според тоа и користењето на тоа богатство било скоро невозможно.[109]

Дописникот на периодикумот „Знание", кој во минатиот век излегувал на бугарски јазик во Букурешт за просјаците–гуслари, особено за руските и битолските, забележал: „*Многумина тврдат дека многумина ги онеспособуваат децата, односно ги ослепуваат и ги скатат и со нив скитаат по цела Русија. Ние би сакале да знаеме не прават ли слично и болдевските и битолските просјаци? Еден наш пријател нé уверуваше дека нашата претпоставка е чиста реалност*".[110]

Љубен Каравелов, тврди: „*Просјаците во Бугарија формираат посебна група и живеат во село Болдево (Татарпазарџиско) и во Битола. На лето одат по цела Бугарија, свират на гусли, пеат песни за стари времиња, раскажуваат разни случки и собираат милостиња, т.е. награда, а зиме се враќаат во своите домови и таму го трошат спечаленото*".[111]

Нешто слично во минатиот век за битолските просјаци–гуслари забележал и Светислав Вуловиќ: „*Чичко Ивко Ѓора (Ѓорѓевиќ) од Градње во Пољанци (по потекло оттаму) ми раскажуваше дека пред дваесет години секоја година околу Св. Тројца или на Петров пост (обично кога се стрижи волната) доаѓале во Пољаница „божјаци" (слепи гуслари), па гудеа и пееја песни за старите српски јунаци. Ние, вели, радо ги слушавме цела ноќ да пеат, а како дар им дававме, вели, најмногу волна и масло, но и нешто друго; а тие тоа го натоваруваат на коњи кои заради тоа и ги водеа со себе да ги понесат дома. Сите тие, вели, беа од битолскиот крај, суви, високи, со зелени очи и русникава коса, а нити еден не беше калеш*"[112]

Сподвижни, доаѓале и до Белград. „*И навистина*, вели Сретен Л. Поповиќ, *ние во Белград запаметивме множество слепи и сакати, кои*

---

[108] Кузман А. Шапкарев, цит. дела, книга прва, 54/,бел. 6.

[109] М. Арнаудов, Веркович и Веда Словена, СбНУ, II, 1968, 179.

[110] **Знание**, Букурещ, бр. 10, 1875, 160.

[111] Любенъ Каравеловъ, цит. дело, 148.

[112] [Светислав Вуловић], **Белешке и белешице**, Годишњаца Николе Чупића, Београд, 1894, 267.

*доаѓаа за просење и тоа од оние краишта на Македонија. Еден водач водеше дури и по десетина од слепите, сите еден за друг за рамења фатени, а со торби на вратот обесени, а во кои имаше гусли"*[113]
Васил К'нчов, кој дошол на лице место да ги испитува состојбите со разлошките просјаци–гуслари, забележа: „*Недобрско е познато и по нешто друго. Од тоа село излегуваат сите разлошки просјаци. Секое дете, кое има било каков телесен недостаток, се подготвува од мало со воспитување за просјачкиот занает*".[114]
Битолските просјаци–гуслари во крајот на минатиот век во Куманово ги среќавал и Јован Хаџи Васиљевиќ. „*Битолските слепци, вели тој, до скоро одеа на коњи по сите краишта на Турското царство. Писателот на овие редови памети дека битолските слепци доаѓаа дури до Куманово и Врање каде гудеа и ги рецитираа своите јуначки песни*".[115]
Иван Иваниќ, секретарот на српскиот конзулат во Солун говори дека во солунската словенска околина познат музички инструмент била гуслата и дека просјаците–гуслари и пејачи во Солун доаѓале главно од Битола.[116] К. П. Мисирков, сеќавајќи се за своето детство говори дека во родното село Постол, Егејска Македонија, доаѓале просјаци–гуслари и пејачи и дека тие со своите 3–4 струни гусли, слични на српските, ги пееле песните за Марко Крале и за другите епски јунаци.[117]
Антон Поп Стоилов, кој прв се зафатил посериозно да истражува за Добрскиот центар, за значењето на просјаците–гуслари, забележа: „*Кога го обиколував Горноџумајско, Мелнишко, Петричко, Неврокопско, ги распрашував пејачите од каде ги имале научено песните. Сите по ред ми одговараа од разлошките просјаци, дури некои го посочуваа Недобрско*"[118] итн.

## „ПРОСЈАЧКИ ПЕСНИ"

Уште во 1822 год., односно додека течеше упорното откривање и презентирање на српско-хрватската народна песна, посебно епската низ Европа, истиот репрезент, Вук Караџиќ, преку „*Додатокот*" објавуваше дека епски песни и гусли постојат и во другите подрачја на Словенскиот Балкан. Тврдеше дека ги има и среде Македонците,

---

[113] Сретен Л. П. [оповић], цит. дело, 297, бел. 1.

[114] [Васил Кънчов], **Пѫтуванiе по доли нитѣ на Струма, Места и Брѣгалница**, СбНУ, кн. XII, София, 1895, 212.

[115] д-р Јован Хаџи Василевић, **Прилеп и његова...** 188.

[116] Иван Иванић, **Маћедонија и Маћедонци**, кн. II, Нови Сад, 1910, 149; Владимир Каракашевић, **Гусле и гуслари**, књ. 195, Летопис Матице српске, 1899, 37.

[117] К. П. Мисирковъ, **Южно-словянскiя эпическiя сказанiя о женитьбе короля Волкашина въ связи съ вопросомъ о причинахъ популярности короля Марка среди южнихъ словянъ,** Одесса, 1909, 6.

[118] А. П. Стоиловъ, цит. статија.

среде Македонците од Пиринска Македонија.[119] Тоа беше, всушност, прва и истовремено и авторитативна објава дадена токму во времето на заинтригираниот интерес за фолклорот и за проблемите во него.

Бидејќи ова укажување остана подолго време непотврдено, за жал, не поттикна позабележителен интерес. Требаше да поминат ред децении за да се обелодени дека Вуковите информатори, двајцата трговци од Разлог, пред собирачот беа дошле со претставите од Разлошкиот (Добрскиот) просјачко–гуслариски центар.[120]

Три децении подоцна, поточно во 1851 год. Ат. Чолаков ќе тврди дека во Центаров живееле и просјаци–гуслари со таков фонд песни што само од песните за Марко Краје, Муса Кесеџија и за уште неколку други би можела да се оформи дури и цела *„Кралимарковска Илијада"*.[121]

Во 1868 год. П. Безсонов ќе објавува дека слепите–гуслари биле главните сејачи на кралимарковските песни низ Балканот[122] и дека Битола бил нивниот главен центар.[123]

За жал, еден незначителен и крајно скромен дел од тој неисцрпен фолклорен материјал е сочуван и дојден до нас. Иако не ги дава вистинските размери на обемот, значењата и вредностите, сепак и таков тој е неодминлив фундамент без кого нема и не смее да има општа валорација на македонскиот фолклор.

Неговото публикување започна доста рано. Во 1855 год. две песни, *„Косовскиот бој"* од слепиот просјак Никола Млечаков и песната *„Марко Крале и Дете Дукадинче"*, испеана од непознат битолски просјак беа објавени во две книги на народни песни.[124]

Така-речи во истото време кога Стефан Верковиќ ги регистрираше песните од прочуената Дафина од с. Просеник (Серско), го откриваше и бележеше песни, главно епски, од слепиот пејач Јован Михаилов од с. Броди (Серско). Неговата збирка од 58 песни, објавена, за жал, дури денес[125] е велелепен споменик на овие интерпретатори.

Подготвувајќи ја збирката на народни песни, собрани од Кратовската каза во 1873 год. Ефрен Каранов ќе забележи и песни од просјаците–

---

[119] Вук Караџић, цит. дело, 69.

[120] д-р Харалампие Поленаковиќ, **Студии од македонскиот фолклор**, Мисла, Скопје, 1973, 89.

[121] А. Шлецер, **Ведение въ всеобща исторія**, Цариград, 1851, 188.

[122] Петръ Безсоновъ, **Болгарскія пѣсни,** Москва, 1855,133.

[123] Исто, 581.

[124] Владимиръ Качановский, **Сборникъ западно-българскихъ пѣсенъ,** С. Петерсбургъ, 1883, 341; П. Р. Славейковъ, **Болгарскія пѣсни,** 1855, н. 9, 31-35.

[125] Стефан И. Верковиќ, **Македонски народни умотворби**, книга трета, **Јуначки и трапезарски песни**. Подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1985.

гуслари. Ги именува *„просјачки песни"*[126] и нивното дополнително обелоденување треба да фрли нова светлина врз творечкиот лик на овие пејачи.

Во 1884 год., на крајот, излегува и првата збирка од епски народни песни, издиктирани од еден од најдобрите и, репертортно, најбогатите претставници на Добрскиот просјачко–гусларски центар, од слепиот Никола Тилев (или Телев).[127] Од него, покрај нив, ќе бидат публикувани во периодиката уште неколку.[128]

„Просјачки песни" ќе објавуваат и други подоцна. Меѓу другите: Јов. Н. Томиќ,[129] Х. Паленаковиќ,[130] Хр. Вакарелски,[131] Бр. Русиќ,[132] Александар Стерјовски[133] и др.

Одреден дел се трезоринирани во архивите и допрва ќе треба да се обелоденат.

## ПРОУЧУВАЊА

Фр. Кухач, поаѓајќи од личното искуство, зашто со години се движеше и ја проучуваше просјачко–гусларската средина, во 1877 год. аргументирано ја ревидираше идеализираната слика што беше веќе создадена за нив, но и сугерираше: *„Во тој жив вруток има толку многу скриено и неиспитано благо, што би било вредно до дното да се проучи"*.[134]

Поаѓајќи оттаму, Ив. Шишманов во 1889 год. не само што сесрдно ќе ја поддржи, ами и ќе ја прошири таа сугестија, инсистирајќи: *„При изучувањето на народните песни (мелодии и такст) не е излишно да се обрне внимание и на певците, мажи или жени, на слепците–просјаци или Циганите. Тоа прашање не е од мало значење за оформувањето, распростирањето и промената (во некои случаи и на метаморфозата на народните творби). Особено интересна е улогата на слепците и Циганите"*.[135]

[126] Д-р Томе Саздов, цит. дело, 137.

[127] **Сборникъ отъ български народни пѣсни,** Събрал С. Ив. Б. [ояновъ], София, 1884.

[128] Истиот, **Отъ Разлошко,** СбНУ, кн. III, София, 1890, 61-64.

[129] Јов. Н. Томић, **Историја у народним епским песмама о Марку Краљевићу,** Београд, 1909, 181-209.

[130] Х. Поленаковић, **Ванђелов „Болен Дојчин",** Прилози проучавању народне поезије, Г./ VI, св. 2, Београд, 1939, 280-186.

[131] Хр. Вакарелски, цит, статија.

[132] Бранислав Русиќ, **Сеќавање на Апостола...** 46-49; Истиот, **Прилепски гуслар Апостол,** Прилози проучавању народне поезије, VII, Београд, 1940; Истиот, **Лазо Коријарски, Последен слеп гуслар во Македонија,** Гласник на етнолошкиот музеј, 2, Скопје, 1965, 187-203.

[133] Александар Стерјовски, цит. дело.

[134] Fr. Kuhač, cit, delo, 1-79.

[135] д-р Ив. Д. Шишмановъ, **Значението и задачата на нашата етнография,** СбНУ, кн. I, София, 1899, 60; Хр. А. Константиновъ/,**Кратки фолклорни бълъжки,** СбНУ, кн. XV, 1889, 329, бел/.

Како резултат на тоа ќе дојдат и првите проучувања. Со задача на теренот да истражи, за родната Битола ќе се упати П. Чилев. Останувајќи доследен на лексичките интереси, освен тајниот говор на битолските просјаци–гуслари, за жал, нема да понуди непознати сознанија за нив.[136] По него, и еден друг, многу поискусен и попознат научник, чии интереси беа токму фолклорот, А. П. Стоилов, ќе се упати во друг правец, во друг, исто така, познат просјачко–гусларски центар, Добрскиот. Истражувањата требаа да дадат основа за поголема студија. Но и таа, за жал, изостана. Објавени беа само парцијални податоци во едно малку познати софиско списание во 1916 год.[137]

Набргу беше пласирана и првата теорија за нивното потекло од ослепените Самоилови војници.[138]

Меѓу двете светски војни, токму во времето кога живеат последните претставници, на теренот на Македонија се упатуваат и други. Како резултат на нивните истражувања се јавуваат нови сознанија и нови имиња на просјаците–гуслари.[139]

Истражувањата продолжуваат и по ослободувањето. Најагилен и понатака е Бр. Русиќ, кој како и А. П. Стоилов, има намера, а не успева да ја објави планираната книга за нив, но затоа, пак, остави мошне богат архивски материјал, а и пишувани прилози.[140] Покрај него, за нив пишуваа и други.[141]

За време од 60-тина години, колку што се присутни во научниот третман, напишано е многу за нив, но никогаш темелно и сеопфатно. Оттаму и сугестиите за *„поопширна студија или монографија"*.[142]

Ако се има предвид дека тие досега не влегле поопстојно нити во една пообемна историја на македонската музика, императивна е потребата од посеопфатна обработка.

---

[136] П. Чилевъ, цит. статија.

[137] А. П. Стоиловъ, цит. статија.

[138] Ирод. Ивановъ/, **Беласицката битка**... 11-16.

[139] Митар С. Влаховић, **О слепим гусларима у Јужној Србији,** Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. честа, Београд, 1931, 100-107; д-р Душан Недељковић, **Облици малешевски епике,** Прилози проучавању народне поезије, г. VI, св. 1, Београд, 1939, 18-34.

[140] Б. Русиќ. цит. дела и статии.

[141] д-р Љубомир Савић, **Историја слепих Србије,** ... 66-72; Ранка Софревска, **Македонските гуслари со посебен осврт на битолскиот гуслар Коста Михајловски,** Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско, МАНУ, ДНУ – Битола, УНК Илинденски денови – Битола, Битола, 1981, 551-561; Димитар Котевски, **Музички слепечки школи-академии,** Прилози, 44-45, Друштво за наука и уметност-Битола, Битола, 1986, 151-155.

[142] Воислав И. Илиќ, **За народниот поет од Дебар Јован Тантуре,** Македонски Фолклор, год. II, бр. 3-4 Скопје, 1968, 214; д-р Коле Симитчиев, цит. статија, 46-47.

# ПРОСЈАЦИ
## "Со подадена рака"
## BEGGARS

*Although not sharply defined, four categories of beggars were popularly defined during the periods of the beggar–players. First were those respested citizens who begged others' help only once, out of great need, and as soon as they had solved their problem, they again resumed their respected place in the community. Second were religious people who begged for the benefit of their monasteries. Third were ordinary beggars, who begged to stay alive but belonged to no organized group. And finally were the beggar-entertainers. In this category are the beggar-gusle players. All the beggars were forced out in the street for several reasons: socio-economic conditions, health and physical circumstances, and local and family traditions.*

*Among these beggars, the blind were the most numerous, the chief cause of their blindness being the horrendous disease, smallpox, which decimated entire provinces, bringing suffering not only to individuals, but to entire families. Those lucky enough to recover were frequently marked with deep pockmarks scarring the skin and, more debilitatingly, with blindness. The number of the blind rose steadily as people were often blinded deliberately. Of these forced blindings the most extreme case was that inflicted by the Byzantine emperor Vasiliy II upon the army of Samuilo: of the 14,000 or 15,000 soldiers blinded, only every hundredth soldier was left a single eye. There was also, however, voluntary self-blinding, a step taken with the custom-imbedded belief that healthy people favour the most unfortunate and most heavily handicapped.*

*The treatment of the blind was twofold: they were abandoned in childhood, killed or cast out or, more frequently, they were given care by individuals and institutions. In Macedonian towns during early feudalism and even more so during the Turkish period, numerous public kitchens (imareti) were established to provide free food once, twice or three times a day. However, the high respect given to blind beggars, as to all other beggars, lies in the traditional belief that they are God's creatures, his observers who had come to Earth to judge and reward or punish the behaviour of ordinary mortals.*

# ПРИЧИНИ

## СОЦИОЕКОНОМСКИ

Социо-економските причини биле отсекогаш основниот фундамент врз кој ќе се постави и ќе се гради разгранетата и богата институција просење, посебно, за време турското присуство на Балканот.

Во Турската империја се наоѓале две класно крајно спротивставени структури. Од едната страна биле припадниците на власта и на религијата што била државна, исламот, а од друга немуслиманското население. И додека некои натрупувале невидено богатство, другите живееле во беда во која имало умирања и од глад. *„Беше много, многу глад. Беше се чуло да свет умирале од глад"*, се регистрации што се чести во нашите записи и летописи.[1]

Паупезирањето на христијанското население практично започна уште во првиот век на турското владеење. Терминот „сиромав", под кого се подразбирал даночен обврзник што немал никаков имот,[2] се појавува многу рано. Во 1467 год. во селото Мала Врбица, Тетовско, од вкупно регистрирани 10 семејства, 3 се означени за „сиромаси". Исто така и во селото Никифорово од 20 семејства – 9 се „сиромаси", а во с. Леуново од 85, 15 семејства се „сиромаси".[3]

Ако, сега, кон таквата положба се придодадат и зулумите и грабежите на разните спахии, ајани и други,[4] потоа и тешките редовни, уште повеќе, вонредните даноци,[5] потоа природните и елементарните непогоди, од кои, сушите, поплавите, пустошењата од скакулци, така-речи, биле редовна појава, тогаш положбата станувала неподнослива. Сето тоа, се разбира, придонесувало и за метеорското паѓање на вредноста и на турската лира, што уше повеќе ја усложнувала и онака тешката положба на нашиот човек.[6]

Се разбира, таквата положба продолжувала и во вековите што следувале.

---

[1] **Записи и летописи**, Избор и редикција Радмила Угринова–Скаловска, Македонска книга, Скопје, 1975, 126, 107-108, 172,174.

[2] Д-р Александар Стојановски, **Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век**, Институт за национална историја, Скопје, Завод за унапредување на стопанството на СРМ, „Самоуправна практика" – СКопје, 1981, 112.

[3] **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширен пописен дефтер, бр. 4 (1467–1468), Архив на Македонија, Скопје, 1971, 323, 331-332.

[4] Александар Матковски, **Крепосништвото во Македонија**, Институт за национална историја, Скопје, 1979, 121, 124.

[5] Методија Сколовски, **Битола и Битолско во XV и XVI век**, Прилози, I, МАНУ, СКопје, 1975, 22.

[6] Ljubiša Doklestić, **Kroz historiju Makedonije**, Školjska knjiga, Zagreb, 964, 103.

Во 1908 год. еден патописец го посетил Охрид и се згрозил од сликата што ја забележал. Запишал дека таму *„царувала страшна, нечуена сиромаштија"*[7]. Меѓу двете светски војни 20% од битолското население било *„градска сиромаштија"*.[8] Особено тешки биле годините на светската економска криза кога и пристојните домакини одеднаш се вбројувале во списоците на градски просјаци.

Решенијата што ги барал и наоѓал нашиот човек од таквата положба се во согласност на спецификите на времето. Чести биле, оттаму, бунтовите и востанијата. Уште почести биле напуштањата на селата и бегањата во други села и покраини, а со цел да се избегне плаќањето на заостанатите даноци.[9] Заобиколувајќи ја сиромаштијата некои се решаваат да се покалуѓерат.[10] Продавањето на едното, за да преживеат другите деца, и колку е морничаво и страшно, било, исто така, честа појава.[11]

Барањето сомилост од другите, од оние што имале нешто повеќе, станало, исто така, алтернатива.

## ХИГИЕНСКО-ЗДРАВСТВЕНИ

Хигиенско-здравствени причини ако немале пресуден, во секој случај имале значаен удел во формирањето на бројот и на категоријата на оние што го барале туѓото милосрдие.

Условите во кои се живеело во минатото биле крајно лоши. Основната слика што ја понесуваат странските патешественици од Турција била дека куќата е нездрава, полоша дури и од шталите во земјите на Западна Европа. На тесен простор, на земја, заедно со добитокот, во кого имало само еден отвор од кого се влегувало и излегувало, влегувала и дневната светлина, живеело сето 20-30 члено селско семејство.[12]

Градот живеел во слични услови. На збиен простор заради огромниот наталитет, во трошни приземни или едноспратни куќи, во улици со

[7] Петръ Завоевъ, **Писма отъ Македония**, София, 1916, 144.

[8] Д-р Трајче Грујовски, **Битола на мојата младост**, Мисирков, Битола, 1987, 68.

[9] **Чужди пътеписи за Балканите**, **Немски и австрийски пътеписи за Балканите XV–XVI в.**, Увод, подбор и коментари Михаил Йонов, Наука и изкуство, София, 84, 86, 220, 267; **Руменлийски делници и празници от XVIII век**, Отечествен фронт, София, 1978, 44, 144-145.

[10] **Руменлийски делници и празници от XVIII век**... 343.

[11] **Чужди пътеписи за Балканите, Немски и австрийски...** 411.

[12] **Руменийски делници и празници**... 45; А. Матковски, **Еден француски патеписец низ Македонија** (1665–1669), Историја, год. IV, бр. 2, Скопје, 1968, 131.

отворени септички јами, од кои се дигала неподнослива реа и се ширела секаква зараза, зашто тука, заедно со животните играле и децата, се формирал и живеел турскиот град.[13]

Ако кон сето тоа се придодаде и ниската здравствена култура и омаловажечкиот однос кон болестите, при што секогаш предност им се давало на разните бајачки, кушачки, лековити води или мо́кта на светите места, кон кои масовно се патувало да се бара здравје, тогаш станува сосема јасно зошто толку често и страшно пустошеле болестите од заразен и епидемичен карактер. Со утврдена цикличност што се совпаѓала со време од 10-15 години, се јавувала најчестата и најстрашната болест, чумата, од која останувале пусти не само села и градови, ами и цели провинции. Тоа што го поштедувала таа, го таманела сипаницата од која не само што масовно се умирало, ами се зголемувале и оние скоро до фантастичната цифра, што ослепувале.[14]

За зголемување бројот на хендикепираните, посебно на слепите, имало и други виновници, од кои посебно место заземал глаукомот, луесот, самоослепувањето и др.

Посебна приказна е закоравениот фатализам, посебно кај Турците, кое одело до безумност. Францускиот патешественик Бузбек, кој ја посетил Турција во времето 1553-1562 год. говори дека тие безволно им се предавале на судбината, тотално игнорирајќи ги заштитните мерки. Без колебање и страв, дури и при најсилниот покос на чумата, не се страшеле да ги земат од што-туку умрените од чума, алишта, и се уште потни да ги облечат или да со тријат лицето, потпомогнувајќи ѝ на болеста да зафати широки размери и да ништи семејства и провинции.[15]

Така постапувале како обичните, исто така и високите личности од државата.

Кога се појавила чумата во Цариград и кога Сулејман Законодавецот бил советуван да го напушти сарајот и да се засолне, решително одбивајќи, рекол: *„Зар тој не знае дека чумата е божја стрела која својата цел никогаш не ја промашува!? Ако бог сака некого да усмрти,*

[13] Д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелкова, **Опис на патувањето на венецијанскиот пратеник Lorenco Bernardo низ Македонија во 1591 год.** Гласник на Институтот за национална историја, год. XV, бр. 1, Скопје, 1971, 219; Истиот, **Неколку кратки патописи за Македонија**, Гласник на Институтот за национална историја, год. XVI, бр. 1, Скопје, 1972, 253, 259, 260.

[14] Ljubomir Savić, **Glaukom kao uzrok sljepoće i kao socijalni problem**, Socijalna misao, g. X, br. 2, Zagreb, 1963, 81-84.

[15] **Френски пътеписи за Балканите XV–XVIII в.**, Наука и искуство, София 1957, 134.

*никакво бекство или криење нема да му помогне! Човекот залудно се повлекува пред неизбежноста! Чумата влезе во овој сарај и јас него нема да го напуштам!"*.[16]

## ЛОКАЛНИ И СЕМЕЈНИ ТРАДИЦИИ

Случајните или единечните појави во созреаните услови лесно се преобразувале во местни традиции. Таму е и одговорот зошто токму во еден град или село наместо во друго се развивал забележително посебен занает или посебна дејност преку која тоа било нашироко познато.

Битола во минатото ја понесе славата на најпознатото средиште на просјаците на Балканот. Влезе и во најпознатата поговорка позната во сите агли на полуостровот („*Битолски просјак*").[17] Ослепените Самоилови војници, според Ј. Иванов, се онаа базичност врз која ќе се гради таа долга и богата битолска (но и западно-македонска) просјачка традиција.[18]

Во минатиот век, како и во претходните, во Битола просјаци имало премногу.[19] Весникот „*Битољски радикал*" на 26 јануари 1922 год. депримирано пишува: „*Можеби нити еден град во нашето кралство не обилува толку со просјаци, како што е случајот со нашиот. Просат и стари и млади, жени и деца, здрави и болни, и никој не води сметка за тоа. Улиците се преполни со просјаци, така што покрај минувачите, со своето грозно изнудување, прават големи непријатности*"[20]. Ни по петнаесеттина години подоцна ништо не се изменило, зашто тие и понатака во глутници, според еден друг весник, напаѓаат на секој агол[21]. Така е и во децениите што следуваат.[22] Покрај во празник во

---

[16] Радомир Самарџић, **Сулејман и Рокселна**, Београд, 1976, 93.

[17] А. Шоповъ, **Изъ живота и положението на Българитѣ въ Вилаетитѣ**, Пловдивъ, 1893, 360.

[18] В. Йордановъ, **Крали-Марко въ българската народна епика**, Сборник на Българското книжевно дружество въ София, I, София, 1901, XVII.

[19] Д-р Јов. Хаџи Василевић, **Град Битољ**, Београд, 1911, 30.

[20] Аноним, **Просјаци**, Битољски радикал, г. I, 2, 26 јануар 1922, 3.

[21] Аноним, **Просјачење у Битољу**, Нови сјај, год. III, бр. 29-30-31, Битољ, септембар-новембар 1936, 3.

[22] Аноним, **Просјачко питање**, Нови сјај, г. III, Битољ, 28 август 1936, 3; Истиот весник, бр. 32. 37-38-39; 42-43-44; Ђ. А., **Битољ град који умире**, Време, 11 август 1937, 7.

дуќаните и битолските домови се појавувале посебно во масовен број за време пазарните денови.[23] Нивната впечатлива слика од битолските улици и чаршија не е изменета и за време бугарската окупација.[24]



Битолски сакат просјак од периодот меѓу двете светски војни

A lame beggar from Bitola, from the period between the two World Wars

Причината за ваквиот развој на просењето во Битола, пред сè, е во класната диференцијација што го имал секој поголем град, но и односот на битолчани кон просењето. На него веќе не се гледало од понижувачката страна, ами како на појава која бара сомилост и како

[23] Д-р Трајче Грујовски, цит. дело, 68.

[24] Аноним, **Борба съ просията**, Пелистерско ехо, г. I, бр. 9, 28 февруари 1942, 2.

на занает, извршуван чесно. Бидејќи просјаците станувале и семејни луѓе, со жени и деца, со имот, кој понекогаш бил и за почит, отпорот против нив отапувал. Сето тоа, веројатно, се причина, во Битола стечиште да наоѓаат и многу други просјаци од други места. Односот кон нив на богатиот слој граѓани, навикнати катадневно на нив, е оној магнет што ги привлекува да доаѓаат во масовен број.

Вакви локални традиции имало и во други градови, како во Прилеп, Велес, Охрид и др.

Локалната традиција, меѓутоа, се градела и се обликувала и врз една друга, исто толку значајна, семејната.

Станало, така-речи, вообичаено, како и во секој занает просењето да остане во кругот на семејството и да се предава од таткото на син, обично на најстариот или на синовите. Вакви појави забележани биле, како нè известува Фр. Кухач, во Војводина,[25] ги имало и во Полска и Украина,[26] но и, како што тврди М. Цепенков, и во Македонија.[27]

Заедно со предавањето на занаетот, кој, обично, се прифаќал уште од раните, детски години, се предавале и потесните занаетчиски тајни, вештините во просењето, тајниот говор и др. Семејната традиција претпочитала и самоосакатување или самоослепување, зашто тоа било една од главните претпоставки за добра заработувачка. Јавна тајна била дека просјаците-свирачи во Украина се самоосакатувале и самоослепувале. Властите тоа го знаеле и виновниците ги гонеле и казнувале.[28] За самоосакатување и саоослепување или сакатење и ослепување се говорело и во врска со македонските просјаци-гуслари.[29]

## КАТЕГОРИИ

### ПРОСЈАЦИ ОД НЕОЛА

Иако инцидентно, но низ сиот период до денес се среќава една посебна категорија на времени просјаци, просјаци од неола. Тие излегувале на улица и ја поддавале раката само од преголема нужда и несреќа, зашто поинакво решение за себе во моментот не наоѓале, односно ги испробувале сите и тоа останало последно. Овие луѓе со ништо не најавувале дека ќе дојдат до овој крај и дека ќе потклекнат под

---

[25] Fr. Š. Kuhač, **Prilog za povjest glasbe južnoslovjenske**, RAD JAZU, knj. XXXVIII, Zagreb, 1877, 35.

[26] J. St. Bystron, **Historia w pieśni ludu polskiego**, Krakow, 1925, 14-15

[27] Марко К. Цепенков, **Македонски народни умотворби во десет книги**, книга петта, **Народни приказни, реалистични приказни**, Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1972, п. 319.

[28] J. St. Bystron, cit. delo, Istiot, **Kultura ludowa**, Warszawa, 1947, 101-108

[29] **Знание**, Букурещъ, бр. 10, 1875, 160.

тежините на проблемите што ги наметнал животот и секогаш кога престанувала потребата од помош, престанувало и просењето. Напати не само тој, за да му помогнат побрзо и поефикасно да го оконча морничавиот дел од животот, на просење во негова полза поаѓале и членови од поблиското или подалечното семејство, искрени пријатели и други, избирајќи, се разбира други координати и места за просење.

За една потресна судбина на просјак од неола, а кој некогаш бил богат човек и господар, а кој стигнал до просјачкиот стап, раскажува Херодот.[30]

Ѕидарот Стеван Јованов(иќ), печалбар од с. Смилево, Битолско, презел ѕидарски акции во Србија што го довеле до просјачки стап. Првин изградил црква лоцирана во Рудничкиот округ, од која немал некоја материјална полза, но материјално го уништила, сепак, подигањето на црквата во 1867-68 год. с. Грошаница, срез Гружански, округ Крегуевачки. Во меѓувреме му умрела и потпората, неговиот брат Богдан, ѕидар, исто како и него и тој, не гледајќи никаков излез за себе, а со преголема желба да се врати во татковината, се решил на чекор што во вакввите прилики бил вообичаен. Напишал топло писмо до митрополитот Михаил молејќи го за лична помош и за вообичаено одобрение да проси меѓу своите соплемици што живееле во Србија и меѓу сите оние што сакале да ја сфатат неговата положба и да помогнат.

Како завршил тој дел од неговата биографија, документите, за жал, не откриваат.[31]

Слично како него ќе постапи и Ѓорѓи Динов(иќ) од Галичник. Него и уште неколку негови соселани ги грабнале арамии и со уцена слободата му ја условиле со 25.000 гроша, фантастичната сума која со ништо не можела да се надополни, макар што беше го продал и сиот имот, а да ја откупи слободата и да ја исполни сумата решил да проси. Упатил молбено барање за одобрение до српската влада, образложувајќи ја клетата судбина и надевајќи се на позитивно решение. И неговата натамошна судбина, за жал, останала неразјаснета.[32]

Војните, помали или поголеми, исто така, лиферувале бројни просјаци од неола. По балканските војни и по Првата светска војна, многу напуштени харемски жени во нашите краишта, чии мажи наврапито и трајно побегнале со турските војски и со сето злато, се оддавале, не гледајќи други излез и за себе и за своите деца, на проституција или

[30] **Херодотова историја**, I, Матица српска, Нови Сад, 1988, 203-204.

[31] **Грађа за историју македонског народа из Архива Србије**, **Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија**, Приредио д-р Климент Џамбазовски, том II, кн. II, д. 253.

[32] Исто, том II, кн. I, д. 188, 189, 190.

на просење. Тоа траело додека не се нашло поинакво решение со нивно заминување по патиштата по кои тргнале сопрузите или со премажување.[33]

Практиката просење од неола е и современа, јасно манифестирана во многу порафинирана форма. Бројните писма до работните организации за лечење во странство, за организирање спортски и др. активности, печатење книги и сл., всушност, не е ништо друго ами форма – просење од неола.

## ПРОСЈАЦИ ОД ЗАНАЕТ

Од четирите категории просјаци (просјаци од неола, просјаци од занает, таксидиоти и забавувачи) најбројна и највпечатлива била просјаците од занает. Одисеј потврдува дека биле вообичаена слика и во митска Грција,[34] ги имало и во антиката,[35] а Византија била преплавена. Знаејќи за византиската наклоност кон нив, Старите Словени своите разузнавачи ги преобразувале во просјаци–забавувачи и ги испраќале длабоко во територијата што допрва требало да ја освојат.[36] Биле во огромен број и во Турската империја. Во 1577 год. во забележителен број пред црквените порти ги забележал Стефан Герлах.[37] Еспри Мари Кузинери (1770-1790) вели дека од нив не можел да се добереш до своето живеалиште,[38] а С. Сеиже тврди дека биле сосема вообичаена слика на секој поголем турски град.[39] Ами Буе (1836-1838) во групи ги среќавал насекаде, и во близината на Костур, а и во Скопје.[40] Во 1842 год. Остин Леарт не можел да се пробие од грозната толпа просјаци до Британскиот конзулат во Цариград.[41] Скопската толпа од над 30 агресивни просјаци упорно го следеле во 1908 год. и дописникот на еден софиски весник, Петар Завоев,[42] а уште поголема во Солун.

---

[33] А. Стерјовски, **Нушиќевите битолски проблеми**, Битолски весник, 11. X. 1972, бр. 81, 9; 18. X. 1972, бр. 82, 7;

[34] Robert Grevs, **Grčki mitovi**, Nolit, Beograd, 1969, 590-591.

[35] **Херодотова историја**... II ... 187.

[36] **Византиски извори за истирију народа Југославије**, т. I, Научна књига, Београд , 1955, 111.

[37] Стефан Герлах, **Дневник за едно пътуване до Османската порта в Цариград**, Отечествен фронт, София, 1976, 204.

[38] **Френски пътеписи за Балканите**... 364.

[39] Исто, 151.

[40] **Македонија во делата на странските патописци**, 1827–1849, Подготвил Александар Матковски, Мисла, Скопје, 1992, 257, 218.

[41] **Македонија во делата на странските патописци**, 1827–1849... 518.

[42] Петръ Завоевъ, цит, дело, 36.

*„Просјаците*, вели тој, *тука се среќаваат насекаде: низ улиците, во уќуматот, во кафеаните, во гостилниците, во дуќаните, низ бањите и џамиите, во толпата што протестира или манифестира, во салонот на народното собрание, низ трамваите и параходите, дури и пред собата на твојот хотел. Тие се во толкав број што се чини дека секој човек е просјак*".[43]

Сите тие својата работа ја третирале за нормален начин за заработувачка, и како секој мајстор во занаетот, вештината ја имале усовршено до совршенство.

Основната стратегија врз која го граделе успехот било предизвикувањето сомилост, истакнувајќи го притоа, своето сиромаштво на преден план. Искинатите, парталави, мрсни и одбивни алишта требало, притоа, да бидат на ударен поглед. Од тие причини некои, кои во кругот на семејството и во местото каде што живееле, се движеле со чисти и понови алишта, а некои сосема нови, држеле во ковчезите за посебни прилики и за умирачка, на пат тргнувале со специјалните, искинатите алишта. Така постапувале и последните просјаци–гуслари од Прилеп и Охрид, Апостол и Ѓелија.



Две сцени од стар цртеж: курбан и делење милост

Animal sacrifice and alms giving, two scenes from an old drawing

[43] Исто, 77-78.

Меѓутоа, сепак, не толку облеката, ами најмногу физичкиот изглед бил оној пресуден детал што влијаел дали ќе се добие и во кој обем ќе се добие дарот. Исушени екстремитети од кои зјапале коски во гниеж, исчашени 'рбети, неприродно извртени вратови, превртени очи во кои не се гледа зеницата, празни очни јами, било она што оставало морничава слика што се носи долго и која буди тревожни емоции и кај најкоравите. Ако кон таа слика се придодадела и тешка и неизлечива болест што е видлива како красти или распаѓање на месиштата, тогаш дарот бил сигурен. Тоа, од своја страна ги мотивирало просјаците да употребуваат трева од која се добивале красти[44] или доброволно да се ослепат или осакатат сосема нормалните деца, зашто „*што е едно око или две нозе, во споредба со просјачкото дете*".[45]

Меѓу сите нив можел да се пробие и успешен глумец, кој здравата нога ја маскирал со антерија, за да изгледа едноног, или здравите очи со вообичаената шамија, за да изгледа дека е слеп. Бевме свидетели во месец јули 1997 год, на потресна слика на жена од средни години со најголем напад на тресење на телото како проси во Таксим, во Цариград. На грбот носеше двегодишна ќеркичка што постојано и се лизгаше со опасност да падне, а се поткрепуваше со метален бастун. Само што замина зад аголот на улицата, веднаш целосно се преобрази фаќајќи нормален чекор, а ќеркичката ја поведе за рака како и сите нормални мајки.

Модулирањето на гласот во молбеност и мекост, исто така, било дел од стратегијата. Покрај него значајна била и молбата, макар што имала општа прифатена стандардизација со благослов за здравје и среќа. Се случувало да падне и полу-тиха клетва, ако не се добиел очекуваниот дар, намерно фрлена за да биде коректив за некој следен пат. Општо познат бил, впрочем, стравот на нашиот човек од клетвата, особено од луѓе што го имале третманот и на божји суштества.

Омилени места за просење биле патиштата, особено мостовите и крстосниците, преткуќите, дуќаните, ановите, односно секаде каде што имало врволица. Црквените порти, сепак, биле најпопуларните, не толку заради постојаниот стационар за просјаците во нив, повеќе заради амбиентот што го создавал божјиот храм и диктатите што ги правел во однос на отфрлените.

Според облеката просјаците се разликувале и национално. Арапските, тврди Стефан Герлах, во негово време носеле црно знаме.[46]

---

[44] Исто, 78.

[45] Исто.

[46] **Чужди пътеписи за Балканите, Немски и австрийски**... 33. В. и Алаксандар Стерјовски, **Просјаците на Балканот**, Прилози, I, 54-55, Друштво за наука и уметност–Битола, Битола, 1933, 29-37.

## ТАКСИДИОТИ

И духовните просјаци, таксидиотите, иако не во толкав број, сепак од ран период го крстареле Балканот со поддадената рака и со тефтерите во кои биле бележани имињата на дародавците. Основна причина за нивната појава била крајно лошата материјална положба на христијанските храмови, особено во турскиот период, традицијата, како и преголемата желба за обновување на ионака руинираните божји домови. Патувале на сите страни каде што живеело христијанско население, но и надвор од Турската империја. За домашно просење не биле нужни посебни дозволи, но без нив не можеле да отпатуваат надвор од границите. Најпривлечна била далечната, а набожна Русија, но се патувало и во туку-што ослободената Бугарија, Романија и на други страни.

Вилјам Мартин Лик (1805–1809) тврди дека калуѓери просјаци од близината на Сервија (Сијатиста) навлегувале и во Германија.[47] Уште во XVIII век калуѓери од Рилскиот манастир проселе низ разни краишта.[48] Секој поголем српски манастир, тврди В. Караџиќ, во неговото време испраќал калуѓери–просјаци. Некои проселе во Србија, други и надвор од Србија, во Каравлашка, Карабогданска земја, дури и во Русија.[49]

Бранови македонски таксидиоти во минатиот век ја преплавувале новоформираната српска држава, од каде влечеле помош и од српските државни и духовни водачи, но и од месното население. Најупорни и со посебна привилегија сепак биле калуѓерите од западномакедонските цркви и манастири, каде што, заради печалбарите врските со Србија биле и најтесни и најдлабоки. Во 1837 год. Бигорскиот манастир испратил еден, еромонахот Арсениј. Неколку години подоцна истпратил уште неколку.[50] По примерот нивни во 1844 год. пошол и папа Тома од кичевскиот манастир Св. Богородица, по него и еромонахот Прокопие, па Симеон и тн.[51] Свои претставници испраќале и манастирот Раѓањето на Богородица од Кумановско, па и цркви и манастири од Битолско.[52]

---

[47] **Македонија во делата на странските патописци**, 1778–1826... 388.

[48] **Руменлийски делници и празници**... 343.

[49] Вук Стеф. Караџић, **Дела Вука Караџића, Етнографски списи, О Црној Гори**, Просвета, Београд, 1969, 81.

[50] Александар Стерјовски, **Просењето на македонските калуѓери во Србија во XIX век**, **Духовните средишта во Западна Македонија во минатото и денес**, IX научен собир, Бигорски научно-културни собири, Кичево, 1990, 270.

[51] Исто, 271.

[52] Исто.

Најбројни и најпочитувани, според тоа и најуспешни биле светогорските таксидиоти, кои многу рано започнале да го откриваат светот надвор од својата република. Уште во почетокот на XVI век група од Зографскиот манастир заминала за Русија,[53] а во првите децении од следниот век отпатувале калуѓерите – печатари Милетие Македонски, Нектариј Пелагониски и Стефан Охридски, кои се и основноположници на романското печатарство.[54]

Според Пол Рико (1678–1690) од Атон во неговиот век на постојан пат се наоѓале, од вкупно 6.000,2.000 калуѓери, колку и во претходниот век.[55]

Нивното испраќање на долгогодишен пат, според еден очевидец, било трогателно. Бакнежи, поздрави, упатства, сугестии, препораки, писма биле дел од обврзниот театар. Изборот бил строго селективен и паѓал исклучиво на снаодливите, решителните, умешните и прекалените помлади калуѓери. На пат се понесувале и делови од животворното дрво, свети мошти, поголем број крстови, бројаници и светогорски разгледници.[56] За Русија се одело најрадо зашто не биле нужни молби и закани со клетви, какви што често се применувале во сиромашниот Балкан, ами таму луѓето омајни од веста на нивното доаѓале пристигнувале со скапоцености и пари, полнејќи ги нивните торби. „*Тие калуѓери*, вели еден патник што ги сретнал на брод, *не изгледаа привлечно по својот изглед, но вреќитѐ со пари коишто ги изнесоа од бродот ги вчудовиде патниците и предизвика не мали благонаклонети коментари за монасите. „Две работи се исплатливи", рече еден човек, „разбојништвото во Грција и Тесалија и монаштвото на Атос". „Не" – рече друг – само монаштвото. Разбојниците не можат да ги пренесуваат парите со бродови. Овие мрзеливи ѓаволи добиваат пари и од богатите и од сиромасите"*.[57]

Меѓутоа, состојбата со другите таксидиоти била поинаква. Калуѓерот Софрониј во 1794 год. се жалел дека иако на пат се наоѓал подолго време собрал сосема малку приход,[58] а еден друг не можел да го обезбеди нити повратниот билет.[59]

---

[53] Петър Атанасов, **Начало на българското книгопечатение**, София, 1959, 73.

[54] Петар Миљковиќ, **Културни врски меѓу Македонија и Романија во минатото**, Нова Македонија, 5 јануари 1973-11 јануари 1973,3.

[55] **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777... 533.

[56] Исто, 1850-1864... 426.

[57] Исто, 1827-1849... 626.

[58] **Руменлийски делници и празници**... 329.

[59] Александар Стерјовски, **Просењето на македонските калуѓери**... 274.

Не патувале само домашните таксидиоти од Балканот, во земјите на Балканот доаѓале и од други краишта. Првиот македонски печатар Теодосија Синаитски во првите децении на минатиот век просел за синајскиот манастир Св. Катерина,[60] а во Битола во почетокот на веков просел еден романски калуѓер[61] итн.

Покрај христијанските, проселе и муслиманските калуѓери.

Во 1568 год. ерусалемскиот патник Бартоломеј Георгиевич ги сретнувал често. Биле разголени или со наметка од овчка кожа. Просејќи извикувале *„алхици"* (*„заради бога дарувајте"*). Наоѓајќи ја смислата на животот во аскетизмот и мачењето на телото, употребувале трева позната како „маслах" од која добивале тешки рани и паѓале во беснило. Но и тоа, како да не било доволно, па телото го измачувале и го гореле се неизгаснети гламни.[62]



Муслимански духовен просјак со ваганче за просење на кое има записи со мисли од Куранот и просјачки стап

Muslim holyman with a staff and an alms bowl inscribed with words from the Koran

[60] Д-р Харалампие Поленаковиќ, **Никулците на новата македонска книжевност**, Мисла, Скопје, 1973, 228.

[61] Ѓорѓи Димовски, **Битолските училишта до 1918 година со посебен осврт на гимназијата до 1945**, во: **Гимназијалното образование во Битола**, Гимназија Јосип Броз-Тито, Битола, 1965, 12/33.

[62] **Običaji Turaka** (u XVI vijeku), napisao latinski Bartolomej Georgijević, jerusalemski putnik u Parizu godine 1568, Skoplje, 1922, 16.

Група просјаци станале верни чувари на муслиманските свети гробишта. Денот и ноќта ги врвеле таму издржувајќи се исклучиво од милоста на минувачите. За такви говори и Герлах[63] и Ами Буе.[64] Сепак, побројни биле оние што крстосувале по патиштата. Голи, некои и со тегови на половите органи или изубијани целите, обичните луѓе ги застрашувале со апокалиптичните визии за скорешниот крај на светот[65] или со полулудите идеи и неразбирливите ритуали.[66]

Некои проселе не за себе, ами, како и христијанските калуѓери, за своите храмови, текињата.[67]

Сите тие, тврди Карлие де Пинон (1557 год.) имале големо влијание и голема почит среде муслуманската религиозна и обична средина. Многумина, меѓу кои и луѓе од висок ранг, сакале со нив да седат и да беседат.[68]

Иако фанатизирани, никогаш не правеле двојбеност на дарот дали е муслимански или христијански, дури го користеле и гостољубието на христијанските манастири, меѓу другите и на манастирот Св. Наум во Охрид.[69]

## ЗАБАВУВАЧИ

**СРЕДНОВЕКОВНИ** Средновековниот забавувач не е свирач, не е пејач, тој е и свирач, и пејач, и глумец, тој, всушност е синкретична појава. Ваквата негова одлика ја потврдуваат и книжевните споменици. Во „*Белградската крмчија*", проширена варијанта на „*Иловачката крмчија*", свирачот се идентификува и со глумецот и со скомрахот. Колебајќи се во прецизацијата, на едно место се вели: „... *скомрахъ или гоудецъ или свирелникъ или нѣкы таковы глоумцъ...*".[70] Исто така, на фреската „*Исмејувањето на Христос*"

[63] **Чужди пътеписи за Балканите, Немски и австрийски** ... 345.

[64] **Македонија во делата на странските патописци,** 1827-1849 ... 331.

[65] д-р Конст. Иречекъ, **Стари пътешествия по България отъ 15-18 столѣтие**, Периодическо списание, кн. III, кн. VI, София, 1883, 116.

[66] **Македонија во делата на странските патописци**, 1778–1826... 663-664, Петръ Завоевъ, цит. дело, 82.

[67] Цветан Станоевски, **Како ја видоа Македонија**, Македонска книга, Скопје, 1978, 100.

[68] **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777... 222-223.

[69] Ив. Снегаров, **Манастирът свети Наум при Охридско езеро**, Синодолно издателство, София, 1927, 29.

[70] Д-р Мираш Кићовић, **Старо позориште код Срба**, Зборник радова, књ. X, Српска академија наука, Институт за проучавање књижевности, књ. 1, Београд, 1951, 70.

од црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане, заедно со свирачите настапуваат и неколку поединци во смешна облека и со продолжени ракави кои би требало да бидат глумци–комедијанти.[71] Во „*Александрида*", препис на Псевдокалистеновиот роман за Александар Македонски од крајот на XIV век, се наоѓаат свирачи на дувачки инструменти покрај кои стои забелешката „*праскавници*", а од групата од четири свирачи на мал барабан (тарабука) псалтир (харфа), лаута (мала тарабука) и гусла забелешката „*глумци*".[72]



„Праскавници" и „глумци" (фреска од XIV век)

„Praskavnici" (players of brass instruments) and „actors", a fresco from the 16th century

---

[71] D-r Svetozar Radojčić, **Ruganje Hristu na fresci u Starom Nagoričanu**, Zagreb, 1934.

[72] С. Радојчић, **Минијатуре у српским Александрима**, Уметнички поглед, 1938, 5.

Сликата нивна ќе се допрецизира кога ќе се дознае дека тие често се јавувале и во придружба на животни со кои ги изведувале точките имитирајќи ги луѓето.[73]

Дека таа одлика на средновековниот забавувач била дел од неговиот сеопшт ран профил, го потврдува и еден француски патешественик од средината на XVI век, Никола де Никола. Тој информира дека бил во Истамбул во 1551 год. каде сретнал група македонски или српски забавувачи, всушност селани насилно ангажирани да ги обработуваат султанските полиња во околината на Истамбул, познати како војнуци, кои во празничните попладниња се обидувале да се здобијат со мала заработувачка пеејќи песни со големите козји гајди што беа ги донеле од своите краишта. Потоа, маскирани во вид врат ли глава на штрк, односно во фигури од *„најфантастични животни на светот"* пред цариградската публика станувалеи глумци.[74]

Иако не во таа форма, глумечката страна била дел и од просјачко–гусларскиот настап. Со умеење за подгревање интерес, со прецизно сценарио и режија, се избирало местото за настапот, со исто таква режија и глума биле проследувани подготовките и самиот пеачки и свиречки настап. Паузите, во кои тој требало да ја врати силата, всушност, исто така, биле дел од режираната претстава. Ако се придодаде дека биле и информатори кои носат нови вести за необични настапи, дека умееле впечатливо да раскажуваат приказни, имитирајќи ги притоа со успех гласовите и движењата на животните, птиците и одделни карактеристики на луѓето, станува очигледно дека и тие глумечката страна ја имале вградено во естрадниот настап.

**ОД XV ВЕК** Не еднаш е истакнато дека XV век за јужнословенскиот фолклор, посебно за јужнословенската епика е пресвртниот миг кога се вршат длабоки и коренити промени, кога старите теми им отстапуваат место на темите на денот: на пленувањата и одведувањата во ропство, на ограбувањата, рушењата на слободата на балканските државички, на поединечните или воените судири, но и на појавата на новите заштитници од форматот на Марко Крале, Милош Обилиќ, Волкашин, Момчило војвода и др., кои, токму заради таа улога влегуваат во новиот мит и го градат новиот профил на народниот предводник. Овој век врши и длабоки промени и во оркестариумот, зашто со туѓите војници и доселеници од Мала Азија, доаѓаат и новите музички инструменти и новите тонови, кои полека се втиснуваат освојувачки во нашиот музички живот.

[73] Д-р Мираш Кићовић, цит. статија.

[74] Радован Самарџић, **Београд и Србија у списима француских савременика XVI-XVII век**, Историски архив Београда, Београд, 1961, 117-118.

Поаѓајќи од тоа значење, сосема природно е да се постави прашањето: кои беа креаторите на новата песна, може ли да се посочи барем едно ниевно име?

Досега, за жал, не! Не е познато ниту едно име. Меѓутоа, благодарејќи на турските документи, посебно на пописните дефтери што во серија со децении ги објавува Архивот на Македонија, полека се отстранува прашината и се нудат не едно, ами и цел список имиња. Сите тие, бидејќи не е прецизирано, подеднакво можат да се третираат и за просјаци–гуслари или за некоја друга категорија забавувачи.

Прв од долгиот список е Дејан свирач од село Летевци (село што и денес постои југоисточно од Скопје, Скопски вилает). Него го регистрирале пописната комисија во 1452/53 год., кога е извршен и првиот попис на населението во турскиот период. Други податоци за него не се дадени, освен дека живеел во мало село од вкупно 37 ханиња (домови).[75]

Во пописот од 1467/68 год. во Велешкиот вилает забележани се и овие свирачи: Бојо свирач од с. Крушевица (село југоисточно од денешен Велес). Во времето на пописот тој има возрасна, омажена ќерка, што ќе рече дека е средовечен и дека е роден некаде помеѓу 1420–1430 год. Негов зет бил Стале.[76] Во истиот попис го среќаваме и Миле свирач од Стари Град (село што и денес постои на пругата Битола–Скопје). Има податок и за друг свирач од село Рудник (село што се наоѓа северно од Велес) но неговото име, за жал, остана непознато, зашто е мртов. Зад себе оставил тројца синови: Дабе, Дабе и Никола.[78]

Во истиот пописен дефтер во Кичевската нахија забележани се четворица: Петко свирач од село Србица[79] (село североисточно од Кичево) и свирач од село Премка (село североисточно од Кичево) кој зад себе оставил возрасен син, Јовче[80]. Во селото Врашеница (село југоисточно од Кичево) регистрирани се двајца, едниот е Стајко свирач, а на вториот не му го знаеме името. Тој, по свирачот Преде, кој е од

[75] **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширни пописни дефтери од XV век, Том III, Редакција Методија Соколовски, Архив на Македонија, Скопје, 1976, 250.

[76] **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширен пописен дефтер Н 4(1467-1468), Редакција Методија Соколовски и Александар Стојановски, Архив на Македонија, Скопје, 1971, 155.

[77] Исто, 167.

[78] Исто, 162.

[79] Исто, 271.

[80] Исто, 233.

предходниот век, е најстариот, зашто зад себе оставил не само полнолетен син–Ѓурица, ами и полнолетен внук., Пејо, што би требало да значи дека е роден во крајот на XIV или почетокот на XV век.[81]

Со непрецизен датум на извршување на пописот, но со податок дека е направен во времето на Мехмед II Освојувач (1451–1481) во пописниот дефтер за Пиринска Македонија, се откриваат повеќе имиња на свирачи.

Во Демирхисарскиот вилает регистрирани се следните: Михо свирач од село Порој (дрнес постојат две села со тоа име–Долен и Горен порој, а во времето на пописот: Мал и Голем Порој). Тој имал возрасен син, Рујо, што ќе рече дека бил средовечен.[82] Покрај нив ги имаме и Стамад свирач од село Глабочица[83] (село северозападно од Демир Хисар), па Богдан свирач од село Лика[84] (денешно село Л'ки, јужно од Неврокоп), па Ексатијуд свирач од село Дупница[85] (неутврдено село), Димо свирач од село Либахово[86] (Либахово, односно Либјахово, село југоисточно од Неврокоп), Радослав свирач од село Грмлани[87] (село Грмен, источно од Неврокоп) и Рали свирач од село Годешево[88] (село југоисточно од Неврокоп).

Во три села од овој вилает забележани се по двајца свирачи: Доброслав свирач и Грубан свирач од селата Рибно и Костен[89] (Рибно или Рибново, село североисточно од Неврокоп и Гостун, северно од Неврокоп, меѓутоа не е прецизирано дали живеат во исто или различни села), потоа Јано свирач и Стајко свирач од село Штонче[90] (неутврдено село) и, на крајот, В'лкашин свирач и Радослав свирач од Морокоста[91] (село северозападно од Демир Хисар).

Во градот Серес, кој е со 1750 ханиња, што ќе рече дека бил еден од поголемите градови, фигурира само името на Јани свирач[92]. Во вилаетот

[81] Исто, 233.

[82] **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширен пописен дефтер од XV век, Том IV, Превод, редакција и коментар д-р Александар Стојановски, Архив на Македонија, Скопје, 1978, 78.

[83] Исто, 69.

[84] Исто, Исто.

[85] Исто, 91.

[86] Исто, 96.

[87] Исто, 101.

[88] Исто, 119

[89] Исто, 42.

[90] Исто, 106.

[91] Исто, 114.

[92] Исто, 162.

Серес, други свирачи се: Радослав свирач од село Лакос[93] (село севроисточно од Серес), Тодор свирач од село В'лково[94] (село југоисточно од Неврокоп), Михал свирач од село Тополица[95] (село Топла, северозападно од Серес), а во селата Корница[96] (село северозападно од Неврокоп) и В'ково село (денес В'лкосел, југоисточно од Неврокоп) запишани се по двајца: во првото Стамад свирач и Тодор свирач[96], а во второто Добрика свирач и Јован свирач[97].

Во вилаетот Кешишлик во Пиринска Македонија, фигурираат имињата на уште двајца: Никола свирач од село Анџиста[98] (село југоисточно од Зихна) и Михо свирач од село Јуделина[99] (непознато село).

На крајот во долгиот список во пописните дефтери од 1481 год. во Леринската нахија срекаваме уште четири свирачи. Тоа се: Димитри свирач од село Бабијани (село североисточно од Воден) и уште еден свирач чие име остана непознато, но кој остави возрасен син, Димитри[100], потоа Димо и свирач од село Уџани, кој имал, исто така полнолетен син, Јандро[101] и свирач од село Бегино, кој е мртов во ова време, но кој оставил средовечен син, Миладин.[102]

Пописните дефтери фокусирале и неколку имиња на глумци. Потекнуваат од селата и живеат и во селата, зашто таму се регистрирани. Тоа, можеби дава за право да се заклучува дека деференцијацијата меѓу глумечката и свирачката уметност сеуште не е извршена зашто актерот наскоро ќе се пресели во поголемите населени места[103].

## ОД ДРУГИТЕ ВЕКОВИ

Освен за XV век и тоа благодарејќи на турските пописни дефтери и за XIX век, зашто е поблиску до нас, од истите причини, односно заради несоодветното реагирање на запишувачите и документаристите, имиња на свирачи и пејачи од другите векови останаа непознати. Ако ги има, тогаш се случајни и инцидентни.

---

93 Исто, 216.

94 Исто, 234.

95 Исто, 244.

96 Исто, 241.

97 Исто, 242.

98 Исто, 295.

99 Исто, 330.

100 **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширни пописни дефтери од XV век, Том II, Редакција Методија Соколовски, Архив на Македонија, Скопје, 1973, 417.

101 Исто, 428.

102 Исто, 425.

103 Александар Стерјовски, **Македонски свирачи и глумци од XV век**, Современост, бр. 10, Скопје, 1982, 80.

Најран податок е оној што е извлечен од едиктот на царот Душан од 1353 год. а кој е поврзан со црквата Св. Никола во Велешко. Токму таму се спомнуваат првите македонски просјаци–гуслари. Тоа се Преде свирач и Хрусе слепец.[104]

Благодарејќи, исто така, на еден судски протокол, заверен на 23 април 1521 год., а кој се наоѓа во Париската национална библиотека, се открива уште едно име,сега од XVI век. Во протоколот се расчленуваат родославните дрва на некои штипски семејства што преминале во исламот, а во едно од нив, читаме: *„Нене, пак е син на Милош, Милош е син на Никола, Никола е син на Петре, а спомнатиот Насух е син на свирачот Еслиас. Еслиас е син на Никола, а Никола е син на Петре"*[105].

Има уште еден, но крајно несигурен податок за свирач, кој се однесува на истиот, XVI век. Имено, во пописниот дефтер за Ќустендилскиот санџак од 1570 год. во селото Гуменица се среќава Свирку Пејо. Преведувачот на документов, со сознанијата дека лично име „Свирку" кај нас не суштествува, се оградил со прашалник ставен во заграда зад „Свирку".[106] Од друга страна, исто така, пописувачката практика била професијата да стои зад личното име, што ќе рече дека се среќаваме со неопределена состојба за која се нужни дополнителни приоди.

Има податок и за Роми свирачи. Во една бујурулдија упатена до ромските џизиедари од 10 август 1779 год. се наредува тие да внимаваат на своите потчинети Роми зашто како свирачи, како просјаци или како арамии му нанесувале штети на населението.[107]

Изминатиот, XIX век, сепак, за разлика од сите, поцелосен е со имиња на просјаци–гуслари, но тие понатака ќе бидат предмет на понатамошниот интерес во книгава.

---

[104] Стојан Новаковић, **Законски споменици српских држава средњег века**, Београд, 1912, 703.

[105] Петар Петров, **Асимилаторската политика на турските завоеватели**, Издателство БКП, София, 1964, 47-48.

[106] **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширен пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од 1570 год., Том V, книга III, Превод, редакција и коментар д-р Алаксандар Стојановски, Архив на Македонија, 1982, 576. Во овој санџак, односно во село Ново-село (втор назив Добрешница), Радомирско среќаваме уште едно име на свирач, тоа е Пејо чалгаџија (Исто, 67). Скоро во истото време, односно 1568-1569 год. во Скопје го имаме и Караѓоз, син на Синан, свирач. Тој живеел во маалото Велед Грн (**Турски документи за историјат на македонскиот народ**, Опширен пописен дефтер за Скопскиот санџак од 1568-69 година, Том VI, книга I, Превод, редакција и коментар Методија Соколовски, Архив на Македонија, Скопје, 1984, 32.

[107] **Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија**, (1775-1810), V, Превод, редакција и коментар д-р Александар Матковски, Институт за национална историја, Скопје, 1963, 19.

# СЛЕПИЛО И СЛЕПИ

## ПРИЧИНИТЕЛИ

**ГОЛЕМА СИПАНИЦА** Големата сипаница (Вариола вера, „Баба шарка") е основниот виновник за огромниот број лични трагедии и за масовниот број слепи во нашите краишта. Од неа останувале пусти села и градови, дури и цели провинции, всушност, општо земено околу 20% од населението страдало од оваа болест.[108] Болеста најмногу ги напаѓала децата зашто возрасните веќе стекнале како деца извесен имунитет, па се случувало од бројни деца во едно семејство да не остане живо ниту едно. Ако животот не завршел трагично, поединецот што ја прележал болеста, а по тешки манифестации со тешко повраќање и висока температура, излегувал или грозно унакажан по лицето и телото, видливите знаменија на болеста или, уште почесто, слеп, со исушени очни јаболчници.

Од оваа болест останале слепи речиси сите просјаци–гуслари. Од Голема сипаница го изгубил видот Филип Вишниќ,[109] големиот гуслар Ѓура Милутиновиќ,[110] скоро сите што им припаѓале на така-наречената „Иришка слепечка академија",[111] повеќето македонски просјаци–гуслари,[112] меѓу кои и Ванѓел Кипаризовски, Апостол гусларот, Коста Михајлов Најче и др.

Болеста главно се јавувала циклично и скоро утврден ритам, заради кое луѓето предвремено ги напуштале своите домови и села, бегајќи по планините или во незаразените области. Во 1775 год. пустошела во Семберија,[113] повремено се појавувала и во Срем,[114] а во 1846 год. ја среќаваме во Кичево,[115] во 1903 год. и во Битолско.[116] Меѓутоа, дека

---

[108] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих Србије**, први део, Савез слепих Србије, Београд, 1964, 51.

[109] М. Панић–Суреп, **Филип Вишнић, песник буре**, Просвета, Београд, 1956, 16.

[110] Љубомир Савић, **Живот и рад слепога Ђуре Милутиновића**, Socijalna misao, g. III, br. 9, Zagreb, 1956, 286.

[111] Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 37.

[112] Б. Русиќ, **Македонските гуслари**, Нова Македонија, Забавен прилог, Скопје, 16 август 1953.

[113] М. Панић–Суреп, цит. дело, 16.

[114] Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 37.

[115] Марко К. Цепенков, **Македонско народно творештво во десет тома**, Книга десетта, **Материјали, Литературни творби**, Редактирал д-р Блаже Ристовски, Македонска книга, Скопје, 1972, 318-319.

[116] Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола низ вековите**, Друштво за наука и уметност, Битола, 1992, 86.

болеста била честа гостинка во нашите краишта и дека луѓето имале долго искуство со неа и дека рано сфатиле дека таа е заразна и дека болните треба да се издвојат во карантин, покажува и фреската „Чудата на Михаил Архангел" од 1341 год. во Лесновскиот манастир.[116]

Најсигурен лек, покрај баењата, морската трева, белиот темјан, каранфилот, нишадарот, белката со стипца, што се употребувале како народна медицина, била имунизацијата. Далеку пред да биде пронајдена Џенеровата вакцина од познатиот лекар Едвард Џенер (1749–1823) во нашите краишта, старите „екими", „бабици" и други вршеле успешна вештачка имунизација со „бележење", „калемење", „пелцување" со маја земена од заболените лица од оваа болест.[117]

Се разбира имало и други болести што станале причинители на слепило. Сифилисот, кој заради војните и подвижноста на војските, а во чија придружба секогаш имало и толпи на „патувачки проститутки", главниот извор на болеста, бил еден од виновниците.[118] Глукомот, исто така, бил чест виновник,[119] но и поодминатите години не еднаш, како што покажуваат регистрираните случаи,[120] го зголемувал бројот на оние без вид.

## ОСЛЕПУВАЊЕ КАКО КАЗНА

Ослепените по казна, тешка казна, што стоела до смртната зашто се сметала за фиктивна смртна казна, исто така била честа, а бројот на ослепените на овој начин бил необично голем. Ја применувале во својата историја сите народи, почувајќи од најстарите. За да бидат посигурни на своето работно место и да ги извршуваат работните задолженија со поголема упорност, Скитите, како што бележи Херодот, на сите робови им ги копале очите само што ќе ги доведеле.[121] Ја познавале и често ја применувале и Византијците врз потешките криминалци и други рушители на востановените закони. Клонејќи кон крвавите спектакли како и Римјаните, осуденикот прво го подложувале на тешки навреди и понижувања во кои учествувал и пукот но и видни граѓани, дури и членови на царскиот двор. Качен на магаре, свртен наназад, по долга и мачна прошетка низ поглавните, но и споредните улици, исмејуван, следен со комични сцени и песни, бесни и разулавени деца и сеирџии, гаѓан од расипани продукти, го доведувале на крајот на најпопуларното и централното место во Цариград, каде што јавно, сè значајно и

[117] Исто, 87.

[118] Dr. Z. Pavišić, dr F. Ferić–Seiwerth, **Lues kao uzrok slepoće**, Socijalna misao, g. IX, br. 11, Zagreb, 1962, 539-540.

[119] Dr. Stane Stergar, cit. statija, 81-84.

[120] **Румелийски делници и празници**... 104.

[121] **Херодотова историја**... I ... 274.

забавно се случувало, на Хиподромот. Тука, и пред погледите на царските принцези, застанати на балконите од царската палата, се вршела кратката и болна операција, јавното патување на поединецот во вечниот мрак.[122]

Бидејќи балканските феудални држави скоро во целост го имале прифатено и го имитирале животот на византиското општество, прифаќајќи ги и нивните закони, вадењето очи како казна ја применувале, исто така, често. Ја имало често во хрватската практика,[123] но и во српската. Не само обични поданици, има и високи државни функционери, дури и самите деспоти, како Стефан Дечански, го завршиле животот како слепи по насилното вадење на очите.[124]

Се разбира, насилното ослепување била добро позната и на македонските простори во вековите на средновековието. Меѓу другите најстариот син на Гаврил Радомир бил ослепен од Јован Владислав,[125] очите му биле извадени и на еден од пораните македонски феудалци, Делјан[126] итн.

Вадењето очи го практикувале и Турците, применувајќи го не само врз обичните криминалци, ами и врз царските синови. Два царски сина и престолонаследника, Савци и Андроник, првиот на Мурат I, вториот на Јоан Палеолог ја доживеале трагедијата на слепите зашто таков бил тајниот договор меѓу татковците – нетатковци. Византискиот престолонаследник, на кого во очите, по наредба на таткото, му туриле врел оцет, потоа во очните длапки, наместо јаболчници можело да се види „*суво грозје*".[127]

Казната вадење очи Турците ја имале резервирано особено за уловените арамии и ајдути кои го имале квалификативот на државни непријатели, а според дотогашната терминологија „царски душмани". Сите го окончувале животот како питачи. Фатениот дел од арамиската дружина од Шипка во втората половина на минатиот век ја имала вообичаената судбина да се преобразат во слепи со насилно вадење на очите. Јавната сцена се случила во Едрене. Еден од нив, Семко, вадејќи го лебот со песна, стана многу познат гуслар.[128]

---

[122] Г. Г. Латаврин, Как жили византийцы, Наука, Москва, 1978, 68.

[123] Slavko Bančić, **Oslepljevanje kao kazna**, Socijalna misao, g. XXVI, br. 1, Zagreb, 1980, 18.

[124] Ljubomir M. Savić, **Oslepljivanje kako kazna u srpskom zakonodavstvu**, Socijalna misao, g: X, br. 1-2, Zagreb, 1955, 11-15; Истиот, **Историја слепих**... 41-45.

[125] Ив. Снегаровъ, **Градъ Охридъ**, Исторически очеркъ, Македонски преглед, г. IV, кн. 1, Македонски наученъ институъ, София, 1928, 104.

[126] Ljubiša Doklestić, cit. delo, 32.

[127] **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777... 77-78.

[128] Любенъ Каравеловъ, Записи за България и Бъгарете, София, 1930, 147.

Иако инцидентно, но и Македонците ја применувале казнава што Турците им ја резервирале, но скоро исклучиво врз злочестите претставници на власта и на зулумот. Некои од овие случаи се и од поновото време, Илинденското востание.[129]

Тоа се поединечни и групни, меѓутоа историјата познава и чести масовни насилни ослепувања. Едно од најмасовните, какво што не памети балканската, можеби и светската историја е она што ќе го изврши византискиот император Василиј II врз поразената Самоилова војска на Беласица на 29 јули 1014 год. кога бројот на слепите се зголеми со 14.000–15.000 нови ослепени. Меѓу нив беа оставени 140–150 со едно око за да можат да ги поведат и да ги доведат до нивните родни места и до нивниот цар.[130] Иако најмасовно, тоа, меѓутоа не е и единствено насилно ослепување што го применил византискиот имератор Василиј II. Следното е со новозаробените по убиството на Самоиловиот син, Гаврил Радомир, кога бројот на слепите се зголеми за дополнителна висока цифра.[131]



Ослепените Самуилови војници пред својот цар
(минијатура од Манасиевиот летопис од XIV век)

Samuilo's blinded soldiers in front of him,
a miniature from Manasy's Chronicle (16th century)

[129] **Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија**, Редакција и коментар Љубен Лапе, Институт за национална историја, Скопје, 1954, 149.

[130] Стјепан Антолјак, **Самуиловата држава**, Институт за национална историја, Скопје, 1969, 70.

[131] Йор, Иванов, **Беласицка битка**... 14.

Иако Василиј II беше се прочул во византиската историја со насилничките ослепувања, факт е дека вакви постапки применувале и други цариградски императори. Меѓу другите, по примерот негов пошол и Константин IX Мономах кој по битката кај Варна во 1045 год. заповедал сите 800 руски заробеници да се ослепат[132] итн.

**ДОБРОВОЛНО И САМООСЛЕПУВАЊЕ**

Првите доброволни ослепувања временски сосема точно, јасно, никогаш не можат да се лоцираат, но дека биле дамнешни и дека во почетокот биле и обредни, не треба да се има сомнение. Поврзани со иницијацијата тие го фиксираа највпечатливиот миг од животот на поединецот на крупниот и судбински преод. Впрочем, не е тоа и никакво чудо, зашто низ сите меридијани самоизмачувањето и самоосакатувањето е дел од обредите на иницијацијата што трае за сето време на ловното стопанство.[133] Етапата во која доброволното ослепување е само суституција, суституција првин на првенецот, потоа на закржлавените, па откраднатите деца, а сега, во времето на бронзата, кога Словените се сеуште во пра-татковината, на дел од телото, односно на очите.[134]

Дека меѓутоа, иницијацијата, според тоа и доброволно ослепување не треба да се поврзува само со обредот на физичката преобразба, ами и со преоѓање во нови социјални сфери, да речеме и еснафски, конкретно и во еснафот на епските пејачи, е сосема нов, но според некои, и познат феномен.[135]

Но доброволните ослепувања, сепак биле повеќекратни и поразнообразни одошто само обредни. Познатите приказни во врска со украинските и полските просјаци и просјаци–свирачи дека тоа тие го прават, како што е веќе истакнато, од користољубие, да се поттикне милосрдието, е една од новите форми. Вакви приказни поврзани се, се разбира и со нашите просјаци, посебно просјаците од разлошкото село Добрско.[136] Каравелов открива дека во минатиот век имало бедни мајки кои за да ги прехранат останатите многубројни деца од семејството се решавале едно да го ослепат и да им го продадат за скапи пари на просјаците.[137]

---

[132] Г. Г. Латаврин, цит. дело, 98.

[133] Vojin Matić, **Psihoanaliza mitske prošlosti**, Prosveta, Beograd, 1976, 180.

[134] Исто, 181.

[135] Исто, 178.

[136] [Васил Кънчов], **Пѫтуванiе по долинитѣ на Струма, Места и Брѣгалница**, СбНУ, кн. XII, София, 1895, кн. X, 275; **Знание**, Букурещъ, 1875, бр. 10, 160.

[137] Любенъ Каравеловъ, цит. дело, 149.

Имало случаи и на самоослепување, случаи кога не некој друг, ами човекот сам, со својата рака ги корнел своите очи. За такви случаи говори и Стефан Герлах (1573), кој вели дека меѓу Турците имало свети мажи, аџии, кои пошле за Мека и Медина, извршувајќи едно од петте основни задолженија на муслиманот и кои откако ќе се врателе назад, со образложение дека виделе нешто што е најсветло и најсвето и дека не треба ништо повеќе да видат на овој свет се самоослепувале. „*Јас ги видов*, вели тој, *како просат низ градот*".[138]



Исцелување со допир на рака (фреска од XIV век)

Healing by touch, a fresco in Lesnovo (16th century)

**ИСЦЕЛУВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ** Мотивот исцелување што се среќава толку често на фреските и во средновековните икони, а во кого на чудотворен начин со лесен допир на раката слепиот прогледува, ја подгревала надежта за враќање на видот и кај слепите и кај неговите роднини. На недвојбен начин тие откривале

[138] Стефан Герлах, цит. дело, 55.

дека лекот постои, дека постојат семоќни поединци и дека спасот од вечниот мрак е можен. Уште повеќе што тоа истото се повторувало и од амвоните кога се опишувале чудата на Исус Христос и на неговите апостоли од устата на свештениците.

А фрески и икони што го обработуваат тој мотив по нашите цркви и манастири има многу.

Исус со лесен допир на рацете, пред запрепастените апостоли и случајни минувачи, му го враќа видот на слепиот во фреската „Исцелувањето на слепиот од Силоамската бања" (XIV век). Му го враќа видот и на еден друг во фреската „Исцелување на слеп" во црквата Св. Никола во с. Чучер, Скопско (XIV век). Такви сцени има и во манастирот Св. Никола Шишевски (1630 год.), во манастирот Св. Архангел од Скопска Црна Гора (1701 год), во Топилничкиот манастир кај с. Жван (Битолско (1537 год.) итн.[139]

Меѓутоа, не само Христос, со таква моќ се појавуваат и апостолите како и Божјата мајка. Таа со света вода и кал враќа вид на слеп. Св. Никола му го враќа видот во икона од Овче Поле на Стефан Дечански итн.

И така, ред по ред, фреска по фреска, икона по икона, го охрабрувале насреќникот.

Поаѓајќи од тоа, беше се раширило уверувањето дека магично можно е да се пренесе моќта на светецот од фреската на живиот болен. Вратените очи на слепите во фреските или здрави очи на светите лица, се пренесуваат на слепите со ископување на малтерот, кој така сега станува лек за очи. На тој начин може да се објасни отсуството на очите по нашите фрески денес.

Се преземале и постапки со рационална логика што ги нудела тогашната народна медицина. Многумина, поаѓајќи од древното верување дека водата има лековите моќ, се упатувале онаму каде што ќе се чуело дека има таква и дека некои ја искусиле таа моќ. За една таква во XVIII век се говорело дека се наоѓа во Бачку (Бугарија),[140] за друга, во Битола кај изворот на светите лекари Кузман и Дамјан[141] итн.

---

[139] Dr. Mirjana Corović-Ljubinković, **Pretstave slepih u srpskoj srednoj umetnonosti**, Socijalna misao, g. VII, br. 9-10, Zagreb, 1960, 340-350; Проф. Љубомир Савић, **Слепоћа као мотив у средњевековној уметности**, Socijalna misao, g. III, br. 7-8, Zagreb, 1956, 257-262, К. Балабанов, **Сликарот, лекот, времето, Фотомонографија**, Алаклоид, Скопје.

[140] **Румелийски делници и празници**... 340.

[141] Д-р Петар Бојаџиевски, цит. дело, 114-116.

фреската од Лесновскиот манастир, каде се прикажани седум болни (не од лепра, ами од голема сипаница) ставени во карантин, сосема јасно потврдува дека веќе била созреана свеста дека многу болести биле од заразен вид и дека болниот, во интерес на здравјето на другите, треба да се азилира. Исто така на многу фрески и икони, како и во оние од црквата Св. Никола Болнички од Охрид, се прикажани и лекарски инструменти и стаклени садови со лекови.

Од лековите што се употребувале за лечење на очниот вид имало најразлични. Против коњуктивитисот се препорачувало да не се јаде белка, ами жолчка од јајце, да се користи школката од сипа, истата да се изгори и пепелта да се помеша со мед и така добиениот лек да се мачка на очите. Лек се правел и од дива маслинка, при што лисјата се дробеле. Се препорачувал и пелинот, којшто требало да се издроби, да се измеси со мед и смесата да се мачка на очите[142] итн.

Очигледно, човекот никогаш не се предавал, но каков бил ефектот од ваквото лекување може да се претпостави.

## ОД ЖИВОТОТ НА СЛЕПИТЕ

**МАСОВНОСТ** Да се сретне двојка од која едниот е со крпа на очите, зашто ги крие длапките, со слепечки стап и торба на рамото, како се држи за рамото или раката на водачот или поворка од повеќе слепи, фатени еден за друг за рамо, значело да се види морничава, но вообичаена слика од минатото. Иако постојаните и вообичаените врталишта им биле црквени и манастирски дворишта, како и трпезариите на градските имарети, всушност сите станале дел од декорот на нашиот град. Колку се оди кон средновековието, кога имунизацијата со бележење против голема сипаница била непозната, а насилните ослепувања им конкурирале на оние што го изгубиле видот од болест, таа слика ги привикнувала очите. Ако кон сето тоа се природадат и повремените масовни ослепувања, особено од времето на Самоил, тогаш срекавањето слеп човек или група слепи било слично како срекавање познат човек во мал град.

Ете, иако ги имало во масовен број, за жал, конкретни податоци за поединци со назнака име, судбина, живот и слично, отсуствуваат. За првиот се знае дека се викал Хрусе и дека во 1353 год., заедно со другите општествени отпадници живеел во велешката црква Св. Никола.[143] Благодарејќи на пописните дефтери од XV век, се срекаваат

[142] Д-р Љубомир Савиќ, **Историја слепих**... 3.33, 35.

[143] Стојан Новаковић, цит. дело, 703.

уште неколку вакви имиња. Во 1452/1453 год. ги наоѓаме Владе слеп од Борово, Доброслав слеп од Новосело, но и Ѓуро, син на слеп од Добри Дол, Дујко, син на слеп од Нисферино, сите од Скопскиот вилает,[144] а во Нахијата Тетово и Јован слепиот од с. Урвич, Сано слепиот од Паливоденица[145] итн.

Познато е дека биле ослободени од плаќање данок, што ќе рече дека биле третирани за најдолната категорија граѓани.[146]

Во огромен број ги имало и во други страни на Балканот.

К. Ирчек вели дека во минатиот век слепи и слепи–свирачи излегувале најмногу од селото Вакарел,[147] а Љ. Каравелов го поправа посочувајќи го селото Балдево.[148] Во голем број излегувале и од Славонија и Бачка,[149] од Срем и Банат,[150] од Босна и Херцеговина.[151] Вотивите очи што биле положувани како дар и завештание во врска со слепите низ српските цркви и манастири, нудат заклучок дека ги имало во голем број и во потесна Србија.[152]

Ги имало и низ другите меридијани. Во претколумбискиот период се среќавале и меѓу Инките во Перу. Строгите тамошни закони им забранувале да се мажат и женат со здрави членови од заедницата, тоа можеле да го прават исклучиво меѓу себе.[153] Ги имало и во Јапонија и за нив се водела посебна грижа.[154] Во голем број можеле да се сретнат и низ сета царска Русија, особено во поголемите градови. За Нижни Новоград се вели дека *„било толку обично да се сретнат на пристаништево или на пазарот, покрај црквената или манастирската порта, што без нив сликата би била непотполна"*.[155]

Така било и низ сите поголеми градови во светот.

---

[144] **Турски документи**... Опширен пописен дефтер... том III... 181, 262.

[145] Исто, том I (1971)... 399, 460.

[146] **Турски документи за македонската историја**, V, 1827-1839, Институт за национална историја, Превод, редакција и коментар Панта Џамбазовски, Скопје, 1958, с. 67, д. 39.

[147] Конст. Иричекъ, **Княжество България**, част I, Българска държава, Пловдив, 1899, 97.

[148] Любенъ Каравеловъ, цит. дело, 148.

[149] Fr. Kuhač, cit. delo, 7.

[150] Вук. Стеф. Караџиќ, цит. дело, 88; Д-р Шмаус-Митар Влаховиќ, **О епској песми у Срему**, Београд, 1932, 3; А. Шмаус, **Неки облици епског певања у прошлости**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 1, Београд, 1934, 16-19.

[151] Д-р Љубомир Савиќ, **Историја слепих**... 123, 101.

[152] Dr. Ljubomir Savić, **Votivi očiju u srpskoj etnografiji**, Socijalna misao, g. IX, br. 7, Zagreb, 1962, 350-351.

[153] Dr Ottokar Wanecek, cit. delo, 21.

[154] Исто, 20.

[155] E. Kljuškov, **Maksim Gorki i slijepi**, Socijalna misao, g. XV, g. br. 10, Zagreb, 1968, 525.

## ВНАТРЕШНА СВЕТЛИНА

Од каде високи и необични вредности на песната и на свирката на слепиот кога тој е без нужниот визуелен контакт со надворешниот свет и без она богатство импресии што го калемат и го облагородуваат духот е постојано и актуелно прашање.

Одговорот го даваат слепите.

„*Мојот надворешен свет*, вели славната слепа писателка Хелен Келер, *е создаден од впечатоци, допири, мириси и вкусови, дише и живее, зашто мојот дух е преполн со мисли, а душата ми е чувство*".[156]

Слепиот, кој е во постојан надворешен мрак, што трае дење и ноќе и целиот живот, не му пречи да изгради богат внатрешен свет со повеќеслојни дијалози и монолози. Редуцираните надворешни импресии ги прифаќа и доживува со посебен интензитет и богатство на духот. Неговата концетрација е до степен на усвитеност, монологот му е денонокен, примарните сензации му се продлабочени и со многу значења и симболи. Таму, веројатно е основата на македонската народна половица која тврди дека „*Глувиот слуша, а слепиот гледа*",[157] а Његош во „*Горски венец*" да заклучува дека „*Окото му пречи на мислата и јазикот*" (ст. 2370).

Оттаму не е чудо што меѓу слепите се јавиле високи умови што го задолжиле човештвото со својата мисла и порака. Еден од нив, секако е Дидим од Александрија чии мисли го обиколиле светот, па, покрај него се и високите умови на Еусеб, Никеза и др.

За Хари Слепиот, основачот на шкотската национална поезија, како и за сите големи поети, има неброени легенди во кои тој се возвеличува. Слепиот Џон Милот, поетот на англиската граѓанска поезија, претставува посебно издание на своето време. Џон Гауер ќе напише три големи епови и тоа на три различни јазици: латински, француски и англиски. Запрепастува како слепиот од раѓање Никола Сондерсон, прочуен научник од XVIII век се изборил за едно од првите места на научната мисла на својот век, држејќи ја катедрата по математика на универзитетот во Кембрич. Што е уште почудно, тој се прочул со истражувањата во врска со прекршувањето на светлината и законите што ги добил притоа. Д-р Албер Наст станал гинеколог и на свет донел безброј новороденчиња, а Хусеин Таха, станал министер за просвета и

---

[156] Михајло Младеновић, **Друштвена мисао о слепима**, Socijalna misao, g. IV, br. 4, Zagreb, 1957, 215-213.

[157] **Македонско народно творештво**, **Пословици и гатанки**, Избор и редакција д-р Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1969, 40.

книжевник, додека Милан Будимир, професор по класична филозофија на Белградскиот филозофски факултет и академик.[158]

Знаејќи го сето тоа зар е чудно што младиот Гете се жалел дека не се родил слеп.[159]

## БОЖЈИ ДАР

Така слепилото колку што станува неизлечива болка и неизмерна несреќа, исто толку е награда и привилегија. Тоа, како посебна наклоност, заклучуваат старите народи преку митовите и еповите, боговите беа им го резервирале исклучиво на нивните миленици.

Коментирајќи го поетскиот настап на Демодок, Одисеј („Одисеја", 63-64), разгален од песната, искажал мисла што била општа во грчкото општество, дека музата на пејачот навистина му го одзела видот, но затоа му дарила прекрасен дар и способност, со песна да ги занесува сите.

Дафнит, митскиот пејач, кој открил и посебен вид песна, овчарската, исто така, нимфата му го одзела видот, но панот го научил да свири волшебно на кавал и слепилото било основа да пропее толку убаво.[160]

Ако би бил окат тебанскиот пророк Тиресија не би ја имал судбината и славата што ја стекнал меѓу Грците од времето на Едип. Божицата Атина беше го казнила со одземање на видот зашто беше ја вишол гола како се капе, но затоа, на молба на мајката нимфа, беше го дарила со способност да го разбира говорот на птиците и според нивниот лет беше станал толкувач на судбините и иднините на луѓето од митска Грција и таков видовит поединец Грција не беше запаметила.[161]

За нешто сличен случај од историското време раскажува и Херодот.[162]

Зар е чудно, сега што со ваквите претстави, пренесувани низ милениумите, Русите во XIX век да ги ослепуваат своите пејачи за да пејат поубаво[163] или одгледувачите на песнопојните птици во Јужна Италија да го прават истото со своите птици.[164]

---

[158] Михајло Младеновић, цит. статија.

[159] D-r Matija Murko, **Tragom srpsko-hrvatske narodne epike**, putovanja u godinama 1930-1932, Zagreb, 216.

[160] Драгослав Стрејовић, Александрина Цермановић, **Речник грчке и римске митологије**, Српска књижевна задруга, Београд, 1979, 105.

[161] Исто, 418.

[162] **Херодотова историја**... 159.

[163] Vojin Matić, cit. delo, 177.

[164] Исто, 179.

Ваквата митологизација на слепилото суштествувала и во нашата средина и со нашите просјаци–гуслари. Ќерката на последниот битолски просјак–гуслар Коста Михајлов Најче раскажуваше дека нејзиниот татко не беше се родил, според неговото тврдење, слеп, ами тоа стана отпосле и во необични околности. Настанот се беше случил во Битола во домот на својот втор татко, битолски јорганџија и трговец, кој беше го посинил кога овој бил на момчешки години. Било полноќ кога таинствен глас го повикал да се разбуди и да стане и да слезе долу. Следејќи го гласот, без никој да го насети како ги гази скалите, како го пресекува дворот полн со цвеќиња и како ја отвора портата, беше излегол надвор, на полјанката пред куќата, каде имало и маалска чешма што деноноќно роморела. Тука, во каменото корито се капеле три пајки. Само го погледнале за миг умирувајќи се, нему му се затемнило и кога другиот ден поминале првите минувачи го нашле сеуште на истото место. Сега бил слеп.[165]

Вакви приказни за волшебното одземање на видот има и во врска со други македонски просјаци–гуслари.

## СЛЕПИТЕ И ФОЛКЛОРОТ

Египетските гробници пружаат драгоцен материјал за значењето и улогата што ја имале слепите–свирачи во фолклорот во раните организирани општества. На ѕидната слика од средното египетско царство (помеѓу 1375–1358 год. п.н.е.) пронајдена во карпестите гробници на Градот на сончевиот видокруг, се сретнува група од 8 слепи харфисти, стари, дебели, мажи, кои свират на седмострунни харфи и пеат во чест на богот Антон.[166]

Колку што се доаѓа до нашето време, укажувањата за ваквите групи стануваат почести, од што станува очигледно дека тие заземале посебно место во староегипетската народна книжевност не само како интерпретатори и забавувачи, ами и како автори на посебен жанр, познат под името *„песни на харфистот"*, а во кои со елегичен тон се пеело за задгробниот живот и за односите меѓу животот и смртта. Овековечувајќи ги во папирусите и на камените блокови се потврдува големото значење што го зазеле и во египетската средина и во египетската уметност.[167]

---

[165] Според тврдењето на Фана Костова Велјановска, 75 годишна домакинка (разговор воден во нејзиниот дом на 20 мај 1991 год.).

[166] Зенон Косидовски, **Кад је сунце било бог**, Српска књижевна задруга, Београд, 1979, 154.

[167] **Povjest svjetske književnosti**, knjiga I, Liber-Mladost, Zagreb, 1982, 22.

Преку слепите пејачи Демодок и Фемиј, Хомер информира за нивното присуство и во ахајските, јонските и дорските општества и дворови. Најголем меѓу сите нив е ненадминатиот Хомер, меѓутоа отворено е прашањето дали тоа име е лично, како се тврди, или апелатив што означува професија. Некои го толкуваат со значењето „составувач", други го прифаќаат како именка слична на оние со кои се одредува „рапсод", „поет" и сл., а неговото слепило го истакнуваат како нитка што е специфична за сите митски пејачи и врачеви.[168]



Хомер / Homer

[168] Д-р Милош Ђурић, цит. дело, 35-36.

Архиепископот Арета од X век говори и за нивната масовна појава во раното византиско општество. Без двоумење тврди дека главни сејачи на епската слава на прочуениот јунак од битките против Сарацените, Акрит, се никој друг ами „*пафлагонците*" – просјаците–свирачи и пејачи и дека најпрочуен меѓу нив е профаниот пејач на Византија „Птохопродром" (клетиот Продром), кој живее во времето на царевите Алексиј, Јован и Михајло Комнин. Тој пее на димодика–јазикот и е одличен претставител на авторите на „просјачки песни".[169]

Сликата на Цариград од турскиот период во ништо не се менува од онаа во византискиот, тврди Герлах, зашто исти вакви пејачи–свирачи, сега на турски јазик и со турски репертоар ги обиколуваат куќите и градовите.[170]

Слепите свирачи и пејачи имале посебна почит и во древна Кина. За време династијата Хан – околу 206 год. п.н.е. било регистрирано и посебно нивно здружение.[171] Преку Кина таа почит се префрлила и во Јапонија, каде што им бил обезбеден и монопол да се бават со музика и масажа. Ги имало две категории – „*мосо*", слепи монаси кои рецитирале верски епови и свиреле на жичани инструменти во храмовите за време божјата служба и „*тодо*", слепи лаици кои заработувале низ пукот како свирачи и рецитатори или како масери.[172]

Инките во Перу своите слепи ги оспособувале, исто така, за музика, но и за ткаење.[173]

Бавењето со музика како основно слепите го имале избрано и на другите меридијани. Слепи музичари забележуваме кај Келтите,[174] кај Киргизите,[175] во Олонецкиот крај,[176] во узбекските дестани,[177] во Полска.[178] Кај Русите, исто така, ги имало многу често.[179] итн.

Нивното присуство на Балканот забележано е мошне рано. Германецот Ханс Дерншвам во 1555 год. на Цариградскиот Пат сретнал осум просјаци од кои двајца имале гусли.[180]

---

169 Ханс Георг Бек, **Путеви византијске књижевности**, Српска књижевна задруга, Београд, 1967, 182.

170 Стефан Герлах, цит. дело, 55-56.

171 Dr Ottokar Wanecek, cit. delo, 20.

172 Исто, 20-21.

173 Исто, 21.

174 Джеймс Джордж, Фрейзър, **Фолклорът в Стария завет**, Отечествен фронт, София, 1989, 295.

175 М. Арнаудов, **Очерки по българския фолклор**, Издателство на Министерството за народно просвещение, София, 1934, 271.

176 Борис Соколов, **Сказатели**, Государственое издателство, Москва, 50.

177 А. С. Мирбадалева, **Общие черты и специфика туркменских и узбекских романтических дастанов**, Во: **Типология народното эпоса**, Наука, Москва, 1975, 123-124.

178 Петар Динеков, **Български фолклор**, Първа част, Български писател, София, 1972, 229/бл. 1.

179 Борис Соколов, цит. дело, 50-51, 95, 98-103.

180 **Дневникът на Ханс Дерншвам**... 134.

Војводина била преплавена од нив и затоа се јави и тврдењето дека тие имаат и своја академија каде што се оспособуваат за настапите, учејќи свирење и пеење, Иришката слепечка академија.[181] На својот пат по Далмација ги среќавал А. Фортис,[182] како и Д. Обрадовиќ.[183] Најголемиот број песни што претставуваат бисери не само на српската, но и на светската народна епска песна што ги забележа В. Караџиќ потекнуваат скоро исклучиво од слепите просјаци–гуслари меѓу кои имало и жени.[184] Бројни биле и среде Македонците и оваа книга посветена им е токму ним.

Разликите помеѓу просјакот–гуслар и обичниот просјак не биле големи, но биле евидентни. Првиот бил почист, поуреден и лебот го заработувал со труд, пеејќи и свирејќи, додека вториот тоа го правел паразитски. Пред црквената порта на Св. Недела во Битола стоеле понастрана и имале потценувачки однос кон обичните просјаци.[185]

# ОДНОС

## НЕГАЦИИ И ГРИЖИ

**НЕГАЦИИ** Многу стари општества се заштитувале од тешкиот терет на просјаците и на оние што го барале милосрдието од другите на ефикасен начин, со уништување на подмладокот. Хендикепираните и слепите новороденчиња, основниот потенцијал на просјаците, ги изложувале по патиштата, или, уште поефикасно, ги убивале. За постоењето на ваква постапка известуваат, пред сè, египетските папируси. Аристотел истата ја одобрувал, а римскиот закон што се наоѓал на 12 плочи му давал за право на таткото слободно да постапи. Ваквото убивање било познато и кај германските народи, го имало и кај Лужичките Срби, но и кај Прусите. До вчера убивањето на хендикепираните деца се среќаваше и во Суматра, во Тибет и во Јужна Кина.[186]

---

181 Prof. Ljubomir Savić, **Iriška slepačka akademija**, Socijalna misao, g. VII, br. 9-10, Zagreb, 1960, 346-350.

182 J. Loprlić, **Bilješke o putu po Dalmaciji opata Alberta Fortisa i život Stanislava Sočivice**, Zagreb, 1948, 104-108.

183 Војислав Ђурић, **Антологија народних јуначких песама**, Српска књижевна задруга, Београд, 694.

184 Dr Ljubomir Savić, **Vuk i slepi**, Socijalna misao, g. IX, br. 5-6, Zagreb, 1962, 285-288.

185 Според тврдењето на писателот Владимир Костов (разговор воден 14. 04. 1991 год.).

186 Dr Ottokar Wanecek, cit. delo, 11.

Есклузивен случај во историјата да се ликвидираат сите просјаци одеднаш е оној што го направи Мехмед Освојувач. Заедно со освоениот Константинопол и на Византиското царство, наследил и бројни византиски просјаци, но и новолиферувани со последните настани, посебно по невидениот легален грабеж што беа го направиле турската регуларна, но и нерегуларна армија, кога многу од Ромејците останаа без ништо, па беа упатени на улица. Колеричен и со волчја жед за крв, а со цел да се ослободи од товарот, наредил во престолнината да се соберат сите непродуктивни (мрзите) и сите просјаци. Ги сместил царски во сарај, им обезбедил добра храна и слуги. И одеднаш кога никој не се надевал и откако ги нагостил добро, како што се прави со денешните осуденици на смрт пред егзекуцијата, го запалил сарајот. Изгореле сите, но Турската новосоздадена империја не можела да се ослободи од нив.[187]

Следните турски султани се задоволувале со забрани определувајќи посебни денови и места каде што ќе можат да просат. Сулејман Законодавецот дозволувал да можат да просат во градовите само во времето на пазарните денови, но не и покрај џамиите.[188] Во 1775 год. им се забранувало просење по селата на Ромите,[189] како што се забранувало и во 1779 год.[190]

Се разбира, забрани за просење имало и во вековите што следат. Меѓу двете светски војни владата на Кралството Југославија беше донела таков посебен закон, врз кој ќе се потпираат и сите други што ги гласале градските совети низ сето пространство на државата. Меѓутоа без можност генерално да се реши проблемот, и под притисок на бројните случаи се правел редуциран избор, на просјаци на кои од „*оправдани причини*" им се дозволувало да просат и добивале официјален документ за тоа и на просјаци што ја немале таа привилегија.[191] Таков закон беше донесен и за време најновата бугарска окупација на Македонија,[192] какви што се носат и денес, а никој не ги почитува.

Ако проблемот со домашните просјаци останувал неразрешлив, тогаш постапките со туѓите просјаци биле полесни. За да се елиминираат и да не стапнат на домашна почва од нив се барало купишта документи кои се состоеле од препораки, одобренија, лични и други исправи и др.

---

[187] Франц Бабингер, **Мехмед освојач и његово доба,** Матица српска, Нови Сад, 1968, 171.

[188] Joseph von Hammer, **Historija turskog (Osmanskog) carstva,** 1, Zagreb. 1978, 351.

[189] **Турски извори за ајдутството и арамиството**... IV (1725-1775)... 206.

[190] Исто, V (1775-1810), 19.

[191] Аноним, **Просјачење у Битољу**, Нови сјај, г. III, бр. 29-30-31, септембар-октомбар, 1936, 3.

[192] Аноним, **Борба с просията**, Пелистерско ехо, г. I, бр. 9, Битоля, 28 февруарий 1942, 2.

За македонската група таксидиоти од Зографскиот манастир во 1630 год., а на чие чело се наоѓал печатарот Милетие Македонски, била формирана специјална руска комисија која сета документација ја прегледала темелно и строго и дури потоа го дала одобрението групата да може да патува и да проси низ Русија.[193] Така било и подоцна, па и во минатиот век.[194]

Вака постапувале и властите од туку-што создадената српска држава кон македонските просјаци.

Иако еромонахот Данаил од Бигорскиот манастир во 1837 год. беше се снадбил со множество писма од кнезот Милош Обреновиќ и од белградскиот митрополит, иако беше ја преминал турско-српската граница уредно и со документи, дури беше дошол и до Крагуевац и до Белград, каде бил примен топло од лица од официјалната власт, при што тој беше ја изложил сета тешка состојба на манастирот, дозвола да проси не добил. Уште двапати се обидел да го добие одобрението и уште два пати не го добил одобрението. Добил само некоја симболична материјална поткрепа од самиот кнез.[195] Таква судбина имале сите други што од Македонија сакале да просат во Србија.

Впрочем и не секој можел да ги добие сите документи што ги барала српската власт. Не само што се барале препораки и писма (најценети биле прпораките на српскиот митрополит од Скопје), ами требало уште да бидат навремено поднесени, требало да се одбере најсоодветното годишно време, требало оценките за пододбноста на личноста што проси да бидат високи, но требало уште да се има увид во слободните региони и оценки за способноста на населението да го понесе товарот што го наметнувале како дополнителен овие просјаци, а сето тоа со цел туѓите просјаци да се обесхрабрат.[196]

Заради таквите сложени процедури и одбивен став во 1859 год. на турско-српската граница беа останале голем број насобрани македонски таксидиоти и никој, освен еден калуѓер од манастирот Хилендар, притоа, не успеал да премине во Србија. Дури на сите им биле одземени документите и им било советувано да не ги чекаат решенијата на владата конакувајќи во пограничните места, ами најдобро да заминат од местата од каде што беа дошле.

Ако тоа се однесувало за набожните просјаци, што се случувало со другите сосема е јасно.

---

193 Петар Миљковиќ, цит. статија.

194 **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864,... 424.

195 Александар Стерјовски, **Просењето на македонските калугери**... 270.

196 Исто, 273.

Конечно во 1872 год. дојде и тоталната забрана за просење на туѓинци во Србија и оттогаш никој повеќе не стапна во Србија од Македонија.[197]

Меѓутоа не ваквите негации, ами токму оние што доаѓале од непосредната средина дури дирекно и од родителите биле оние што најлуто ја печеле душата и никогаш не се заборавале. Многу родители, со гласно искажаниот гнев дека токму тие се големата несреќа на домот, насила ги туркале по патиштата и мостовите да просат, изложувајќи ги така на јавен срам и понижување. Колку голем јад има, пак, во оловниот и омаловажувачкиот збор „слепче", што го упатува лут сограѓанин или во одомаќениот турцизам „ќорол", кон оној што не може да се снајде по улицата зашто е слеп па случајно го допрел минувачот.

Се разбира, секоја несреќа била засебна несреќа и колку просјаци исто толку и горчливи судбини. Колку такви ги имало, на пример, на скопскиот Камен мост, најомиленото место за просење отсекогаш[198] и како се чувствувал еден меѓу нив, Шакир Сулејманов(иќ) под злорадите и одмазнички погледи на минувачите, кои во него го препознаваа градскиот џелат од времето на Турците, кој токму тука каде што сега проси заедно до внучето, ги извршувал јавните егзекуции.[199] Или како се чувствувал оној просјак кој зад себе кога ќе чуел во вид народна мудрост: „*Како слеп за стап се држе*", „*Ако слепец слепца водит, двајцата в ендек ќе паднет*", односно „*Наложил врат како битолски просјак*"[200] итн. можеме да претпоставиме.

## ИНДИВИДУАЛНИ ГРИЖИ

Двајцата основачи на големите религии, Исус Христос и Мухамед се посебно заслужни што просјаците добија посебна грижа и тратман и во времето кога тие живеат, но и во вековите што следуваат. Тие станаа и обрасци и за индивидуалното, но и за институционалното згрижување и однесување. Копирајќи го токму тој образец ќе појдат многумина, и тоа не само обични луѓе, ами и оние што како претставители на власта можеле да имаат влијание врз кодексот. За Св. Ѓорѓи се говори дека сето свое големо богатство што беше го стекнал како трговец беше го поклонил и раздал по сиромаси.[201] Биографите на Св. Климент

---

[197] Исто, 273.

[198] Б. Д. С. Душановчанин, **Просјачење у Скопљу**, Вардар, Скопље, 2 октомбар 1932, 6.

[199] Аноним, **Скопски Харт који се у доба Турака вешао људе испод Душановог моста проси на Душановом мосту**, Време, бр. 5319, XVI, 4 новембар 1936, 5.

[200] **Македонско народно творештво, Пословици и гатанки**, Избор и редакција д-р Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1969, 23, 69, 93.

[201] **Из наше књижевности феудалног доба**, Приредили др Драгољуб Павловић и др Радмила Маринковић Просвета, Београд, 1968, 221.

Охридски постојано ја истакнуваат неговата голема грижа за вдовиците, сиромашните и просјаците. Скоро сите српски деспоти, вклучувајќи ги и нивните сопруги, според биографите имале грижлив односно кон просјаците,[202] почнувајќи од Стеван Немања и неговиот син Сава.[203] Цар Душан навечер се преоблекувал во стари алишта и следен од неколку придружници заминувал во логорот на сиромашните и хендикепираните, каде самиот им делел пари, храна и облека.[204]

Едно од петте основни правила што морал да ги исполнува муслиманот била грижата за бедните. Според народните верувања, сугестиите на Мухамед биле дека оној што дарува додека е жив, илјадакратно ќе му се врати во посмртниот живот.[205] Стана обичај, дури и поединечен натпревар кој повеќе ќе се истакне со грижлив однос кон сиромасите и кој повеќе ќе раздели меѓу нив, па не е чудо што луѓето од дното имаа најповолна положба токму во Турската империја. Тоа правило не правело сегрегација нити верска нити национална, затоа и христијанските просјаци многу често ја користеа штедроста на муслиманските дародавци.[206]

Таков однос имале и повеќето цариградски султани и во долгиот список дародавци секако на челно место стои Бајазид II. Се тврди дека катадневно се грижел за нив и дека во една прилика дал 7.000 акчиња, а кога, по неговата смрт, се направиле билансите на неговите финансии, се виде дека за сиромасите беше раздал дури 8.600.000 акчиња.[207] Се раскажува дури дека по повод завршувањето на градските ѕидишта и на другите разрушени јавни објекти од силниот 40-дневен земјотрес дал свечено богато јадење, служено на сребрен прибор. Првпат се случи да бидат повикани и градските сиромаси и просјаци и тие, заедно со другите, да јадат од истиот прибор.[208]

Така правеле и овдешните муслимани, не само во одредени празници какви што биле посебно бајрам и рамазан, ами и во други, и обични прилики. Остана забележано дека во фурната на Џеладин бег од Горни Сарај во Охрид секојдневно се делел бесплатен леб не само на сиромасите, ами и на сите оние што имале потреба, вклучително, се разбира, и христијаните.[209]

---

[202] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 22.

[203] **Старе српске биографије**, Превод и редакција Димитрије Богдановић, Просвета, Београд, 1975, 117-118.

[204] Константин Јиречек, **Историја Срба**... 311.

[205] **Чужди пътеписи за Балканите, Немски и австрийски**... 328.

[206] Стефан Герлах, цит. дело, 68; **Чужди пътеписи за Балканите, Немски и австрийски**... 411.

[207] Joseph von Hammer, cit. delo, I,... 282.

[208] Isto, 278.

[209] Ив. Снъгаровъ, цит, дело, 129.

Раздавале и христијаните, оние што можеле да го прават тоа. Кирил Пејчиновиќ дури советувал она што е најубаво и она што е прво како плод да им се дели на просјаците.[210]

## ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ГРИЖИ

Индивидуалните не ретко се преобразувале и формирале како институционални грижи. Старите Евреи со тоа имале одамна искуство,[211] а Византиците тоа беа го усовршиле преку сиропиталишта за декласирани, болни, за сираци и презрените, лепрозните и проститутките што требало да се превоспитаат. Локациите им биле околу црквите и манастирите, но имало и државни институции.[212] Во 1178 год. во Мемингем азил за слепи, сакати ќе основа некој Фелф VI (умре 1191 год.), а во 1254 год. во Париз тоа истото ќе го направи и Лудевид IX (1215–1270) заради згрижување на 300 ослепени витези од еден крстоносен поход и истиот сеуште е активен.[213]

Вакви институционални собиралишта за згрижување кај нас почнале да се организираат многу рано и прв организатор е Св. Кл. Охридски.[214] Тоа, како што е речено, го правеа и српските деспоти, а цар Душан тоа и ќе го озакони.[215]

Сепак, најразвиена институционална мрежа за згрижување ќе се развие во Турската империја преку формата имарет. Таа е јавна добротворна кујна која ја има во секој поголем град, обично покрај џамиите, но и на други места и во која еднаш, но во некои и до три пати дневно се делел бесплатно леб и топло јадење. Имаретот се наоѓал во склопот на вакафот, што ќе рече дека за неговото издржување биле обезбедени постојани извори, кои, било замислено, да бидат трајни, но кои, по правило, заради малверзациите на управителите, секогаш пресекнувале.

Во Цариград имало повеќе. Во оној што го подигал султанот, како што тврди Ханс Дерншвам, храна се делела трипати на ден,[216] а во Солун во еден период на број биле дури 16.[217]

---

[210] Кирил Пејчиновиќ, **Слово за празниците**, (Од „Огледало"), Култура, Скопје, 1968, 89.

[211] **Из наше књижевности феудалног доба**... 190-191.

[212] Г. Г. Латаврин, цит. дело, 71.

[213] Dr Ottokar Wanecek, cit. delo, 12.

[214] Д-р Харалампие Поленаковиќ, **Во мугрите на словенската писменост**, Мисла, Скопје, 1973, 54.

[215] **Законик Стефана Душана цара српског 1349 и 1354**, Издао и објавио Стојан Новаковић, Београд, 1870, 18/Чл. 64.

[216] **Дневникът на Ханс Дерншвам**... 54.

[217] Д-р Александар Сојановски, **Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век**, Институт за национална историја-Скопје, Завод за унапредување на стопанството на СРМ, „Самоуправна практика" – Скопје, Скопје, 1981, 112.

Во Македонија во сите поголеми градови постоеле вакви институции. Во Битола имало две, едниот на Сункур чауш беј (се наоѓал на денешната улица Илинденска) и кој бил најстариот во Македонија, оформен веројатно кога и џамијата на ктиторот (1434 год.) и втората на Исхак Челеби, покрај неговата џамија, подигната во 1508 год. Еничерев ја именува како „Имаретница" и говори дека била „грамадно здание".[218]

Во Скопје имало неколку. Прв е оној на Исхак бег, подигнат 1438/9 год.[219] Покрај него имарет подигнал и неговиот син Иса бег во периодот помеѓу 1475–1476 год.,[220] како и Мустафа паша,[221] а и Јахја паша.[222]

Во Охрид, според Е. Челеби имало три,[223] а според К. Шапкарев два-еден Климентов, а вториот турски, во турското маало Имарет, којшто во неговото време скоро наполно бил запустен.[224]

Ваквото институционално згрижување имало, се разбира, и други форми. Во крајот на минатиот век, на пример, во Битола било оформено „Женско братство–пријатели на бедните", чија задача била да прибира помош и истата да им ја дотура на бедните и на оние кои не биле способни сами да обезбедуваат средства за живот.[225] Нешто слично повторно од ученици, било оформено во Битолскиот Француски лицеј.[226] Напати и државата или општината ја прифаќала улогата на добротвори. Бидејќи Битола во Првата светска војна настрада и се појавиле многу просјаци, Владата на СХС во 1920 год. отпуштила половина милион динари како еднократна помош.[227] Општината Битола во Проектот за буџетот за 1913 год., поаѓајќи од месните катастрофални состојби,

---

[218] Н. Г. Еничеревъ, **Въспоминания и бѣлѣжки**, София, 1906, 352.

[219] Dr Hasan Kaleši, **Najstariji vakufski dokumenti u Jugoslaviji na arapskom jeziku**, Priština, 1972, 90; Методија Соколовски, **Вакафи и вакафски имоти во Скопје и Скопско во XV и XVI век**, Прилози, МАНУ, VIII, бр. 2, Скопје, 1977, 35.

[220] Методија Соколовски, цит. дело, 45.

[221] Исто, 57.

[222] Исто, 74, 76.

[223] Д-р Александар Стојановски, цит. дело, 111.

[224] К. А. Шапкаревъ, **Кратко историкогеографско описание на градовитѣ Охридъ и Струга**, III, 1901, 17.

[225] Д-р Крсте Битоски, **Дејноста на Пелагониската митрополија** (1878-1912), Институт за национална историја – Скопје, Скопје, 1968, 90, 120.

[226] Александар Крстевски, **Француските училишта во Битола 1856-1947**, Во: **Воспитанието и образованието во Битола**, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1990, 123.

[227] **Радикал**, г. I, бр. 7, Битољ, 31 јули 1920, 2.

предвидела и вакви ставки: 1. За помош на сиромасите – 10.000 динари, 2. За лекови – 2.000 динари, 3. За набавка огрев – 3.000 и 4. За закоп на сромасите – 2.000 динари.[228] Во буџетот за 1926 год. биле предвидени 150.000 динари за сиромасите.[229]

Навистина постојано сеноселе закони против просењето но просењето никогаш не беше откорнато, зашто никогаш прашањето на класната диференцијација и на сиромаштво не беше се решило. Затоа, кога во 1936 год. се повела акција против просењето во Битола, се појавиле и првите погласни размисли за генерално решавање на проблемот со просјаците со системски мерки.[230] Исто така, кога и во 1942 год. бил донесен законот против просењето, се повела слична акција за трајно решавање, при што Битолската митрополија се понудила да ослободи еден манастир а со цел, слично како во средните векови, просјаците да се азилираат и да не бидат грда слика на градот.[231] Дали идејата се спровела во дело не е познато, познато е дека и понатака се носеле закони и понатака проблемот со просјаците остана актуелен.

**ТЕОФАНИЈА** Нема народ на светот кој не верува дека божјите суштества можат да се реинкарнираат менувајќи го својот лик, најмногу во човешки и да се појават меѓу луѓето. Колку пати Зевс, како и другите олимписки богови го правеле тоа. Го правеле и старо-библиските и многу поучен во тој однос е примерот со приказната за Аврам, Сара и трите просјаци-божји ангели. Сите овие преобразени богови патуваат пеш по светот со една единствена цел, да проверат како луѓето ги спроведуваат небесните наредби, колку се гостољубиви и дарежливи и според тоа ги нагрдуваат или наградуваат. Најомилен лик во кого сакаат да се преобразат е просјакот–патник.[232] Ретко, но и тоа се случува, можат да се појават и во своето величие, онака како што ќе направи богот пред Мојсеј на Синајската Гора или, како Мухамед, според Абеси, еден критичен опсерватор од XVIII век,

---

[228] Д-р Нико Сотировски, **Еден интересен документ**, Прилози, 4, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1963, 75.

[229] Историски архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, **Фонд Градско поглаварство**, Записничка книга 15, 7 октомври 1926, 440.

[230] Аноним, **Просјачко питање**, Нови сјај, г. III, бр. 28, Битољ, 28 август 1936, 3.

[231] Аноним, **Борба съ присията**, Пелистерско ехо, г. I, бр. 9, 28 февруари 1942, 2.

[232] Ivan Kovačević, **Semiologija rituala**, Prosveta, Beograd, 1985, 135; Mirča Elijada, **Sveto i profano**, Vrnjačka Banja, 1980, 12-14; Веселин Чајкановић, **Мит и религија Срба**, Српска књижевна задруга, Београд, 1973, 140-141.

кај кого доаѓале луѓе и го уверувале дека во малата маалска џамија, некогашна црква, лично се појавувал Алаховиот пророк за да даде сугестии или заповеди во врска со почитувањето на верата.[233]

Ваквиот патник вообичаено било да го крие идентитеотт и да го прифаќа гостољубието на домакините. В. Чајкановиќ смета дека раширеното и многу топло гостољубие кај примитивниот човек познато на сите меридијани е стравот од преобразеното божество, зашто тој секогаш претпоставувал дека во туѓинецот (теоксенија) или во просјакот се крие приземјено божество. Тих. Ѓорѓевиќ наведува впечатливи случаи од околината на Ниш во кои тамошните Турци на ненадејните Роми–просјаци им оддавале најголеми почести и им покажувале невидено гостољубие цврсто верувајќи дека во нив се крие преправениот бог или негов експонат.[234]

Бидејќи никогаш не се знае во кој странец или просјак се преобразувало божеството, гостољубието се однесувало на сите ненајавени гости. Во Србија на секому што ќе се појавел пред куќата му се нудел конак и храна и ако случајно домакинот немал со што да го угости, тогаш трчал кај соседот или во соседното село да позајми,[235] а во Црна Гора домакинот радоста ја искажувал и со пукот на пушка.[236]

Топлиот и радосен прием се манифестирал на три начини: пречек пред куќната порта, воведување со внимание во домот и миење на нозете на гостинот, потоа негово богато гоштевање и, на крајот, нудење на телесно располагање на женски член од домот (гостинска обљуба). Сето тоа се правело со цел божјото суштество да се придобие и поткупи и да стане наклонет и дарежлив кон домакините. Ваквите гости не случајно, посебно просјаците кај повеќето народи имале и име „божјаци".

Појавата била позната и среде Македонците. Стефан Тановиќ, кој остави значајни етнографски белешки за населението во Гевгелиско, запишал: *„Гостинот може да биде прост намерник, т.е. да не биде од истото, дури ни од соседните села, ами и некој странец од било каде. Ваквите гости се ретки, но спрема нив, особено во поранешните години се однесуваа како кон некој светец. Не само што убаво би го угостиле, ами другиот ден и убаво на пат би го испратиле, подготвувајќи му се што му треба"*.[237]

---

[233] **Руменлийски делници и празници**... 150.

[234] Тахомир Ђорђевић, **Наш народни живот**, 2, Просвета, Београд, 1984, 209. 235 Вук Стеф. Караџић, цит. дело, 199.

[235] Вук Стеф. Караџић, цит. дело, 199.

[236] Исто, 327.

[237] Стафан Тановић, **Српски народни обичаји и Ђевђелиској кази**, Српска краљевска академија, књига XL, Београд – Земун, 1927, 317.

Тоа верување се одразило и во македонската топонимија. Селото Непроштено од Тетовско, според преданието името го добило по божја казна зашто богот–просјак не го угостиле со гостољубие и тој ги проколнал и никогаш за направеното не им простил (оттаму Непростено) а жителите децении и векови живееле со несреќи.[238]

Просјаците–гуслари благодарејќи на ова верување добро профитирале секогаш уживајќи и во гостољубието и полнејќи ги торбите без дно.

Времињата, за жал, се менувале, се корегирал или генерално се бришел односот кон просјаците. Последниот охридски гуслар Ѓелија, не без резигнација кога се сеќавал на тоа говорел дека додека бил млад само што ќе се појавел пред куќниот праг, домаќинот веднаш трчал радосно и понизно пред него, топло канејќи го, дури и молејќи го да влезе дома со одбрани зборови, како: „*Како бог да ни дојде во нашата куќа*!". потоа го поставувале на челното место на трпезата, го нуделе со најдоброто јадење и пиење и му се полнела торбата со сѐ што располагала куќата. Од сето тоа остана само обичајот да се дели дар и тоа претпорти и на брзина, со ургентни сугестии да оди што побрзо кај соседната порта.[239]

[238] Б. Ј., **Село Непроштено код Тетова на које је „бачена анатема" пре 300 година променило је име у Андрејево**, Време, бр. 5381, 5 јануар 1937, 5.

[239] Бр. Русић – А. Шмаус, **Гуслар Ванђел из Охрида**, Прилози проучавању народне поезије, г. III, бр. 3-4, Београд, 1936, 124.

# ЕСТРАДА
# THE STAGE

*Of the several special characteristics by which they are remembered, the beggar-gusle players made an astonishing impression with their extraordinary power of memory. After hearing a song several hundred stanzas only once, they were able to repeat it immediately, and almost without mistakes. However, their repertoire included not only songs, which numbered in the hundreds, but also the „latest news" about various incidents; „tellings" or personal impressions of visits to different areas and countries; advice on curing diseases, and other matters that depended on improvisational skills. Otherwise, the beggar – gusle players were almost all family people, and all belonged to guilds. They recruited youth from the handicapped, initiating them into the craft in their home-schools. Each blind gusle-player had a personal guide engaged for one or more travels. That kind of association was called a travelling pair, but there was also a „taifa", a band consisting of several gusle-players and several guides.*

*They travelled not only around the places where they lived, but also farther away. Some stayed in foreign places for months, even for years. The Bitola beggar – gusle players were among the most dynamic ones and went as far as the Black Sea and the Adriatic Sea.*

*Each of their appearances was a performance with strictly determined and skillfully directed scenario. First they artfully announced their presence and the beginning of the performance, and then they put enormous effort into making the event an exciting encounter with art, and an emotional experience that would be remembered and talked about. The openly stated aim was aesthetic pleasure, the concealed one bigger-donations and personal renown. Not infrequently, as in ancient Greece, thare were competitions, some spontaneous, some thought-out and arranged in advance. The awards were in the form of personal affirmation, but also in money, food and gifts.*

*With the store of folklore material in their possession, they became the most important folklore promoters in the Balkans. Many were authors of a considerable number of songs of the highest artistic value, but all were co-authors through their creative intervention. In conditions when their mobility was strictly limited, they became the most important sowers of motifs. Their role as guardians and conservers of folklore material should not be forgotten either, for it is thanks to them that a huge body of material destined to die long ago, managed to reach us.*

# ИНДИВИДУИ И ЗДРУЖЕНИЈА

## КАРАКТЕРИСТИКИ

### НАДВОРЕШЕН ИЗГЛЕД

Опишувајќи ги битолските просјаци-гуслари во крајот на минатиот век, Светислав Вуловиќ тврди дека нити еден од нив не бил црномурест, односно Ром и дека сите биле високи, суви, косчести, со руса коса и, ако имале, тогаш биле со сини или зелени очи[1]. Но имало и без нозе или раце. Биле осакатени, подгрбавени, исушени, полни со вошки заради кое постојано се чешкале или се поштеле во слободните часови.

Облеките им ги почитувале локалните традиции и според нив лесно можеле да се препознаат од кои краишта доаѓаат. Обично имале два вида: облекло што е ново и кое го употребувале во местото на живеењето, особено во свечените прилики и празници и искинато, закрпено, кое го употребувале кога патувале и кога проселе. И обете се состоеле од бечви од тврда и дебела аба, пристегнати со гајтан врз половината, врз кој стоел и широк, црвен, волнен појас. Над белата кошула се носел џамадан. Во зимските или ладни денови се употребувала тешката, волнена кабаница. На нозете носеле искинати или плитки, потковани кожени или гумени чевли. На главата се носел фес, кој подоцна бил заменет со волнена шубара, кој освен во спиењето, а и тогаш ретко, не се вадел од главата[2].

Сите, и тоа со голема љубов, негувале мустаци. Брадата не ја бричеле за сето време на патувањата, а злите гласови говореле дека со неа го маскирале лицето заради срамната професија што ја обавувале[3]. Долгите и, ретко, кога измиени коси, не ги чешлале, освен кога се поштеле од вошките. Сосема ретко, освен од религиозни причини се капеле[4].

Впечатливите реквизити што ги носеле и со кои ја дополнувале грдата слика бил слепечкиот стап и дисагите. Стапот обично бил долг и цврст, не ретко, како што покажуваат фреските и светло бел, што ќе

[1] [Светислав Вуковић], **Белешке и белешчице**, Годишњица Николе Чупића, књ. XIV, Београд, 1894, 267.

[2] Бр. Русић– А. Шмаус, **Гуслар Ванђел из Охрида**, Прилози проучавању народне поезије, г. III, св. 1, Београд, 1936, 125.

[3] Архив на Македонската академија на науките и ументостите – Скопје, Фонд Бранислав Русиќ (Понатака АЕ), АЕ 109/II-а... 51.

[4] АЕ 246... 10.

рече кај нас се употребувал далеку пред тој да се примени со посебно значење во Европа[5], со посебно "Т" обележје на горниот дел, кој подоцна се заменил со овчарскиот. Се употребувал како помошно средство за одбрана од кучињата или од други опасни животни, затоа го носеле и окатите водачи[6], но најмногу за да го подвлечат своето теофанско значење. Од тие причини го носеле просјаците уште во античка Грција[7], но и прочуените грчки рапсоди и хомероиди, макар што и не биле слепи[8]. Бил важен атрибут на хтоничните божества, какви што биле Водан, Хадес и Хермес, оттаму ќе прејде практиката да го имаат и светците, како и великодостоинствениците од црквената хиерархија[9].

Дисагите (торбите) се носеле: една напред и во неа се прибирал испросениот леб, а другата била на грбот и во неа се сместувало брашното и другите испросени продукти. Третата била на левата страна и таа служела да се смести гуслата или другиот музички инструмент. Фреските од манастирот Леново известуваат дека вакви торби носел и водачот[10].

Општиот впечаток на хендикепирани и несреќни луѓе бил дел од стратегијата на просењето. Заради тоа се истакнувале посебно деловите од телото, какви што биле исушените нозе, осакатените раце, а здравите раце и нозе се преврзувале и се маскирале така да изгледаат сакати, додека празните очни вдлабнатинки нападно се нуделе на увид, сé со цел да се влијае поразно и умилостувачки врз минувачите.

**ПРЕКАРИ** Македонецот во минатото нашироко го прифаќал и го реализирал прекарот како форма за лична идентификација. Не ретко со него наполно се заменувало името, а се бришело засекогаш презимето[11].

---

[5] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих Србије**, први део, Савез слепих Србије, Београд, 1964, 259; Т. Р. Vukanović, **Štap za slepe kod balkansih Slovena**, Socijalna misao, g. IX, br. 12, Zagreb, 1957, 447-451;, Dr Mirjana Ljubinković–Čorović, **Pretstave slepih u srpskoj srednjevekovnoj umetnosti**, Socijalna misao, g. VII, br. 9-11, Zagreb, 1960, 346.

[6] Д-р Љубомир Савић, цит. дело, 259.

[7] **Херодотова историја**, Матица српска, Нови Сад, 1959, 203.

[8] Д-р Милош Ђурић, **Историја хеленске књижевности**, Завод за уџбенике и наставна средства Србије, Београд, 1972, 69.

[9] T. P. Vukanović, cit. statija, 451.

[10] Dr Mirjana Ljubinković–Čorović, cit. statija, 342; Љубомир М. Савић. **Слепоћа као мотив у средњевековној уметности**, Socijalna misao, g. III, g. 9, Zagreb, 1956, 259.

[11] Тома Смиљанић, **Мијаци, Горна Река и Мавровско Поље**, Српски етнографски зборник, кн. XXXV, Београд, 1925, 25; Љубица Станковска, **Прекарите во Тетово**, Onomastika jugoslavica, Ljubljana, 1969, 174-185.

Просјаците – гуслари во тој однос предначеле пред сите и така-речи немало нити еден врз кој не се имало втиснато прекар и преку него повеќе да биде познат во еснафската и друга заедница. Тој, пак, кај нив се формирал според вообичаената практика. Изгледот бил чест и мошне впечатлив сегмент и многумина својот прекар го добиле благодарејќи и́ на некоја надворешна одлика. Така прекарите го добиле овие просјаци – гуслари: Нестор Црнио, Ташко Чавкар, Ѓоре Гарагатка, Јоан Кривиот итн.. Националната или месната припадност, исто така се користеле во формирањето на прекарот, па имаме и: Ташко Влао, но и Ташко Крушевчанецот, Кочо Ѓуптино, но и Коле Дреноецот, Марко од Варош, Павле од Вашарејца, Јованче од Праведник итн.. Професијата што некој некогаш ја обавувал или ја обавува, станала именска подлога, па среќаваме: Толе Амало, Мито Мајмунџијата, Петко Питачо, Наум Просјакот итн..

Еднаш, така оформениот прекар се прилепувал вечно за личноста и никогаш не се бришел, освен ако се чувствувала потреба да се допредизира зашто е неуспешен. Така се добивал уште еден паралелен прекар или и трет за една иста личност, на пример: Ташко Влао, Ташко Крушевчанецот, Ташку Чавкар, Диме Мушико, но и Диме Крива Вилица итн..

**МЕМОРИЈА** Недостатокот на видот просјакот-гуслар го заменувал со впечатливата, скоро неверојатната чувствителност на другите сетива, посебно на допирот и на слухот, како и на развиената меморија. Само со еден и тоа патемен допир на монетот, тој можел да го распознава веднаш и по вредност и со сите други специфики. Тоа го постигнувал и со книжната пара. Со сетивото за слух сам, лесно и брзо се движел по градските улици, избегнувајќи ги вешто опасностите и препреките. Еднаш слушнат глас, станувал индикатив преку кого и по подолго време го препознавал сопственикот. Еднаш слушната песна се врежувала за вечни времиња. Благодарејќи на таа инзворедна меморија се паметеле песни што изнесувале со десетици илјади стихови, со десетици и стотици личности, со поединости од животот и светот. Со неа пејачот се експонирал и се докажувал и како натприродно суштество[12].

Има многу такви примери. Фр. Кухач се нескриено воодушевување говори за меморијата на 18-годишниот слеп пејач, кој своите песни со

---

[12] М. К. Азадовский, **Статьи о литературе и фольклоре**, Государственное издательство художественой литературы, Москва-Ленинград, 1960, 24; Борис Соколов, **Сказатели**, Государственное издательство, Москва, 74; В. М. Жирмунский, **Тюрский героический эпос**, Наука, Ленинград, 1974, 636.

часови и часови ги рецитирал во зачадената меана, без, притоа, да се замисли, да запре или да се сепне, ами лесно, како да чита од добро позната и многупати повторувана книга[13]. Извонредна меморија имал и просјакот – гуслар од Шипка, Цању Иванов, кој само со едно слушање на песната можел да ја интерпретира веднаш и без грешки[14]. Таква меморија имал и Аксентие Миленковиќ, за кого податоци дава Рад. Меденица[15], Гроздан Веѓиќ од Пирот[16], Раде Рапиќ од Горна Краина[17], Божан Николов Чавор од село Коложуња[18], како и многумина други[19].

Многу и од македонските просјаци – гуслари имале таква меморија. Извонредна меморија имал и Јован Михаилов од село Броди, таква имал и Апостол, а „необична меморија", како што сведителствуваат оние што ја провериле, имал и Ванѓел Кипаризоски од Охрид[20].

## СКЛОНОСТ КОН АЛКОХОЛОТ

Најчест тип меѓу просјаците-гуслари бил депримираниот, внатрешно згрчен, раздразлив и недоверлив поединец, кој од тензиите се ослободува со вербилни или физички напади врз другите или, уште почесто, кој лесно посегал кон алкохолот. А алкохол пиеле сите, или барем сите. Некои, како Лазар од Велес или Ѓоре Гарагатка, станале тешки и неизлечиви алкохоличари. Последниов дури и од алкохол и умрел.

Дома, почесто во кафеаните, ановите, на долгите маршути, во логорите и на други места пиеле додека не се опиеле, односно до бесвест. Сепак, зимските вечери во кафеаните и градските анови биле најчести прилики за дружење со алкохолот. Без добра исхрана, физички исцрпени од постојаната раздвиженост, многу лесно се опијанувале. Опијанети се нафрлени еден врз друг или паѓале на масите, односно на земјениот под каде ја врвеле вечерта до другиот ден, од каде

[13] Fr. Š. Kuhač, **Prilog za povjest glasbe južnoslovjenske**, RAD JAZU, knj. XXXVIII, Zagreb, 1877, 34.

[14] **Сборник за народни умотворения и народопис**, кн. III, Български юнашки епос, Българска академия на науките, Скофия, 1971, 50.

[15] Рад, Меденица, **Певац Аксентие Миленковић**, Прилози проучавањеу народ не поезије, г. IV, св. 1-2, Београд, 1937, 138.

[16] Митар С. Влаховић, **О гуслама и гусларима у пиротском крају**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XI, Београд, 1936, 157.

[17] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 96-97.

[18] Dr Matija Murko, **Tragom srpsko-hrvatske narodne epike**, Putovanja u godinama 1930-1932, Zagreb, 157.

[19] Митар С. Влаховиќ, цит. статија, 115; Владимир Каракашевић, **Гусле и гуслари**, књ. 195, Летопис Матице српске, Нови Сад, 1898, 29.

[20] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 128.

станувале вкочанети, а не ретко и болни или со последици што ќе ги носат во годините што следувале. Анот кај Којник во Велес познавал многу тежни приказни во кои не ретко за една вечер се трошело сето она што било испросено за неколку месеци. Такви бурни и тажни пијани вечери познава и Прилепскиот ан во Битола, но и многу други градски и крајпатни анови.

Дружењето со алкохол, меѓутоа, не било само во меаните и кафеаните. Во лејки, прицврстени на појасите или на самарот од коњот или магарето, алкохолот многумина го носеле постојано со себе, и по желба со него и другарувале. Пред почнувањето на песната, но и во краткиte и други одмори, го влажнеле грлото „*за да се пушти гласот*", а бидејќи песната била постојана на усната, поединецот преку целиот ден бил пијан или поднапиен.

Енергијата ја црпеле скоро исклучиво од алкохол, со сосема ретка употреба на друга храна. Го употребувале и за лечење стомачни чиреви и други болести и затоа уште на млади години личеле на исцрпени и истрошени старци.[21]



Сегашниот изглед на Прилепскиот ан во Битола каде што престојувале просјаците-гуслари, најмногу прилепските

The Prilep Inn in Bitola today, where gusle beggar-players, mostly those from Prilep, stayed

[21] АЕ 109/II-г... 16.

**ИМОТ И СЕМЕЈСТВА** Иако низ Македонија кружеле запаливи приказни за баснословни богатства најдени по смртта на просјаците–гуслари, во домот нивни повеќе се градувало одошто се јадело. „*Јадење дома имаше само кога татко доаѓаше од некоја свадба со јадењето што му го дала домакинката за нас, децата*", се сеќава Фана, ќерката на Коста Михајлов Најче. Меѓутоа, оние што цврсто ги стегале тешко спестените пари, што ангажирано се однесувале кон професијата, обезбедувале средства за пристоен живот и за себе и за своите семејства. Некои успевале да стекнат и мало богатство кое се состоело од куќа (куќи), нива (ниви), лозје (лозја), коњ (коњи), овци, кози и др., па и да остават и по некоја пара за злочас или за смрт.

Во стекнувањето на тој имот се одело преку востановена и долга традиција, која претпочитала набавка првин на коњ, зашто тој обезбедувал набавка и на други, а со нив се овозможувало растеж на газда, за кого други просат. По коњот (коњите) доаѓало размислувањето за купување и градење куќа. Коста Михајлов Најче по повеќегодишно пестење успевал едвам на крајот да купи куќа на Баирот во Битола и тоа благодарејќи на случајот што сопственикот–Турчин заминувал набрзина за Турција и ја продавал багателно и на помошта на својот богат сосед Зарија. Прилепските просјаци–гуслари своите куќи ги подигале во прилепското тогашно предградие–Ридот. Остатокот, пак, на парите се вложувал во недвижен имот, нивје, лозја, ливади и друго, зашто тој иако се преселувал за трајно в град, никогаш не ги прекинувал односите со селото и земјата.

Некои станале, пак, мали газди и господари. Просјакот Томо Прелиќ од Сланкамен со убавата куќа, со керамиди покриена, со бавчата и со останатата стока, беше станал еден од познатите домакини,[22] Пено Просјакот од Мариово во Битола беше набавил една од најубавите куќи,[23] 47 годишниот Васил Димов стана еден од поимотните земјоделци во својот крај, кој откако го стекна богатството беше ја напуштил гуслата,[24] а Филип Вишниќ, кого почнаа да го викаат сите почнувајќи од кнезот па до војводите и да го галат, умилкувајќи му се, беше се, вели В. Караџиќ, „погосподинчил".[25]

Освен неколкуте „стари беќари" (Ѓоре Гарагатка, Крсте и уште неколку) сите други биле семејни луѓе. Сопругите, скоро на сите, им биле без

[22] Fr. Š. Kuhsač, cit. delo, 37.

[23] AE 109/II-a... 51.

[24] М. Арнаудов, **Очерки по българския фолклор**, Издание на Министерството за народно просвещтение, София, 1934, 269-270.

[25] Вук Стеф. Караџић, **О српској народној поезији**, Просвета, Београд, 1964, 136.

телесен недостаток, а ако и го имале, тогаш не бил пречка за вршење на домашните задолженија. Склучувањето на бракот им било според востановени христијански традиции. Неретко меѓу нив имало и диви бракови во кои се раѓале и деца. Некои од сопругите им биле со лесен порал, крајно огрдени во заедницата, заради кое не можеле да се омажат со подобра прилика, па откако подостареле, доброволно, односно со принуда од свештено лице или градски првенец, кои секогаш демнеле врз моралот во заедницата, и како последна прилика, им ги нуделе како избор. На некоја од нив ваквиот брак ѝ бил кој знае по кој на ред. Имало и вдовици со повеќебројна челад, кои не гледајќи поинакво решение ги избирале за сопрузи за да ги спасат дечињата од гладување. Во бракот, како во македонскиот брак воопшто, се раѓале многу деца, од кои, по правило поголемиот дел умирал во раното детство.

**БАЈАЧИ И ЕКИМИ** Некои просјаци-гуслари, покрај основната, обавувале дополнителна дејност од која, исто така, црпеле поголема материјална полза. Меѓу другите, Никола Корица, на пример, иако бил слеп станал многу вешт бочвар, правејќи најмногу буриња. Во работата, во случаите каде требало и помош од други, ги користел „очите" на своите домашни.[26] Сепак, занимањата каде што не се барала ваква туѓа помош, била почестата алтернативна, па бавењето со баење и со лечење, станале најпривлечни. Биле луѓе што стоеле над својата средина со своето странствување, кон тоа и убаво раскажувале, а ги красело и теофаниското значење, оттаму и популарноста како бајачи и лекари. Кај некои се чекало на ред за да помогнат во случаите на болест. Тој, најпрво ја применувал „психолошката терапија" дека такви случаи имал излекувано на број (посочувал и имиња) дека доволно е да се следат неговите совети и *„ни трага нема да остане од болеста"*. Баел за сè, за љубов, за болест, за зло да му се нанесе на друг итн. Говорел со кренатата глава неразбирливи зборови, укајќи и икајќи, палел жар во вода и сл. како што правеле и другите жени–бајачки. Сепак, во магиите и во лечењето изобилно го користеле слепечкиот стап кон кого се имало општ став дека е свет и дека е божји. Се употребувал кога се имало долго и мачно породување. На родилката му се давал да го допре. Се употребувал да помогне и во љубовните проблеми, кога се немало возвратена њубов. Тогаш го позајмувал да се измие и водата, според советот, требало да му се даде да ја испие на оној кај кого требало да се расплamти љубовта. Го позајмувал и во судските процеси. Се

[26] Рад. Меденица, **Два путујућа слепца–гуслара**, Прилози проучавању нсродне поезије, г. IV, св. 1-2, Београд, 1937, 297.

верувало дека оној што ќе понесе слепчки стап или дел од слепечки стап *„судијата ќе заслепи и ништо нема да види, па тужениот ќе добие блага казна или воопшто нема да биде казнет"*.[27]

Многу од овие просјаци–гуслари беа се прочуле како ахтари, а еден од нив беше Лазо Коријарски. Во неговата куќа во Штип се упатувале со голема доверба многумина, меѓутоа, како и во други слични случаи, беше прогласен за „надрилекар" и му беше забранета работата.[28] Но тоа било во поново време, а кога немало вакви забрани популарноста на овие екими навистина била голема.

## УЧЕСТВО НА НАЦИОНАЛНИОТ ОТПОР

Излегувајќи од економски најексплоатираните, а национално најобесправените маси, македонските просјаци–гуслари не само што ја споделувале судбината со своите сонародници, ами станале и активни учесници во националната и социјалната борба. Така Степан (Каравиљ) сакат, но окат, бил еден од таквите активни учесници во Илинденското



Гуслар среде востаници / A player of the gusle among insurgents

[27] Т. Р. Vukanović, cit. statija, 450-451.

[28] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски последен слеп гуслар во Македонија**, Гласник на Етнолошкиот музеј, 2, Скопје, 1965, 189.

востание. Тоа е причина за неговата насилна смрт.[29] Јован Показо бил проследуван, претресуван и третиран за „кумита“.[30] Коце Далјанката бил затворан и гонет од истите причини[31] итн.

Како луѓе што не го привлекуваат вниманието, со добро познавање на терените и патиштата, но и со добра меморија, често биле ангажирани како курири. Во просјачкиот стап, во искинатите алишта или во самарот на коњот или магарето или усно ги пренесувале пораките од еден на друг војвода, информирале за воените стационари или за движењето на воените или други формации и извршувале и други задолженија.[32] За Апостол Секуловски се говорело дека е многу активен таен курир за време Востанието,[33] а за Ванѓел Кипаризовски дека е *„највреден“* меѓу востаничките курири. Пораки од Аргир Војвода или Христо Узунов од Охрид прнесувал во востаничките чети во Крушево и на други места. Кога, во една прилика, постоела опасност да му биде пронајдено скриеното писмо, истото го голтнал.[34] Со курирска активност се бавеле и битолските просјаци–гуслари. Турските власти, знаејќи го тоа, им ги редуцирале или сосема им ги скратувале патувањата надвор од градот.[35] Вакви проблеми со редуцирани или забранети маршути имале и други просјаци–гуслари од Македонија.[36] Постапката, меѓутоа ја применувале, не само турските, ами и српските[37] и бугарските[38] власти во подоцнежниот период.

Песната, сепак, остана ривно најмоќно оружје со кое бодреле нудејќи впечатливи примери од борбата како во подалечното, исто така и во поблиското минато, Илинденското востание. Тоа е причина песните

---

[29] АЕ 109/II-а... 18.

[30] АЕ 109/II-а... 21.

[31] АЕ 109/II-а... 57.

[32] Слепата Живана се бавела со разузнавачка активност за сметка на австриската полиција, по чиј налог патувала дури до Бугарија (Светозар Матић, **Нови огледи о нашем народном епу**, Нови Сад, 1972, 357). Слепиот Ѓуро Милутиновиќ не ретко од Црна Гора до Караѓорѓе носел разни пораки (Petar Aladib, **Slijepi guslar–pismonoša**, Socijalna misao, g. XXI, br. 7, Zagreb, 1974, 395-399. Вељко Купрешанин. **Тестамент Ђуре Слепог**, Политика Београд, 26 новембар 1961, 10; Вл. Влаховиќ, **Епска песма у Мостару**, Прилози проучавању народне поезије, г. 1, св. 1, Београд, 1934, 119). Курири и борци што се слепи среќаваме и за време НОБ (Milorad Jablan, **Jure Zec, slijepi revolucionar i prvoborac**, Socijalna misao, g. V, br. 2-3, Загреб, 1958, 83-87).

[33] Бранислав Русић, **Прилепски гуслар Апостол**, Прилози проучавању народне поезије, Београд, 1940, 11.

[34] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 128-129; Хр. Вакарелски, **За един трубадур на Македония**, Македонска мисъл, г. I, кн. 9-10, 1946, 413.

[35] [Светислав Вуловић], цит. статија и место.

[36] АЕ 109/II-а... 14, 21, 22, 18-19.

[37] Бр. Русић – А. Шмаус, цит, статија, 122.

[38] Иван Иванић, **Маћедонија и Маћедонци, опис земље и народа**, књ. II, Нови Сад, 1910, 149.

да им бидат забранувани. Секогаш кога се појавувал Турчин во близината, како што се сеќава К. П. Мисирков, просјакот–гуслар ја менувал, па наместо јуначка, започнувал да пее религиозна песна.[39] Кога се појавувал претставител на српската власт, гусларот Апостол бил предупредуван од присутните полутихо *„Апостоле, сколот!"* по што тој започнувал да пее или семејна или религиозна песна.[40] Оттаму не еднаш заради песна била искршена гуслата од главата на просјак–гуслар[41] или не еднаш, како и прочуениот охридски чалгаџија Садило[42] просјак–гуслар се нашол в затвор.

Веројатно токму таму треба да се бараат основите на трибунството на Жинзифовиот гуслар во песната „Гусъар в сабор".

## ЗДРУЖЕНИЈА

### МАЈСТОР (УЧИТЕЛ) И ЧИРАК (УЧЕНИК)

Во просјачко–гусларската заедница, како и во секој еснаф, евидентен бил грижливиот однос кон подмладокот. Имало, навистина, случаи тој да се третира и како непожелна конкуренција, но законот на опстанокот сепак стоел над личните интереси, ја диктирал и ја обезбедувал професионалната репродукција. Учителот, односно мајсторот кон ученикот гледал и од материјалниот аспект зашто ученикот за подолг период или ги плаќал часовите, како Матија слепата од околината на Задар[43] или за сметка на учителот просел. Ако, кон тоа, во домот имало уште два или повеќе ученици, тогаш учителот можел да обезбеди поголем имот и богатство.

Подмладокот, пред сѐ, се избирал од машките членови на потесното семејство. Тоа е најстарата и многу популарна форма, зашто така се правело во сите занаети. Вообичаено било синот, најчесто најстариот, да го наследи таткото. Оваа практика ја среќаваме и кај древните народи, кај Египјаните или кај Лакедомоњаните. Херодот тврди: *„Куририте, свирачите во фрула и куварите занаетот го учат кај своите татковци, па така свирачот на фрула е син на свирач на фрула, куририот, син на курир, куварот син на кувар".*[44] Тоа во XIX век го

[39] К. П. Мисаирков, **Южно-словьнскія эпическія сказанія о женитьбѣ короля Волкашина въ связи Марка средиожнихъ словянъ**, Одесса, 1909, 6.

[40] Според сеќавањата на Иванка Иваноска (Ристоска) домакинка од Прилеп.

[41] Иван Иванић, цит. дело, 149.

[42] Боривоје Џимревски, **Чалгаџиската традиција во Македонија**, Македонска книга, Скопје, 1985, 25.

[43] Светозар Матић, **Наш народни еп и наши стих, Огледи и студије**, Матица српска, Нови Сад, 1964, 296.

[44] **Херодотова историја**, ... II ... 85.

среќаваме и во Галиција. Ако случајно синот–наследник не ги исполнувал условите за успешно обавување на занаетот, што ќе рече ако на себе ги имал сите делови на нормалните луѓе, тогаш тој морал да даде согласност да биде ослепен или осакатен, инаку изборот се пренесувал на друг член од семејството.[45] Вакво наследнство забележсно е во Македонија.[46] Во Охрид таков случај имаме со таткото и синот Станко и Тасе.

Подмладокот се снадбувал и на други начини: учителот го пронаоѓал и го доведувал кај себе, родителите го пронаоѓале учителот и му го доведувале сакатото дете или тоа се откраднувало од небудните родители. Биографиите на некои гуслари–просјаци укажуваат дека некои од нив станале вистински специјалисти во откривањето на децата погодни за подмладок. Благодарејќи, на пример, на Коле Лауц и на Диме Мушико, Прилепскиот просјачко–гусларски центар успевал да преживее дури до нашите дни. Инаку, прибирањето на сакатите и слепите деца подлежало на проверена стратегија. Заинтересираниот учител божем случајно доаѓал во селото, за кое добил претходна информација дека има погодно дете, воспоставувал контакти со родителите или старателите, ги нудел условите за спогодба, која на обострано задаволство, обично успешно била и прифатена. Така, родителите одеднаш се ослободувале трајно од непожелниот член во семејството, а учителот се снадбува на лесен начин со нов ученик–слуга. Инаку, усниот договор предвидувал доброволно, без материјален надомест, препуштање на детето во влсаништво на учителот, а учителот се обврзувал на детето да му обезбеди храна, стан и воведување во занаетот. Случаите во кои имало инсистирање на материјален надомест од страна на родителите, се решавање и со откупување на детето.[47]

Имало и откраднување на здрави деца, а за тоа особено се оптужувале Ромите–чергари. Архивите на кнежевска Србија, како и весниците што излегувале при крајот на минатиот и почетокот на овој век нудат многу податоци за откраднати деца, кои подоцна биле осакатени и биле пуштани по улиците или пазарите да просат, со или без музички инструмент. Во „*Белградске новине*" од 12 јули 1902 год. опишан е еден таков случај, како што е опишан и во „Вечерњи новости" од 22 јули 1904 год.[48] Прочуениот војводински просјак–гуслар Марко Обдек, кога исчезна малолетно дете, бил одведен во полицијата и оптужен

---

[45] Л. ВасилевкІй, **Современиня Галиция**, С. – Петербургъ, 1900, 52.

[46] Dr G. Sykora, **Епика у Шоплуку**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, београд, 1934, 247.

[47] Любенъ Каравеловъ, **Записи за България и за Българете**, София, 1930, 149.

[48] Тихомир Ђорђевић, **Наш народни живот**, 3, Просвета, Београд, 1984, 26-27.

дека е оној што го откраднал. Среќа негова било што детето било пронајдено здраво и живо инаку следувало линчување од згрозените родители или долга робија.[49]

Учењето, во кого се обединувале различни, а според целта, заеднички и паралелни содржини, а во кои спаѓале: употреба на гуслата; совладување на поетскиот репертоар на учителот; совладување на тајниот говор; вештините во просењето; ефектите во интерпретацијата на песната; запознавање со географијата и топографијата итн., бил долг и мачен процес. Тоа било причина времетраењето на престојот на ученикот во домот–школа на учителот да се оддолжува не на една ами и на десетина години.

Меѓу учителите имало и вистински експлоататори, кои учениците ги користеле не само во просењето, ами и во слугинската работа. Такви биле Тома Прелиќ, Марко Обдек, Пера Димитров и др. од Војводина, а Коле Лауц од Прилеп. Инаку вообичаено било учителот да воспостави односи со ученикот што подлежат на строгите критериуми на еснафот. Ученикот беспоговорно му бил послушен и потчинет и му се обраќал со „мајсторе".[50] Почетокот на интензивната настава се совпаѓала со почетокот на зимските денови, кога учителот конечно се стационирал во домот. Истата била индивидуална. Трпеливите и добри учители внимателно им ги местеле прстите на учениците на инструментот, им покажувале како се држи и како се употребува гудалото. Повремено, демонстрирајќи ја вештината и самите ја прифаќале гуслата, па свиреле и пееле. Ташку Крушевчанецот откако ја употребувал гуслата, следејќи ја песната што ја пеел во присуство на ученикот Кочо Михајлов Најче од Битола, му ја предавал со зборовите: „*Ајде сега ти да ја повториш*!".[51] Откако била совладана вештината од музицирањето, се преминувало во совладувањето на репертоарот. Во почетокот преку меморирање ученикот се трудел целосно да ја запамети и да ја повтори песната, подоцна се преминувало во вториот стадиум, во кого се паметела шемата, формулите и општите места, зашто искусниот и добар гуслар не меморира, како што велел гусларот Бранко Оцокља од Брезова, ами импровизира.[52] Наставата од домот се пренесувала и во логорите, во меаните, панаѓурите, ановите и на други места каде што учителот и ученикот се појавувале. Таму се користело и туѓото музичко и друго искуство.

---

[49] Владимир Каракашевић, **Гусле и гуслари**, књ. 198, Летопис Матице српске, Нови Сад, 1900, 125.

[50] Митар Влаховић, **О слепим гусларима у Јужној Србији**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. шеста, Београд, 1931, 104.

[51] Исто.

[52] Митар Влаховић, **О гусларима око Моравице и Скрапежа**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1938, 111.

Откако ќе се утврдело дека ученикот ги совладал музичките вештини, репертоарот на учителот и сè она што го легитимирало дека станал мајстор, курсот завршувал. Во средноазискиот фолклор мајсторот („бахши") се прогласувал по испитно-церемонијален настап на кандидатот пред испитна комисија и пред аудиториум.[53] Македонскиот ученик го напуштал учителот договорно или, уште почесто, по случајна или намерно предизвикана кавга, иницирана токму од младиот мајстор, желен за осамостојување. Врските меѓу ученикот и учителот никогаш, сепак, наполно не прекинувале, зашто, заедничката припадност на ист центар, иста тајфа, или двојка, упатувале на соработка еден со друг, освен во случаите кога односите наполно биле нарушени.

ВОДАЧ Низ поблиската околина, како и низ местото на постојаното живеење, просјакот–гуслар се движел сам. Во прилики кога не можел поинаку да постапи, решавал да побара помош од други. Така, Ванѓел Кипаризоски, бил познат по необичната снаодливост низ улиците на Охрид. Без претходна опомена, се искачувал на тротоарот или скршнувал во најблиската улица, пропуштајќи ја опасноста.[54] Вешто низ Битола се движел и Кочо Михајлов Најче, кого едно од четирите деца го доведувало и во вечерните часови го земало од договореното место кај мостот кај Безистенот. Стрмните, криви и тесни баирски улици, сепак, и покрај снаодливоста и добрата меморија му биле преголем терет, оттаму у помошта на децата.[55]

Вообичаено било, инаку, скоро без исклучок, секој просјак–гуслар, бил тој сакат или слеп да има друшка, водач. Неговата помош била особено неизбежна во долгите маршути. Водачот се ангажирал за едно патување, меѓутоа, имало случаи кога меѓу двајцата се воспоставувале трајни врски и кога водачот се ангажирал за сите идни патувања. Оценки за чесноста при делбите, познавањето на патиштата, друштвеноста, дружељубивоста, биле, притоа, главните препораки. Меѓу другите, Ванѓел Кипаризоски патувал исклучиво со еден, со Стојан Петров, кој бил од струшкото село Присојани. По несреќен случај во детството останал трајно неспособен за земјоделска и друга физичка работа, но окат, снаодлив и чесен, станал баран водач од многумина.[56] Апостол, покрај Илија Палислама, кој се здружувал и со други просјаци–гуслари, посебно се Коле Лауц, се движел и со еден свој роднина,

---

[53] В. М. Жирмунский, цит. дело, 639.

[54] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 122.

[55] Според сеќавањето на Нада Мирчевска, домакинка, 66 год. од Битола и Фана Бошковска, домакинка, 70 год. од Битола, обете покојни.

[56] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 122.

Трајко, кој наполно беше го прифатил животот и менталитетот на прилепските просјаци–гуслари.[57] Ангажирањето туѓо или сопствено дете, исто така била честа појава и имало долга традиција. Софокле открива дека и среде старите Грци имало обичај да се нагажира дете за водач,[58] а фреските од Лесново, кои потекнуваат од XIV век,[59] како и книжевните споменици[60] ја откриваат таа традиција и кај нас. Покрај сакат, а окат човек, покрај дете, за водач се ангажирал и глув поединец.[61] Нашите фрески, што е посебно интересно и изненадувачко, зашто како искуство му претходи на европското и светското, говорат дека за водачи биле ангажирани и кучиња.[62] Од економски, но и други причини, за водач се ангажирало и лице од потесното семејство. Кочо Михајлов Најче ангажирал едно од своите деца, Толе Амало од Прилеп, својот брат, а некои просјаци–гуслари од Војводина и својата жена.[63]

Задачата на водачот била да го одведе просјакот–гуслар на договореното место и да го врати назад, да се грижи за сето време за него и за товарните животни, да го класира, чува и да го продава испросеното. Во случај обајцата да располагале со два коња, тогаш користеле по еден, а кога имале еден, тогаш него го користел сакатиот, без оглед дали е водач или гуслар, а на другиот, кој се држел за опашка, ако бил слеп, одозгора му биле давани упатства за опасностите од патот. При качувањето и слегувањето од товарното животно во овие прилики, му помагал слепиот.[64] Сепак, најчесто се патувало пеш, при што водачот носел повеќе „дисаги", во кои било сместувано испросеното, додека просјакот–гуслар носел две, една за гуслата, а таа стоела на левата страна и уште една, во која се носел дел од испросеното. Вообичаено било испросеното да се дели на две еднакви половинки. Меѓутоа, Илија Палислама првин добивал една четвртина од вкупниот дел заради вложениот коњ, па дури потоа остатокот го делел на две половинки.[65] Водачот не се плаќал по завршената

---

[57] АЕ 109/II-а... 35, АЕ 109/II-фф... 11; како и според сеќавањето на Борис Атанасовски, пензионер од Прилеп, 77 год.

[58] Софокле, **Антигона**, Наша книга, Скопје, 1976, 49-53.

[59] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 38; Истиот, **Слепоћа као мотив у средњевековној уметности**... 259-261.

[60] **Rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika**, svezak 52, Jugoslovenska akademija znanosti i umetnosti, Zagreb, 1937, 404.

[61] Dr Mirjana Corović–Ljubinković, cit. statija, 342.

[62] Д-р Љубомир Савић, **Слепоћа као мотив**... 259.

[63] Новица Шаулић, **Српске народне пјесме**, Косово, књ. I, св. V, Београд, 1939, 21-22; Из **мемоара Јакова Игњатовића**, Зборник Матице српске за књижевност и језик, Нови Сад, 1956, 211.

[64] Митар Влаховић, **О слепим гусларима у Јужној Србији**... 104.

[65] Исто.

работа, односно пат, ами се плаќал на ден.[66] Ако водачот бил нечесен („*Ако душа му чинит кабул*", како што говорел Ванѓел Кипаризоски) тогаш се случувало тој да присвои поголем дел за себе.[67]



Слеп и водач куче (минијатура од "Мирославлевото евангелие" - XII век)

A blind man and his guide dog, a miniature from the "Miroslav Gospel" (12th century)

**ПАТУВАЧКА ДВОЈКА** Меѓу осамениот просјак–гуслар и група од повеќе просјаци–гуслари (тајфа) се наоѓала патувачката просјачко–гусларска двојка. Се состоела од просјак–гуслар и водач или двајца гуслари, при што едниот бил окат, а другиот слеп, односно обајцата биле слепи. Прва ваква двојка среќаваме уште

[66] Владимир Каракашевиќ, цит. дело, књ. 198, 126.

[67] Бр. Русиќ – А. Шмаус, цит. статија, 125.

во далечниот XIV век со Преде и Хрусе. Како двојка патувале и Апостол и Коле,[68] Ташку и Ванѓел,[69] но и таткото и синот, Станко и Тасе, Ташку и Кочо[70] итн.



Просјак-пејач од с. Лисиче, Скопско, од 30-тите години од овој век и неговиот водач со какартеристичната положба - "водење"

A beggar-singer from the village of Lisiche, near Skopje, and his guide in the characteristic position - "guiding" (from the 1930s)
(12th century)

Вакви патувачки двојки среќаваме и на другите простори на Балканот. За една говори Р. Меденица тврдејќи дека се состоела од млад, 25-годишен кршен Личанин, Никола Корица и постар, православен Ром, Јован Антиќ. Првиот ја водел песната и мелодијата, а вториот го следел со свирење.[71] Ваква патувачка двојка забележана била скоро во нашите дни, во 1932 год. во Скопје. Се состоела од помлад окат водач и старец–слепец. Слепиот ја пеел песната, а окатиот го следел со гајдата.[72] Покрај финансиските, веројатно и уметничките причини биле основите за појавата, зашто со неа се јавила една сосема нова, свежа музичка форма.

[68] АЕ 109/II-г... 18.

[69] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 122-123.

[70] АЕ 109/II-г... 18.

[71] Рад. Меденица, **Два путујућа слепца–гуслара**... 281.

[72] Др Валтер Винш, **Гуслање и рецитација слепца Николе Кориц е Јована Антића**, Прилози проучавању народне поезије, г. IV, св. 1-2, Београд, 1937, 300.

**ТАЈФА** Група просјаци–гуслари со водач или водачи и друг помошен персонал се именувала со терминот, со кого се определувале и разните други помали музичко–пејачки групи,[73] арамиските и печалбарските,[74] еснафските–трговските,[75] тајфа. Има обиди истиот да се замени со словенски и посовремен термин – „кумпанија", „братовштина",[76] меѓутоа тајфа останува одомаќен и најраспространет, со кого најполно се одразува содржината на оваа групација заради традицијата.

Бројот на членовите на тајфата кај просјаците–гуслари бил диманичен. Се состоел од просјак–гуслар, водач и дете, што ја имало улогата да биде *„чувар на логорот"* или од четворица, но и повеќе члена. Стандардниот број изнесувал два просјака–гуслара, два водача и еден чувар на логорот, кој, обично бил наполно здрав. Бројката се дополнувала повремено и со уште некој, па така можела да изнесува 6-7, но и повеќе члена.[77] Германецот Ханс Дерншвам во средината на XVI век сретнал тајфа од 8 члена, од кои само двајца носеле гусли.[78] Меѓутоа, сепак, составот на тајфата пред сè зависел од пријателските, еснафските и други врски што ги имале просјаците–гуслари меѓу себе. Таа се формирала од еден, но и од различни просјачко–гусларски центри. Тајфата на на Ванѓел Кипаризоски се состоела од охридски, но и од прилепски и други просјаци–гуслари. (Ташку од Крушево, Цветко, Коле, Крсте и Павле од Прилеп и Ристе од Тиквеш)[79], а првата тајфа на Апостол, оформена 1896 год. се состоела не само од прилепските, ами и од членови на другите центри.[80]

---

[73] М-р Кирил Танчевски, **Музички народни инструменти во Битолскиот крај**, Прилози, бр. 22-23, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1975, 276; Димитар Смилевски, **Староградски мотиви во „Охридско-преспанската лира"**, Охридски староградски средби, 1-2, Охрид, 1977, 40-41; Димче Маленко, **Охридската песна и Садиловската чалгија**, Охридски староградски средби, Охрид, 1977, 83; М. Виторовић, **У Скопљу живи последњи члан једне велике свирачке дружине Диме Канонција**, Политика, XXXIV, Београд, 25 јули 1937, 14; Мих, Петровић, **Музикант Мија Јагодинац**, Политика, Ускрсни број, 1939, 9; Боривоје Џимревски, цит. дело, 10, 23 итн.

[74] Александар Матковски, **Крепосништвото во Македонија**, Институт за национална историја, Скопје, 1979, 49.

[75] Милош Хр. Константинов, **Занаети и еснафи во Битола и околијата причини за развиток и опаѓање со осврт врз нивната улога во 19 и 20 век**, Научно друштво, Битола, 1961, 64-65.

[76] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 67.

[77] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 123.

[78] **Дневникът на Ханс Дервшвам**... 186.

[79] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 123. Хр. Вакарелски, **За един трубадур на Македония**, Македонска мисъл, г. I, кн. 9-10, 1946, 413.

[80] Бранко Русиќ, **Сеќавање на Апостола**, Стремеж, г. III, бр. 3-4, Прилеп, 1957, 47.



Тајфа просјаци-гуслари со товарна кола на пат. "Чуварот на логорот" (до коњот) со двајца водачи и двајца просјаци-гуслари

A band of beggar-players of the gusle travelling on a wagon. "Camp watchman" (next to the horse) with two guides and two beggar-players of the gusle

**ГАЗДА** Во еснафот на просјаците–гуслари се сретнува и една малку позната и недоволна проучена, но мошне значајна институција–газда. Тоа е онаа личност што се јавува како организатор на тајфи, тој е сопственик на еден или два просјака–гуслара, кои под одредени услови просат за него, тој е аниматор на политиката за подмладокот, сопственик на „школо", посредник на купо-продажбите, позајмувач на пари и прехрамбени продукти, односно без неговата услога незамисливо е физионирањето на центрите. Не е слеп, нити е сакат. Соработката со просјаците–гуслари најпрвин ја воспоставува како водач, а дури подоцна израстува во газда.

Основен и прв негов тип е татко-газда. Заедно со синот или синовите, исто така, просјаци–гуслари формираат тајфа, во која тој е организатор. Обично е авторитативен и автократ, неговиот збор морал да се почитува безпоговорно. Во случај на болест или смрт го заменувал најстариот син. Во Галиција бил познат со името „дид",[81] во Македонија нема

[81] Л. Василевскій, цит. дело, 52.

посебно име, но ја има истата власт. Покрај него, посебен тип газда што ќе се обликува во Војводина и во Македонија е газдата учител (мајстор). Во својот дом тој формира дом-школа, прибирајќи еден или повеќе ученици, ги подучува и ги снадбува со гусли, со коњи или други превозни средства и ги праќа да просат без да имаат право на делба. Газдите, како Тома Прелиќ, Марко Обдек, Пера Димитров и други кои во својот дом држеле и по десетина ученици, станале, благодарејќи на нив, големи газди со богати имоти и со поголеми суми пари.

Во минаитот век и во првите децении на овој, во Македонија најчест газда е времениот. За одреден период, најчесто само за едно патување, ангажирал просјаци–гуслари кои, за договорна награда проселе за него. Ги снадбувал со коњи или превозни средства и заедно со него, како нивни водач, патувал и надвор од Македонија. Таков газда во Битола бил Насе Калаџијата, сопственик на Прилепскиот ан на Ат-пазар, во кого, според традицијата престојувале прилепските просјаци–гуслари. Неговите тајфи, со кои тој никогаш не патувал, се движеле низ Битола, Леринско, Мариово, но и надвор од Македонија. Понекогаш просјаците–гуслари преку него го продавале испросеното или го трампале за вино и ракија. Во Прилеп, пак, во крајот на минатиот и почетокот на овој век имало неколку вакви газди од кои најпознат бил Диме (Димитар) Мушико, познат заради физичката мана и со прекарот Диме Крива Вилица. Бакалскиот дуќан му се наоѓал во потесниот круг на чаршијата. Покрај прехрамбени производи, најчесто испросени, нудел и алкохолни пијалаци, заради кое дуќанот му бил и меана, во која, особено во зимските вечери, се береле, пееле, музицирале и се пијанеле прилепските и другите просјаци–гуслари. Бил семеен човек, еден од синовите, кој му помагал во дуќанот, се викал Никола. Го опишуваат како добар и весел човек, кој на просјаците–гуслари им позајмувал и поголеми суми пари, заради што материјално и пропаднал. Бил организатор на соствени тајфи, при што најмногу ги користел услугите на прилепските просјаци–гуслари и истите ги снадбувал со коњи или им позајмувал пари за да ги купат. Понекогаш патувал со нив, при што се интересирал за сакатите и слепите деца, ги прибирал истите во Прилеп, во својот дом, од кого направил познато училиште на прилепскиот просјачки подмладок. Умрел на почетокот на веков.[82] Покрај него познат бил и Митре Чапкуно, кој дошол во Прилеп од Мариово, од Витолиште. Дружењето со прилепските просјаци–гуслари го започнал како водач и водач им бил и на мнозина, меѓу другите и на Коле Лауц, Огне и на некои други. Снаодлив и стегнат во раката успеал да спести доволно средства за да купи 3-4 коњи, кои станале основа за газдинската дејност. Оформувал избирајќи ги сам и опремувајќи ги, но и фиксирајќи маршути, повеќе тајфи. Со нив стекнал

[82] АЕ 109/II-г ... 4; АЕ 119/I-а... 29; АЕ 109/II-а... 11.

забележителен имот, па покрај куќата, која ја подигнал на Ридот, купил и нивје, лозја и друг недвижен имот.[83] Газди во Прилеп во минаитот век биле уште Веле Марулиц-Веле Круша, Илија Палислама и др. Илија, како и другите, првин бил водач, а откако стекнал имот за него постојано проселе 7-8 просјаци–гуслари.[84]

**ЕСНАФ** Македонските просјаци–гуслари, слично на пејачите од поразвиените елики, слично на украинските слепи пејачи, кај кои еснафската структура на меѓусебно живеење добила најизразени форми, се обединувале и меѓусебно комуницирале во струковото, еснафското здружение. Како и во Украина,[85] меѓусебно се нарекувале „браќа", а своето здружение „братство".[86] Внатре во еснафот ги разрешувале заедничките проблеми, донесувале решенија од општ интерес, се договарале за проблемите за подмладокот, се заштитувале и се помагале. Имале и заеднички празник. Еснафскиот празник на битолските просјаци–гуслари биле Св. Петар, Св. Никола и пророкот Илија,[87] а во Прилеп тој се совпаѓал со 17 јануари, со денот на Св. Антонија.[88]

На чело на еснафот, како и во другите струкови здруженија, стоел „протомајсторот", кој имал решавачки збор по одредени прашања. Во минатиот век во Прилеп на тоа место се наоѓал Коле Лауц, а по неговата смрт местото го пополнил Апостол. Во Охрид, пак, во минатиот век стоел Станко, а по него Ванѓел Кипаризоски. Понатака, по „протомајсторот" во еснфаската структура доаѓале сите мајстори, односно сите што биле оспособени сами или заедно со други да ја обавуваат дејноста. Ним им биле потчинети учениците (чираците).

Еснафските собири просјаците–гуслари ги одржувале во зимските денови, кога се прибирале во своите домови. Местата на договори биле во нивните вообичаени собиралишта, меаните. Во тие прилики се разрешувале проблемите или се предавало искуството стекнато на маршутите, се предавала новокомпониранатa песна од некој од нив

[83] АЕ 109/II-а... 13, 11, 15.

[84] АЕ 109/II-а... 11, 35.

[85] Колесса Филарет, **Украински думи**, Лвов, 1920, 62.

[86] Любенъ Каравеловъ, цит. дело, 148, 149.

[87] П. Чилевъ, **Тайниятъ езикъ на слѣпцитѣ въ Битолско**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, София, 1900, 876.

[88] Марко К. Цепенков, **Македонско народно творештво во десет книги**, книга десетта, **Материјали Литературни творби**, Редактирал д-р Блаже Ристовски, Македонска книга, Скопје, 1972, 26.

Тајни јазици

Полежаевски. Приказни кои мак. т.ј. Билтен бр 3.4. 1951
– Уште два примери кои т.ј. Мак. јазик

доминирале непознати зборови, некои измислени, повеќето позајмени од други јазици, како од албанскиот, ромскиот, влашкиот, грчкиот, но и од унгарскиот, еврејскиот, францускиот, италијанскиот и др. На тој начин пораките ги правеле нејасни за оние што не беа воведени во нив. Постоеле посебни изрази и за мерните единици, посебно за бројките, националноста итн. Говоров во Македонија бил познат како „петљачки јазик".[93] односно како „гегавска скошинаљка".[94]

## АКАДЕМИЈА – ДА ИЛИ НЕ

Пиндар (518–442), кој во „*Немејските оди*" за првпат го употребува „сколијас" (школа) како термин најнапред и пред сѐ за просветна установа, непосреден виновник е за подоцнежната непрецизност, зашто ќе му се прилепи и на народните пејачи и музичари и на нивното еснафско здружение. Кога, пак, Платон започна да ги држи своите први предавања пред учениците во шумичката покрај Атина позната со името Академија и кога овој термин, започна да се поврзува со истите народни пејачи и музичари и со нивното здружение, се случи истото, како и со „школа". Меѓутоа, тие добија и дополнителни значења, станаа ознаки и за центар и за стил.[95]

Така настанаа подоцна и забуните во врска со просјаците–гуслари. Инаку, терминот „школа" во врска со нив за првпат кај нас е употребен во 1826 год. од професорот на винковичката гимназија Еуген Весели. Слично како во минатото, користејќи ја формата „*Meisterschule*" и тој се двоуми меѓу двете основни значења, меѓу просветната и еснафската.[96] Терминот „академија", пак, е од нешто подоцнежен датум и тој ќе се проврве не преку педагошката терминологија, ами преку уметничката литература. Имено, карикирајќи го животот на ирашките просјаци–гуслари, кои со својот број веќе беа го привлекле вниманието, драматургот со просечни потенцијали, Илија Округиќ – Сриемац во 1864 год. пишува комедија на која ѝ го става малку чудниот наслов „*Саќурица и шубара*" во која со литературна постапка ја обработува „*Иришката академија*", во која просјаците–гуслари ги црпат пеачките и музичките знаења и каде часовите, како во сите

---

[93] Бранислав Русић – А. Шмаус, цит. статија, 120.

[94] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 188; Istiot, **Guslarsko tajno...** 352.

[95] Д-р Милош Ђурић, **Историје хеленске књижевности**, Завод за уџбенике и наставна средства Србије, Београд, 1971, 68; Robert Grevs, **Grčki mitovi**, Nolit, Beograd, 1969, 544/1.

[96] Dr Magdalena Veselinović Šulc, **Povodom prvog naučnog skupa folklora Vojvodine**, Folklor u Vojvodini, 1, Novi Sad, 1987, 13.

просветни установи, ги држел еден слеп просјак, познатиот Пантелија.[97] Понатаму, иако со терминот „академија" се опфаќаат и другите слични центри, сепак, најцврсто и најдоследно тој се поврзува токму со оваа војводинска „академија", за радост на многумина, кои романтичарски занесени од минатото, ѝ посветуваат цела мала литература.[98]

Проблемот набргу се поставува и на поширока основа, и прашањата, како: имале ли просјаците–гуслари школи од типот какви што се другите, ако имале кој бил наставниот кадар и каква им била наставната програма, стануваат иритирачки и доста чести во јавната расправа. Веднаш треба да се истакне дека за некои воопшто нема дилеми дека такви школи постоеле и дека подмладокот на просјаците–гуслари се образувал исто онака какошто се образувале и сите деца. Фр. Кухач, на пример, кој меѓу првите посериозно се зафати да ги проучува, тврди: *„Во нашата татковина имало музички и пеачки школи во кои се обучувале младите луѓе, но и постарите, особено оние кои не беа за полска работа"*.[99] Поаѓајќи пред сè од Иришкиот просјачко–гусларски центар, М. Мурко, дури генерализира: *„Името „слепечка академија" навистина е подбивно, но нема сомнение дека во Ириг постоела некоја школа, особено за слепи, како што докажуваат сличните школи од подоцнежното време во Разлог, Источна и во Битола, во Југозападна Македонија"*.[100] Слично мислење има и А. Стоилов,[101] а пак Љубомир Савиќ е првиот кој и конкретно ја разработува Иришката просјачка школа.[102]

Меѓутоа, не е мал бројот и на оние кои таквите ставови ги третираат за неаргументирани, непроверени, односно кои не одговараат на реалноста. Пред сè, зачудувачки е што љубопитниот В. Караџиќ ништо не пишува за нив, иако се знае дека токму тој најмногу комуницира со просјаците–гуслари и најубавите епски песни ги запиша токму од нив.

---

[97] Ilija Okrugić–Sriemac, **Saćurica i šubara ili Što za jedan**, Izvorna igra s' pjevanjem u 4 čina, skpljena iz života pokojne irše slepačke akademije; Slavko Bančić, **„Sačurica i šubara" Ilije Okrugića**, Socijalna misao, g. XXI, br. 5, Zagreb, 1974, 255-256.

[98] Dr Ottokar Wanecek, cit. delo 22; Dr Milivoj Pavlović, **Osnovi psihofilozofije i psihopatalogije govora**, Naučna knjiga, Beograd, 1956, 119-120, Dr Magdalena Veselinović Šulc, cit. statija, 10-18; Васа Ј. Исаиловић, **О Иришкој Слепачкој Академији**, Гласник Историског друштва у Новом Саду, кн. II, св. 1, 95-96; **Пре 160 година у Иригу је постојала слепечка академија**, Политика, Београд, 10. X. 1940, 15; Др Душан Ј. Поповић, **Срби у Војводини**, книга друга, Матица српска, 1959, 331; Младен Лесковац, **Слепечка академија**, Илустрована политика, бр. 180, Београд, 1962, 6; Б. С. **Наши гуслари и њихове школе**, Политикин забавник, XIV, 15. I. 1952, 5 итн.

[99] Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 14.

[100] Matija Murko, cit. delo, 214.

[101] А. П. Стоиловъ, **Пъвческа школа въ с. Добърско**, (Разлошко), Отечество, кн. 22 и 23, 11-12.

[102] Ljubomir Savić, **Iriška slepačka akademija**, Socijalna misao, g. VII, br. 9-10, Zagreb, 1960, 346-350.

Д. Руварац, по молба на М. Мурко, а да ја провери вистината за Иришката академија беше дошол на лице место, токму во Ириг. Темелит историчар, направи темелни теренски истражувања. Ништо, никаков траг не најде од „академијата". Пренесувајќи му ги своите заклучоци, на М. Мурко, меѓу другото, му пишува дека таа академија „*никогаш нити постоела... и дека во најдобар случај поединци од Ириг учеле песни од други пејачи*".[103] Со истата намера, а да ја истражи, исто толку познатата „академија" од Битола, од Софија во крајот на минатиот век во родниот град доаѓа и П. Чилев. Освен грст просјаци–гуслари, од кои запиша дел од тајниот говор, траги од некаква „Битолска слепечка академија" не нашол.[104] И третата, исто така позната „академија" Добрската од Пиринска Макеоднија стана предмет на научен интерес. Во неа во крајот на минатиот век доаѓа Васил К'нчов, а во првите децении на овој век по налог на својот професор Герхард Геземан, доаѓа и Грета Сикора, но и обајцата, исто така, не пронаоѓаат никакви траги од некаква школа за слепи пејачи[105] итн.

Сите оние кои тврдат дека во минатото имало „школи", односно „академии" за слепи–гуслари превидуваат една многу важна, би рекле основна специфика во образованието на слепечкиот подмладок, дека тој не се формирал според стандардните важечки за педагошките установи во светот. За нив владеат поинакви педагошки постапки, во кои индивидуалниот метод, еднонасочната работа учител–ученик е фундаментот што не може да се замени ниту со еден друг. И денес во институциите каде се образова музичкиот подмладок, на пример во музичките академии тој доминира, притоа учителот, така-речи денонокно бдее, го упатува, му ги мести прстите, го слуша и следи во изведбите, го враќа да повтори итн., што му противречи на работата каде што се наоѓа одделение од 30-тина ученици, пред кои со фронталниот или некој друг педагошки метод се предава наставната материја. Тоа значи дека немало школа за просјаците–гуслари, ами дека таа се наоѓала во домот на учителот, каде се сретнувал еден, да допуштиме и уште еден, и уште еден, но никако повеќе ученици и дека учителот со секој од нив работел поединечно.

Па како се случи мистификацијата?

Една од причините е вљубеноста во минатото и неговото идеологизирање. Меѓутоа, основната е, во мешањето на значењата на содржината на термините „школа", „еснаф", „центар" и „стил". Она што било еснаф, се прогласувало за „школа". Забуните многумина ќе ги

---

[103] M. Murko, cit. delo, 124.

[104] П. Чилевъ, цит. статија.

[105] [Васил Кънчов], **Пѫтуванiе по долинитѣ на Струма, Места и Брѣгалница**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, София, кн. X, 1894, 275, Dr Greta Sykora, cit. statija, 247.

откријат и ќе се обидат да ги разлачат. Еден од нив е и Јозеф Секач, кој во 30-тите години од минаитот век, дошол на теренот на Ириг и сфатил дека се работи не за „Иришка слепечка академија" ами за „Иришки слепечки центар" кој ги магнетизира славонските, бачките и банатските просјаци–гуслари.[106] Понекогаш „школа" треба да се сфати и со значењето за стил, а во тој однос можат многу да помогнат поразвиените епски подрачја, какви што се оние од турско–азиските предели, особено оние на Узбеките и Киргизите. Кај Узбеките, на пример, постојано се истакнуваат две школи во врска со пејачите, но тие никогаш не се прифаќаат со педагошката конотација, ами со стилската. Првата е булунгурска, во која претставниците се препознават со презентирањето на јуначкиот епос, а втората, нуратинска, во која претставниците се препознаваат со исполнувањето на народните романи.[107]

Не само Секач, со разлачувањето на значењата на терминот и со него фиксирање на „школа" како центар, се бават и некои други денес.[108] Нема сомнение, „школа" не е „школа", ами е еснаф, центар или стил.

## КРСТОСУВАЊА

### ПОДГОТОВКИ

Во текот на зимата, посебно со првите најави на пролетта, ако не биле извршени веќе претходните договори, започнувале потемелните подготовки за следното, ново патување. Формирањето тајфа, притоа, бил најсериозниот и најтешкиот проблем. Се организирале средби, поединци се впишувале или испишувале од списокот, имало кавги и лутења. Организаторот посебно внимание обрнувал да не ангажира слабо обучен или невешт просјак–гуслар или невешт во патувањата водач. Се избегнувал кавгаџија, некомуникативен или поединец што „му фаќа раката", зашто постоела опасност повеќемесечниот пат да се претвори во тортура што тешко се поднесува. Напротив, околу просјакот–гуслар со реноме на добар свирач, кои во репертоарот има богатство фолклорен материјал, дружељубив, искусен во патувањата се натпреварувала секоја тајфа.

[106] Dr. Magdalena Veselinović Šulc, cit. staija, 14.

[107] В. М. Жирмунский, цит. дело, 26, 30, 119; Истиот, **Средноазиатские народние сказатели**, во: **Известия Всесоюзнаго географического общества**, том 79, вып. 4(1974), 407-416.

[108] Владимир Дворниковић, **Карактерологија Југословена**, Космос, Београд, 1939, 568; **Извештај управе о раду и напредку Дома за школску редукциону 1923/24 годину**, Земун, 1924, 11.

Времето на поаѓањето и враќањето се совпаѓале со празниците Ѓурѓовден и Митровден и тие биле временските рамки со толеранти, во зависност од временските прилики, отстапувања. Кога се целело да се испроси одреден вид стока, тогаш патувањето се совпаѓало со сезоната на стоката, па, така, постоеле *„време на волна"*, *„време на вршидба"*, *„време на брашно"* итн.[109] Пред поаѓањето се правел детален план, при што се одредувале местата што требало да се посетат, патиштата по кои треало да се помине, коначиштата каде ќе се конакува итн. Личното искуство на поединци од тајфата разрешувало многу дилеми, но се користеле и информациите од други просјаци–гуслари, потоа на патници, месни жители итн. Се избегнувале места каде што поминала друга тајфа, места што имале лоша оценка како дарежливи, ризични, но и оние што се наоѓале на опасните патни правци (руинирани мостови, опасни преслапи, места привлечни за армии итн.). Се разбира планот можел делумно да се корегира во текот на патувањето во зависност од новонастанатата ситуација.

При патувањето се пешачело, се јавало или се употребувала товарна кола. Оној што имал коњ или магаре рентирал капитал што му се исплаќал повеќекратно, зашто го позајмувал за испросениот товар и оттаму зафаќал поголем дел од добивката што му припаѓала на сопственикот. Ако се располагало со еден коњ, а патувале двајца, тогаш физички поздравиот пешачел. Ако слепиот пешачел, а сакатиот јавал, тој се држел за опашката на коњот и ги слушал упатствата на сакатиот, а окат водач. Се користела и товарна („арабаџиска") кола. Прилепските просјаци–гуслари во Битола во триесеттите години од овој век доаѓале исклучиво со рентирана товарна кола.[110]

Покрај договори внатре во тајфата, постоеле, иако ретки, и меѓутајфни договори и средби. Многу проблеми од животот на две или повеќе тајфи, какви што биле, заедничките посети на исти населени места, заинтересираност за ист просјак–гуслар, односно водач и друго, се разрешувале пред поаѓањето или за време на средбите по патиштата и конаците. Но и покрај тоа, на ист терен и во исто време многу често се појавувале две или повеќе тајфи, при што настанувале кавги, некогаш и тепачки.

**КРАТКИ И ДОЛГИ МАРШУТИ** Кратките маршути се организирале во околината на постојаното место за живеење, а траеле ден-два, недела-две. Долгите опфаќале повеќе недели, повеќе месеци, а имало случаи и години, при што се посетувале

[109] АЕ 199/I-а... 30.

[110] Според сеќавањето на Александар Кузмановски, род. 1930 год. од Битола.

градови и села низ сета Македонија, а и поголем дел од Балканот, како и странски земји.[111]

Просјакот–гуслар на краток излет патувал сам, но и во придружба на член од семејството, односно на платен водач. Целта, притоа, му била да присуствува на пазарот во соседниот град, да ја посети славата на блиското село или да присуствува на отпочнувањето на вид земјоделска или др. активност. Кога отпочнувало, на пример, ловењето на одреден вид риба или кога се славело селската слава во с. Пештани, сам или во придружба на друг се појавувал и последниот охридски просјак–гуслар Ванѓел Кипаризоски.[112] Во селото Небрегово тоа го правел и Апостол Секуловски.[113] Ваквите кратки маршути биле прилика и за објава на новиот просјак–гуслар, односно биле практична проверка на наученото и стекнатото искуство на поединецот од дружењето со учителот, односно од другите просјаци–гуслари на другите, долгите маршути.

Македонските просјаци–гуслари биле динамични и необично сподвижни луѓе. Најмногу и најчесто крстареле низ Македонија и така-речи немало катче каде тие не се појавувале. Патувале, меѓутоа, стигнувајќи до најодалечените места и низ Балканот. Најрадо ги одбирале најсигурните и најфреквентните патишта, магистралите. Отклонувајќи се лево и десно низ населените места, често патувале низ Вардарско-моравската магистрала. Ниш им бил крстопатје од каде заминувале на север, до Белград и населените места на Војводина,[114] лево, преку Санџак стигале до Босна, Херцеговина, па и Црна Гора,[115] а десно, по Цариградскиот Пат, преку Софија, дури до Црно Море.[116] Меѓутоа, ги кристеле и понепознатите патни правци, па преку Солун доаѓале низ населените места во Егејска Македонија, а преку Струмица-Петрич до Софија и до другите места на Бугарија. Некои се појавувале дури до бугарско-романската граница.[117]

## ЛОГОРУВАЊА И КОНАКУВАЊА

Времениот логор се поставувал пред населено место, а на ливада, лединка, односно покрај пат или река. Откако било одбрано местото, се растоварувале товарните животни или колата, добитокот

---

[111] АЕ 119/I-а... 36.

[112] Според сеќавањето на Ката Медаровска, р. 1906, од Пештани, Охрид.

[113] Според сеќавањето на Борис Атанасовски, пензионер од Прилеп, род. 1900 год.

[114] Сретен Л. П. [Поповић], **Путовање по Новој Србији**, Издање књижаре Браће М. Поповића, Нови Сад, 297/б.1.

[115] АЕ 119/I-а...34; Митар С. Влаховић, **О слепим гусларима**... 104.

[116] А. Шоповъ, **Изъ живота и положението на Българитѣ въ Вилаетитѣ**, Пловдивъ, 1893, 200; Антонъ П. Стоиловъ, **Показалецъ на печатенитѣ прѣзъ XIX вѣкъ български народни пѣсни**, 1818-1860, 1916, 200.

[117] АЕ 109/II-а... 38-39.

се ослободувал да се одмори и да пасе, а сите, освен најздравиот и физички најспособниот („*чуварот на логорот*") заминувале на просење во блиското населено место. Инаку местото на логорот морало да задоволи некои основни критериуми, требало да биде под дрвја, за да се врзуваат навечер коњите, да биде покрај река, односно вода за пиење, а да не биде покрај шипови, зашто се сметало дека во нив живеат самовили, ветришта и другите нечисти сили. Кога било врнежливо за времен логор се одбирале напуштени куќи, колиби, плевни надвор од населените места, а ако такви немало, тогаш се молело за преноќиште во домовите, при што многу често престојот го наплатувале.[118]

Слободното време во логорот или конакот (ако тој бил во караван-сарај, ан, хотел и др.) просјаците–гуслари го врвеле во одмор, поштење од вошки, подготвување јадење, во јадење и пиење. Навечер музицирале, постарите ги учеле помладите во вештините на свирењето, во тајниот говор и им предавале некоја песна од својот репертоар.[119] Времетраењето на престојот во логорот или конакот било во врска со времетраењето на престојот во местото, но врз него влијаеле и временските прилики, здравјето на одделни членови или на добитокот итн. Се случувало коњите да бидат позајмени за вршидба, па тогаш, чекајќи го крајот на вршидбата, престојот се користел за просење во соседните населени места, каде што се патувало, се разбира, пеш.

Купишта расфрлени отпадоци од храна, партали и др. биле знак дека таму престојувала извесно време просјачко–гусларска тајфа.

**ПРОБЛЕМИ** Странствувањата не ретко биле придружувани и со проблеми. Една категорија биле оние со врменските прилики, други во врска со премините преку надојдените реки, планинските преслапи или густите шуми, а многу биле и од лична природа. Многумина во текот на патувањата, од старост или физичка исцрпеност попуштале со здравјето и тогаш настанувале искушенијата и дилемите што да се прави со нив, да се поведат и да бидат на терет, да се упатат назад или да се оставаат во најблиското населено место, па доколку оздрави да се врати сам дома. Се јавувале проблеми и со товарните и влечните животни, со превозните средства итн.

---

[118] Бр. Русиќ – А. Шмаус, цит. статија, 123, Andro Jovičević, **Riječka nahija u Crnoj Gori**, Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena, knj. CV, sv. 1, Zagreb, 1910, 92.

[119] Бр. Русиќ – А. Шмаус, цит. статија, 123.

Најтешки и најдраматични биле оние во врска со разбојничките напади. Со значителни суми спестени пари, со изобилство испросена храна, волна, маст и др., биле привлечни објекти за пљачкашки напади и многумина го имале непријатното искуство со арамиските средби. Меѓу другите, Митре Јованов (Митре Курта) бил малтретиран и ограбен од арамии,[120] Огне Тасев (Огне од Крушеани) бил претепан и ограбен[121] итн. Најгорчливо исксутво од арамиски напад имала, сепак, тајфата на Коле Лауц, која се состоела од Апостол, Цуко, Крсте и Ордан и водачите Ристе и Тоде. Имено, во близината на село Галичник била пресретната од арамии („Арнаутишта") и не само што им било одземено сѐ, биле малтретирани и тепани. Им биле одземени и алиштата што се наоѓале на нив и некои од нив биле оставени голи в шума. Сите пронајдени пари (освен на Коле Лауц, кој ги имал 3-4.000 гроша скриено во чорапите) им биле одземени, им било одземено и сѐ што имале испросено, а и коњите. Ограбени, исплашени и изотепани во Прилеп се вратиле поединечно. Коле Лауц се вратил сам, Крсте, Апостол и Јонче, ангажирале товарна кола, која ја исплатиле по пристигнувањето во Прилеп, а останатите, исто така поединечно.[122]

Ваквите напади не биле македонска специфичност, зашто ги среќаваме и на други места. Во 1812 год. еден слеп просјак–гуслар бил ограбен и измачен, но напаѓачот бил фатен и по наредба на Караѓорѓе бил ослепен јавно како казна.[123] Нешто слично со тешка казна поминале и некои Турци од Кукуш кои нападнале група просјаци–гуслари во с. Сушица, Кукушко,[124] од што произлегува дека имало обиди тие и да се заштитат.[125]

**ВРАЌАЊЕ** Откако се совладувале последните препреки и се појавувало постојаното место за живеење, членовите на тајфата, особено ако не била составена од ист просјачко–гусларски центар, пред разделбата вршеле последно договарање за идното патување. Се фиксирал датумот и местото на идната средба, а како собирни пункта се определувале, обично Прилеп и Битола, не зашто биле најпознати центри, ами зашто и географски биле најпогодни за западно-македонските просјаци–гуслари.

---

[120] АЕ 109/II-а... 19.

[121] АЕ 199/I-а... 13, 15.

[122] АЕ 109/II-а... 22.

[123] Др Љубомир Савић, **Историја слепих**... 45.

[124] АЕ 109/II-а... 65.

[125] М. Панић – Суреп, **Филип Вишнић живот и дело**, Просвета, Београд, 1967, 297/13.

Врски меѓу просјакот–гуслар и семјството во повеќемесечното отсуство немало (освен случајни вести добиени од други патници или просјаци–гуслари сретнати на маршутите), па така, сега, при враќањето се дознавале вестите за одредени смртни случаи, за раѓања, свадби и за други значајни семејни или градски настани. Интервалот до следното поаѓање просјакот–гуслар го искористувал за продавање на испросеното, средување на зајмовите, финансирање или градење нова куќа, купување недвижен и подвижен имот, но и во немилосрдно трошење, во заедничките пијанки, на тешко спестените пари. Кога, пак, временските прилики дозволувале, многумина правеле кратки излети низ околните села, низ улиците на градот, просејќи. Вечерните часови, ако не се врвеле во собирните пункта, станувале прилика да се заработи некоја пара и по крчмите или кафеаните, а ако се останувало тогаш се евоцирале спомените пред домашните или соседите од тукушто завршениот пат. Тие биле со интерес следени зашто пренесувале дел од еден непознат, а занимлив, свет.

Со наближувањето на пролетта, започнувал немирот и патувачката треска да се јавува и започнувале новите подготовки. Тоа бил циклус што се повторувал од година во година.

# ЕСТРАДНИ МЕСТА

## ЗАТВОРЕНИ

**ТРПЕЗАРИИ** Невозможно е професионалниот пејач од минатото да се оттргне и да се замислува без неговото присуство во трпезаријата. Ако некогаш ја заслужил високата оценка на креатор со натприродни, божји, специфики, тогаш тој тоа го постигна скоро исклучиво во амбиентот на трпезаријата. Седумте египетски слепи свирачи што пеат во чест на богот Атон, пронајдени во археолошките остатоци на Градот на сончевиот видокруг украс се на трпезаријата.[126] Одисеј, возбуден од прекрасната песна на слепиот Демодок, а за да му покаже посебна наклоност, наредува да му се даде дел од трпезариското јадење („*Одисеја*", VIII, 477-478). Грците, впрочем, јуначката, посебно епската песна вообичајувале да ја именуваат со атрибутот „*украс на гозбата*",[127] како што ја викале и Римјаните („*carmina convivalia*" – гозбена песна).[128] Археолошки материјал што се однесува

---

[126] Занон Косидовски, **Кад је сунце било бог**, Српска књижевна задруга, Београд, 1979, 154.

[127] Др. Милош Ђурић, цит. дело, 28.

[128] Др Милан Будимир, д-р Мирон Флашар, **Преглед римске књижевности**, Научна књига, Београд, 1978, 114.

на Етрурците прикажува многу сцени на гозби во кои доминантно мести заземаат пејачите и свирачите.[129] Византискиот хроничар Приск во 448 година го посетил хунскиот водач Атила и присуствувал на гозба што беше ја организирал, а на која биле и дворјаните. Обилното јадење се залевало со пиење, но се украсувало и со песна на двајца свирачи, од која многумина се возбудиле, а некои постари дворјани и заплачиле.[130] Трпезариите на средновековните балкански дворови, исто така, се украсувале со свирачи и пејачи,[131] како што се украсувале и европските.[132] Биографот на Стефан Првовенчани, Теодосие вели дека деспотот имал обичај понекогаш сам да ја земе гуслата и да ги развеселува своите гости на гозбата.[133] Таа слика на средновековниот двор одразена е и во ликовната уметност, а една минијатура од XIV век од „Александрида" го потврдува тоа. Во 1433 год. Французинот Бертрандон де ла Брокиер ја посетил Турскаа империја, Цариград и султанскиот двор на Мурат II (1421-1451). На гозбеното развлечение на кое бил поканет сретнал пејачи кои пееле јуначки песни за турските победи. Истите се придружувале со *„некакви инструменти на жици"*, забележал тој.[134] Јурај Крижаниќ од XVIII век, го оставил овој запис: *„Видов како на гозбата седеа племиќи и војводи, а зад нивниот грб стоеја војници и пееја песни во слава на предците. А сите оние песни содржеа слава за Марко Крале, Дебел Новак, Милош Кобилиќ и некои други јунаци"*[135] Трпезариското пеење го познава и народната песна, ликовната уметност, како и хроничарите и историчарите, Вук Караџиќ,[136] Ами Буе,[137] Фр. Кухач,[138] како и некои други.[139]

---

[129] Исто, 115.

[130] **Гръцки извори за българската история**, I, БАН, София, 1954, 117; E. A. Thomson, **A History of Attila and the Huns, Oxford**, 1948, 216.

[131] Видо Латковић, **О певачима српскохрватских народних епских песама до краја XVIII века**, Српска књижевност и књижевној критици, друго издање, 2, **Народна књижевност**, Нолит, Београд, 1972, 318; Др Мираш Кићовић, **Старо позориште код Срба**, Зборник радова, књ. X, САН, Београд, 1951, 24; Константин Јиричек, **Историја Срба**, Научна књига, Београд, 1952, 297.

[132] Константин Јиричек, цит. дело, 297; Видо Латковић, цит. статија, 318; Војислав Ђурић, **Постанак и развој народне књижевности**, Нолит, Београд, 1956, 363, 364; **Epske nardne pjesme**, Priredio dr Tvrtko Čubelić, Školska knjiga, Zagreb, 1965, 16.

[133] Видо Латковић, цит. статија, 318; Теодосије, **Живот Св. Саве**, во: **Старе српске биографије**, Превео и објаснио Ш. Башинић, 1930, 191.

[134] Д-ръ Конст. Иричекъ, **Стари пътешествия по България отъ 15-18 столѣтие**, Периодическо списание, кн. III, София, 1882, 74.

[135] Војислав Ђур, цит. дело, 694.

[136] Вук. Стеф. Караџић, **О српској народној поезији**, Просвета, Београд, 1964, 97.

[137] Ami Boue, Die Europaiche Türkei, Wien, 1889, I, 403.

[138] Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 7-8/2.

[139] Д-р А. Шмаус, – Митар Влаховић, **О епској песми у Срему**, Београд, 1932, 12.

Сконцетрираното и ненарушеното внимание заради збиениот простор, телесното и душевното опуштање од храната и пијачката, како и заразниот занес што се пренесува и лепи од лице до лице, што зрачи од ѕидовите на просторијата се спецификите што трпезаријата ја фаворизирале за природен амбиент на епската, посебно јуначката песна.

Господарската трпезарија во нашето село се заменувала со просторија од семејниот дом. Вообичаено било селските вечери, по напорната земјоделска работа, интегрироното семејство да ги помине со песна заедно со сосед, или и со гостин. Ваквите седенки во Куманово и Врање, вели Ј. Х. Василевиќ, се викале „*седење*" односно „*седењка*" и на нив се пеело не само љубовни, ами и јуначки песни, се раскажувале приказни и се играле друштвени игри.[140] Онаму каде што имало гусли, се прифаќале за придружба на развлечението.[141]

Трпезарско искуство имаат и просјаците–гуслари и не еден од нив стана трпезарски челник и трпезарска централна фигура.[142] Пренесувајќи го личното искуство Ванѓел Кипаризоски велел дека кон него се однесувале како кон најуважен гостин, следен со постојано внимание и молби.[143] Неговото место, пак, во феудалните дворови било зад некој столб, завеса и во тие прилики, не тој, ами неговата песна и свирка го заземале централниот интерес.

## КРЧМИ (МЕАНИ) И КАФЕАНИ

Народната песна крчмата ја познава како ниска, трошна, со земјен под зграда, крајпатна, но и селска и градска, во која се точи вино и ракија и во која прочуените јунаци го врват, подготвувајќи се за следниот поход, слободното време. Преттурските,[144] како и турските документи не само што ја потврдуваат проверената меморија на народната песна, ами додаваат дека таа во минатото била и најпривлечното собиралиште, во кое, христијанскиот машки свет во развлечение го врвел слободното време.

Првиот податок за крчмар од турскиот период кај нас е оној од 1452 год. што го даваат турските документи. Имено, во пописните дефтери од 1452 год. се споменува името на Стајо, син на крчмар, кој живеел во

---

[140] Јован Х. Васиљевић. **По Кумановској и Скопљанској околини**, (1889), Браство, V, Београд, 1892, 213/27; Вук Стерф. Караџић, **О српској народној**... 97.

[141] Fr. Š. Kuhač, cit, delo, 7-8/2.

[142] Dr. Gr. Sykora, cit. statija, 248.

[143] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 124.

[144] **Константин Јиричек**, цит. дело, 294.

селото Одри, Тетовски вилает.[145] Уште едно име, Велко крчмар, се споменува во пописниот дефтер од следниот век. Тој е неженет и живее во село Почерница, Родомирско во 1570-1572 год.[146] Но и подоцна, кога започнале да никнат и низ градовите ја задржале својата основна функција да бидат собиралишта за развлечение и да бидат социјални пуктови со многукратно значење. Говорејќи за Велес од 1901 год. рускиот патешетвеник П. А. Ритих наведува дека сретнал крчма што се наоѓала во близина на мостот и дека таа била многу популарно собиралиште за средби и за договори.[147] Во Цариград ги имало многу покрај Босфорот и таму се нудел забранетиот алкохол, но и платената љубов и од девојки и од момчиња.[148] Вук Караџиќ тврди дека во селата во Србија и Црна Гора ги немало многу, но затоа биле многу популарни во Дубровник, каде себерел голем број „камаради", особено од Хрцеговина и вечерите ги врвеле пиејќи, пеејќи и гудејќи на гусли.[149]

Кафеаните кај нас се од подоцнежниот период. Првите две се отворени до 1554/55 год. во Цариград, а набргу биле отворени уште 20-30, според турскиот историчар Печеви во турската престолнина.[150] Оттаму се раширија и низ сета империја конкурирајќи им на сите други места со социјален статус. Се берел во нив одбран свет кој барал културно развлечение, зашто покрај кафето, добивал и најнови вести, читал весник или книга и се среќавал со луѓе што поинаку многу ретко можел да ги сретне. Бидејќи од нив потече и јавната критика на власта, посебно на султанот, доживеаја да се најдат на списокот на забранети институции од 100-годишната турска прохибиција, во која со особена жестокост властите се беа нафрлиле врз кафето, алкохолот и тутунот. Европјаните со нив за првпат се сретна со најчудниот и горчивиот, непријатно миризливиот напиток, кафето,[151] кого, оттаму ќе го пренесат и во своите земји, каде ќе стане еден од најпопуларните

[145] **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширни пописни дефтери од XV век, Том III, Под редакција на Методија Соколовски, Архив на Македонија, Скопје, 1976, 79.

[146] **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, Опширен пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од 1570 год., Том V, книга III, Превод, редакција и коментар д-р Алаксандар Стојановски, Архив на Македонија, Скопје, 1982, 572.

[147] Цветан Становски, **Како ја видоа Македонија** (руски публикации за Македонија 1828-1913), Македонска книга, Скопје, 1978, 111.

[148] **Румелийски делници и празници**... 234.

[149] Вук. Стеф. Караџић, **Дела Вука Караџића, Етнографски списи**, 199, 322; Истиот, **О српској народној поезији**... 313.

[150] Д-р Александар Матковски, **Кон раната историја на тутунот на Балканскиот полуостров со посебен осврт на Македонија**, Гласник на Институтот за национална историја, г. X, бр. 2-3, Скопје, 1966, 146.

[151] Радован Самарџић, **Београд и Србија у списима француских савременика XVI-XVII века**, Историски архив Београда, Београд, 1961, 336.

безалкохолни пијалоци. Во Македонија ги имало многу, забраните на нивната работа во турските документи го потврдуваат тоа. Само на патот Тетово-Скопје ги имало пет,[152] а во Битола навечер од песните на пејачките што го ваделе лебот во нив, цел град како што вишол еден посетител, не можел да отпочине.[153]

Кафеаните имале посебно значење за популарноста на гуслата и на епската песна, особено среде муслиманската босанска средина.[154] Но и во другите кафеани, на ѕидовите постојано виселе гусли секој што сакал да се обиде со нив јавно да го направи. Многу од гостилничарите, како што тврдат многумина плаќале постојано вработени гуслари чија задача била да ги забавуваат гостите.[155] Набргу, особено во местата со развиена епика, станале места и за гуслариски натпревари.[156] Завлегувале и престојувале во нив и просјаците–гуслари. Ја заработувале дневницата, постариот го учел помладиот, тука се слушала за првпат новокомпонираната песна или се вршеле еснафските и други договори. Битолскиот гуслар Коста Михајлов Најче често завлегувал.[157] Завлегувале и други.[158] Испијанети, карајќи се и тепајќи се меѓусебно, правеле „*чешитли работи*", комични сцени на задоволство на присутните и на оние што љубопитно виселе по прозорците.[159] Еден запис од Охрид од првите децении од веков говори дека не само интериерот, ами и крчмарскиот и кафеанскиот екстериер станал привлечно место за гусларски настапи на просјаците–гуслари.[160]

---

152 Цветан Станоевски, цит. дело, 91.

153 А. Б. Херенда, **Кроз Јужну Србију**, Време, 10 јуна 1926, 5.

154 Рад. Меденица, **Гуслар и слушаоци**, Прилози проучавању народне поезије, г. V, св. 1, Београд, 1938, 177.

155 Митар С. Влаховић, **О гуслама и гусларима у пиротском крају**, Гласник музеја у Београду, књ. XI, Београд, 1936, 115; Бор. М. Дробњаковић, **Неколико података о гуслама и гусларима на Луштици у Боки Которској**, Гласник Етнографски музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1938, 142; Рад. Меденица, **Гуслар и слушаоци**... 174; Истиот, **Два путујућа слепца-гуслара**, Прилози проучавању народне поезије, г. IV, св. 1-2, Београд, 290; Istiot, **Oblici kazivanja naših epskih pesama ispred drugog svetskog rata**, Rad XV kongresa Saveza udruženja folklorista Jugoslavije u Jajci u12-16 septembra 1968, Sarajevo, 1971, 156; D-r Matija Murko, cit. delo, 355, 356.

156 Алекса Станојевић, **Епска песма у Бијелинском срезу**, Прилози проучавању народне поезије, год. I, св. 2, Београд, 1934, 254; Рад. Меденица, **Два путујућа слепца-гуслара**... 290; Истиот, **Гуслар и слушаоци**... 174, 177.

157 АЕ 246... 10.

158 АЕ 199/I... 24.

159 АЕ 199/I-a... 25.

160 Ернест Клосон, Предговор, – Владан Р. Ђорђевић, **Српске народне мелодије**, (Јужна Србија), Скопско научно друштво, књ. прва, Скопље, 1928, XV.

**АНОВИ** Ановите, со преноќиштето како посебна специфика, станале постојани вртилишта, но и ценети и мошне популарни собирни пункта и за просјаците–гуслари. Во нив се појавувале и како гости, но и како вечерни забавувачи, односно и како гости и како забавувачи истовремено. Престојувале кога доаѓале од еден во друг град или кога доцната вечер или невреме ги упатувале на сигурно место, во крајпатниот ан.

Градските анови во кои најчесто и најрадо престојувале во крајот на минатиот век и почетокот на овој, биле: во Кавадарци-анот на Темчо анџијата; во Охрид-анот на Кочо (се наоѓал кај Пазарот); во Солун - анот на Василета анџијата (се наоѓал кај Вардар Капија); во Скопје - анот на Кочо Смилев (се наоѓал од десната страна на Вардар, близу до Железничката станица); во Тетово-анот на Павле (се наоѓал кај Чаршијата); во Велес-анот на Никола (се наоѓал кај Којник); во Кичево - Вакафскиот ан; во Неготино-анот на некој Влав-анџија; во Берово - анот на Марко Атанасиев (изгорел 1916 год.);[161] во Гевгелија–анот на Ристо Ковачев (се наоѓал во Чаршијата);[162] во Кукуш - анот на Нако Стојчев-казанџијата;[163] во Богданци-анот на Јован Паушанов и Никола Кацарев;[164] во Кочани - анот на Ѓорѓи Трајков[165] итн. За анот во Ресен од 1839 год. податоци даваат западноевропски патешественици.[166] Во Битола имало повеќе анови, а најпознати биле Прилепскиот кој се наоѓал на Ат-пазарот и Кичевскиот, познат уште и како Анот кај Кури Чешме, а кој се наоѓал на денешната улица „Иван Милутиновиќ",[167] меѓутоа сепак се знаеле ановите во кои најрадо доаѓале просјаците–гуслари од другите краишта.[168] Прилепскиот ан извесно време му припаѓал на Насе Калајџијата и на неговиот син Лазар Петков, бил од плитар („*тафтабина*"). За време Илинденското востание („*за време урата*") бил возобновен.[169]

---

[161] АЕ 109/II-а...68.

[162] Исто, 48.

[163] Исто, 61.

[164] Исто, 50.

[165] АЕ 109/II-б... 39, 40.

[166] А. Матковски и П. Ангелкова, **Патувањето на двајца Англичани низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година**, Гласник на Институтот за Национална историја, г. XVIII, бр. 1, Скопје, 1974, 233.

[167] АЕ 109/II-а... 4, 36.

[168] Јован Цвијић, **Балканско полуострово и јужнословенске земље**, Завод за издавање уџбенике СР Србије, Београд, 1966, 490.

[169] АЕ 109/II-а... 35.а

Крајпатни анови во кои навраќале македонските просјаци–гуслари биле: во Пиринска Македонија–Осенскиот ан, покрај селото Осеново,[170] Бистричкиот,[171] Дервенскиот, кој се наоѓал на влезот од Рупелската клисура на реката Струма,[172] а во Вардарска Македонија– Бабуна ан, на патот Прилеп-Велес.[173] На патот Солун-Битола во Пела, исто така имало некој голем ан, во кого престојувале скоро сите патници што доаѓале за Битола или од Битола за Солун[174] итн.

Во нив никогаш не можело да се бара конфор. Биле, главно дрвени и со неколку прозорци, повеќето искршени или со парчиња стакло што е излепено. Имале земјен под и неколку маси и столици. На едниот крај било огништето, а на другиот полица со шишиња со ракија и чаши. Имало многу муви и инсекти кои станувале особено агресивни откако ќе угаснела или ќе се намалела светлината во вечерните часови. Храна немало и секој патник самиот си ја обезбедувал. Освен ракија, кисело вино, турско кафе и стар леб, анџијата можел да понуди уште само лук и овчко сирење. Ноќе се спиело на масите.[175]

Бидејќи во ваквите анови, особено градските, престојувале бројни гости, некои од нив желни и за развлечение, доаѓале и забавувачи и тука го ваделе парчето леб. Така, во месец март 1635 год. во еден таков ан во Битола дошла тајфа Ромки танчерки, кои со песна, свирка и игра ги забавувале гостите. Тие, се разбира, нуделе и женски услуги.[176] Тука можел да се сретне и просјак–гуслар, кој меѓу група стаписани слушатели ги пеел своите песни и ги извивал звуците од гуслата.[177]

**СВЕЧЕНИ И ПРИГОДНИ САЛИ** Откако ќе се појави нагласениот интерес кон народната книжевност, ќе се инаугурира и заинтригираното откривање и воодушевување од интерпретаторите. Интересот кон просјаците–гуслари станува посебен зашто добиваат третман на фосили на дамна изумрено време, а со цел

[170] АЕ 109/II-в... 42.

[171] Исто, 43.

[172] [Васил Кънов], цит, статија, кн. XI, 195.

[173] Д-р Јован Хаџи Васиљевић, **Прилеп и његова околина**, Београд, 1902, 23.

[174] А. Матковски и П. Ангелкова, **Опис на Македонија од втората половина на XIX век според една Англичанка**, Историја, г. VIII, бр. 2, Скопје, 1972, 227-228.

[175] Конст. Иречекъ, **Княжевство България, Пътувания по България**, Пловдив, 1899, 102.

[176] **Турски докумнти за историјата на македонскиот народ**, серија прва, том II, Архив на Македонија, Скопје, 1966, 140-141, д. 264.

[177] Стојан Новаковић, **Путничке белешке о Балканском полуострову XVII и XVIII веку**, Годишњицу Николе Чупића, књ. XVII, Београд, 1897, 124-125; Рад. Меденица, **Два путујућа слепца-гуслара**... 188, 290; А. Шмаус, **Ђор Хусо Хусовић**, Прилози проучавању народне поезије, г. V, св. 1, Београд, 1938, 133; Radovan Medenica, **Oblici kazivanja naših**... 156; D-r Matija Murko, cit. delo, 355; Fr. S. Kuhač, cit. delo, 37.

да го доловат тоа минато, се извлекуваат од бедните живеалишта и парталави, збунети и изгубени се доведуваат во свечените или за вакви прилики специјално подготвуваните сали. Станало, речиси правило секоја позначајна прослава или свеченост да биде украсена со нивното присуство или со нивната песна. Кога, на пример, во 1880 год. во Нови Сад се одржувала Преображенската младинска скупштина, на сцената на свечената сала бил доведен и Тома Прелиќ, стариот просјак–гуслар од Војводина. Неговата улога била само да ја украси приликава. Со истата задача бил поканет и во 1887 год. кога се одржувала Вишниќевата прослава. Стариот и оронет просјак–гуслар, меѓутоа, сега не можел да дојде.[178] Кога на 30 декември 1937 год. во Скопје се одбележувала Вуковата прослава, исто така, одвај бил пронајден гусларот Илија Вукотиќ, кој пред одбраниот свет и државни службеници првин ја исполнил песната „*Смртта на Омер и Мерима*", па потоа уште една песна од Вуковите збирки.[179]

Станало, исто така обичај и секое новоподигање или посветување на христијански храм или прославување годишнина од подигањето или посветувањето да биде обележано со присуство на гуслар. Кога во 1932 год. требало да се посвети некоја црква во Косово, организаторите довеле слеп–гуслар. „... *Сигурно со мака го пронашле*, вели М. Мурко, кој го дава податоков, *зашто јас низ сето Косово не сретнав нити слеп пејач, нити, пак, слушнав дека постои таков таму*".[180] Слично, во Ружица, на црквената слава, како и во Феник, на манастирската слава, биле доведени, исто така, гуслари.[181] По Првата светска војна во вакви сали биле организирани гусларски вечери на кои биле претставувани гуслари од разни краишта на Југославија.[182] Во ваквите сали биле организирани и гусларските натпревари, како и гусларското претставување во странство. Неколку години пред смртта делегација на ученици и професори на Битолската гимназија дошле во домот на последниот просјак–гуслар од Битола, Коста Михајлов Најче да го молат да дојде на гимназиската прослава и така-речи насила го довлечкале и го истуркале на бината каде што бил принуден да исполнува гусларски песни[183] итн.

---

[178] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 91.

[179] Аноним, **Вукова прослава у Скопљу**, Политика, Београд, 1 јануари 1938, 9.

[180] D-r Matija Mirko, cit. delo, 215.

[181] Аноним, **Гуслар на слави цркве Ружице**, Време, Београд, 9. VIII. 1939; Аноним, **Гуслар на слави манастира Феника**, Време, 9. VIII. 1939.

[182] Аноним, **Гуслари на Народном универзитету**, Политика, Београд, 11 јануар 1926, 6; Аноним, **Гусларска академија наших народних песама**, Политика, Београд, 1 мај 1939, 12; Аноним, **Гусларско вече у Нишу**, Политика, Београд, 19 март 1929, 8.

[183] Според тврдењето на ќерката на Коста, Фана Костова Велјановска.

## ОТВОРЕНИ

**ПРЕТПОРТИ** Дел од куќниот екстериер, кој му припаѓал и на куќниот интегритет, но кој бил и општ и заеднички, зашто бил и дел од јавната артерија, улицата, била претпортата. Таа ги опфаќала не само портата и прагот, ами и елементите на комплексот, а во кого спаѓале вообичаените клупи пред старите селски и градски живеалишта (дрвени или камени) ѕидови и сè она што било присутно од обете страни на портата. Претпортата се здобива и со длабоки митски значења. Гостинот се пречекувал таму и оттаму се пренесувал со посредство член на семејството во домот. Невестата, новиот член, се воведувала со пренесување или со нејзиното бакнување на прагот, за да им оддаде почит на мртвите предци кои тука се закопувале.

Со посебните социјални специфики што ги присвоил и ги изградил, овој дел имал и значење и за развитокот и ширењето на народната песна, особено јуначката. Многупати таму таа се градела, се активирала и се ширела. Многу прочуени јунаци токму таму ја стекнале епската слава. Славата на византиските епски јунаци-акритите, никако не може да се замисли без претпортата.[184] Претпортата била и прва на удар кога поединечно или во групи доаѓале и просјаците–гуслари. Качени на коњ или пеш со ударот на просјачкиот стап го најавувале своето доаѓање. На дрвената или камената клупа веќе седел со својата гусла просјакот–гуслар. Кога на портата се појавувал членот на семејството тој ја започнувал својата претстава. Доаѓал уште еден, па уште еден член, понекогаш и некој сосед и течела песна за песна, порачка за порачка. Престојот негов бил во директна врска со љубопитството и порачките. На заминување како награда добивал брашно, маст, сирење, волна и др., сосема ретко пари. Истото тоа се случувало и пред соседната куќа и сè така до вечерта.[185]

Покрај куќните, постоеле и црквени и манастирски претпорти кои ја имале истата функција и значење. Издвоени во засебен ред или на посебно место, но подалеку од обичните просјаци, тие и тука ја исполнувале својата програма.[186]

---

[184] **Памятники византийской литературы IX-XVI веков**, Москва, 1968, 23.

[185] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 84-85, 91-92; Владимир Каракашевић, цит. дело, кн. 198, 126; Владимир Дробниковић, цит. дело, 143; Д-р Јов. Хаџи Васиљевић, **Скопље и његова околина**, Београд, 1930, 354; АЕ 199/I-a... 24; Григорије Божовић, **Приповетке**, Српска књижевна задруга, Београд, 1926, 6-7; Марко К. Цепенков, цит. дело, кн. 5, прик. 315.

[186] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 123; Стојан Христов, **Сечко**, Разгледи, г. XXX, бр. 8-10, 588; Кирил Пејчиновиќ, **Слово за празниците (Од „Огледало")** Култура, Скопје, 1968, 62; Сретен Л. П.[оповић], **Путовање по Новој Србији**, Издање Књижаре Браће М. Поповића, Нови Сад, 297/1; АЕ 199/I-a... 25-26.



Просење претпорти (слика на Бретение) / Begging at a door, a picture by Bretenie

**МОСТОВИ** Просјаците и просјаците–гуслари често и радо се одлучувале за места каде имало постојан, врволичен свет. Прометните патишта и мостовите затоа биле нивните омилени места. Седнати на едниот крај, онаму каде биле најзабележителни, без да го попречуваат минувањето, ги остварувале музичките и пејачките точки во променлив, но постојан круг, кој или се стеснувал или проширувал.

Имало мостови што биле посебно омилени. Првиот мост на Цариградскиот пат во Софија, најпрометниот пат на Балканот, бил најомиленото место не само на софиските и бугарските просјаци–гуслари, ами и на сите што ја посетувале Софија.[187] Големиот мост во Пирот бил, исто така, еден од омилените.[188] Камениот мост во Скопје било собиралиште не само на просјаците–гуслари, ами и на обичните просјаци, кои ги имало воогромен број.[189] Во Горна Џумаја (денес Благоевград) на денот на светителите Св. Кирил и Методиј доаѓале просјаци и просјаци–гуслари и од околните места, особено од Разлошко и проселе околу црквата и мостот.[190] Двата главни моста во Битола, едниот кај Градскиот часовник, вториот Ленски мост, биле вратилишта на битолските, прилепските и на другите просјаци–гуслари кои ја посетувале Битола, особено во пазарните денови. Најизменично на нив се редел и последниот битолски просјак–гуслар Коста Михајлов Најче, како и пејачот Мустафа Мустафовски. Сето тоа го поттикна Марко Цепенков да ја обликува приказната „*Двајцата слепи на Стамбол на мостот*",[191] макар што во Стамбол немало река и немало мост.

**СРЕТСЕЛА** Сретселата, познати и како гумна,[192] мегдани,[193] плоштади,[194] трзани (во Босна),[195] биле проширени слободни места во селото или во непосредната близина, покрај течна вода, во ливада. Во нив се одвивал отсекогаш најзначајниот дел од социјалниот живот во селото, тука се подготвувале и организирале заедничките

---

[187] Конст. Иречекъ, **Княжество България**... 97.

[188] Митар С. Влаховић, **О гуслама и гусларима у пиротском крају**... 157.

[189] Аноним, **Српски Харт који је у доба Турака**... 5.

[190] АЕ 109/II-6... 14.

[191] Марко К. Цепенков, цит. дело, кн. 3, при. 119.

[192] Рајко Жинзифов, **Одбрани творби**, (Предговор, коментари Гане Тодоровски), Македонска книга, Култура, Наша книга, Мисла, Скопје, 1986, 158.

[193] Д-р Јова. Хаџи Васиљевић, **Град Битољ**, Београд, 1911, 10.

[194] Ф. Каваев, **Белешка за зборот плоштад**, Македонски јазик, год. IV, бр. 1, Скопје, 1953, 8, 11.

[195] Vojin Matić, **Psihoanaliza mitske prošlosti**, Prosveta, Beograd, 1976, 20.

селски гозби и веселби, младите се натпреварувале, покажувајќи ја својата физичка сила, се пеело и се виело орото, се јавувала првата љубов итн.



Три ора на сретсело: од моми, млади жени и ергени

Three dances in the middle of a village: one with bachelors, one with maidens and one with young married women

Потеклото им е дамнешно, пра-почетоците се поврзуваат со *„дрвото на животот"*, со стеблото–запис, односно со христијанскиот крст што се наоѓал во населените места (оттаму и обичајот кај Мијаците значајните племенски одлуки да ги донесуваат, ако не в црква, тогаш под сретселското стебло).[196] Поаѓајќи од најраните записи, оние на Пигафета од 1567 год.[197] и на Полјакот Самуило Твардовски од 1621-

---

[196] Тома Смиљаниќ, **Мијаци, Горна Река и Мавровско Поље**, Српски етнографски зборник, кн. XXXV, Београд, 1925, 51-52.

[197] D-r Petar Matković, **Putovanja po Balkanskom poluotoku XVI vieka** (putopis Marka Antuna Pigafette ili drugo putovanje Antuna Vrančića 567 god.), RAD JAZU, knj. 100, Zagreb, 1890, 123.

1622 год.[198] станува очигледно дека илјадагодишната традиција во нив во ништо не се изменила, таа се предала и во градските сретсела кои се оформувале по христијанизирањето на македонскиот град.



Празничен ден на Ридот во Прилеп, меѓу внимателните слушатели е Апостол гусларот

A holiday on the Hill at Prilep. Among the attentive listeners is Apostle the Gusle Player

Сретселата биле привлечни места и за просјаците–гуслари. Доаѓале меѓу првите, останувале додека имало и само еден слушател. Седејќи на земја, на черџе или камен, вон заморната врволица, преку целиот ден, скоро без престан, исполнувајќи желби, а и самиот избирајќи песни од својот попознат репертоар, ја исполнувал дневната програма. Наградите им биле пари, а и стока. Во ваквите сретсела свиреле Коле Лауц, Апостол, Гарагатка, Ташку, Најче и скоро сите други македонски просјаци–гуслари. Ванѓел Кипаризоски во Пештани останувал преку целиот ден под сретселското старо, разгрането крајезерско дрво. Во Охрид се враќал вечерта.

[198] Д-ръ Хр. Кесяковъ, **Стари пѫтувания прѣзъ България**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XI, София, 1894, 158.

**ПАЗАРИ** Пазарот, значајната социо-економска институција од минатото, во кого се одвивал и голем број на секојдневниот живот на градот, бил место каде се појавувал и просјакот–гуслар. Бидејќи пазарот влегувал во значајните ставки од печалбите, според датумите на одржувањето, тој ги планирал селските или маалските дневни обиколки или кратки маршути, настојувајќи на секој начин да не го пропушти.

Пјер Белон уште во 1553 год. тврдеше дека пазарите во Турција, било градски или селски, биле фиксирани со денот на одржувањето.[199] Дека на нив просјаците–гуслари биле првите и постојаните гости потврдува и еден запис од 1547 год. што се наоѓа во архивот на венецијанскиот сенат, а во кого стои дека слеп пејач во Сплит на пазарот пред насобран народ пеел песна за Марко Крале, а сите присутни стаписано го следеле. Овој податок е и прво сведоштво за големата популарност на епскиот јунак, која ете во средината на XVI век дошла дури до Јадранско Приморје.[200] Понекогаш на пазарите според Фр. Кухач можела да се сретне и импресивна бројка просјаци–гуслари од 20-30.[201]

Доколку пазарот се одржувал надвор од местото на живеење, од кое не можело да се врати истиот ден, тогаш патувањето траело неколку дена. Прилепскиоте просјаци–гуслари на битолскиот пазар доаѓале во претпазарниот ден, а заминувале по денот на одржувањето. Истото го правеле и охридските, но и другите просјаци–гуслари. Денот и вечерта пред пазарот го користеле за обиколка на градските улици, но и на блиските села. На просторот на пазарот, како и во сретселото просјакот–гуслар останувал до зајдисонце. Имало просјаци–гуслари кои заминувале и порано, а со цел да се најдат на друмовите по кои се враќале пазарџиите. Ги избирале местата што биле вообичаени патни одморалишта, како што биле кладенците, лединките со дебели сенки итн. и таму продолжувале да музицираат и да пеат. Вечерта се враќале во градот или го продолжувале патот до своето место на постојано живеење.[202]

На пазарите, меѓу другите, настапувале Апостол гусларот од Прилеп,[203] Лазо Коријарски,[204] Ванѓел Кипаризоски, Коста Михајлов Најче и

---

[199] Радован Самарџић, **Београд и Србија**... 317.

[200] **Epske narodne pjesme**, Priredio dr Tvrtko Čubelić, Školska knjiga, Zagreb, 1965, 7.

[201] Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 36.

[202] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 125; Митар Влаховић, **О слепих гусларима**... 100; Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 188. Истиот, **Сеќавање за Апостола**... 47.

[203] Бранислав Русиќ, **Сеќавање за Апостола**... 47.

[204] Истиот, **Лазо Коријарски**... 188.

многумина други. В. Караџиќ тврди дека тие на моменти ја напуштале гусларската естрада и прифаќале и други задолженија за награда. Меѓу другото, во Дубровник биле ангажирани како телали, кои низ пазарот или улиците објавувале дека е изгубен вреден предмет или добиток и наградата што се добивала ако се врати.[205]

**ПАНАЃУРИ** Институцијата непосредно и многу цврсто поврзана со народната книжевност, посебно со народната песна, која ќе ја следи во нејзиниот севкупен живот, почнувајќи од настанувањето, обликувањето па до предавањето на натамошното експлоатирање, бил панаѓурот. Бидејќи тој бил покрај манастир или црква, кои во минатото играле улога на главни стационари на просјаците, многу рано се јавила и претпоставката дека е еден од главните фундаменти врз кој ќе се потпира појавата на македонските просјаци–гуслари. Јован Цвијиќ сметаше дека црквите и манстирите, уште повеќе панаѓурите во врска со нив ја имале клучната улога во градењето на гусларската традиција, посебно, пак, во физиономирањето на Прилепскиот просјачко –гусларски центар.[206] Народното предание говори дека во Прилеп и Прилепско имало 77 цркви и манастири, исто толку и панаѓури, а меѓу нив најпознат и најпопуларен, меѓународниот Прилепски панаѓур. Ако е така, заклучува Митар Влаховиќ, тогаш претпоставката за потеклото на овој Центар од панаѓурите е реална.[207] Ваквото *„панаѓурско потекло"* на гусларските центри стана привлечно и прифатливо толкување и за други, меѓу нив и за Т. Вукановиќ.[208]

Во Македонија имало многу селски, градски и меѓународни панаѓури, некои со големо реноме. Во Скопско, скоро секое село имало свој, односно имало онолку колку што имало и цркви и манастири.[209] Такви селски панаѓури се одржувале и низ другите краишта, на пример низ Серско,[210] потоа во Гевгелиско[211] итн. Уште во XIII век Грегорас тврди дека во Струмица имало градски панаѓур, на кого посетителите во жива облека виеле многу ора и пееле песни.[212] Имало панаѓур и во

---

[205] Вук Стеф. Караџић, **Дела Вука Карџића, Етнографски списи**... 205.

[206] Јован Цвијић, цит. дело, 480.

[207] Митар Влаховић, **О слепим гусларима у Јужној Србији**... 100-101.

[208] Т. П. Вукановић, **Студије из балканског фолклора**, Врањски гласник, књ. V, Народни музеј у Врању, Врање, 1969, 331.

[209] Д-р Јов. Хаџи Васиљевић, **Скопље и његова околина**... 306, 391.

[210] [Васил Кънчовъ], цит, статија... 504.

[211] Стеван Танозић, **Српски народни обичаји у Ђевђелиској кази**, Српска краљевска академија, књига XI, Белград-Земун, 1927, 217-226.

[212] V. Jagić, **Gradja za slovinsku narodnu poeziju**, RAD JAZU, knj. XXXVII, Zagreb, 1876.

градчето со 150 куќи Градец од Егејска Македонија,[213] панаѓур во Охрид, во манастирот Св. Наум[214] на кого свиреле прочуени свирачи, меѓу другите и тајфата на Садило[215] од меѓународните најпознати биле Прилепскиот, во Струга и Долјан (Струмичко). Прилепскиот имал долга и славна традиција,[216] Струшкиот постигнал исто толкава слава и за него пишувале мнозина[217] и панаѓурот во Долјан во еден период ги надминал со слава и предходните два.[218] За него воодушеван пишувал и Е. Челеби.[219]

Придонесот на овие институции во појавата на фолклорната градба на просјаците–гуслари е несомнен. Најзначајни и најмасовни собирни пункта на кои можело да се видат во масовен број биле панаѓурите. Тој служел и за мерење на времето и за одредување на средбите. Мнозина таму ја обелоденувале својата новокомпонирана песна. Сепак, првиот податок за присуство на просјаци–гуслари на панаѓур дал Французинот Лефевр. Во 1611 год. го посетил меѓународниот панаѓур во Пирот и таму сретнал две слепи жени гусларки, кои своите песни ги продружувале со еднострунни гусли.[220] И Едвард Браун во 1669 год. се нашол на еден таков и забележал дека таму музиката е *„забавна, но е мошне слаба"*.[221] На панаѓурот просјаците–гуслари доаѓале денот спроти одржувањето, а заминувале меѓу последните посетители. Вечерта ги врвеле во кафеаните и другите гостински собиралишта, забавувајќи ги посетителите, додека преку денот се наоѓале на најзабележителното место на просторот каде што се одржувал панаѓурот. Преку целиот ден околу нив се наоѓала публика што ги следела нивните песни, порачувајќи една за друга, коментирајќи и корегирајќи ако некаде нешто не било по нивниот вкус. Заработувачката на ваквите панаѓури

---

[213] К. Н. **Южна Македония въ началото и настоящето столътие по Пукевиля**, Периодическо списание, кн. XXV и XXVI, г. VI, София, 1888, 79.

[214] А. Матковски и П. Ангелакова, **Опис на Македонија од втората**... 237.

[215] Боривоје Џимврески, **Чалгаџиската традиција во Македонија**, Македонска книга, Скопје, 1985, 24-25.

[216] Данчо Зогравски, **Прилепскиот панаѓур во минатото**, Годишник на Правно-економскиот факултет во Скопје, 1955, 105; Љ. Лапе. **Прилепскиот панаѓур – атракција за посетителите**, Народен глас, Прилеп, 16. VI. 1955

[217] Данчо Зогравски. цит. статија, 103; К. Н. **Южна Македония**... 79; **Еврейски извори за обществено-икономическото развитие на балканските земи през XVII век**, том I, БАН, София, 1958, 201, 405.

[218] Данчо Зографски, цит. статија, 103.

[219] Evlija Celebi, **Putopis, odlomci o jugoslovenskim zemljama**, Veselin Masleša, Sarajevo, 1973, 584-585.

[220] **Френски пътеписи за Балканите**... 186.

[221] А. Матковски и П. Ангелкова, **Патувањето на Едвард Браун низ Македонија** (1669 год.), Историја, г. VI, бр. 1, Скопје, 1970, 140.

за гусларот–просјак понекогаш била толкава, колку што била и годишната.[222]

**ДВОРОВИ** Во долгиот список отворени простории, посебно место заземал дворот. Куќниот, се разбира, со интимитетот на интегралност и во кого нема време на располагање, а има постојаност на слушатели, бил најпривлечниот. Во него бил воведуван, како и во домот, лично од домаќинот или од член на семејството, а претставата била и за семејството, но и за сите од соседните куќи што пројавиле интерес. Наместо кратки благородници или преткуќници, епските песни заземале посебно место во репертоарот, оттаму куќниот двор бил успешна замена на трпезаријата.

Заради можностите за поголема заработувачка, црквениот и манастирскиот двор, во кого просјакот се јавувал почесто, биле привлечни места. Впрочем тука и така тој постојано се врткал зашто не ретко црквата или манастирот му биле постојани засолништа и сигурни места во критичните денови за дневен оброк. Обично празниот двор, кој за време делник бил исшаран само со просјаци и просјаци–гуслари, во празник, недела или верски ден, станувал стечиште на маса луѓе што дошле на молитва, најсвечено облечени и празнично расположени и склони да даруваат. Во вакви прилики тој се појавувал на своето „капареното" место од каде ги повикувал љубителите на народната песна со објавата на гуслата или на друг начин. Се појавувал и во прилики кога народот се прибирал по повод смрт или веселба, крштевка или свадба. Во првиот случај немо ја следел процесијата, учествувајќи и тој понекогаш, ако го познавал покојникот или ако сакал да изрази благодарност тој имал наклоност кон него и примал дар каков што се дава обично „за душа". Вториот случај бил сосема поинаков, зашто веселите родители што крштевале или свадбарите од обредот заминувале заедно со гусларот и веселбата ја продолжувале заеднички. Го дарувале онака како што се дарува кога поединецот е посебно расположен зашто доживува посебен настан.

Се разбира, имало и други прилики и места каде што гусларот–просјак се појавувал. Едно од нив биле печилниците за ракија, не толку зашто и самите биле познати љубители на „добрата капка", ами повеќе зашто таму пијаните или полу-пијаните сеирџии и работници многу лесно го одврзувале ќесето по секое исполнување на песна што ја порачувале.[223] итн.

---

[222] АЕ 199/I-а... 27.

[223] Митар С. Влаховић, **О гусларима око Моравице и Скрапежа**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1938, 192, 108.

## ИЗВЕДБИ

**ПОЈАВА И СТАВОВИ** Парталавите, просјачки алишта, слепечкот стап, човек што се грижи и го води, исто така, во парталави алишта, бројни торби наврени кај обајцата по рамењата и грбот, врзани со крпа очи или тешката слика на сакати екстрамитети, и сè друго што го одвојувале од околината биле, всушност, првата најава на просјакот–гуслар и првото иритирачко внимание што побудува кај минувачите, подоцнежните слушатели. Имитирајќи ги, и грчките рапсодии од пост-Хомеровиот период, особено оние што претендирале да ги третираат за Хомерови духовни чеда, носеле слепечки стап, но не обичен, ами уметнички и со скапоцености украсен. Немале торби, но затоа имале златен венец на главата и убава и богато извезена облека. Времињата и претходниците, особено Хомер, работеле за нив.[224]

Изборот на местото каде што ќе се прикаже претставата во затворена просторија му припаѓал на друг, во отворена, на просјакот–гуслар, водачот или случаен минувач. Се знаело, претпортата го фаворизирала каменот или клупата, на мостовите се имало *„капарено место"* каде што минувачите беа се навикнале да го гледаат и да го прифаќаат со наследно право на територијалност. Во црквите и манастирите каде што почесто се појавувал, важело истото правило, а кога за првпат се појавувал на панаѓур или на друг простор, тогаш избирал возвишение или место што е видливо од повеќе страни, најчесто покрај ѕид, најмногу под разгранетото дрво чија сенка ќе ја ублажи пладневната жега, зашто тоа место тој нема да го напушти до вечерните часови. Откако се пристапило на местото, почнувал процесот на растоварување на торбите и гуслата. Потоа на земјата се постилало черџе или рогузина на кои ќе се седи за сето време. На видно место пред нозете се поставувало ваганче, или, уште почесто капата, во која, првин самиот, за „аирлија" но и како основен критериум за цената ја ставал првата поголема сума. Некои наместо капа или покрај капата ставале и една од торбите во кои требало да се внесе натурата за песната, која, впрочем била поприфатлива награда за многумина.[225]

Седењето било во сообразност со условите на местото, меѓутоа седечкиот став бил доминантниот и основниот. Се седело скрстнозе, а гуслата исправена стоела меѓу нозете, во делот каде што се обединуваат. Ваквиот став, добро познат и кај нашите преродбеници, го регистрирале во своите дела, како Р. Жинзифов во *„Гусљар в*

[224] Д-р Милош Ђурић, цит. дело, 69.

[225] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 111-112.

*сабор*". При седењето на возвишение, (клупа, камен, столица и сл.) гуслата стоела на бутот од едната, најчесто левата нога. Имало и клечечки и стоечки став.[226] Последниот се употребувал при експресното менување на местото и него го среќаваме и на една икона од XVII век („Хвалите Исуса"). Инструментот во оваа прилика стоел потпрен или висел, држен со едната, најчесто левата рака.

Во основната, седечка положба, некои останувале во свечен мир, со далечна мисла што се чита лесно на лицето. Филип Вишниќ ја зафрлал главата наназад со слеп упорен поглед кон небото.[227] Друг некој во таа положба дишел тешко исто како да води жестока и неизвесна битка со непознат и многу моќен непријател,[228] трет заземал скршен и тажен израз,[229] четврт ритмично се клател напред-назад,[230] а гусларот Војин Сретеновиќ наместо сето тоа се загревал со ракија исчекувајќи да се појави публика.[231] Тоа продолжувало до одредено време, односно додека не се оценело, според жагорот и разнообразието на гласовите дека присутните се доволни за да почне претставата и тогаш претставата почнувала.

**ПРЕТСТАВА** Конечно просјакот–гуслар ја прифаќал гуслата. Со гудалото смирено врвел неколку пати по гуслата за да го прилагоди нејзиниот тоналитет со својот глас. Правел мала пауза и почнувал прелудиумот кој траел сè додека не се оценело дека има доволно слушатели. Повикот бил сфатен и „*како да се доаѓа на молитва*" па еден по друг се приближуваат побожно да се слуша пејачот, а судот ќе остане за попосле.[232] Така, сега, без сцена и декор, но со сценски ефекти, со аудиториум кој стимулира и подгрејува се правела претстава. Главен и основен фундамент бил текстот, но и во големо значење било во која мера пејачот е актер, колку и како го доживува текстот.

---

[226] Б. Русиќ, **Македонските гуслари**, Нова Македонија, Скопје, 16 август 1953, Забавен прилог.

[227] Видан Недић, **Филип Вишнић**, Народна књига, Народни гуслар, Ниш, 1908, 34.

[228] Andro Jovičević, **Riječka nahija u Crnoj Gori**, Zbornik za narodni život i običaje JS, knj. XV, sv. I, Zagreb, 1910, 92.

[229] Татомир Вукановић, **О певачима народних песама у Дреници**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, Београд, 1934, 259.

[230] М. С. Лалевић, **Слепи гуслар Љубомир Маричић**, Прилози проучавању народне поезије, год. IV, св. 1-2, Београд, 1937, 145.

[231] Рад. Меденица, **Епска песма у Ресави**, Прилози проучавању народне поезије, г. III, св. 2, Београд, 1936, 269.

[232] Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 33.

Грчките рапсоди со солзи на очите, драматично гестикулирајќи во драмските места, го предаваа Хомер и другите големи грчки поети на своето време. Грчката публика не барала само забава, барала уште повеќе, да биде трогната, пејачот да биде поголем од обичните рецитатори и глумци и да потврди дека во него живее дел од Хомеровиот дух, односно требало да ги натера да плачат, да се смеат и радуваат исто како да присуствуваат на потресна театарска претстава од Есхил, Софокле и др.[233] Слично, и од јакутските олонхо пејачи се очекувало да направат празник на денот што ќе се памети и ќе се прикажува. А тие, паѓајќи во екстаза, истата ја пренесувале на присутните како што очекуваа.[234] Рускиот раскажувач Никфор Прохоров, употребувајќи ги очите и изразите на лицето толку пластично ги доловувал карактерите на луѓето и етапите на настанот што присутните тоа го доживувале како да биле сведоци на лице место.[235] Исто така и африканските професионални раскажувачи така вешто го менувале гласот што се имало исто таква претстава за непосредно, лично присуство[236] итн.

Почетокот и крајот на песната биле стереотипи. Ванѓел Кипаризоски песната „*Аврамова жетва*", ја почнува:

Слушајте ме, мои мили браќа,
Слушајте ме, мои мили сестри,
Да ви кажам една старска песна:
Како стана жертва Аврамова!

Во песната „*Петреjца добра снаа*" тоа истото го реализира со иритирачко прашање:

Се скарале два браќа роѓени,
Се скарале, делба ќе се делат,
Како нашле време да се делат?!

Многумина, како Тешан Подруговиќ[237] песната не ја пееле, ами ја рецитирале, употребувајќи ја гуслата за музички интермеца. Така постапувале и многу македонски слепи–гуслари, а интермецото го именувале за „мане", односно „кајде". Вакво пеење, прилагодувајќи го гласот на мелодиката на жиците употребувал и охриѓанецот Кипаризоски,[238] Крајот, исто така е препознатлив и доаѓа со општа

[233] Д-р Милош Ђурић, цит. дело, 69.

[234] В. Я. Пропп, **Русский героический эпос**, Издателъство Ленинградского университета, 1955, 42.

[235] Борис Соколов, цит. дело, 56-57.

[236] Špiro Kulišić. **Život i kultura zaostalih plemena Australije, Okeanije, Amerike i Afrike**, Veselin Masleša, Sarajevo, 1960, 75.

[237] Владан Недић, **Тешан Подруговић**, Ковчежић, књ. III, Београд, 1960, 363-364.

[238] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 127.

поента. Доаѓа, всушност како оддишка на обредното доживување на песната и на цврстото сконцетрирано внимание, кога не смеело ни да се дише ни да се клепне. Сите и пејачот и слушателите длабоко ја доживувале песната. Тоа се гледало и на лицата на слушателите, уште повеќе на оние, гусларите, што тоа го создавале. Всушност своето доживување освојувачки го пренесувале на другите. Едно, 18 годишно момче, гуслар, преживувајќи го текстот со сето свое битие, не нарушувајќи го текот на раскажувањето *„како камен беше мирен"*.[239] Така правеше и гусларот Вељко Гудуриќ[240] како и Бугаринот Асен Иванов Петранов[241]. Секој од нив, како што тврди еден свидетел *„својот позив го сфаќа премногу сериозно, па тоа го истакнува и со своето држење, го внесува и во својата песна. На набљудувачот му се чини смешно тоа сериозно и намуртено лице, особено ако тоа го има млад гуслар. Гусларот, пак, ги пренесува зборовите со голема енергија, попречувајќи го патот на воздушната струја со забите, па така неговите зборови се облечени со чувство на бол. Седмиот и осмиот свод на десетерецот се изговараат со патетичен тон, како да се офка, а последните два со тешка издишка, последнот одвај и се слуша во тихиот шепот. Тоа е општ начин без обзир на посебните восхитувачки места"*.[242] Така, главно, ја доживуваат песната повеќето гуслари.

**ПУБЛИКА** Појавата на просјакот–гуслар пред публиката значела најавувана и очекувана средба меѓу два добро познати и испитувани субјекта. Независно што публиката била од хетероген состав, од мажи и жени, од различни возрасти, националности и вери, неа ја врзувале во целина една силна алка на високо изграден уметнички критериум и вкус, градени долго и преку настапи и на гуслари од високо реноме. Оттаму и оној видлив *„внатрешен грч"* што го носел секој гуслар пред настапот.[243] Поинаку речено, секое излегување на гусларот пред публиката значел ризик и тежок и неизвесен испит кој можел да има тешки и трајни последици. Еднаш изречената негативна оценка можела да патува со години и низ сите простори каде што се движел тој, па при секое спомнување на неговото име, луѓето да одмавнат со раката, кругот на слушателите да му се

---

[239] Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 34.

[240] Митар С. Влаховић, **О гусларима око Моравице**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1938, 108.

[241] Dr. G. Sykora, **Епика у Шоплуку**, Прилози проучавању народне поесије г. I, св. 2, Београд, 1934, 247.

[242] Božidar Šikora, **Pregled povijesti hrvatske muzike**, Zagreb, 1922, 95.

[243] Tvrtko Cubelić, **Na stazama usmenog narodnog stvaralaštva**, Pedagoški fakultet u Osijeku, Osijek, 1982, 159.

редуцира и да се јави невидлив и јасен отпор во публиката при следниот настап. Од друга страна токму таквиот однос е и оној творечкиот стимуланс и поттикнувачки генератор необино значаен за секој гуслар и ваквата адекватна публика имала за гусларот многу поголемо значење одошто има, на пример, за глумецот или спортистот.

Токму таму треба да се открива и дипломатијата што ја применувал гусларот додворувајќи ѝ се. Тој ја наслушнувал и го нивелирал своето однесување во изборот, во презентирањето на песните, во општите и посебните оценки и заклучоци на одредени личности или настани, во коментарите или скратувањата на обемот, зашто не секоја песна била пожелна за секоја публика, и не секоја публика барала општ калап. Се разбира, постоеле и така-наречени „омилени песни" на публиката. Женскиот афинитет бил сосема поинаков од машкиот, афинитетот на панаѓурската бил поинаков од оној на кафеанската публика. Жените од Апостола најмногу ги порачувале песните за Аврам и Исак, за Личен Димче, Цар Константин и сестра му Елена,[244] а од Кипаризоски песните за Св. Недела, Св. Петка како и оние во кои се славело името Божје,[245] мажите, пак, од Лазо Коријарски барале да им пее за Марко Крале и Црна Арапина, за Станко Дуко и др.[246] Меѓутоа и публиката знаела да ги цени посебните наклоности и на гусларот, зашто и секој гуслар имал интимен избор кон кој се однесувал вљубенички, во кого се ослободувал и давал најмногу, односно во кого и самиот творечки уживал. Познато било, на пример, дека на Милан Ѓорѓевиќ, кој загинал во 1916 во борбите со Бугарите, најомилени песни, кои ги пеел со посебен жар му биле оние што се однесувале за Марко Крале, додека Јован Петровиќ, стар 40 години, најрадо ја пеел песната „*Како Цар Лазар замина на Косово*" и дека Петар Кикошин најчесто ја пеел песната „*Градење на Скадар на Бојана*"[247] итн.

Песните, инаку се порачувале со мал опис, зашто насловот не им бил познат и во смисла: „*Ајде сега онаа во која се зборува...*"[248]. Додека траело пеењето, односно претставата многумина го тестирале гусларот давајќи поволни или неповолни оценки. Не ретко некои барале и измени на текстот тврдејќи дека пејачот се однесува слободно и некритички и дека тоа што го тврди не се наоѓа во песната. За еден таков случај даваат податоци двете англиски патешественици Мекензи

---

[244] Бранко Русиќ, **Сеќавање на Апостола**... 47.

[245] Бр. Русић, – А. Шмаус, цит. статија, 123.

[246] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 190.

[247] Митар С. Влаховић, **О гуслама и гусларима у пиротском крају**, Гласник Етнографског музеја у Београд, књ. XI, Београд, 1938, 148, 147.

[248] М. Панић – Суреп, цит. статија, 55.

и Ибри. Тие велат дека присуствувале на необичен настан што можел да прерасне во меѓунационална тепачка во Босна. Гуслар, босански католик, пеејќи песна за Марко Крале, го преобразил во католик и католички застапник и борец. На тоа присутен Турчин жестоко реагирал: *„Како смееш Марко да го преобразиш во Латин, кога ние во текот на 400 години не можевме да го направиме муслиман"*.[249] Слично реагирање на Турци имало и во врска со настапот на македонскиот гуслар Апостол. Додека пеел пофално за Муса Кесенџија во песната *„Марко Крале и Муса Кесенџија"* пред одбрана турска публика, и додека Муса со јунаштво го надвладеал Марка, набивајќи го в земја до колена, Турците регирале пофално и го дарувале одоброволително со леб пејачот, но кога Марко започнал да го набива Муса в земја до рамења, скокнал еден од нив, со зборовите: *„Синќи ти го виде со тие очи ќорави!"* и му го отргнал грубо предходноподадениот леб.[250] Вакви и слични случувања имало и многу други, некои завршувале и со тепачки, па и кршење на гуслата од главата на гусларот.[251] Еден случај завршил и трагично. Некои фрањевци од Босна намамиле гуслар во својата средина и го замолиле да им пее српски песни. Од кавги се преминало во тепачка во која подебелиот крај го извлекол осамениот гуслар, кој подоцна од добиените повреди и починал.[252]

Душевните волнувања биле основната карактеристика на секој настап на гусларот, изразени и во ликот на исполнителот и на лицата на публиката, а солзите, притоа биле највидливи. Со стаписаност и солзи ги прифаќал, како што известува Јаков Игњатовиќ, песните на просјакот гуслар Васа Решпект.[253] Стаписано биле следени и песните на Нестор Црнио,[254] како што ги доживувал и Одисеј песните од Демодок. Со незадржливи солзи биле следени песните на двајцата пејачи во дворот на Атила,[255] плачеле и многумина наши слушатели.[256] Сега е разбирлива ненаситноста на публиката да се слуша уште една, па уште една и до бескрај песни или онаа ненаситност на жителите на

---

[249] Г. Мјур Макензијева и А. П. Ибријева, **Путовање по словенским земљама Турске Европи**, Београд, 1868, 71/1.

[250] Вл. Влаховић, **Неколико запажања о народним песмама у Битољу**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1937, 88-89.

[251] Рад. Меденица, **Гуслар и слушаоци**, Прилози проучавању народне поезије, год. V, св. 1, 1938, 180-181.

[252] Манојло Кордунаш, **Раде Рапајић, народни гуслар**, Прилози проучавању народне поезије, год. II, св. I, 1, Београд, 1935, 79.

[253] Јаков Игњатовић, **Васа Решпект**, Српска књижевна задруга, Београд, 1913, 14, 105.

[254] Григорије Божовић, **Приповетке**, Српска књижевна задруга, Београд, 1926, 12.

[255] **Гръцки извори за българската история**, I... 117.

[256] Митар С. Влаховић, **О гуслама и гусларима**... 148; Истиот, **О гусларима око Моравице**... 101, 115.

селаните од околината на Врање кога кај нив доаѓале битолските просјаци–гуслари („*Ги теравме да ни пеат по цела ноќ*" – се сеќава еден присутен).[257]

**НАТПРЕВАРИ** Возбудливите и најдлабоко паметените средби со гусларите биле преку гусларските двобои, кои, всушност биле специфичен меѓусебен однос со многу нарцисоидни пориви. Многу елементи во нив потсеќале на веќе видените и доживеаните вистински мегдански односно вооружени двобои во кои целта им била противникот да се надвие и да се елиминира, да се посегне и да се земе неговото високо место и на него да се застане и да се ужива во пофалбите и славата што го носи тоа со победата. Не е случајно што и крајот на музичкиот двобој кај некои народи, како кај турските во Азија, како и во вооружениот кога се предавало оружјето на победникот и му се ставал на располагање, пејачот да му го предава ритуално својот музички инструмент, саазот и да му се стави на располагање, со прашање ќе му даде ли прилика повторно во негово присиство да настапи или не.[258]

Трагите, инаку на ваквите двобои се древни. Херодот известува за нивното суштествување во древна Елада. Тој тврди дека на нив се употребувале Хомеровските песни или песните на други автори кои ги возвеличувале победите на Аргејците, оттаму и причината некои властодршци да ги забрануваат.[259] Ги имало и во подрачјето со развиена епска традиција, особено во Средна Азија.[260] Ги имало и во нашата, балканска средина. Познати биле два вида, спонтани и организирани. Првите биле случајни и во нив навредениот гуслар од ставовите и изречените оценки во песната за неговиот народ или неговиот омилен јунак, ја грабал гневно гуслата и возвраќал во иста мера.[261] Вториот биле предвремено планирани и договарани, на нив се знаело кои ќе настапи и точниот датум на одржувањето, се најавувале и награди итн. Ако првиот вид бил чест и ги имало на сите простори, познато е на пример дека за време на божиќните празници во босанско херцеговската средина ги имало често,[262] вторите се неколку на број. Првиот ваков организиран натпревар бил одржан во Пловдив (Бугарија)

---

[257] [Светислав Вуловић], цит. статија, 267.

[258] **Эмрах и Селъви, необы кновенные приключения Караоглана и другие турецкие народные повести**, Главная редакция Восточной литературы, Москва, 1979, 433/14.

[259] **Херодотова историја**... II ... 34.

[260] В. М. Жимрмунский, **Тюрский героический эпос**... 638-639.

[261] Рад. Меденица, **Гуслар и слушаоци**... 179.

[262] Бор. М. Дробњаковић, **Неколико података о гуслама**... 144.

во склопот на Земјоделската изложба што траела од 6-8 септември 1892 год. На него учествувале 109 свирачи и пејачи од 29 околии, а меѓу нив имало и доста гуслари.[263] Следниот е од 1924 год. Се одржал во организација на Српско Коло кај Али пашиниот мост во близина на Сараево.[264] Предизвикал разни коментари, позитивни и негативни,[265] кои не попречиле да се размислува и за следен натпревар. Набргу и тој се одржал, и тоа една година подоцна во Сараево. Бил поорганизиран и поуспешен. На него учествувале и жени гусларки.[266] По две години, односно во 1927 год, се одржа уште еден, сега во Белград. Дневниот печат заинтригирано го следел известувајќи за секој миг. Гусларите својата умешност ја презентирале на шести септември 1927 год. и тоа во две сали: Соколаната на Втората белградска гимназија со почеток во 3 часот попладне и вечерта во салата на Белградскиот универзитет со почетокт во 8 часот вечерта. Од вкупно 85 пријавени гуслари се избрале 14 како учесници, а пет гуслари биле прогласени за победници.[267]

Повторно во организација на Сропско Коло во 1929 год. ваков натпревар бил организиран и во Скопје. На него зедоа учество 8 натпреварувачи, а од Македонија (Скопје) учествувал Вуксан Николиќ, царинарник, уште тројца од подмалдокот и две деца. Македонските просјаци гуслари, се разбира не учествувале, пречки биле јазикот на нивните песни и нивното реноме. Натпреварот се одржал во Соколскиот дом, а победници биле овие: прва награда, Новаи Иниќ од Билеќа, втора – Релја Мркаја од Сараево, трета Алекса Радошевиќ од Приедор и четврта Марко Асовиќ од Цетиње. Како што бил обичај, по натпреварот, на кого учествувал одбран свет, посебно службеници на српската управа, била организирана и гала-вечера.[268]

Вакви двобои имало и меѓу македонските просјаци–гуслари, меѓутоа не организирани, ами повеќе случајни и спонтани. Тие главно се

---

[263] Хр. А. Константиновъ, **Кратки фолклорни бѣлѣжки**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XV, София, 1898, 324-330.

[264] Д-р Милоје Молијевић, **Гусларска утакмица у Београду**, Српски књижевни гласник, књ. 22, септембар-децембар, Београд, 1927, 548; М. Црњански, **Поводом утакмице код Али-пашиног моста**, Време, 17 новембар 1925, 3; Истиот, **О народу нашег, на планинама, који не познајемо, Утакмица код Али-пашиног моста**, Време, 14 новембар 1925, 5.

[265] Милан Карановић, **Шумадинка на утакмицу гуслара у Сарајеву**, Политика, 5 октобар 1929, 8.

[266] М. Црњански, **Поводом утакмице**... 3.

[267] Аноним, **Дан прославе народних гуслара**, Политика, 7 новембар 1927, 5; Аноним, **Гусларске вечери у Београду**, Политика, 21 фебруара 1928, 5; Аноним, **Једна лепа национална манифестација**, Време, 7 новембар 1927, 5; Д-р Милоје Милојевић, цит. статија.

[268] Аноним, **Пред гусларску утакмицу у Скопљу**, Политика, 5 октобар 1929, 8; Б. Антић, **Гусларске утакмице у Скопљу**, Политика, 7 октобар 1929, 6.

случувале во зачадена и загреана меанска атмосфера кога двајца зафаќале битка да бијат за престиж или во крајпатните анови и меани кога двајца или повеќе претставници од различни тајфи, сретнати случајно тука, исто така битка биеле за престиж не само личен, ами и на својата тајфа, и на својот еснаф, дури и на својот центар. Јасно е дека ваквите натпревари многу стимулативно делувале врз квалитетот на настапите и врз развојот на гусларството кај нас.

**НАГРАДИ** Просјакот–гуслар никогаш немал строг критериум за понудената награда, поточно прифаќал сè што му се нудело, давајќи му предност, сепак на парите. Тие му биле најслатки зашто не создавале дополнителни проблеми со размена на стоката, односно со продавањето. Но факт е, тие ретко се нуделе зашто до нив тешко се доаѓало и секој тешко се одвојувал од нив. Меѓутоа, за секој случај, кога настапувал јавно и на отворен простор, пред себе или покрај себе поставувал ваганче или ја превркал капата, кои служеле за прифаќање на парите. Тома Прелиќ од Војводина, прочуениот просјак–гуслар се жалел дека времињата станале многу тешки и дека луѓето не можел да ги препознае, зашто ако некогаш на ден успевал да собере десет или дваесет, сега одвај прибирал најмногу до три форинти.[269]

Наградите во натура, сепак, биле почести и побогати. Неколку јајца, парче сирење, грст волна, леб, маст биле најчестите. Се давало и ракија и вино, цигари, тутун, плодови, а имало и случаи кога се нуделе и готови, а заостанати јадења, стари алишта или алишта што останале по покојникот.[270] Кога, пак, се целело да се прибере одреден асортиман стока, патувањата се планирале и врзувале за сезоната на ориз, сезоната на стрижење овци, сезоната печење ракија, сезоната вршидба, лов на риба итн. Тогаш истовремено групи тајфи се упатувале на одредени подрачја каде и се судирале. Полошиот квалитет на вака добиената храна ѝ се отстапувале на стоката (оттаму и поговорката „*Се направи како питачко магаре*"), другиот дел се делел со водачот, третиот се носел дома, а еден дел се нудел и за продажба. Овој се продавал преку посредници, најмногу преку меанџиите каде престојувале, но и преку газдите. Некогаш тој дел го отуѓувал и водачот добиените пари ги делел со свирачот.

---

[269] Владимир Каракашевиќ, цит. дело, кн. 198, 124.

[270] Бр. Русиќ – А. Шмаус, цит. статија, 125.

Имало случаи кога наградата се пазарела. Коста Михајлов Најче, според неговата ќерка Фана, поканите за семејните свечености радо ги прифаќал зашто цените биле предвреме договорени, а кон тоа, добивал и храна (некогаш и облека) добивал и храна за семејството која домаќинката го одвојувала од она што останало на трпезата. Во прилики кога немало договори, а да се изнуди награда, се применувале посебни тактики кои ги познавале слушателите. Се правела пауза по завршената песна или песната се прекинувала кај најдраматичното место и тогаш, божем, гусларот земал одмор, се мезетисувал и пиел ракија *„за да му се пушти гласот"*, работел нешто околу гуслата, пиел кафе, бришел пот, се подместувал и местел сè со цел слушателите да ја извршат обврската. Кога од водачот му бил даван знак дека тоа е направено, повторно ја земал гуслата и ја продолжувал песната или отпочнувал нова. Слична постапка применувале и ашиците од азиските турски народи. И тој, така-речи изнудувал награда. По молбите упатени до него да го продолжи пеењето, го земал саазот и одел од слушател до слушател со зборовите: *„Ако знаеш, еве, продолжи ти!"*, по што ја добивал наградата.[271]

**ИМПОРТНО ГУСЛАРСТВО** Не само македонските просјаци–гуслари што патувале низ другите краишта на Балканот, патувале и од другите краишта низ Македонија. „Северната", односно „српската" струја од Војводина и другите простори стигала до Косово, па и до Македонија. Во Косово, така-речи се судирала со македонската струја.[272] Бугарските цигулари со мечки или без нив стигале во Македонија и за време последната бугарска окупација. Сите тие оставале траги и во македонското гусларство. Едно типично бугарско музицирање во кое има пејач и свирач со засебна и поделена улога, според некои, префрлено е и во Македонија.[273] Се разбира, формите на инфилтрирањето на туѓото гусларство во Македонија скоро се безбројни. Една е преку колонизациите. Скопска Црна Гора во некоклу наврати била конолизирана од црногорски маси. Во тие прилики од старата татковина носеле дел од својот живот, навики, преданија, па и музика, вклучувајќи го и гусларството.[274] Токму тоа му дава за право на прочуениот научник Г. Геземан да заклучува дека

[271] Эмрах и Сельви... 18.

[272] А. Шмаус, **Неки облици епског певања у прошлости**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 1, Београд, 1934, 19-20.

[273] Д-р Валтер Виниш, **Гусање и рецитација слепца Николе Корице и Јована Антића**, Прилози проучавању народне поезије, г. IV, св. 1-2, Београд, 1937, 301.

[274] Д-р Јован Ф. Трифуновски, **Скопска Црна Гора**, Скопје, 1971, 40-48.

*„динарското гусларство"* во Македонија дојдено е токму пред овие доселеници,[275] а Хрватот Фран Туѓан во 1921 год. црногорските гуслари да ги открива во Македонија.[276] Се разбира и другите бранови на колонизација имале свое влијание за испортното гусларство. Марко Вукчевиќ бил еден од нив и со него дневниот печат на неколку наврати се позабавил. Водел потекло од Црна Гора, поточно од Подгорица и својата љубов кон гуслите никогаш не ја заборавил, дури, напротив, и во новата татковина ги правел исто онака како и во старата. Првин во 1931 год. направил една, типично динарска, со многу украси и истата имал намера да ја поклони во Скопје,[277] а втората, направена во 1932 год. имал намера, исто така да ја поклони, но сега на институција во Белград.[278] Кога една Србинка од Барбац (Врањско) се омажила во македонското село Пелинце, во миразот донела старинска гусла,[279] а кога Александар (Санде) Стаменковиќ од Босилеград се преселил во Македонија и тука оформил семејство исто така дошол со гусла[280] итн.

И официјалната власт вложувала голем труд српското гусларство да го импортира во Македонија. Тоа било дел од стратегијата за денационализација. Во 1929 год. организирала гусларски двобој, во 1940 год. организирала и фолклорен фестивал,[281] а набргу меѓу неколкуте музички состави во Скопоје што се организирале меѓу двете светски војни, едното го носело името „Гусле".[282] Покрај тоа за сето време низ Македонија крстареле, самоиницијативно или организирано, бројни гуслари од Црна Гора или од Србија. Меѓу другите во 1922 год. низ Македонија поминал и гусларот Перуновиќ. Меѓу другите, еден концерт дал во Прилеп, а од Прилеп патот го водел за Битола. Најавувајќи го своето пристигање, типично гусларски, составил песна, поздравувајќи ги битолчани, чии први стихови гласеле: *„Књигу пише Перуне гусларе /Из Прилепа града бјелога"*. Во Битола, во хотелот „Босна" одржал, според печатот, *„незаборавна вечер"*, во која

---

[275] Герхард Геземан, **Извештај е проучавању Јужне Србије на терену, Нова истраживања о народном епу у Вардарској Бановини**, Гласник Скопског научног друштва, одељење друштвених наука, 5, Скопље, 1932, 194.

[276] Фран, Туђан, **По Македнији**, Путничке слике и дојмови, Загреб, 1925, 29.

[277] Аноним, **Гусле насељеника Марка Вукчевића**, Време, 31 децембар 1931, 6.

[278] Аноним, **Гусле насељеника Марка Вукчвића**, Време, 28 јули 1932, 5.

[279] Д-р Момчило Златановић, **Епске песме и гуслари у врањском крају**, Врањански гласник, књ. XI, Народни музеј у Врању, Врање, 1975, 515.

[280] АЕ 109/II-б... 43.

[281] Аноним, **Акција Туристичког савеза за унапређење туризма у Јужној Србији**, Време, 2 јули 1940, 6.

[282] **Историја на македонскиот народ**, д-р Александар Стојановски, д-р Иван Катарџиев, д-р Анчо Зографски, д-р Михаило Апостоловски, Македонска книга, Култура, Мисла, Наша книга, Скопје, 1988, 270.

исполнил дел од својот гусларски репертоар, ја испеал, меѓу другите и песната *„Бој на Куманово"*, како и неколку шегобијни песни.[283] Во школската 1934/35 год. во Работничкиот универзитет во Битола се одржало предавање на тема: *„Хуманоста и расноста во нашата епска поезија"*. Предавач бил проф. Новак Вулетиќ. Предавањето било проследено со пеење во гусли.[284] Кога, пак, на 30 декември 1937 год. во Скопје се одржа. *„Вуковата прослава"* беше поканет и гуслар, Илија Вуковиќ, кој, меѓу другите, ја испеа и познатата песна од Вуковите збирки *„Смртта на Омер и Мерима"*.[285]

Се разбира тоа е само дел од таа стратегија на денационалозаторската политика и импортноста на туѓото гусларство во Македонија.

## РЕПЕРТОАР

**ОБЕМ** Немало просјак–гуслар ако имал прилика да се пофали, а да не истакне дека е голем мајстор на занаетот и дека располага не само со разновиден, ами и со необично богат репертоар. Истакнувајќи го бројот, скоро по правило, сите тврделе дека сопственици се ако не на илјадници, тогаш во секој случај на стотици песни. На Шапкарева Наум Слепиот му твртдел дека знае не само интересни, па и нечуени досега, ами и *„безброј песни"*.[286] Добрскиот 80-годишен просјак–гуслар Никола Тилев (или Телев) истакнувал дека неговиот репертоар е неисцрпен и дека *„тешко да би можел да ги испеам сите песни и ако би живеел уште толку"*.[287] Ќор Хусо Хусовиќ броел дека знае онолку колку што има денови годината – 366,[288] а Ванѓел Кипаризоски – 300 песни.[289]

Меѓутоа, кога, овие, инаку лесно дадени и непоткрепени изјави требало да се потврдат, се наоѓале бројни причини да не дојде до диктирањето и до проверката. Кога, на пример, од Ванѓел Кипаризоски било побарано

---

[283] Аноним, **Чувени народни песник и гуслар г. Перуновић упатио из Прилепа овом уредништву писмо следеће садржине: Књигу пише Перуне гусларе / Из Прилепа града бјелога**, Јужна звезда, I, 16 новембар 1922, 3; 23 новембар 1922, 3; 23 новембар 1922, 3.

[284] **Рад Народног универзитета у Битољу**, 1930-1934, Битољ, 1940, 35.

[285] Аноним, **Вукова прослава у Скопљу**, Политика, 1 јануар 1938, 9.

[286] Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, том први, **Песни**, Приредил д-р Томе Саздов, Мисла, Скопје, 1976, 54.

[287] **Сборникъ отъ български народни пѣсни**, Събралъ С. Ив. Б. [ояновъ], София, 1884, 3.

[288] А. Шмаус, Ђор-Хусо Хусовић... 134-135.

[289] Аноним, **Гуслар-репортер**, Политика, 22 фебруар 1939, 11.

да му го остави на поколението своето богатство, тој, оправдувајќи се дека *„бележењето ги расипува песните"* избегнувал да седне и да го издиктира.[290] Кога Филип Митре, кој тврдел дека месец дена му се малку за да ги издиктира песните што ги знае, уште на вториот ден започнал да покажува знаци на умор, па петтиот ден, отфрлувајќи ги решително примамливите ветувања за голема материјална награда, го напуштил запишувачот и Битола каде ги диктирал и бегајќи замина за својот Лерин[291] итн.

Неколку причини има за таквите слободни и помалку самофални изјави. Едната е во врска со реалните сознанија за обемот на своето богатство. Просјаците–гуслари никогаш не направиле рекапитулација и практично никој не го знаел вистинскиот број на народните умотворби со кои располагал. Потоа, љубоморно чувајќи го она што била нивна материјална егзистенција и углед, избегнувале да му го предадат на секој. Сепак, главната причина било отсуството на толку потребниот и неизбежен инспиративен и стимулативен аудоториум, кој секогаш умешно и успешно ги копал, вадејќи ги на виделина, као што е случај со анегдотите и приказните по аналогија, заборавените и закопаните песни. Со немиот и строг запишувач пред себе, кој ја стопирал мислата со постојните прашања и барања да не се брза во диктирањето и кој со ништо, освен со ветувањата за материјалната награда, не го иритирал и не го поттикнувал пејачот немало богатство. Во такви услови диктатот станувал тешка и мачна обврска, која секој се трудел што побрзо да ја избегне.

**ЖАНРОВИ** Во репертоарот на македонските просјаци–гуслари имало и лирски, и епски песни, но и проза. Од лирските најзастапени биле љубовните, а бидејќи нив ги сакале најмногу женскот дел од публиката, преовладувале кога тие биле побројни. Популарни биле и случките за брачни неверства, кои се раскажувале како дневни вести. Во интимен круг се пееле и „мрсни" песни, при што гусларот предупредувал: *„Деца, жени – надвор од просторијава!"*.[292] Кон песните, а во кои најчесто биле оние со тематика од *„Стариот"* и *„Новиот завет"* женскиот дел од публиката, исто така, пројавувал посебен интерес, а од нив најпопуларни биле *„Аврамова жртва"*, *„Мајка му на Свети*

---

[290] Исто.

[291] С. [има] Н. Т [омиќ], **Маћедонски рапсод**, Нова искра, г. II, бр. 2, Београд, 16 фебруар 1900, 60-61.

[292] Fr. S. Kuhač, sit. delo, 36; Б. и: Бор. М. Дробњаковић, **О гуслама и гусларима**... 140; Владимир Каракашевић, цит. дело, кн. 198, 127; Д-р А. Шмаус-Митар С. Влаховић, цит. статија, 6; АЕ 246... 11.

*Петар" „Цар Константин и сестра му Елена"* итн. Од епските („кралски", „старовремски", „трпезариски", „замански") песни најсакани биле јуначките, посебно за Марко Крале, Црна Арапина, Болен Дојчин, Гуица, Дебел Новак, Рељо, Момчило Војвода, Секула Детенце, Дете Големеше итн.[293] Песни, пак, кои пееле за личности од турското ропство се именувале „спахиски",[294] за арамиите – „арамиски", за востаниците од Илинденското востание – „кумитски" („комитски"). Од „комитските" најпознати биле оние за Спиро Црне и Ќучук Сулејман, посебно за Димко Могилчето и Шефкија Качакот.[295]

Во репертоарот се сретнувал и прозниот материјал, гатанки, пословици и др. Апостол, покрај песни, вообичајувал да раскажува и приказни.[296] Позната приказна на Ванѓел Кипаризоски била онаа која инспиративно се потпирала врз Шекспировиот *„Венецијански трговец"*, додека Лазо Корijарски ја сакал приказната *„Ванче будалинката"*, но раскажувал и други, посебно за животни и басни.[297]

Покрај на македонски, во репертоарот на македонските просјаци – гуслари се наоѓале умотворби и на други јазици, и само така можат да се објаснат посетите на нашите гуслари во туѓите средини. Покрај умотворби на српско-хрватски и бугарски јазик, употребувале и на други јазици. Цветко Круша и Колич пееле и на турски јазик.[298] Влашки песни, од кои најубави му биле печалбарските, знаел Ташку.[299] Јонче од Возарци знаел влашки, но и грчки песни.[300] Грчки песни знаеле и некои велешки просјаци–гуслари кои длабоко завлегувале во Грција.

**КЛАЊАЛИЦИ И БЛАГОДАРНИЦИ**

Песни кои никогаш не влегле во репертоарот на другите интерпретатори, кои се среќаваат исклучиво само среде просјаците–гуслари биле клањалиците и благодарниците. Прв на нив, уште во виенското издание на народните песни од 1841 год. ќе укаже Вук Карџиќ.[301] Податоци за

[293] Вл. Влаховић, **Наколико запажања о народним**... 87; Митар С. Влаховић. **О слепим гусларима у јужној Србији**... 105; Конст, Иричекъ, **Княжество България**... 98; Х. Поленаковић, **Банђелов „Болен Дојчин"**, Прилози проучавању народне поезије, г. VI, св. 2, Београд, 1939, 281; Јован Цвијић, цит. дело, 463, 480; АЕ 119/I-а... 39; АЕ 109/II-а... 36.

[294] АЕ 119/I-а... 38-39.

[295] Бранко Русиќ, **Сеќавање на Апостола**... 47; АЕ 246... 12.

[296] Според сеќавањето на Тоде Проско, жител на Прилеп, пензионер.

[297] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 190.

[298] АЕ 109/II-г... 16.

[299] Fr. Lebrun – M. Voinesku, **Macedonia**, Busarest, 1911, 71.

[300] АЕ 109/II-г... 8.

[301] Вук Стеф. Караџић, **О српској**... 225.

нив и примери беше добил од бројните информатори, посебно од свештеникот Аврам Паниќ. Паниќ во 1840 год., меѓу другото, ќе му соопштува дека среде војводинските просјаци–гуслари забележал и некои посебни, дотогаш непознати песни, кои, според него, просјаците–гуслари ги именувале како „преткуќници", „клањалици" и „благодарници".[302] Меѓутоа, анализирајќи ги добиените примероци, Вук Караџиќ, со право, заклучува дека не се работи за три, ами за два вида. Имињата „преткуќници" и „благодарници" и тој ги прифаќа и ги внесува во следните изданија на својот речник. Веднаш потоа, во 1848 год. *„Сербски Летопис"* ќе објави една подолга клањалица[303] а Владимир Каракашевиќ ќе остави и нотирани вакви песни.[304] Слично на него ќе објават и други[305] и сето тоа ќе стане основа и за еден посебен интерес кон нив.[306]

Среде Македонците, а под наслов *„Просјашки песни от Прилеп"* кон крајот на минатиот век ќе објави и Марко Цепенков (СбНУ, I, 1889, 50-51). Според него биле две клањалици и една благодарница, а всушност се две клањалици и две благодарници зашто благодарницата има два дела, чиј прв дел е клањалицата. Покрај тоа, неколку се наоѓаат во неколку книги, а извесен број има и во архивските белешки на разни автори. Покрај, веќе, со прифатени и најчести имиња, клањалиците (прекуќниците) и благодарниците, познати се и како молбеници и благослови.

Обата вида имаат подвлечена и нагласена молбена и тажачка интонација и содржина, и тоа, веројатно, е причина, Твртко Чубелиќ, кој ќе објави неколку хрватски, да ги сместува во тажачките песни, како еден нивен посебен вид.[307] Нивното исполнување секогаш имало редослед. Првин се исполнувала клањалицата, зашто преку неа се упатувало молбеното барање, потоа, откако се добивал дарот, се пеела и благодарницата, а нејзината функција била да се пофали поединецот добротвор и истиот да се благослови. „Мајко" е најчест вокатив, како што е во следната клањалица:

---

302 **Вукова преписка**, књ. II, Београд, 1908, 448.

303 **Серскій Летопис**, 1943, Частъ перва, Матица Сербска, год. XVII, кн. 69, Будим, 145-146.

304 Владимир Каракашевић, цит. дело, кн. 196, 99-104.

305 Светозар Матић, **Наш народни еп и наш стих**, **Огледи и студије**, Матица српска, Нови Сад, 1964, 293; Петър Динеков, **Български фолклор**, първа част, Български писател, София, 1972, 432; Д-р А. Шмаус – Митар С. Влаховић, **О епској песми у Срему**, књ. VII, Београд, 1932, 3.

306 Сретен Л. П. [оповић], **Путовање по Новој Србији**, Издање књижаре Браће М. Поповића у Новом Саду, 297/1; Милош Ђ. Шкарић **Живот и обичаји „Планинаца" под Фрушком Гором**, Српски Етнографски зборник, књ. LIV, књ. 24, 119; Fr. S. Kuhač, cit. delo, 36.

307 Tvrtko Cubelić, **Povijest i historija usmene narodne književnosti**, Zagreb, 1988, 26-27.

– Жалујте на сакат, мале,
На сакат, без нозе, мале,
Од малечко без нозе, мале,
Од малечко без куќа, мале,
Без отац, без мајка, мале:
Парче леб за душа, мале,
Нозе имам, нозе немам, мале,
Една сува, отпадната, мале...[308]

Во зависност од приликите можат да фигурираат и други вокативи, како „сестро", „брате", итн. Подвлечениот, на тој начин, интимитет меѓу оној кој моли и оној кој треба да даде, за цел имал молбата да биде прифатена, а дарот поголем и повреден. Откако, пак, просјаците–гуслари ќе престанат да бидат разнесувачи и чувари на епската и друга традиција, деградирајќи ја до крај пеачката активност, клањалиците и благодарниците ќе останат нивен единствен сочуван поетски регистер и веќе со ништо, освен понекогаш со музичкиот инструмент и по некоја лошо исполнета песна, која повеќе била прозен текст, одошто поезија, нема да се разликуваат од другите, обичните просјаци.

## ЗБОГАТУВАЊЕ НА РЕПЕРТОАРОТ

Основниот фолклорен фонд на просјаците–гуслари потекнувал, скоро по правило, од учителот и тој бил стожерникот врз кој тој понатака се градел и оформувал. Меѓу другите, Коста Михајлов Најче најголемиот број од песните беше ги научил од учителот Ташку. Ванѓел Кипаризоски, според личното сведоштво, исто така, најголемиот дел, особено најбараните и најпопуларните, како што биле *„Аврамовата жертва"*, *„Петрејца добра снаа"*, *„За Станка Дуко"* и др. беше ги научил од учителот Тасе итн. Многумина гиноселе и од својот дом, зашто предавањето на просјачко–гусларскиот занает се случувало во тесниот круг на семејството, но и многу прочуени песнопојци својот репертоар беа го оформиле врз пеачките традиции на семејството.[309]

Репертоарот се пополнувал и со песни од објавените збирки, при што Вуковите биле најпопуларни. Еден поголем дел од песните на Никола Тилев потекнуваат од овие збирки и тоа мошне лесно може да се провери. За слепите и неписмените просјаци–гуслари песни од збирките,

[308] Григорије Божиновић, цит. дело, 6.

[309] Рад. Меденица, **Гусларска традиција Даниловића у Доњој Морачи**, Прилози проучавању народне поезије, г. VI, св. 1, Београд, 1939, 101; Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 35; Dr Gr. Sykora, **Епика у Шоплуку**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, Београд, 1934, 247.

како на Кипаризоски, им ги читале писмените роднини и пријатели.[310] Одреден број биле совладувани и во зимските собирни пункта, кафеаните, крчмите и ановите, но и на долгите маршути, по пазарите, на панаѓурите, во домовите на песнопојните домакини и во други слични прилики.[311] Вака оформениот репертоар, со препознатливи, лични специфики, љубоморно се чувал и само во ретки прилики, кога поединецот станувал учител се предавал на друг.

## УЛОГА

### АВТОРИ

Просјаците–гуслари преку песната станале најдоследните, најангажираните чувари на историјата и најпроверените хроничари на животот на својот народ. Љубоморно и заинтегрирано откривајќи го она што требало да се памети и да се предава, преку песната како основно средство, воспоставија тесни врски и со современиците и со поколенијата.

Нема, така-речи нити еден поважен и позначаен настан од национален и местен интерес што нема да се најде во регистерот на нивните песни. Примери има многу. Одисеј плаче растревожен од пеењето на слепиот Демодок зашто во него се препознава себеси. Исто така и некои од дворјаните на Атила плачат од песните на двајцата пејачи, зашто во нив се спомнуваат и нивните имиња.[312] Филип Вишниќ се движел меѓу востаниците од Првото српско востание, распрашувајќи се за текот на битките, жртвите, јуначкото држење на поединците и сето тоа го преточувал веднаш во песни. Сите песни што се однесувале на ова востание, а се наоѓале во неговиот репертоар биле негови песни.[313] Само што починал Вук Караџиќ поетско известие дал гусларот Саво Матов Мартиновиќ.[314] На Гусларот Џамбиќ, како на дежурен и платен хроничар, кој го држи перото подготвено му се реферирало за сè, за секој позначаен и поинтересен настан.[315] Веднаш по убиството на кнезот Михајло Обреновиќ, меѓу првите, ако не и најрано, просјакот–

[310] Д-р А. Шмаус – Митар С. Влаховић, цит. статија, 7; Рад. Меденица, **Два путујућа слепца-гуслара**... 291; Бор. М. Дробњаковић, **О гуслама и гусларима**... 139; Митар С. Влаховић, **О гусларима око Моравице и Скрапежа**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1938, 105, 107-108; Јован Х. Василевић, **По Кумановској и Скопљанској околини**, (1889), Браство, V, Београд, 1892, 213/27.

[311] Бор. М. Дробњаковић, **Неколико података**... 143; AE 119/I-a... 39; М. С. Лалевић, **Слепи гуслар Љубомир Маричић**, Прилози проучавању народне поезије, г. IV, св. 1-2, Београд, 1947, 146; Fr. Š. Kuhač, cit. delo, 37.

[312] **Гръцки извори за българската**... I ... 117.

[313] Вук Стеф. Караџић, **О српској народној**... 136.

[314] Боривоје Маринковић, **Гуслар Саво Матов Мартиновић о Вуковој смрти**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIX, Београд, 1956, 243-257.

[315] Љубиша Р. Ђенић, **Гуслари на Златибору**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1938, 141.

гуслар Тома Прелиќ, составил песна за крвавиот и несекојдневен настан.[316] Слепиот Михаил Железов се интересирал за интересни настани, за „помени", за „чудо", односно за заедничка смрт на брат и сестра, за убиство на момче и сето тоа го преточувал во песни.[317] Гусларот Хасан Хавиќ селаните ги известувал за најновите вести преку песни,[318] а гусларот Милош Дукиќ ја следел предизбирната трка во 1938 год. и информирал за неа,[319] исто како што правел во 1951 год. и еден друг гуслар.[320] Сите песни што се однесувале за битките на војните на Самуил ги испеале, по сè, самите учесници, ослепените Самуилови војници. Добрскиот просјак–гуслар Никола Тилев испеал многу песни, една се однесувало и на подмолно убиство на Турчин врз христијанин што се случило непосредно во неговото време.[321] Поголемиот дел од песните со хроничарски карактер од репертоарот на Ванѓел Кипаризоски биле негови песни,[322] Лазо Коријарски говорел дека *„со својот ум"* составил многу песни,[323] а Апостол тврдел дека најзначајниот дел од песните што ги пеел, исто така, ги составил самиот. За повеќето од нив, како и за песната *„За балканските држави"*, според него, тој ја измислил и мелодијата.[324]

Доколку, пак, не се експонирале како автори, тогаш сите, до еден, го ставале својот потпис врз фолклорниот материјал, дооформувајќи го и доработувајќи го. Апостол никогаш не се задоволувал со песните што ги добивал од другите, ами ги дотерувал и прилагодувал според својот вкус и вкусот на своите слушатели.[325] Интервенциите на Лазо Коријарски биле од таков размер и значење што тој песните понатака ги третирал за свои. Впрочем, и општо, никогаш, нити една песна нити од еден просјак–гуслар не била предадена онака како што била добиена, дури нити една песна двапати не била испеана на ист начин (најдобар пример во таа смисла се песните со ист мотив, испеани од исти гуслари – раѓањето на Александар Македонски од Јован Михаилов и песните на тема *„Брат брата не рани, тешко што го нема"* од Ванѓел Кипаризоски). Тој постојан и активен однос кон фолклорната материја е една од битните препораки на македонските просјаци –гуслари и нивно посебно значење.

---

[316] А. Шмаус, **Неки облици епског певања у прошлости**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 1, Београд, 1934, 20.

[317] А. Арнаудовъ, **Очерки по българския фолклор**, Издание на Министерството за народното просвещение, София, 1934, 271.

[318] Аноним, **Гуслар репортер**, Политика, 12 март 1939, 19.

[319] Аноним, **Гуслар који је опевао победу и пропаст посланичких кандидата**, Политика, 25 фебруар 1939, 13.

[320] Аноним, **У предизборној агитацији у селима Орашког среза суделују и народни гуслари**, Политика, 23 фебруар 1951, 2.

[321] П. Стоиловъ, **Пѣвческа школа въ с. Добърско (Разлошко)**, Отечество, кн. 22 и 23, 11-12.

[322] Хр. Вакарелски, цит. статија, 413.

[323] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 188.

[324] Бранислав Русић, **Прилепски гуслар Апостол**... 18.

[325] Истиот, **Сеќавање на Апостола**... 47.

**ЧУВАРИ** Секој просјак–гуслар, целејќи да стекне реноме на врвен интерпретартор, кој се бара и се наградува, од кого се учи и се слуша, кој печали понекогаш и мало богатство само со една песна, а кај кого не само уметничките вредности, ами и бројот на фолклорните видови е една од превасходните и битни одлики како естраден уметник, се трудел да открие и да прибере и убава и вредна, но пред сè нова или непозната песна и истата да ја трезонира и да ја објавува за лично, свое богатство. Големо и неповратно паѓање на интерпретаторскиот углед било порачаната песна да ја нема во списокот на личното богатство. Од тие причини, стоејќи постојано буден и заинтегриран, секој поаѓал во истражувачки потфати. Патувал од пејач до пејач, од куќа до куќа, од село до село, од град до град. Со љубомора и арамиски се следеле настапите на подобрите пејачи. Се учеле песни и од објавените песнарки. Примерот со Наум Слепиот, кој, како што тврди Марко Цепенков, само од Цепенковата тетка научил над 160 песни е најилустративен.

Иако има негации и омаловажување на значењето и улогата што ја имале просјаците–гуслари[326] општата оценка е дека тие одиграле посебна улога во литературниот фолклор. Вук Караџиќ ги наполна своите збирки со бисерите на епското пеење токму од просјаците – гуслари,[327] митрополитот Стратимировиќ ги ценеше многу високо,[328] има тврдење дека токму благодарејќи им ним Марко Крале ја доби онаа голема, иако незаслужена слава,[329] а Милица Стојадиновиќ-Српкиња пишуваше дека тие *„се единствените чувари на нашите народни песни"*.[330]

Ако се има предвид дека и македонскиот простор бил презаситен од неброена цифра просјаци–гуслари кои располагале со стотици, дури и со илјадници песни, тогаш сосема е јасно какво богатство се наоѓало кај нив (тие беа *„едни од создавачите и чуварите на македонската народна епика"*, е една од честите оценки[331]). Секоја нивна смрт претставувала и закоп на богатството со немерливи вредности, насилно изумирање и кастрење дел по дел, гранка по гранка на разгранетото македонско фолклорно стебло. Дури и кога македонската народна песна, особено епската, започна да исчезнува и изумира, токму просјаците–гуслари останаа најдоследните и последните чувари. Многумина кои го истражувале македонскиот фолклорен терен во

---

[326] Анте Матекало, **Слепци нису били никада носиоци народне песме**, Време, 16 јул 1939, 13; Владимир Дворниковић, цит. дело, 568.

[327] Миодраг Матицки, **Епика устанка**, Рад, Београд, 1982, 7-55; Ilija Nikolić, **Novi podaci o Vukovim slepim guslarima i pevačima**, Socijalna misao, g. XI, br. 2, Zagreb, 1964, 57-60.

[328] Теодора Петровић, **Митрополит Стеван Стратимировић и наша народна песма**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, Београд, 1934, 165.

[329] Ф. Костић, **Зашто ја Марко Краљевић иако незнатна историјска личност „постао највећим јунаком народним"**, Време, 20 август 1926, 5.

[330] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 92.

[331] Д-р Коле Симитчиев, **По прашањето за потеклото на македонскиот народен еп**, Македонски фолклор, г. I, бр. 1, Скопје, 1968, 47.

првата половина од овој век, со вистинско изненадување откриваат дека таа, со највредните одлики, скоро исклучиво живее меѓу просјаците–гуслари,[332] и тоа, можеби, причина е за тврдењето дека крајот на овие интерпретатори е крај и на македонската епика.[333]

**СЕЈАЧИ** Необично сподвижни и динамични, игнорирајќи ги етничките, јазичните и другите разлики, граничните, топографските и други препреки, просјаците–гуслари станале најупорните сејачи на мотивите. Без нивната радиоактивна улога, фолклористичката карта на Балканот и светот би била поинаква. Тоа нивно значење, одамна е забележано и регистрирано. Вук Караџиќ многу рано ќе открие дека, покрај патниците и ајдутите, слепите просјаци–гуслари, ставајќи ги на прво место, биле главните распространувачи на песните во Србија („*Песните јуначки*, вели тој, *најмногу ги разнесуваат слепите, патниците и ајдутите*").[334] Исто така главните „*агенти*", според едно тврдење, на бугарската народна песна, посебно епската, исто така, биле просјаците–гуслари.[335] Прочуената пејачка на народни песни од Шапинец, Стана Владисавлевиќ, за своето фолклорно богатство, ќе говори вака: „*Одев по манастирите кога имаше слави и секогаш сакав да ги слушам слепите и од нив имам научено многу песни*".[336] Еден прочуен тетовски пејач, кој знаел и многу „кралски песни" сите ги имал научено од прилепските просјаци–гуслари.[337] Од овие интерпретатори биле научени и сите епски песни познати меѓу Мијаците во поново време.[338] итн.

Ако такво значење имале во поблиското минато, тогаш во услови на ограничена слобода на движењето заради законот на крепостништвото, како слободни луѓе, кои не подлежат на никакви стопирања, кои не припаѓаат ниту на едно место ниту на еден газда, не влегуваат ниту во еден пописен дефтер и не плаќаат никакви даноци,[339] нивната улога како сејачи во Турската империја, каде владееле тие ограничувања во вековите на подалечното минато, е незаменлива. Па ако Македонија имала клучна улога во појавата на некои епски песни, како што се претпоставува, посебно во Кралимарковскиот циклус, тогаш македонските просјаци–гуслари во најраниот период имале и клучна улога во нивното ширење низ Балканот.

---

[332] Јован Цвијић, цит. дело, 463, 480, Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија, 121, Д-р А. Шмаус – Митар С. Влаховић, цит. статија, 3; А. Шмаус, **Неки облици**... 17, 23; Д-р Коле Симитчиев, цит. статија, 17.

[333] Јеремија Павловић, **Стари живот и обичаји народни по народним песмама**, Издање Књижаре Рајковића и Ђурковића, Београд, 1926, 93.

[334] Вук Стеф. Караџић, **О српскоj народноj**... 97.

[335] В.Йордановъ, **Крали Марко въ българската народна епика**, Сборник на Българското книжовно дружество въ София, I, София, 1901, XVI.

[336] Dr Magdalena Šulc, cit. statija, 16/16.

[337] М. Арнаудов, **Очерки**... 270.

[338] Toma Smiljanić–Bradina, **Pleme Brsjaci**, Narodna starina, knj. X, Zagreb, 1931, 88.

[339] Александар Матковски, **Крепосништвото во Македонија во време на турското владеење**, Институт за национална историја, Скопје, 1978, 45, 47, 53.

# ЦЕНТРИ И ПРОСЈАЦИ–ГУСЛАРИ

# CENTRES FOR BEGGAR-GUSLE PLAYERS

In the past there were quite e few centres for beggar-gusle players in Macedonia, but in the last century there were only about ten, the more important being the ones in Bitola, Dobrsko, Prilep, Veles and Ohrid. Not so well known, but still important, were the centres in Mariovo, Strumica, Malesevo, Kratovo-Zletovo and in some other places. The centres were not permanent: they appeared and disappeared and reappeared, periodically. One of the older and more developed was Slepsche Centre. Many who have studied the phenomenon and importance of the beggar-players and their centres point out that especially important for their appearance was the Macedonian tragedy connected with the blinding of Samuilo's soldiers, who, according to them, originated in Bitola, Prilep and Ohrid.

One of the last representatives of the Bitola Centre was Kosta Mihailov Naiche. He died in 1936 and this centre died with him. The last classes in playing the gusle were held in the 1920s in the secondary rooms of the church St. Michael Gavril (Dovledzik). The last representative of the centre in Dobrsko was Konstantin (Dine) Kidinov, and of the Prilep Centre it was Apostole Sekulovski. Some musicians, however, held a special place in the centres. In the Bitola Centre that place belonged toTashku Pavlov from Krushevo, in the Dobrsko Cetre to Nikola Tilev (or Telev), in the Ohrid Centre to Naum the Beggar (or Naum the Blind), who is said to have known an enormous number of songs, mostly epic, and among them an old, unknown one about the Turkish conquest of Ohrid. Besides him, Vangel Kiparizoski was another important figure in the Ohrid Centre.

Of the beggar-gusle players who did not belong to any centre, but were interesting and exemplary, two from the last century are notable: Philip Mitre from the village of Petorak (near Florina) and Jovan Mihailov from the village of Brodi (near Seres). The former dictated many epic sons, of which only two beautiful ones have been discovered, but those two are enough for him to be treated as „the Macedonian Philip Vishnic"; the latter dictated a collection of about 70 epc songs which was found in the folklore inheritance of Stephan Verkovic.

# РАЗГРАНЕТИ ЦЕНТРИ

## БИТОЛСКИ

**ОД ЛЕТОПИСОТ** Темните, далечни сеќавања, искажани, главно, преку преданијата говорат дека Битолскиот просјачко-гусларски центар суштествувал и пред доаѓањето на Турците на Балканот. Преданието што го регистрирал рускиот фолклорист и славист П. Безсонов во средината на минатиот век, истакнувајќи ја Битола како посебен, односно како *„класичен крај на народните пејачи"*, говори дека источникот на бројните битолски просјаци бил прочуениот и огромен манастир Св. Никола, со кого овој град, како што тврди, нескриено се гордеел.[1] Овој спомен не е осамен, зашто и ред други преданија и пред и по соопштението на П. Безсонов, го потврдуваат тоа. За него говори најстарото забележано предание што го регистрирал Англичанецот Едмунд Спенсер во 1850 год.[2], потоа оние на М. Цепенков,[3] па и турските на Мехмед Тевтик[4] итн. Впрочем, не го потврдува ли неговото постоење и второто име на градот, Манастир?! Цепенков, упорно и педантно броејќи ги џамиите во Битола, за кои тврди дека сите, всушност, се подигнати врз темелите на старите христијански богомоли, заклучува дека Битола имала третман на „Света Гора Македонска".[5] Тоа е од големо значење, зашто, познато е, таму каде што има цркви и манастири, има стечишта и азили за просјаците, а таму каде што има просјаци, има и просјаци–гуслари. Сето тоа, координира и со научните хипотези за староста на Центаров, според кои почетоците треба да се бараат во првите децении на XI век, односно во ослепените Самуилови војници.[6]

---

[1] П. Безсоновъ, **Калѣк перехожіе**, Москва, вып. III, 581.

[2] **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, Подготвил Александар Матковски, Мисла, Скопје, 1992, 30.

[3] Марко К. Цепенков, **Македонски народни умотворби во десет книги**, книга седма, **Преданија**, Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1972, 119-122 (599), 218-223 (673).

[4] **Кратка историја Битољског вилајета**, Споменица у част доласка милог и слободоумног султана у „колевку Слободе" Мехмед Тевфик, мајор, директор војне гимназије, Битољ, Интернационална трговачка штампарија, 1327, Братство, XXVII, београд, 1933, 204.

[5] Марко К. Цепенков, цит. дело, 223.

[6] Йор. Ивановъ, **Беласицка битка, 29 юли 1014 год.**, Известия на Историческото дружество въ София, кн. III, Софи, 1911, 12-14; Истиот, **Български народни песни**, Българска академија на науките, София, 1959, 220-222; Петър Динеков, **Български фолклор**, първа част, Български писател, София, 1972, 230; Алаксандар Матковски, **Отпорот во Македоија во времето на турското владеење**, том II, Мисла, Скопје, 1983; 14; д-р Коле Симитчиев, **По прашањето за потеклото на македонскиот народен еп,** Македонски фолклор, г. I, бр. 1, Скопје, 1968, 46-47.

Просјаците, впрочем, останале вечен и упорен препознатлив знак за Битола низ сиот Балкан. Тие се втиснале многу силно и во фолклорот. Најпопуларната поговорка и клетва, поврзана е со нив. *„Во многу краишта на вилаетите*, пишува во крајот на минатиот век А. Шопов, *често ја употребуваат поговорката „Битолски „просјак" кога сакаат некого да укорат или да го понижат"*.[7] Во разни варијанти беше го преплавиле балканскиот простор и беше дошле и до нашите дни. Меѓу другите, забележани се и овие: *„Битолски просјак"* и *„Битолски слепец"*,[8] *„Ги зацрвил муцките како битолски просјак"*,[9] *„Станал како битолски просјак"*, *„Вратот му е како битолски просјак"*,[10] *„Битолски слепци да водиш"*,[11] или *„Да даде господ битолски слепеци да водиш!"*,[12] *„Се истопорил како битолски просјак"*[13] итн. Меѓутоа, не само кратките фолклорни жанри, ами и песните, посебно епските регистрирале множество податоци за нив.[14] Покрај фолклорот, за нив говорат и живите сеќавања. Ј. Х. Васиљевиќ, кој во крајот на минатиот век кратко време службувал во српскиот конзулат во Битола, вели дека *„во Битола има многу просјаци од кои најголемиот број се христијани"*.[15] Ги имало во несмален број и меѓу двете светски војни,[16] за време на втората бугарска окупација,[17] а тие се и денешна слика на градот.

---

[7] А. Шоповъ, Изъ **живота и положение на Българитѣ въ Вилаетитѣ**, Пловдивъ, 1893, 360.

[8] П. Чилевъ, **Тайниятъ езикъ на слѣпцитѣ въ Битолско**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XVI-XVII, София, 1900, 876.

[9] Любенъ Каравеловъ, **Записи за България и Бъгарете**, София, 1930, 148.

[10] Йор. Ивановъ, **Беласицката битка**... 15.

[11] Сретен Л. П[оповић], **Путовање по Новој Србији**, Издање књижаре Браће М. Поповића у Новом Саду, 297/1.

[12] А. Ђ. **Битољ град који умире**, Време, 11 август 1937, 7.

[13] Архив на Макдонската академија на науките и уметностите, фонд Бранислав Русиќ (Понатаму АЕ) АЕ 109/II-в... 40.

[14] В. Йордановъ, **Крали-Марко въ българската народна епика**, Сборник на Българското книжевно дружество въ София, I, София, 1901, XVI-XVII.

[15] Д-р Јован Хаџи Васиљевић, **Град Битољ**, Београд, 1911, 30.

[16] А. Ђ., цит. статија; Коста Н. Костић, **Наши нови градови на југу**, Српска књижевна задруга, Београд, 1922, 9; Аноним, **Просјаци**, Битољски радикал, г. I, бр. 2, 26 јануара 1922, 3; Аноним, **Помоћ сиротињи**, Радикал, г. I, бр. 7,31 јули 1920, 2; Аноним, **Просјачење у Битољу**, Нови сјај, Битољ, г. III бр. 29-30-31, септембар-новембар 1936, 3; В. и Нови сјај бр. 32, бр. 37-38-39, бр. 42-43-44; Аноним, **Просјачко питање**, Нови сјај, г. III, бр. 28, август 1936, 3; Д-р Трајче Грујовски, **Битола на мојата младост**, Мисирков, Битола, 1987, 56-57 итн.

[17] Аноним, **Борба съ просията**, Пелистерско ехо, г. I, бр. 9, 28 февруари 1942, 2.

Сепак тоа се општи рамки и наговестувања за просјаците–гуслари и за Центаров. За прв конкретен податок може, за жал, да се смета оној што го дава бугарскиот фолклорист П. Славејков. Во малата збирка песни, озоглавена како *„Бугарски песни"* објавени се вкупно девет, од кои три ги издиктирал битолски просјак–гуслар. Тоа се песните број 4 со 104 стиха, бр. 5 со 172 стиха и песната бр. 9 со 98 стиха, што ќе рече сите епски песни. Сите биле испеани на источно-бугарско јазично наречје, со што се открива сподвижноста на битолските просјаци–гуслари.[18] Понатака бугарското списание *„Знание"*, кое излегувало во Букурешт во 1875 год. носи соопштение дека балдевските и битолските просјаци–гуслари, слично на украинските, занаетот го предавале во кругот на семејството, не двоумејќи се понекогаш решително едно од децата да го ослепат или осакатат.[19] Спомнувајќи си за нив, Ј. Х. Васиљевиќ, забележал: *„Писателот на овие редови памети дека битолските слепи доаѓаа дури до Куманово и Врање и дека гудеа и ги рецитираа јуначките песни"*.[20] Ист таков запис оставил и Св. Вуловиќ,[21] а Сретен Л. Поповиќ тврди дека во Београд во крајот на минатиот век ги имало во неброена цифра.[22] Иван Иваниќ, секретарот на српскиот конзулат во Солун, кој помалку се бавел и со проблемите на фолклорот и берел и фолклорни материјали, што ќе рече дека бил личност на која може да му се верува, известува дека во Солун во голем број доаѓале просјаци –гуслари, и скоро сите, според него, биле од битолскиот крај.[23] За да го проверат тоа на лице место, неколкумина доаѓаат специјално во Битола. Во крајот на минатиот век тоа го прави битолчанецот, натурализијарниот софијанец, П. Чилев. Открива дека во Битола навистина постоеле просјаци–гуслари, но во негово време во редуциран број. Открива, исто така, дека живееле по правилата на еснафот, значи имале и еснафски празник (Св. Петар, Св. Никола и пророкот Илија), дека како и сите еснафи имале и таен говор, а дел од него и го регистрирал.[24] Во почетокот на веков, по некое друго главно задолжение доаѓа и писателот Грговије Божовиќ, но истовремено ги истражува и битолските просјаци–гуслари. Од него остана ценетата

[18] **Показалец на печатенитѣ прѣзъ XIX вѣкъ български народни пѣсни**, отъ Антонъ П. Стоиловъ, I, 1815-1860, Българска академия на науките, София, 1916, 200/419, 201/420, 24/422.

[19] **Знание**, г. I, бр. 10, Букурешт, 160.

[20] Д-р Јован Хаџи Василевић, **Прилеп и његова околина**, Београд, 1902, 188.

[21] [Светислав Вуловић], **Белешке и белешчице**, Годишњица Николе Чупића, књ. XIV, Београд, 1894, 267.

[22] Сретен Л. П[овић], цит. статија.

[23] Иван Иванић, **Маћедонија и Маћедонци**, кн. II, Нови Сад, 1910, 149.

[24] П. Чилевъ, цит. статија.

документарна проза „*Битолските клетници*" која обилува со факто-графски материјал.[25] Научните истражувања обелоденети во публикувана докторска дисертација откриваат дека во Битола во крајот на минатиот век со гусларството активно се бавеле и од него живееле десетина битолчани.[26] Сето тоа претставува значаен материјал за неговата реконструкција. За многумина научници веќе нема никаква дилема дека тој постоел и дека бил најзначајниот на Балканот. Тоа го тврди П. Безсонов,[27] М. Дринов и В. Јорданов,[28] Јордан Иванов,[29] Матија Мурко,[30] А. П. Стоилов,[31] Д. Недељковиќ,[32] Љ. Савиќ,[33] Бр. Русиќ,[34] В. Каракашевиќ,[35] К. Симитчиев,[36] В. Илиќ[37] и др.

Податоците говорат дека битолските просјаци–гуслари биле необично сподвижни и дека ја крстареле не само Македонија, ами голем дел и Балканот. На исток доаѓале до Црно Море (оттаму и објаснувањето зошто забележаните песни од П. Славејков од битолскиот просјак биле издиктирани на источно-бугарско наречје). Преку Врање и Ниш се појавувале не само во Београд, ами и во богатите населени места во Војводина. Еден клон се одвојувал на запад, па преку опасните планински премини, теснини и врвови на Црна Гора, се појавувале и на Јадранското Море. На товарни коли или со товарни животни, со многу торби во кои го береле испросеното и со своите гусли ги сееле мотивите на народните умотворби што беа ги понеле од Македонија и од другите места што ги посетувале. Нивниот музички инструмент во почетокот

---

[25] Григорије Божовић, **Приповетке**, Српска књижевна задруга, Београд, 1926, 7-14.

[26] Милош Хр. Константинов, **Занаети и еснафи во Битола и околијата причини за развиток и опаѓање со осврт врз нивната улога во 19 и 20 век**, Научно друштво, Битола, 1961, 66.

[27] П. Безсоновъ, цит. дело, 581.

[28] В. Йордановъ, цит. статија.

[29] Йордан Иванов, **Българските народни**... 220-222.

[30] D-r Matija Murko, **Tragom srpsko-hrvatske narodne epike, putovanja u godinama** 1930-1932, Zagreb, 208, 209, 213, 214, 326, 329.

[31] А. П. Стоиловъ., **Пъвческа школа въ с. Добърско (Разлошко)**, Отечество, кн. 22 и 23, 11-12.

[32] Д-р Душан Недељковић, **Разматрања на изворима старе македонске епике**, Зборник радова Етнографског института САН, књ. 1, Београд, 1950, 44.

[33] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих Србије**, први део, Савез слепих Србија, Београд, 1964, 68-69.

[34] Б. Русиќ, **Македонските гуслари**, Нова Македонија, Скопје, 16 август 1932 (Забавен прилог).

[35] Владимир Каракашевић, **Гусле и гуслари**, Летопис матице српске, књ. 195, Нова Сад, 1898, 37.

[36] Д-р Коле Симитчиев, цит. статија, 46-47.

[37] Д-р Воислав Илиќ, **За народниот поет од Дебар Јован Тантуре** (Кон прашањето на авторите и интерпретаторите на народното творештво), Македонски фолклор, г. II, бр. 3-4, Скопје, 1966, 214.

бил еднострунатата гусла. Древената пластика на портата од манастирот во С. Слепче (Битолско – Д. Хисар), а која потекнува од XIV или XV век, недвосмислено го потврдува тоа. Англичанецот Едмунд Спенсер во 1850 год. сретнал гусла идејќи од Прилеп за Битола.[38] Заради флексибилноста полека се истиснувала и се заменувала со двеструна или триструна. В. Ѓорѓевиќ, кој во 1925 год. 4 месеци престојувал во Македонија и го истражувал фолклорниот терен, забележал: *„Гусли од Битола се со две струни од црева, а во другите места се исти како во останатите наши краишта, со една струна од коњски влас"*.[39] Битола не само што испраќал ами и прифаќал просјаци–гуслари. Ј. Цвијиќ истакнува дека во градот се знаеле ановите во кои обитувале и битолски, но и другите просјаци–гуслари.[40] Анот на Насе калаџијата, на пример, кој се наоѓал кај Ат-пазар, ги прифаќал главно прилепските просјаци–гуслари, кои со товарна кола доаѓале пред празниците или пазарните денови.[41] Таков ан кај месноста Кури Чешме, подоцна познат како Кичевски ан (денес на ул. Иван Милутиновиќ) се специјализирал во прифаќањето на другите просјаци–гуслари.[42] Во хотелот „Солун" на Ташку Палигора исто така се береле бројни домашни и туѓи просјаци–гуслари[43]. Битола ја посетувале не само просјаци–гуслари, ами и гуслари чие име со почит се изговарало не само во Кралска Југославија, ами и во странство какви што биле Г. Перуновиќ,[44] Обрад Шимин[45] итн.

Меѓутоа времињата се изменија. Фолклорниот интерес се пренасочи од епската на лирската песна која стана доминантна и основна во фолклорното живеење на Битола и Битолско.[46] Остана само уште по некој просјак–гуслар покрај црквената порта кај Св. Недела или некој како осамен и напуштен патник како чука од порта до порта по битолските домови. Последните часови во 20-те години по гусларството можеа уште да се слушат во помошните простории на црквата Св. Архангел Гаврил (Довлеџик) каде учителот Ташку го предавал музичкото и певачкото искуство на својот ученик Коста Михајлов Најче, последен претставител на Центаров. Тој не доби подмладок и со него тој центар наполно знасна.

---

[38] **Македонија во делата на странските патописци**... 1850-1864... 21.

[39] Тодор Маневић, **Нашинци**, Предговор на В. Ђорђевић, Београд, 1933, XV.

[40] Јован Цвијић, **Балканско полуострво и јужнословенске земље**, Завод за издавање уџбеника Социјалистичке републике Србије, Београд, 1966, 490.

[41] АЕ 109/II-г... 7.

[42] АЕ 109/II-а... 36.

[43] Григорије Божовић, **Приповетке**, Српска књижевна задруга, 1940, 62.

[44] **Јужна звезда**, г. I. бр. 33, Битољ, 23 новембар 1922, 2.

[45] **Кајмакчалан**, г. I, бр. 1, Битољ, 1 децембра 1936, 2.

[46] Вл. Влаховић, **Неколико запажања о народним песмама у Битољу**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. XIII, Београд, 1938, 86093.



Помошните простории на црквата Св. Архангел Гаврил во Битола (Довлеџик) каде се одржаа последните часови по гусларство во Битолскиот просјачко-гусларски центар

The secondary rooms of the church of St. Archangel Gavril in Bitola (Dovledzik) where the last classes in playing on the gusle were held, at the Bitola Centre for Gusle Beggar-Players

**ТАШКУ ПАВЛОВ**
**(Ташку Чавкар, Ташку Влао, Ташку Крушевчанецо)**

Еден од последните претставници на Битолскиот просјачко–гусларски центар, кој остави траги и во битолското гусларство, но и во репертоарот на битолските просјаци–гуслари, како и на другите, е крушевчанецот Ташку Павлов. Според едно народно предание роден е во далечната 1835 год.[47] Фоторгафијата што е објавена, како да го потврдува тоа.[48] Рано, уште како дете останал слеп, меѓутоа очите не му биле „истечени". Со триструна гусла спечалил куќа во Крушево, со неа го прехранувал и семејството и четирите деца (три сина, кои кога пораснале станале калаџии и ќерката). Постојано врталиште му биле кепенците на една

---

[47] АЕ 199/I-a... 19.

[48] Fr. Lebrun – M. Voinescu, **Macedonia**, Bucarest, 1911, 34.

крушевска фурна, но и дворовите на крушевските цркви. Додека децата му биле помали, го воделе низ крушевските улици, потем таа улога ја зеле платените водачи. Со нив патувал и низ околните села и градови. Занаетот го научил од прилепчанецот Колич, а патувал надвор од Македонија со тајфите на својот учител или на Павле.



Ташку гусларот во дворот на крушевска црква (1910 год.)

Tashku the gusle player in the yard of a church in Krushevo (1910)

Во 1910 год. од непознати причини трајно се преселил во Битола и остатокот на животот го поминал тука. Тука и умрел. Во регистерот на последните просјаци–гуслари што го направи во 1936 год. Митар Влаховиќ го нема неговото име, што ќе рече дека веќе е мртов. Во Битола живеел во помошните простории на црквата Св. Михаил Гаврил (Довлеџик) каде ги држел и последните чсови по гусларство во Битола. Ученик му бил последниот битолски просјак–гуслар Коста Михајлов

Најче. Со него, откако овој го испекол занаетот, патувале заедно по битолските улици, но и низ околијата. Репертоарот му се состоел од македонски и влашки народни песни. Знаел јуначки, религиозни, љубовни, но и други видови. Старите влашки легенди, но и печалбарските му биле *„длабоко потресни"* (*„Колку разделби, колку долги исчекувања беа искажани во тие старински песни!"*, се сеќаваат двајца кои го слушале). Гласот му бил пригушен, но мек и пријатен. На гуслата свирел вешто.

**НЕСТОР ЦРНИО** Во врска со Нестор Црнио, кој заради што бил Ром или зашто личел на Ром и бил повеќе познат како Нестор Ѓуптино, низ Битола во 20-тите години од овој век кружело потресното предание, толку блиско на животните истории што ги раскажувал Б. Станковиќ во *„Божји луѓе"*. Според него, необично големото материјално богатство, содржано само од чисто злато, а наследено од богатиот татко, но и зголемено и проширено од вештиот



Нестор Црнио од Битола, сликан во фотоателје (1896 год.)

Nestor the Black from Bitola, photographed at a photographer's studio (1896)

трговец Нестор, било ограбено само во една вечер. Разбојници влегле во нивната куќа на Баиро и го одвлекле со себе. Стресот од драматичните часови што го доживеал било причина тој да се „штукне" од умот, да ја напушти работата и старите пријатели и, пропаднат целосно, да се оддаде на просење.

Лебот натаму го печалел со песните, од кои најмногу ги пеел лирските, оние што биле популарни во Битола во ова време. Пеел меко и занесно, а најмногу ги сакал песните *„Ој, девојче, мамино галениче"*, *„Зошто си кажало, рекнало"*, *„Кој ти го купи фустано-фустано"* и песната *„Невесто, око калешо"* чии први стихови се: *„Невесто, око калешо, / Изведи коња дорија, / Утре ќе одам в Србија"*... Филозофски говорел дека песните му се *„стока на господа"* и дека најдобрите не излегуваат од устата, ами од градите. Некои ги придружувал со кавал.[49]

**ТАЛЕ МИТРЕВ (Тале Гајдаџијата)**

Тале Митрев, или познат како Тале Гајдаџијата му припаѓал на најтешката сиромаштија и на најдолните клетници. Немал никого. Кога умрел во 1925 год. во Битолската окружна болница никој не се јавил да ги подигне посмртните останки, па закопот паднал на терет на општинските фондови.[50] Други податоци, за животот, репертоарот и како ги исполнувал своите нумери, нема.

**СРЕБРЕН (Сребрен Кривогаштанец)**

И за него нема многу податоци. Поаѓајќи од прекарот треба да се претпостави дека родното место му било (или оттаму се преселил) селото Кривогаштани. Бил познат свирач и пејач на македонски народни песни во Битола меѓу двете светски војни.[51]

---

[49] Григорије Божовић, **Приповетке**... 1926... 11-14.

[50] Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Фонд Градско поглаварство на гр. Битола, Записничка книга 15,3 мај 1925, 257.

[51] Григорије Божовић, **Приповетке**... 1940... 61.

**ЈОВАН НЕСТОВ ЦВЕТКОВСКИ** Бил роден во последните децении на минатиот век во село Утово (Демир Хисар). На тригодишна возраст семејството му се преселило во с. Вранешница, од каде, кога имал 14 години, дошол во Битола. Во почетокот, како и сите соселани, се бавел со пекарскот занает, потоа, откако наполнил 33 години, се определил за свирачкиот и пеачкиот занает, колку од желба, толку и од нужда. Песните ги придружувал со гајда. Знаел многу, а меѓу епските, една му се однесувала за Марко Крале.[52]

**КОСТА МИХАЈЛОВ НАЈЧЕ (Најдо, Кочо Ѓуптино)** Коста Михајлов Најче е последниот претставител на битолската просјачко–гусларска традиција и тоа е главната причина да го има третманот на жив споменик. Го познавале сите. Ги украсувал со песна и свирка семејните и други свечености, бил чест гостин и во меанските, кафеанските, анските и други развлеченија. Учениците од средните училишта го одбирале за тема на семинарските работи и неговиот дом постојано бил опседнат од нив. Се појавувал и на школските бини при годишните и други празници.

Според податоците што ги оставил еден од синовите, Сотир, бил роден во Битола во 1880 год. меѓутоа, ќерката Фана тврди дека бил роден во с. Извор (Велешко). Во Битола, според неа дошол откако му умреле и таткото и мајката. Сиракот, третирајќи го за свое дете, го прибрал во својот дом и дуќан, јорганџијата Пепејчо, верски занесеник, кој се обидувал да прави добри дела и да се покалуѓери. Нему младиот Коста му се обраќал со „вујко" а неговата жена ја именувал со „вујно". За неговото слепило постојат неколку верзии. Едната говори дека е роден слеп, другата дека го ослепила љубормона Ромка, а третата дека ослепил од ненадеен удар со камшик, додека чевртата дека го ослепиле нечисти сили на 18-годишна возраст. Се оженил на 21 година со полу-слепа девојка од Крушево, Ката. Со неа добил четири деца, три машки и едно женско. Умрел, според едно тврдење во 1935 година, а според друго во 1838 год. во својата куќа на Баиро (Кај Зарија), купена со просење. Закопан е во Светонеделските гробишта во Битола, до жената, која умрела неколку години пред него.

Да свири на гусла научил од Ташку Павлов, од него го примил и репертоарот. Во почетокот, по двегодишниот престој кај учителот,

[52] Митар С. Влаховић, **О слепим гусларима у Јужној Србији**, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. шеста, Београд, 1931, 105/1.

просел првин заедно до учителот, а потоа, откако се осамостоил, патувал со водачот Ѓорѓи, окат и здрав маж низ Мариово, Демир Хисар, но и во Битолско, како и во градовите Ресен, Кичево, Охрид и др. Патувале пеш, водачот врвејќи напред, а Коста зад него, држејќи се со раката за неговото рамо или рака. Гуслата му ја изработил прилепски мајстор и на неа свирел не така вешто. Песните, од кои најбројни му биле ајдутските и револуционерните, но и „побожните" ги пеел со мек и чист глас. Истите, приближувајќи ги до вкусот на слушачите, ги доработувал, односно ги крател и дополнувал. Неколку забележани, ги потврдувалат изречените судови, дека не само што бил слаб свирач, ами дека бил и слаб пејач.[53]

**ТРАЈАН СЕКУЛОВСКИ** Од село Облаково, Битолско, покрај Апостол, ќе излезе уште еден познат слеп пејач, Трајан Секуловски. Роден е 1883 год. Бидејќи имал необично долг, скоро 100-годишен живот, заедно до Мустафа Мустафовски е еден од последните претставници од поновата генерација пејачи, со кои конечно ќе згасне Битолскиот центар.

На едногодишна возраст, по несреќен случај (паѓање во разгорено огниште) останал делумно слеп на едното и наполно слеп на другото око. Тоа станало и семејна трагедија, зашто од последиците на стресот набргу му умрела мајката, а по неа и таткото. Неспособното, малолетно дете паднало на грижа на блиските роднини и тоа траело додека не се оспособило самото да се грижи за себе. Качен на коњ, со возрасни водачи, но и врсници – деца, патувал од село до село и со песната заработувал и за себе и за водачите. Во една прилика патувал дури во некои градови во Грција. Бидејќи, пак, не бил сосема слеп, понекогаш ја прифаќал улогата на водач. Му бил водач на Апостола, со кого го врзувале и родбински врски, но и на слеп Русин, свирач на гусла и пејач на македонски јуначки песни, со кого патувал држејќи го за рака.[54] Се оженил со девојка од с. Галабовци, Битолско, со постапка „*подметнат зет*", институција што била позната во минатото и која ја познава и народната песна. Имено, наместо на свршувачката и на

[53] Исто, 106-107; Герхард Геземан, **Извештај о проучавању Јужне Србије на терену**, Нова истраживања и наордном епу у Вардарској Бановини, Гласник Скопског научног друштва, Скопље, 1932, 197; Ранка Софревска, **Македонските гуслари со посебен осврт на битолскиот гуслар Коста Михајлов, Фолклорот и етнографијата на Битола и Битолско**, Македонска академија на науките и уметностите, Друштво за наука и уметност – Битола, УНК „Илинденски денови" – Битола, Битола, 1981, 551-561; АЕ 246... 7; АЕ 109/I-б... 4; АЕ 109/II-а... 36; АЕ 199/I-а... 20; Според сеќавањето на Фана Коста Велјановска, 75 годишна домаќинка, ќерка на Коста Михајлов (20. V. 1991).

[54] Според сеќавањето на Илија Алушевски, пензиониран професор од Битола.

свадбата да се појави тој, испратиле друг, привлечен млад човек. Кога се открила измамата, било доцна да се реагира, зашто, според обичајот и законите од Кралска Југославија не бил дозволен развод. Во 1951 год. откако се преселил во Битола, се вработил во ГРО „Бетон" како коњушар, но не престанал да ги пее своите песни, од кои најголем дел беше ги научил од Апостола, но и од слепиот Русин. Дел од нив забележал Ж. Фирфов, а дел се објавени во една понова збирка од народни песни.[55] Најмногу биле љубовни, но во репертоарот имал и семејни и „смешни". Епските ја немаат епската интонација и сижета. Умрел 1980 год.[56]

**МУСТАФА МУСТАФОВСКИ** Мустафа Мустафовски по националност е Турчин. Роден е во Битола и останал слеп во првите денови од животот, по нестручното лечење на гурелавите очи што го применила мајката. Иако од едното око сосема



Мустафа Мустафовски (1991 год.) / Mustapha Mustaphovski (1991)

малку гледа, низ градот се движи сосема сам. Знае македонски и турски народни песни. Во 1988 год. имал настап и преку Радио-Битола, кога, меѓу другите, ги испеал и песните: *„Димко Могилчето и Качак*

---

[55] Ѓорѓи Белџигеровски, **На угари без другари**, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1989, 345.

[56] Според сеќавањето на ќерката, Томислава Секуловска, пензионерка од Битола (1. VI. 1991).



Детал од муралот "Битола бабан Битола" од Борко Лазевски во холот на Битолската пошта. Просјакот-гуслар е Апостол гусларот

A detail from the "Bitola Babam Bitola" mural by Borko Lazevski in the hall of the Post Office in Bitola; the gusle beggar-player is Apostole

*Шефкија*", „*Со маки сум се родило*", „*Ми го сардисале славно Ѓенимале*" и др. Овие, но и поголемиот дел од другите што ги имал во репертоарот ги научил според личната потврда од прочуената битолска чалгаџиска тајфа на Василе. Турските се лирски. Една, која ја третира за лична и ја пее со посебен трепет, говори за слепилото, а првите стихови според неговиот превод, гласат: „*Аир, мајко, да не видиш/ Што ми ги затна очите да не гледам,/ Ни зет ни невеста се сторив*".

Местата каде просел и ги пеел песните, потпрен, главно на ѕидот, била главната битолска улица, некои места од Ѓенимале, Безистенот, Ленски мост и др. Настапувал и по кафеаните. Кога не се придружувал со кавал, песните ги пее со паузи во кои во вид музичко интермецо, имитирајќи го звукот на музичките инструменти се дополнува. Како социјален случај денес живее во Старечкиот дом во Битола, Последно време повторно излегува да проси. Песната „Слепиот пеач" од збирката „*Јазли*" од Петре Андреевски му е посветена нему.

## ПРИЛЕПСКИ

**ОД ЛЕТОПИСОТ** Разгранет и голем по значење, кој не ретко се идентификувал со најголемиот во Македонија, Битолскиот, е Прилепскиот просјачко–гусларскиот центар. Почетоците, како и на Битолскиот, можат да му се поврзат со ослепените Самуилови војници, но и со прилепските бројни цркви и манастири, со панаѓурите, посебно со најголемиот, познат во целата Турска империја, Прилепскиот, но и со локалната и семејната традиција да се има разбирање и почит кон оние што ја имаат потребата од милосрдие на другите. Со тоа значење, многумина дури се наклонети да го истакнуваат како прв во Македонија. Тоа го прави Ј. Цвијиќ,[57] редакторите на многу ценетото дело „*Народите од задгранична Европа*",[58] а пак, М. Влаховиќ, кој, всушност е првиот што започна да го истражува македонскиот терен и да ги проучува нив, говори дека ваквите просјаци–гуслари најмногу излегувале „*од Прилеп и од непосредната околина, а помалку од Велес и Куманово*".[59] Такво значење му придаваат и други, меѓу другите и Љ. Савиќ,[60] Тома Смиљаниќ–Брадина,[61] В. Кличкова[62] и др.

---

[57] Јован Цвијић, цит. дело, 463, 480.

[58] **Народы зарубажной Европы**, I, Академия наук СССР, Москва, 1964, 478.

[59] Митар С. Влаховић, **О слепим гусларима**... 100.

[60] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 68-69.

[61] Toma Smiljanić – Bradina, **Pleme Brsjaci**, Narodna starina, knj. н, Zagreb, 1931, 88.

[62] В. Кличкова, **Народни музички инструменти у Македонији**, Рад конгреса фолклориста Југославије у Неготину 1958, Београд, 1960, 230.

Инаку, и прилепските просјаци–гуслари, како и сите други од нивниот ранг, живееле со животот и правилата на еснафлиите. Се почитувале кодексите на еснафското однесување од секој, колку што било можно, со оглед дека постојано повеќето биле на пат. Се помагале меѓусебно, меѓусебно го предавале занаетот, имале поединци кои го стекнале звањето на „протомајстор", имале и заеднички врталишта, имале и заеднички еснафски празници,[63] засебни продавници во кои го нуделе испросеното за продавање и од каде, кога се појавувала потреба тие или нивните семејства додека биле на пат, позајмувале пари и прехрамбени или други производи. Неколку поединци станале и вистински столбови на еснафот и на Центаров со својот активен однос кон подмладокот и токму тие го направиле Прилеп епицентар кон кого гравитираат сите што не можеле поинаку да егзистираат освен преку гуслата и просењето. Нивните домови станале засолништва на поголемиот дел слепи и хендикепирани не само од Прилеп, Мариово, Тиквешијата, ами и од цела Македонија. Како и сите еснафлии и тие имале таен говор.[64] Биле многу сподвижни и можеле да се сретнат не само во чаршијата во Прилеп, посебно околу часовникот, и во околните села и градови (најмногу во Битола), но и низ многу места низ Балканот. Реално ризикувајќи го спечаленото со многу труд и напор, но и животот, прилепски тајфи храбро се појавувале и во зафрлената и опасна Мијачија. Сеќавајќи се на нив и на нивното доаѓање, научникот и книжевникот Тома Смиљаниќ–Брадина, запишал: „*Одвреме-навреме доаѓаа и „прилепските слепци", кои биле организирани како племе или орда. Доаѓаа на коњи, на чело јаваше нивниот главатар, а зад него слепите пејачи, и по нив множеството сакати, со сакати раце и нозе, со разни болести и скоро сите слепи. Јаваа главно на коњи. Одеа од село до село, гусларите пееја следејќи се со гусли, а народот радо им даваше само да чуе некоја јуначка песна. Овие слепи беа неустрашиви, а особено нивните деца, за кои се раскажуваше дека тие и своите деца по традиција ги сакатат, за да просат, а камо ли некое друго ако го украдат. Тврдеа дека имаат дозвола од царот, така да живеат заради „садака", односно за божји атер. Слепите, значи не пееја само слепечки песни, пееја и јуначки и други*". Од нив тој ќе забележи и две епски песни за кои тврди дека се слики на настани и личности од далечното минато, односно дека првата е поврзана со 1689 год. а втората за XIV или XV век и за кралот Богдан.[65]

---

[63] Марко К. Цепенков, цит. дело, книга десетта, 26.

[64] Исто, 191-196.

[65] Архив на Српската академија на науките и уметностите, Ет. зб. 404, д-р Томо Смиљанић-Брадина, **Стари народни мелоси и песме племена Мијака**, 397, 221-222, 213.

Прилепските просјаци–гуслари имале и богат и разновиден репертоар. Покрај обврзните преткуќници и клањалици, за кои укажува и М. Цепенков,[66] пееле и епски песни, најмногу јуначки. М. Арнаудов соопштува дека во 1916 год. му дале некои податоци за еден покоен, а прочуен тетовски пејач, Мисо (Михаил Колјов) кој пеел најмногу „*кралски песни*" и кој, според информаторите репертоарот беше го пополнил од божјаци (просјаци) коишто доаѓале од Прилеп и кои поаѓале од куќа до куќа пеејќи ги свите песни, со „ѕукла", односно тривел-гусла.[67] Па така, изгледа Ј. Цвијиќ е во право кога прилепските просјаци-гуслари ги прогласува за главни сејачи на „кралимарковските песни" на Балканот.[68]

Прилеп не само што бил центар на просјаците-гуслари, ами станал и центар за изработка на прочуената низ големиот дел на Македонија „прилепска гусла", која ќе стане урнек за многу други. Ја правеле мајстори – дограмаџии. Меѓу последните биле Коста Ковилов(иќ), Трајко Кедиев(иќ) и Борис Лауцев(иќ), кој подоцна го менал занаетот и станал предузимач. Нивните гусли патувале во повеќе градови, посебно во Битола и Охрид, каде што местните дограмаџии се обидувале да ја копираат по облик, размер и музички карактеристики.[69] Инаку, оваа „прилепска гусла" е крајно едноставна во изработката, оспособена не само да ги следи песните во индивидуалните настапи, ами да послужи по потреба и како ороводен инструмент. Наместо со кожа, поклопецот и е од чамова штица, која, за жал, почесто мора да се менува зашто е нежна и лесно се крши. Трупецот ѝ се правел од јаворово дрво, сосема ретко и од ореово и врз него се разтегнати трите жици.[70] Славата на прилепските мајстори ќе да не е понова, зашто изработката ќе да имала подолга традиција. На тоа можеби упатуваат музичките инструменти, меѓу нив една, по сѐ, гусла, што се наоѓаат на портата од Трескавичкиот манастир, а која потекнува од најдлабокото минато.[71]

Крајот на Центаров е 40-тите години на овој век и тој наполно премина во историјата со смртта на последниот претставител, стариот, многу ценет и почитуван, третиран за рудимент на едно одминато, но славно време, гусларот Апостол Секуловски. Тој не прифати подмладок,

---

[66] М. Цепенков, **Просяшки песни от Прилеп**, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, I, София, 1889, 50-51.

[67] М. Арнаудовъ, **Очерки по българския фолклор**, Издание на Министерството на народното просвещение, София, 1934, 270.

[68] Јован Цвијић, цит.дело, 463.

[69] АЕ 119/I-а... 45.

[70] Исто, Митар С. Влаховић, **О слепим гусларима**... 105.

[71] **Македонска резба**, Македонска академија на науките и ументостите, излежбен салон, Скопје, 7-XII-1978, 15-I-1979 (проспект).

зашто немаше таков и заедно со него замина и неговиот занает и уметност, како и уметноста што се градеше низ вековите, можеби и милениуми во Прилеп.

**ЈОНЧЕ**
**(Јоан, Јон Показо)**

Роден бил во село Врпско, но животот го поминал во Прилеп. Бил семеен човек, имал жена – Цвета и син Младен, како и две ќерки, од кои едната се викала Петкана. Неговата куќа во Прилеп била со „плочи". Бил калеш, убав маж, кој внимавал на облекувањето и на облеката. Бил голем љубител на оружјето и со себе носел скриен пиштол. Пријател со Турци, исто така вљубеници на оружјето, им се придружувал на натпреварите со огнено оружје. Кога во една прилика било пронајдено потајно оружје кај него, бил доведен со стража во Прилеп в затвор, но го ослободиле пријателите – Турци. Своите посестрими ги водел на коњот. Умрел на 60-годишна возраст, според едно тврдење во 1860 год.

Свирел и пеел убаво. Со Ристо гусларот и со некои други, односно со тајфата што се состоела од четири коњи и четворица просјаци–гуслари патувал до Кичево, Поречјето, Тиквеш и низ други места.[72]

**НИКОЛА ПЕТРОВ**
**(Коле, Колич, Колиш, Лауц)**

Најпопуларниот просјак–гуслар на Прилепскиот центар, кој исцело му припаѓал на XIX век е Никола Петров, попознат како Коле Лауц. Се претпоставува дека е роден некаде околу 1830 год. во Прилеп во Трајко Маало (според името на Трајко Гогучевски). Татко му се викал Перо, а мајка му, Влаинка, била од Крушево. Рано, на 5-6 годишна возраст ослепил од сипаница. И покрај отпорот на родителите, на десетгодишна возраст им се приклучил на прилепските гуслари и со нив го поврзал натамошниот живот.

Бил калеш, на среден раст и слабичок. Бил молчелив и мирен. Носел ќуфче и се облекувал чисто и убаво. Формирал семејство со девојка од Крушево, Влаинка и со неа добил три сина. Едниот, Михајло, во 1936 год, по сѐ уште бил жив и бил настанет во Битола. Имал добар слух, како и чист и убав глас. Бил добар пејач, а свирел со гуслата привлечно и вешто. Како и некои други прлепски просјаци–гуслари истата ја имал набавено во Прилеп од прочуените мајстори дограмаџии. Во минатиот век станал еден од најзначјните аниматори на развитокот на прилепското гусларство. Неговиот дом се претворил во вистинска школа и генерации прилепски просјаци–гуслари поминале низ неа.[73]

---

[72] АЕ 109/II-а... 21.

[73] Бранко Русиќ, **Сеќавање на Апостола**, Стремеж, год. III, бр. 3-4, Прилеп, 1957, 46; Митар Влаховић, **О слепима гусларима**... 103-104.

Бил организатор и на бројни тејфи, но најчесто соработувал со прилепските, како и со просјаците–гуслари од Мариово, Битола и Охрид, кои ги вклучуват во тајфите. Со нив патувал низ сета Македонија, но и низ разни делови на Балканот, доаѓал дури во подрачја полни со арамии, какви што биле селата на Мијачијата. Меѓутоа членовите на неговите тајфи не секогаш биле задоволни од начинот на распределувањето на испросеното зашто, како што се тврдело, имал обичај поголем дел да присвои за себе. Но неговата популарност и дарот што го имал било причина членовите на тајфите да му прогледуваат низ прсти за таа слабост.[74]



"Прилепската гусла" на Апостол-гусларот

"The Prilep Gusle" that belonged to Apostle the Gusle Player

[74] AE 199/I-a... 13, 15; AE 109/II-a... 13-14; AE 109/II-г... 12, 14; AE 109/II-a... 22.

**ОГНЕ ТАСЕВ**
**(Огне од Крушеани)**

Огне Тасев, попознат како Огне од Крушеани, е еден од постарите и попознатите прилепски просјаци–гуслари од минатиот век. Умрел околу 1870 год. на возраст од 60 години. Потекнувал од земјоделско семејство од Крушеани. Татко му се викал Тасе и бил тутунар. Имал и два браќа, Новче и Крсте. Вториов се преселил во Србија, каде го повлекол и татко и, се чини, никогаш повеќе не се вратиле назад.

Огне бил слеп гуслар, ослепил од сипаници уште како дете. Во Прилеп се доселил во малолетните години и благодарејќи на гуслата и на примерниот начин на живот успеал да стекне мал имот. Купил и куќа и нива. Нивата подоцна морал да му ја предаде на Диме Мушико веројатно заради долгови. Два пати се женел, првата жена му била од Прилеп и била куца, додека другата се викала Зага и била од Крушево и била позната како народна лекарка која лекувала со грне. Со првата добил два сина, со втората уште едно дете. Инаку бил необично силен маж. Во една прилика кога наговиот водач Стеван од Полчишта бил нападнат од Турчин од Мало Рувци, не само што застанал во одбрана на водачот, ами, иако слеп, го претепал напаѓачот. Подоцна пријатели на Турчинот го пресретнале и го претепале, кое било причина долго да боледува, да се лекува („**му ваделе вода од градите**") и да умре.

Како гуслар бил еден од попознатите во Центаров. Имал пријатен глас и вешто свирел на гуслата. Патувал со водач или со тајфи во поблиските, но и во подалечните места. Со тајфата на прилепски гуслари, на чие чело се наоѓал Коле Лауц, во една прилика дошол во Солун.[75]

**ЈОАН СТЕВАНОВ**
**(Јоан Кривио од Врпско)**

Јоан Стеванов му припаѓа на бројната група окати, а сакати просјаци–гуслари. Двете нозе од под колената му биле „суви" и од тие причини во ретките прилики кога патувал, користел налани или товарни животни, пред сé, коњи. Имал купено три коњи и во својата служба ангажирал двајца момоци, кои му помагале и при патувањето, но и во земјоделската, како и во домашната работа. Покрај коњите, кои претставувале сами за себе мало богатство, набавил и булук кози, како и 20-тина овци, а сето тоа го стекнал просејќи. Се срамел да се појавува во просјачки алишта во местата каде што го познавале, од тие причини патувал далеку и од Прилеп, а и од Македонија. Умрел во родното место „од настинка", според едно предание, во 1901 година, а на возраст од 65 години.

Со подеднаков успех свирел и на гусли („ќемане"), но и на гајда, но кога поаѓал на пат ја понесувал само гуслата. Имал пријатен глас

[75] АЕ 109/II-а... 14; АЕ 199/I-а... 15-16.

(„**како ѕвонец**") и свирел вешто. Иако знаел повеќе видови песни („**и радосни и жалосни**"), кралиските песни му биле најубавите.[76]

**ЦВЕТКО ЈОВАНОВ (Цветко круша)** Тој е еден од послабите и помалку познати прилепски просјаци–гуслари. Роден е некаде околу 1854 год. во Кадино Село. Пораснал во Крушево, но егзистенцијата ја побарал, бидејќи рано ослепил, среде прилепските просјаци–гуслари. Негови учители биле членови на тајфите со кои патувал низ Македонија, но и подалеку. Откако се осамостоил на просење поаѓал и сам. Најмногу патувал со водачот Коле Бурда од Варош. Кога доаѓал во Крушево отседнувал во местото познато како „Вурна". Престојувал и во Битола. Имал глас на необично весел човек. Раскажувајќи ги, на пример, своите доживувања од Охрид, ги развеселувал присутните како го „вишол" езерото, како неговиот коњ, изненаден од воденото пространство се исплашил и скокнал и како тој, заради тоа го „заклал со ќемането", како рибите во синото езеро скокале итн. Двапати се женел. Втората жена му се викала Злата. По него останал жив само синот, железарот Калчо. Умрел во 60-тата година од животот.

Не бил ценет како свирач нити како пејач. Репертоарот не му бил богат, а имал и говорна маана, што била негова вистинска пеачка трагедија (гласовите „ж", „ш" и „ч" ги изговарал како „с" и „ц"), што, пак, било причина колегите да го избегнуваат да го вклучуваат во тајфите, а децата од улицата да го задеваат и да му се подбиваат.[77]

**МАРКО (Марко од Варош)** Се родил околу 1870 год., а живеел релативно кратко, само 35-40 години. По детска тепачка со камен му било оштетено едното око, а потоа го изгубил и другото, а веднаш потоа му се „*исушиле*" и нозете и станал еден од најхендикепираните прилепски просјаци–гуслари. Кога не се движел со коњ, се движел на колена. Се женел два пати. Првиот пат зел девојка од Битола („*јарам Ѓупка*"), која, како што се раскажувало, се занесла од неговото свирење на гуслата. Втората жена му ја нашла мајката и за неа дала куп пари и многу дарови.

Бил среден на раст, шегаџија, кој понекогаш, особено кон жените бил груб и вулгарен. Тоа било причина не еднаш да биде претепуван од мажите на навредените жени. Имал чист глас, а свирел и лесно и убаво. Се движел и патувал со Огне, Колич, Павле и др. Пиел многу и тоа, всушност, е главната причина што не спечалил ништо.[78]

---

[76] АЕ 109/II-а... 40-41.

[77] АЕ 199/I-а... 16-17; АЕ 109/II-а... 25; АЕ 109/II-г... 15.

[78] АЕ 199/I-а... 17-18; АЕ 109/II-а... 15-16.

**ЃОРЕ**
**(Ѓоре Гарагатка)**

Бил еден од попознатите прилепски просјаци–гуслари од крајот на минатиот и почетокот на овој век, кој трагите на своето постоење не ги оставил со споменот на убавото музицирање, пеење и репертоар, ами со начинот на живеењето, најмногу со пиењето. Се родил во село Дабница, Прилепско во 1872 год. од татко Димо, според едни, односно, Најдо, според други, кој по професија бил грнчар. Таткото рано му починал, а мајката се премажила во селото Беловодица, препуштајќи го синот на неговата судбина. И сестрата Зеха (Захарија) се срамела од слепиот брат и избегнувала да има контакт. Тоа, како што раскажувал тој, била причина да се оддаде на алкохолот. За него се говорело дека *„лет пари вади, а десет троши"*. Наследената таткова куќа во селото ја продал и ја пропил. Одел во најискинати алишта (бечви и џамадан) купени од Евреите. Еднаш кога се вратил од едно свое патување во Солун, дошол и без алишта (*„без кошула и гаки"*), но и нив, како што се раскажувало со подбив, беше ги пропил. Ослепил рано и дошол во Прилеп, каде им се приклучил на прилепските просјаци–гуслари. Во Прилеп живеел во Долно Маало. Во Битола често престојувал, во Прилепскиот ан. Бил русникав, висок слаб и со големи мустаќи (оттаму и прекарот Гарагатка-страчка). Бил слаб пејач и гуслар. Постојаната затруеност со алкохол му ја заматувала концетрацијата и му го гушела гласот, па не умеел ни да ги доврши песните, нити добро да ја држи гуслата. Гуслата ја имал нарачано во Охрид кај доградмаџијата Јон(ч)е Баче, кој имал направено и други, меѓу другите и на Ванѓел Кипаризоски, а за урнек ја имал гуслата на Тасе Станков. За водач ангажирал повеќемина, а еден од нив бил и Тодор Карапанџа, со кого патувал и во Кичево. Живеел кратко, само 35-40 години. Умрел во Битола и закопан е во Светонеделските гробишта со парите на анџијата на Прилепскиот ан и на пријателите.[79]

**РИСТЕ**
**(Ристе од Возарци)**

Ристе е еден од помладите просјаци–гуслари на Прилепскиот центар. Иако бил роден во селото Возарци, Прилеп го прифатил како свој роден град, се преселил во него рано и останал до крајот на животот. Таткото негов, според едно тврдење, се викал Јован, а според друго, Трајко. Оставил сестра во селото на која, откако стекнал имот со просењето, ѝ купил нива како подарок. Негови учители му биле најдобрите прилепски просјаци–гуслари, меѓу другите Крсте, Диме Крива Вилица, Апостол и др. Го подучувал и Ѓоре Гарагатка. Со Апостола, како што се тврдело, понекогаш заеднички музицирале и пееле во Прилеп. Не оформил семејство, макар што живеел во

---

[79] АЕ 109/II-г... 2-3; АЕ 109/II-а... 16-17; АЕ 199/I-а... 18/ Бр. Русиќ – А. Шмаус, цит. статија, 126.

вонбрачна заедница со девојката Магда. Бил висок и калеш. Бил слеп. Имал два предни заба скршени кое било причина при пеењето гласот да му шишти. Но затоа, пак, знаел многу песни. Патувал и надвор од Прилеп со тајфи во кои се вклучувале и неговите учители и некои други. Патувал со патувачка двојка со Ѓоре Гарагатка, со кого пристигнувал дури до Солун. Умрел релативно млад, односно на 35-40 години (роден бил околу 1880 год.).[80]

**ПАВЛЕ ДИМЕВ**
**(Павле од Вашарејца)**

Како дете дошол во Прилеп од селото Вашарејца и тука останал до крајот на животот. Коле Лауц бил оној кој го пронашол, го прибрал во својот дом и го вовел во занаетот. Меѓутоа, за свој вистински учител го третирал, кај кого и најмногу престојувал, Чапкуно. Се женел два пати, првата жена му била од Долно Маало и ја зел како вдовица, втората била ќерка на измеќарка, која служела кај Сари Паласка, Турчинка од Прилеп. И со обете живеел во куќата која му се наоѓала на Ридот. Имал само едно дете, девојче, кое му умрело рано.

Павле бил необично тих и повлечен човек. Говорел само по потреба, а се движел внимателно. Знаел многу стари песни, но ги пеел засипнато (*„како задавен"*). При крајот на животот душевно се разболил. Умрел во поодминатите години, како 80-90 годишен старец.[81]

**ЈОВАНЧЕ**
**(Јованче од Праведник)**

Јованче претставува пример на итер и снаодлив човек, какви што имало поединци меѓу просјаците–гуслари, кој користејќи го просјачко–гусларскиот занает успеал и да се збогати и да се погосподи. Првин станал водач на некои прилепски просјаци–гуслари, потоа откако собрал мал имот и го вложил во самостојните тајфи, станал и газда за кого се просело. Обично имал пет постојани просјаци–гуслари. Понекогаш, иако куц во едната нога, патувал со нив до Скопје, Битола, Мариово, Тиквешијата, но и Европска Турција. Откако се збогатил сакал да се конти. Бидејќи бил и убав и висок маж, станал еден од оние за кои воздивнувале некои прилепски моми. Како гуслар бил еден од подобрите. Имал убав глас, а знаел, како што се говорело, многу добри стари песни.[82]

---

[80] АЕ 109/II-г... 11; АЕ 199/I-а... 18-19; АЕ 109/II-а... 16, 29; Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски последен слеп гуслар во Македонија**, Гласник на Етнолошкиот музеј, 2, Скопје, 1965, 188.

[81] АЕ 199/I-а... 16; АЕ 109/II-а... 15-16.

[82] АЕ 109/II-а... 46.

**ЈОНЧЕ (Јонче од Возарци)** Уште еден просјак–гуслар, покрај Ристе, потекнувал од селото Возарци, тоа бил Јонче, попознат како Јонче од Возарци. Не бил слеп, имал само покуса нога. Бил калеш, убав маж, со доминантни чатма веѓи. Физички бил необично силен, лесно можел да подигне терет од 40 ока. Кога во една прилика претоварениот коњ му паднал кај селото Оптичари (Битолско) го подигнал и него и товарот со забите. Патувал сам и со патувачки двојки, но и со тајфите на прилепските и другите просјаци–гуслари низ Прилепско, Крушевско, Битолско, но и подалеку. На тие долги патешествија стигнал и до Србија, како и до Драма и Кавала. Покрај во Прилеп и Крушево, многу често престојувал и во Битола.

Имал убав глас и вешто ја користел гуслата. Многумина тврделе дека бил подобар свирач и пејач и од своите учители, Количо и Апостол. Со атрибутите на добар и прочуен гуслар станал учител на неколкумина помлади просјаци–гуслари, меѓу другите часови му давал и на Апостол. Репертоарот му се состоел од македонски, но и од влашки народни песни.[83]

**КРСТЕ МИТРЕВ** Крсте Митрев роден е во Тиквешко во 1866 год., а во Прилеп дошол како 13-годишно дете. Ослепил рано, според едно тврдење од голема сипаница, според друго, од „духови", „ветришта", односно од „самовили", додека го капела мајката. Бил калеш и на среден раст. Се оженил со слободна жена, Мара, за која се тврдело дека *„триста мажи имала земено"*, која не останала и кај него долго, зашто побегнала кај некој ТУрчин, со кого повторно живеела невенчано. Иако невенчана по смртта на Крсте успеала да добие дел од неговиот имот, една од неговите ниви, што ја имал спечалено со просење. Одел во народна носија, со бечви и џамадан. Умрел од глад и студ, според едно тврдење на 40 години, а според друго, на 52 години, а пред балканските војни. Го закопала сестрата Велика, која била омажена за прилепскиот просјак–гуслар Коле.

Крсте бил еден од послабите прилепски просјаци–гуслари. Тешко ги движел прстите по жиците од гуслата, па затоа свирел и лошо, а и гласот не му бил добар. Репертоарот, исто така, му бил сиромашен и во него немало нити една „стара", односно „кралска" песна.[84]

**ТОЛЕ (Толе Амало)** Толе, според едно тврдење, му бил роден брат на Крсте Митрев, а и тој, како и братот, бил слеп. Негови учители по гусларство му станале Ѓоре Гарагатка и Апостол. Патувал сам, но и со тајфи кои се состоеле од 6-9 просјаци–

[83] АЕ 109/II-г... 8.

[84] АЕ 109/II-а... 26; АЕ 109/II-г... 3; АЕ 199/I-а... 17.

гуслари, како и водачи низ околината, но и подалеку. Како семејна слава му бил денот Св. Никола и тогаш во неговиот дом доаѓале сите прилепски просјаци–гуслари како и прилепските пријатели. Тогаш се правел вистински „џумбуш" за кого се прикажувало со денови низ сиот Прилеп. Умрел во 1908 год. на 30-годишна возраст, како и Гарагатка, од алкохол.

Помалку и д'ткал и не ги пеел добро своите песни. Но затоа, пак, бил вистински мајстор на гуслата.[85]

**КОЛЕ НИКОЛОВ (Коле Дреноецо)**

Коле Николов роден е во средината на минатиот век во селото Дреново (Тиквешко), како посмртче (оттаму татковото име да му е дадено). Не бил слеп, но едната, левата нога му била *„ватена"*, како што раскажувала мајката од „ветришта" додека го капела како мало дете. Неспособен за земјоделска работа, а препуштен на стрикото откако мајката се премажила, потоа и од стрикото, тој се нашол во домот на прилепчанецот Диме Крива Вилица, кои прибирал вакви деца, а по една од неговите турнеи по Тиквешијата. Покрај Крива Вилица, учители му биле и други прилепски просјаци–гуслари. Во почетокот, додека не го испечил занаетот, бидејќи бил, пак сакат, станал водач на прилепските просјаци–гуслари. Потоа патувал сам, но и во патувачки двојки со некој Јоан од Галишта, кој бил постар од него, но и со прилепските и други тајфи. Со нив доаѓал до Охрид, Велес, Пеќ, како и до други подалечни места. При крајот на животот оглувел и не можел повеќе да проси, но материјално веќе бил обезбеден, имал четири коњи и куќа во Варош. Умрел во 1911 год. на денот кога му се родило очекуваното и сакано дете од посвоената ќерка Велика, која ја имал омажено со богат чеиз за Блаже Поречанецот.

Со подеднаков успех свирел на гусла и на гајда. Знаел јуначки песни од кои особено познати му биле оние за Марко Крале. Комитски, освен оние за Шефкија Качакот, не знаел.[86]

**АПОСТОЛ СЕКУЛОВСКИ (Апостол гусларот)**

Благодарејќи на релативно долгиот живот, на времето во кое живеел, но и на интересот што го предизвикал кај дел од истражувачите на народната песна, за Апостол Секуловски (Апостол гусларот) се знае многу повеќе од било кој друг македонски просјак–гуслар.

[85] АЕ 109/II-а... 21.

[86] АЕ 199/I-а... 17; АЕ 109/II-а... 17, 30-31, 41-42.

Најобемна студија што ги обработува животот и дејноста на овој македонски гуслар е онаа на Бр. Русиќ под наслов *„Прилепскиот гуслар Апостол"* објавена како засебен прилог на ценетото списание за фолклор *„Прилози за проучување на народната поезија"*. За жал таа имала несреќна судбина. Само што била напечатена, возбудениот и нестрплив автор успеал од вкупниот тираж да отргне два примерока, од кои, едниот со датум 19. III. 1941 год. му го подарил на Универзитетската библиотека во Београд, а вториот го понел за себе, во жестокиот авионски напад на Белград на 6. IV. 1941 год. истиот наполно бил уништен. Но и препечатениот тираж бил уништен во 1944 год. во пожар на магацинот каде што бил сместен.

Жртва Аврамова

(Isaaks Opferung)




Нотирана гусларска песна што ја пеел Апостол гусларот

A song with notes, sung by Apostle the Gusle Player

*„Прилепскиот гуслар Апостол"* е широк и сериозен приод кон спецификите на македонското гусларство од поновото време, посебно за најтипичните просјаците–гуслари и продлабочена студија за еден од нив. Егземпларна е и во врска со прилозите, 20-тината епски и лирски песни, од кои повеќето се натирани. А бидејќи сите биле на репертоарот и кај другите македонски просјаци–гуслари за првпат имаме увид не само на текстуалниот, ами и врз музичкиот дел од естрадниот настап на македонските просјаци–гуслари. Бр. Русиќ ќе се осврне врз Апостола

гусларот уште еднаш, со еден краток, но многу значаен инструктивен прилог.[87] Покрај него за Апостола гусларот ќе пишуваат и други, односно сите оние што се сретнале со него, а притоа се бавеле со проблемите на македонскиот фолклор.[88]



ПРИЛОЗИ
ПРОУЧАВАЊУ НАРОДНЕ ПОЕЗИЈЕ
ГОД. VII МАРТ-НОВЕМБАР 1940 СВ. 1-2

Универзитетској библиотеци у Београду, 19 II 1941. Б. Русић

Чланци и расправе

ПРИЛЕПСКИ ГУСЛАР АПОСТОЛ

Насловната страница на "Прилепскиот гуслар Апостол" од Бр. Русиќ со неговиот автограм

The cover page of the book "Apostle the Prilep Gusle Player" by B. Rusik, with the author's autograph

Инаку Апостол Секуловски е роден во битолското село Облаково во 1876 год. како прво дете од бракот на Ристе и Ѓурѓа. На неколкунеделна возраст останал слеп. Всушност очниот вид не му бил оштетен тотално, како и некои други просјаци–гуслари тој можел да гледа, меѓутоа морал превртените очни јаболчници, со зениците превртени навнатре да ги пренасочува со прстите или да ја накривува главата длабоко. Несреќата се толкувала како дирекна последица на дедовата клетва против крвно-сродниот брак на Апостоловите родители, но и како казна на „ветришта", односно „самовилите" врз детето кое било оставено додека мајката работела на нива, до дрвото на нивниот престој, шипот. Како десетгодишно момче во Прилеп и во својот дом-школа го прибрал Коле Лауц по меѓусебниот договор со родителите во Облаково, каде што беше дошол да музицира, но повеќе заинтригиран за слепото дете. Меѓутоа, учителот наместо да го воведува во занаетот, го терал и во зимските и во летните месеци да работи низ куќата. Последица на тоа било што тој и по 8-годишен престој кај Лауца ги немал завршено нити првите курсеви од гусларството. Затоа, скишум ги следел и музичките и пеачките настапи на својот учител и на

[87] Бранко Русиќ, **Сеќавање за Апостола**... 46-49.

[88] Герхард Геземан, цит. статија, 191-198; Митар Влаховић, **О слепим гусларима**... 103-104; Вл. Влаховић, **Неколико запажања**... 88.

членовите на разните тајфи, во кои станал и чувар на логорот и се усовршувал во занаетот. Набргу совладал се што требало и почнал да настапува сам или во тајфи.

Бил сув, на средна висина и со спуштени мустаци. Во 1896 год. се оженил за Камка од Трстеник, близу Кавадарци, која му била сестра на неговиот водач извесен период, Ристе. Со неа имал три ќерки. Покрај Ристета, како водачи му биле и Трајко, негов братучед, кој во Прилеп пораснал,[89] потоа некој си Илија[90] и др. Во 1896 год. ја оформил и својата прва тајфа и оттогаш ќе стане еден од позабележителните организатори на прилепски и македонски тајфи.



Апостол гусларот во зимска, нова облека

Apostle the Gusle Player in new winter clothes

[89] AE 109/II-г... 11.

[90] Според тврдењето на Борис Атанасовски, пензионер од Прилеп. (22 мај 1991)



Апостол гусларот забраден и во просјачки алишта, односно пред тргнување на пат

Apostle the Gusle Player, bearded and in beggars' clothes, before setting out on a journey

Динамичен и мошне подвижен, ја прокрстарил не само Македонија, Бугарија, Србија, Грција, тогашна Турција, ами стигнал и до Црна Гора, при што времетраењето на тие патувања продолжувале со години. Кога подостарел се врткал низ Прилеп. Омилено место му било околу Градскиот часовник.[91] Од Небрегово се враќал со брашно, волна, сирење и др.[92] Штедлив и трудољубив успеал да си го подигне рангот на имашлив човек. Имал сопствен коњ, куќа на Ридот и неколку нивчиња, а со спестените пари не само што ги вратил долговите во врска со свадбите, своја и на ќерките, и во врска со градбата на куќата, ами дел оставил и настрана.

Во Прилеп бил една од градските знаменитости. Свирел и пеел покрај Градскиот часовник и по дуќаните, како и на семејните и други свечености. Во неделните денови за време на верските празници настапувал на Ридот пред маса народ. Не се срамел од работата и ја третирал за занает сличен на чалгаџискиот. За секоја песна се пазарел и се капарел, а се трудел да им угоди и со изборот и со начинот на интерпретацијата. До крајот на животот се усовршувал во музицирањето и го збогатувал репертоарот. Со внимание бил следен и слушан при настапите, а тишина и скаменетост владеела среде публиката. Кога имало повеќе народ, во првиот ред биле помалите деца, кои исто така, со внимание го следеле, а понатака се ределе круговите по возраст и по заинтигрираност.[93] Турската публика му порачувала песни и желбите им биле исполнувани на турски јазик.[94] Знаел многу епски, но и лирски песни. Од епските познати му биле „старските" односно „кралските". Од комитските најмногу пеел за Димче Могилчето, Спиро Црне, Ѓоргија Лажот, за Александро од Екшису. Жените најмногу му ги порачувале песните за Аврам и Сара, за Цар Константин и сестра му Елена и др.

Умрел на 27 август 1936 год. и со неговата смрт згасна цела една долга и богата традиција на Прилепскиот просјачко–гусларски центар.

## ДОБРСКИ

**ОД ЛЕТОПИСОТ** Со оглед условите што ги нуделе градовите (институции за згрижување, можности за просење во секој миг, поголема заработувачка, еснафска здруженост) вообичаено било просјачко–гусларските центри попрво да се организираат во нив отколку во паланки или села.

[91] Според тврдењето на Благоја Николовски, пензионер од Прилеп, 83 години (14. IV. 1997 год.).

[92] Според тврдењето на Борис Атанасовски.

[93] Според тврдењето на Тоде Поско, пензионер од Прилеп, (22. V. 1991).

[94] Исто.

Оттаму изненадува што еден голем и разгранет центар, кој по својата слава му конкурирал и на Битолскиот, да се оформи во едно мало село. Тоа е Добрскиот просјачко–гусларски центар оформен во Добрско (порано Надобрацко, Недобрско), што се наоѓа во билизната на градот Разлог во Пиринска Македнија искачено во полите на Пирин планина. Што е уште почудно, тој центар и не е осамен. Такви среќаваме и во селото Вакарел во близината на Софија, потоа во Балдево во Татар-Пазарџик, исто така во Бугарија. Ги имаме и во Вардарска Македонија. Еден голем и разгранет, кој угаснал е оној кој се наоѓал во селото Слепче (Демир Хисар-Битолско), во чиј манастир на влезната порта се наоѓала онаа прочуена дрвена пластика на гуслар со еднострунa гусла. Такви центри среќаваме и во некои села во Мариово и на други места.

Појавата на Добрскиот центар инаку следи еден општ развој на фолкорното живеење на овие терени. Уште од раните години на турското владеење среќаваме поединци кои професионално се определиле да се занимаваат со свирачкиот занает. Низ некои градови, но и села се појавуваат луѓе кои до своите имиња ја носат додавката „свирач". Иако, со непрецизирана година на извршувањето на пописот, но со назнака дека е направен за време владеењето на турскиот султан Мехмед II Освојувачот (1451-1481), регистрирани се забележителен број свирачи. Во Демирхисарскиот вилает ги среќаваме овие: Михо од село Порој, Стамад од село Ѓлобочица, Богдан од село Лика, Ексатијуд од село Дубница, Димо од село Либахово, Радослав од село Грмлани, Рали од село Годешево. Во неколку села од овој вилает се среќаваат и по двајца свирачи. Такви се: Добросав и Грубан од селото Рибно или Морокоста. Во градот Серес го имаме Јани свирач, а во Вилаетот Серес и овие: Радослав од село Лакос, Тодор од В'лково, Михаил од Тополица, Стамад и Тодор во Корница, и Добрика и Јован од В'лково село. Во Вилаетот Кешишлик фигурираат уште двајца од овој период, тоа се Никола од село Анџиста и Михо од село Јуделина.[95] Новите пописни дефтери се очекува да донесат и нови имиња од овој значаен период кога се оформува народната епика кај балканските словенски народи.

Какви инструменти употребувале останува засега тајна. Меѓутоа, дека гуслата имала голема популарност претставува факт. Уште Вук Караџиќ во својот „*Додаток*" од 1822 год., поаѓајќи од информациите што ги добил од разлошки граѓани во Виена, соопштува дека гуслата, слична на српската, била мошне популарен музички инструмент.[96] Таквата состојба полека се менува, но и понатака таа останува присутен инструмент во музицирањето во Пиринска Македонија. Комплексните

[95] Алаксандар Стерјовски, **Македонските свирачи и глумци**... 75-76.

[96] Вук. Стеф. Караџић, **О српској народној**... 69.

истражувања извршени во периодот од 1957 и 1958 год. открија дека во Ќустендилско еднострунатa гусла имала голема предност, особено кога се употребула во пеењето на „кралимарковските песни" и дека особено ја милувале просјаците –гуслари.[97] Покрај тоа, и следните истражувања го потврдија тоа, односно истакнаа дека во Западна Бугарија, што ќе рече и во Пиринска Македонија некогаш таа била доминатен музички инструмент. Траги од тоа и денес постојат. Во Етнографскиот музеј во Софија на една сочувана еднострунa гусла стои дециден запис дека е направена во Ќустендил.[98]

Сепак, не порано, ами во 1851 год. во предговорот на една историја, преведена од германски јазим, за првпат се дадени конкретни податоци за постоењто на Добрскиот просјачко–гуслари центар. Преведувачот и приредувачот А. Чолаков, во предговорот запишал дека меѓу просјаците–гуслари од Добрско можело да се сретне огромен фолклорен материјал, од кој, само од песните за Марко Крале и Муса Кесеџија, можело да се комплетира целосна *„Кралимарковска „Илијада"*.[99] Во средината на минатиот век славата на Центаров е уште поголема и нема така-речи човек што се бавел со проблемите на фолклорот а да нема сознанија за него. Поаѓајќи токму од тоа, а криејќи ја вешто мистификаторската работа, Иван Гологанов во 1865 год. праќа до Стефан Верковиќ корпус песни за Александар Македонски и Цар Самуил декларирајќи ги дека се дела на добрските просјаци–гуслари.[100] Таквата популарност, од друга страна, е сигнал за иритирачки интерес за Центаров, Одговарајќи му на писмото на Стефан Верковиќ, учителот од с. Влахи, Хаџи Михаил Попфилипов, а со датум 25. II. 1968 год., му соопштува: *„Правев многу напори некои стари песни да ви ги испратам, но не можев ништо да направам во нашиот Разлог. Таму само во едно село наречено Нидобрцко има такви луѓе кои знаат многу стари и добри песни. Јас намерно отидов таму, но, за жал, не успеав никој од нив да најдам, зашто се на гурбет, што ќе рече, на просење зимно време, а ќе се вратат дури на Воскресение"*.[101] Меѓутоа, тоа што не му успеа нему, му успеа на еден друг, на Серафим Ив. Бојанов, ученик на Софиската класична гимназија. Тој, во 1883 година, за време летниот распуст, ризикувајќи многу

---

[97] **Сборник за народни умотворения и народопис**, кн. LIII, **Български юнашки епос**, БАН, София, 1971, 59.

[98] Елена Стоин, **Музикалният фолкор в Кюстендилски окръг**, Во: **Фолкор и общество**, БАН, София, 1977, 149.

[99] А. Шлецер, **Въдение в всеобща история**, част I, 1951, 44 (188).

[100] Петър Корунов, **Добърската повческа школа – културен паметник на българското певчество изкуство**, Во: **Музикални хоризонти**, бр. 12-13, Съюз на музикални дейци на България, 1989, 90.

[101] **Документи за Българското възраждане от архива на Стефан Веркович**, София, 1969, 325.

заради односот на турските власти кон сите што доаѓале од туку-што оформената државичка, Кнежевството Бугарија, како и заради здравјето кое не го служело, доаѓа во Добрско да прибира народни песни. Поттикнат е од популарноста и настапите на овие просјаци во Софија, по софиските улицди и на најпрочуениот мост на Балканот, оној на Цариградскиот Пат, на кого се береле мнозина од нив. Во *„Автобиографијата"*, напишан по сугестија на неговиот учител Михаил Арнаудов, забележал: *„... во село Нидобрцко јас запишав многу песни од најзнаменитите прочуените по песни просјаци, кои своите песни ги следеа со гусла, како на пример: дедо Никола Тилев"*.[102] Истата збирка ќе ја објави во Софија во 1884 год.

Поттикнат од истите љубопитства, во крајот на минатиот век во селото доаѓа и Васил К'нчов. Најмногу што го иритирало биле гласините дека добрските просјаци–гуслари вршеле грабежи на туѓи деца, а ги осакатувале своите и во тој однос, запишал: *„Недобрско е познато и по нешто друго. Од тоа село произлегуваат разлошките просјаци. Ское дете кое имало било каков телесен недостаток од мало се подготвува со помош на постарите за питачки занает. По околните села ги оптужуваат недобрчани дека намерно си ги осакатуваат децата за да им печалат пари со просење. Тоа не е точно. Имало случаи кога надобрските просјаци ги собирале сакатите деца од другите села за да ги упатат во занаетот. Ги учат да свират на гусла и да пеат песни"*.[103] Веројатно таму лежи објснувањето, ако се земе списокот на добрските просјаци–гуслари, зошто многу од нив се родени надвор од Добрско, меѓутоа и личниот избор како возрасни што го правеле за селото, како место што им припаѓа ним, каде се најсигурни и меѓу свои, се почитуваат еснафските просјачки традиции, го правеле за нив, како и за сите центри, да биде атрактивно и да се прибираат во него.

Кон Центаров се упатуваат и други. Со иста амбиција доаѓа и А. П. Стоилов во 1915 год. За жал, на теренот не можел да најде многу материјал, не сретнал и премногу претставници на Центаров. Меѓутоа, сепак, од посетата произлезе една мала статија од големо значење, зашто тоа е прв конкретен материјал за нив од нашиве терени.[104] Во 1933 год. во Добрско доаѓа и Грета Сикора и таа запишала: *„Во август 1933 год. го посетив ова село, но од некогашната пеачка школа не најдов ни трага. Во целото село нема повеќе ниту една гусла, просјаци има уште неколку. Јуначки песни знаеја само постарите жени, а за поранешните пејачи и тие ништо не знаеја да кажат. Во Разлог неколку*

---

[102] Петър Корунив, цит, статија, 86.

[103] [Васил Кънчов]., **Пѫтуване по долините на Струма, Места и Брѣгалница**, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XII, София, 1895, 275.

[104] А. П. Стоиловъ, цит. статија.

*постари луѓе сеуште се сеќаваат на пејачите–скитачи; еден дури ми тврдеше дека имале гусли со две струни".*[105]

Се разбира, интересот кон центарот продолжува, и покрај тоа, понатаму. Во 1988 год. во Благоевград се прави и научен симпозиум чија задача била да даде верифицирана оценка за нив.[106]

Крајот на Центаров одамна се нaѕирал. Последниот претставител е Константин (Дине) Кидиков (1909-1978), кој го користел репертоарот на своите предходници, но не го презентирал како нив на гусла, ами со тамбура.[107]

## КРАТОК СПИСОК НА ДОБРСКИТЕ ПРОСЈАЦИ–ГУСЛАРИ

За познатите просјаци–гуслари од Добрско, иако само со некој скржав податок, може да се направи список со значителна бројка. Скоро за сите нив забележано е дека се доселеници отстрана и дека Добрско го прифатиле како трајно засолниште, таму оформиле семејство, таму се и погребани. Прв меѓу нив е Кипре Мазнеов. Бил пејач и свирач. Бил необично сподвижен и во една таква маршута, во друмските села во есента 1821 год. бил фатен од Турци и исчезнува. Всушност животот го завршува како маченик. Од пораните е и Спас Кидинов и тој исчезнува како Мазнеов во 1853 год.[108] Следни се: Стојан Узунов. Дошол во Добрско од село Малина, Софиско, бил слеп и свирел на гусла. Живеел 70 години. Покрај него треба да се спомене и Рајко од село Гулак, Ихтиманско, кој, исто така, бил слеп а живеел 60 години, потоа Илија Крстанчев од с. Мосомишта, Неврокопско, слеп, свирел на гусла. Во 1915 год. имал 60 години и сеуште бил жив, потоа и Марин Лучков од с. Ловча, Неврокопско, кој имал во 1915 год. 80 години. Свирел на гусла. Знаел многу убаво да пее. Бил воден од водачот Петар Ситвасарски од Добрско. Пејач бил и Ангел Пецов од Добрско и како и повеќето водачи и тој бил и пејач. Многумина од нив многу млади дошле во Добрско. Марин Лучков, на пример кога дошол бил на 10 годишна возраст. Од Ихтиманско, село Крушовица дошол и Димко. Бил слеп. Во 1915 год. имал 60 години.[109] Во 1910-1911 ги обиколувал крстопатите, крчмите, панаѓурите и другите врволични места, свирејќи на гусла. Друг бил дедо Божил.[110]

---

[105] Dr Greta Sykora, **Данашња народна епика у Бугарској**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, бр. 1, Београд, 1934, 94.

[106] К. Динчев, **Докато още не е пресъхнал изворът**, Пиринско дело, Благоевград, 13 януари, 1988, 4.

[107] Петър Корунов, цит. статија, 91.

[108] Петър Корунов, цит. статија, 88.

[109] А. П. Стоилов, цит. статија.

[110] Цветана Рамовска, **Българска народна песен,** Наука и изкуство, София, 1965, 18; Здравко Гаджев, **Добърската певческо изпълнителска школа – легенди и действителност**, Български фолклор, г. XIII, бр. 2, БАН, София, 1987, 68.

Покрај нив, познати се имињата на уште неколку просјаци–гуслари кои му припаѓале на овој центар. Еден од нив е Георги Илиев Бучков (1911-1987), потоа Стоил просјакот, кој бил од с. Влахи. Меѓу просјаците–гуслари во Добрско бил испратен од неговиот втор татко, исто така просјак, од Битола. По тригодишно изучување на занаетот и по 2-3 години бавење со овчарство, на крајот Стоил заминал во четата на Јане Сандански.[111] Последен претставител, како што е истакнато, бил Константин (Дине) Кидинов (1909-1978), кој докрај не останал во Добрско, ами се преселил во с. Отанца, Русенско. Пеел убаво и свирел убаво, но не на гусла, ами на тамбура.[112]

Сите тие го знаеле тајниот говор и рудименти на тој говор забележан е и предаден ни е.[113]

**НИКОЛА ТИЛЕВ** Никола Тилев (некаде Телев) е најзначајниот претставител на Добрскиот просјачко–гусларски центар. Во Добрско бил дојденец. Дошол од Самоковско. Во 1884 год. имал 80 години, што ќе рече дека го проживеал сиот XIX век следејќи го со творечкиот интерес на својата гусла. Знаел многу песни и за себе говорел уште толку години да проживее колку што имал не можел да ги издиктира сите. Самиот си подигнал грамаден споменик остапувајќи дел од нив. На некои од нив е и автор, а една, која обработува убиство врз христијанин (Цветко) од страна на Турчин (Мехмед Чауш од Предел) ја оставил, како и толку други, во наследство на помладите генерации добрски и други просјаци–гуслари.

Со забележаните 6.598 стиха од 21 песна (16 се публикувани во засебна збирка),[114] а другите 5 во периодиката,[115] репертоарно се презентира како еден од најкомпетентните и најбогатите пејачи. Песната *„Бој на Косово"*, со вкупно 850 стиха, не само што е најобемната со тематика од Косовската трагедија, ами е една од најубавите и најоргиналните. Незадоволен од материјалот добиен од другите пејачи, барал нови решенија и понудил нова проекција на српската слобода, која почнала, ете, со трегедија, а завршила со Првото српско востание и со резултатите што ги постигна тоа.

Не само оваа песна, ами и повеќето од нив со историска тематика носат немирен творечки дух и бараат постојано нови поетски решенија. Српскиот вокабулар, што е многу присутен во сите нив зашто се потпираат врз Вуковите збирки, во Тилевата гусла сосема поинаку звучат.

---

[111] Петър Корунов, цит. статија, 88.

[112] Исто, 91.

[113] Исто, 88-89.

[114] **Сборникъ отъ български народни пѣсни**, Събралъ С. Ив. Б., София, 1884.

[115] **Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина**, кн. III, 61-63; Исто, кн. 73-88.


НАРОДНА БИБЛИОТЕКА

СБОРНИКЪ

отъ

БЪЛГАРСКИ НАРОДНИ ПѢСНИ.

КНИЖКА I.

Юнашки пѣсни за Кралевикя Марка. — Превзимание-то наградове-тѣ: Сталжка и Малта. — Двама братя Петжръ и Павелъ.

Събралъ С. Ив. Б.

Издаватъ

НИК. ИВ. СЖББОВЪ и ГАВРИЛЪ СЕМКОВЪ.

СОФИЯ.

Народна печатница на Б. Прошекъ.

1884

Насловната страница на збирката песни во која се собрани дел од песните што ги пеел добрскиот просјак-гуслар Н. Тилев

The cover page of the collection of songs containing some of the songs sung by the gusle player N. Tilev from the village of Dobrsko

**РАЈНА ЗАРЕВА** Жени слепи–гусларки се сосема ретка појава во нашиот фолклор, а Рајна Заревам бидејќи ѝ припаѓа на поновото време, скоро е и исклучителна. Всушност забележани се неколку вакви јавувања. Во 1611 год. францускиот патеписец Лефевр оставил запис за две жени гусларки. Ги сретнал на панаѓурот во Пирот како својот леб го заработуваат свирејќи на едноструни гусли.[116] Подоцна, преку Караџиќа имаме средба и со слепата Живана која зад себе оставила грст прекрасни песни. Оттогаш жени–гусларки сосема ретко се појавуваат.

Зарева е слеп просјак–ѓуслар. Ослепила на четиригодишна возраст од голема сипаница, а на 15-години станала искусна пејачка и свирач на гусла. За водач го имала Петар (Пене) Копев и заедно крстареле низ разни краишта на Егејска Македонија, Србија, но и низ други страни на Балканот. Бидејќи жената–скитник и просјак–гуслар за времето кога живеела било срам, кон тоа и нејзиното потекло не било ниско, нејзин брат бил свештеник во с. Добрско, професијата просјак–гуслар рано ја прекинала. Заедно со роднините се преселила во с. Дорково, Велинградско и до крајот на животот останала таму, врвејќи го животот смирено и како и сите други жени од селото. Умира на 85 годишна возраст. Имала прекрасен, звучен и висок глас, богат репертоар што се состоел од песни (најмногу ајдутски) но и приказни. Имала добра меморија и голем талент за математика. Се раскажува дека и најкомпликуваните задачи ги решавала брзо и успешно.[117]

Од неа е сочувана една песна, популарната „*Црна се чума зададе*" и таа во нејзина интерпретација, гласи:

Црна се чума јавила,
долу ми в Македонија,
в това поле Серско,
в това село Баница.
Та е ударила, ударила,
двамина братја близнака,
рукнала, та заплакала
техната мила мајчица.
– Чумо ле, чумо редници,
што си се, мори, заврела,
та си ударила, ударила
двамина братја близнака?![118]

[116] **Френски пътеписи за Балканите XV-XVIII**, Съставила и редиктирала Бистра А. Цветкова, Наука и изскуство, София, 1975, 186.

[117] Здравко Гаджев, цит. статија, 69.

[118] Петър Корунов, цит. статија, 91-92.

## ВЕЛЕШКИ

**ОД ЛЕТОПИСОТ** Еден од поразвиените, а и со традиција што го вбројува во најстарите во Македонија, е Велешкиот просјачко–гусларски центар. Далечните корења веројатно треба да се копаат, ако не во ослепената Самуилова војска, тогаш во секој случај најдоцна во XIV век, кога живеат досега најстарите познати гуслари од Велешко и на Балканот, Преде и Хрусе. Дека музичката традиција била длабока и непрекината и дека постоела и во следниот, XV век, поединци што професионално се бавеле со свирачка дејност го потврдуваат и турските пописни дефтери од 1467/68 год. Со свирачка активност се бавел Бојо од село Крушевица, потоа Миле од Стари Град, и уште еден, чие име, за жал остана непознато, но кој оставил во семејството тројца возрасни синови, што ќе рече дека бил роден во крајот на XIV или почетокот на XV век.[119]

Основните фундаменти врз кои се потпирало настанувањето и развојот на Центаров, општата здравствена состојба, црквите и манастирите и големата сиромаштија, карактеристични се и за Велес. И во Велес и околината во брнови проаѓаат, земајќи го тешкиот данок, опасните и разорни епидемии, кои оставаат пустош зад себе и маси неспособни за физичка разбота. Тие паѓаат на терет на заедницата а вообичаените патишта им се оние кои водат кон бројните цркви и манастири што се наоѓале и во самиот град, уште повеќе во непосредната и подалечна околина. Во XIX век голем дел од тие цркви и манастири, според еден извештај, се наоѓаат во руинирана состојба или сосема се напуштени,[120] со што оние што имаат потреба од грижа на другите, им останува да се завртат и да појдат кон населените места, градовите и селата. М. Цепенков, забележал: *„Тукуречи во сите градои у нас има таквие питачи, а најпоеќе во Велес има"*[121] Имало и специјални гета каде што можеле да се сретнат во збиен простор во огромен број. Такво едно било велешкото предградие Бузана во кое царувале беда и отфрлени.[122] И онака било тешко да се живее, но имало години кога станувало и наиздржливо. Една таква била 1840 год. кога оката брашно ја добила фантастичната цена, како што говорат летописите и записите, од два гроша.[123]

---

[119] Александар Стерјовски, цит. статија, 75.

[120] Ст. Новаковић, **Прилози к историји српске књижевности**, Гласник Скопског ученог друштва, XXXI, Београд, 1971, 298-299.

[121] Марко К. Цепенков, **Македонски наодни умотворби во десет книги**, книга петта... 290/92.

[122] Стојан Алчев, **Од вистинската историја на слепите**, Во: **Со волја и упорност го победивме мракот**, Скопје, 1959, 33.

[123] **Записи и летописи**, Избор и редакција Радмила Угринова-Скаловска, Македонска книга, Скопје, 1975, 174.

Бидејќи од тие структури се одвојувал забележителен дел и на просјаците–гуслари, сосема е нормално што во Велес тие се и најзабележаните. Во Битола, според еден извештај што потекнува меѓу двете светски војни, најмногу просјаци–гуслари доаѓале од два македонски града, Велес и Прилеп („*Кога ќе нема леб тогаш ќе дојда*" – се говорело за нив во Битола).[124] Тоа даде за право да се тврди дека Велешкиот просјачко гусларски центар е најзначаен и дека во него постоела некоја прочуена школа, односно академија во која се образувале, и оспособувале за занетот просјаците–гуслари.[125] Некои од просјаците–гуслари, како на пример браќата Шушорови, кои потекнувале од петричките села, со гордост истакнувале дека занаетот го научиле во велешката школа. Го посочувале со гордост и името на својот учител, дедо Арсо.[126] Се разбира, во Велес немало школа, односно академија, но имало еснаф на просјаците–гуслари, кои својот живот и својата работа ги уредувале според непишаните правила на еснафот, имале заеднички празник, заедничка грижа за подмладокот и сѐ друго што ги обединувало во заедница. Слично на другите еснафи,[127] слично на чалгиите,[128] слично и на просјаците–гуслари од другите гладови и тие имале таен говор. И нив, како и сите други, ги оптужувале дека крадат деца, дека своите ги осакатуваат или ослепуваат, кое, инаку било дел од морничавата слика што се создава со векови за нив.[129]

За опстанокот и развојот на Центаров, се разбира, никако не треба да се заборави и на продинесот што го имала богатата фолколорна традиција на градот и околината. Во Велес многу се пеело и имало многу прочуени пејачи кои знаеле многу песни и многу приказни. Таквата традиција во некои семјства, какво што било и она на Солеви, од кое ќе произлезе и современиот македонски поет Кочо Рацин, се предавало од колено во колено. Поединци, неповторливи индивидуални интерпретатори и импровизатори, со гордост истакнувале дека знаеле голем број песни, меѓу нив и голем број епски песни. Ги пееле главно без музичка придружба, онака гласовито, со богатство измени на тембарот и мелодичност на песната.[130] Но тоа никако не

[124] Вл. Влаховић, **Неколико запажања о народним**... 88.

[125] Д-р Љубомир Савић, **Историја слепих**... 67-68.

[126] Тодор Тодоров, **Странствуващите слепци-певци в българската народна професионална музикална традиция**, Българско музикознание, г. X, кн. 3, БАН, София, 1986, 67.

[127] Мил. С. Филиповић, **Тајни језици у Велесу**, Гласник Скопског научног друштва, Скопље, 1932, 179-183.

[128] Боривоје Џимревски, **Чалгаџиската традиција во Македонија**, Македонска книга, Скопје, 1985, 20.

[129] АЕ 109/II-6... 50.

[130] Д-р Гојко Ружичић, **Народна епика у Велесу**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, Београд, 1934, 231.

значи дека музичката традиција во Велес ја немало, напротив, прочуена била велешката чалгија, а имало искуство и со гусларското музуцирање. Немало село што се наоѓало по течението на реката Пчиња каде што немало гусли (кемане) под чии звуци секогаш се виорело селското оро на сретселото.[131] Професорот на Оксфордскиот универзитет Хенри Ф. Тозер, кој во 1869 год. ја пропатувал Грција, Албанија и Македонија, говори дека при неговиот престој во едно велешко село, кое се наоѓало во близината на Градско, сретнал во една иста куќа два вида гусли, вообичаените, две-три струни и еднострунатa, слична на црногорската.[132] Тоа од своја страна, исто така ги потврдува гусларските традиции во овој регион.

**ПРЕДЕ И ХРУСЕ** Во едиктот од 1353 год., со кого српскиот цар Душан му дарувал црквата Св. Никола (онаа што се наоѓала над Пчиња, а покрај селото Козле) на серскиот епископ Јаков, меѓу меропсите, селаните, занаетчиите, робовите и другите кои им припаѓале на црквата, се спомнуваат и двајца кои ги потврдуваат длабоките свирачко-просјачки традиции и во Велешко и во Словенскиот Балкан. Тие се Преде свирачот и Хрусе слепецот („*Преде свиръцъ и Хроусе слепъцъ*").[133]

Документов, вообичаен за ова време, го привлече вниманието веднаш. Толкувањата што се дадени се различни, напати и произволни. Па така, според Роксана Пејовиќ, Преде „*бил професионален свирач, а вториот бил гуслар*".[134] „*Политика*" во рубриката „*Дали знаете*" тврди дека епископот Јаков „*сакал да му се свири на гусла, а тоа била работа на Хрусе слепецот*".[135] а познатиот историчар К. Иричек ќе констатира дека во документов имаме средба со првиот словенски епски пејач, со првиот рапсод.[136]

---

[131] Р. Стефановић, **Кроз завејана села изнад Пчиња**, Политика, а, 18 фебруар 1937, 12; д-р Момчило Златановић, **Епске песме и гуслари у врањском крају**, Врањски гласник, књ. XI, Народни музеј у Врању, Врање, 1975 515/13.

[132] **Етнография на Македония**, том 1, Съставили: Маргарита Василева, Юлияна Царева, Ваня Николова, Лиляна Димитрова, БАН, София, 1992, 95/227.

[133] Стојан Новаковић, **Законски споменици српских држава средњег века**, Београд, 1912, 703; Т. Флоринский, **Памятники законодательной дѣятьлности Душана**, Киев, 1888, 145-150; **Сборник за народни умотворения и народопис**, кн. LIII, Български юнашки епос, БАН, София, 1971, 48; Катя Михайлова, **Странствуващите певци – просяци у Балканските Славяни и техните „събратя" у другите европейски народи**, Балканистичен форум, 2. 1993, 29; Josip Andreas, dr Dargutin Svetko, Stana Đurić-Klajn, **Historiski razvoj muzičke kulture u Jugoslaviji**, Školska knjiga, Zagreb, 1962, 356.

[134] Roksana Pejović, **Istorija muzike jugoslovenskih naroda**, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1983, 23.

[135] **Политика**, Београд, 31 мај 1963, 591.

[136] Д-р Конст. Иречекъ, **История на Българитѣ**, София, 1929, 321/111.

Без оглед колку е оправдано во свирачот да се препознава „гуслар", а во слепецот „рапсод", очигледно е дека преку Преде и Хрусе за првпат се среќаваме со, вообичаената од XIX и XX век, просјачко –свирачка патувачка двојка. Кои музички инструменти употребувале и кој репертоар го имале изгледа никогаш нема да се дознае.

**ЛАЗАР**

Лазар или Лазо е еден од постарите велешки просјаци–гуслари кој скоро исцело му припаѓа на XIX век. Роден е во средината на векот во Велешко, а умрел на 60-годишна возраст. Бил со пократка нога, а не бил слеп. Бил на средна висина, полничок и весел. Слабост му бил алкохолот.

Имал пријатен глас, свирел вешто и убаво, а бил и еден од новаторите на велешкото гусларство. Имено, сакајќи да ѝ даде нов тоналитет на својата гусла, наместо жици, употребил пет тетиви, обединети во три групи, од кои четири биле во два реда, а петтата, со понизок тон, била средната. Знаел многу песни, најмногу „кралски", а најчесто ја пеел *„Дете Дукадинче од Дукадинска земја"*.[137]

**КОЦЕ ЈОВАНОВ (Коце Даљанката)**

Бил роден во светиниколското село Немањци како син-единец на земјоделецот Јован од родот Баковци. Наполно здрав, физички необично силен, буен, експлозивен и кавгаџија, му задавал големи грижи на семејството. При првото бегање од домот им се приклучил на мечкарите од кои ги научил вештините на измамата, но и да свири на кавал и гајда. При повторното бегање, сега меѓу просјаците–гуслари, ги научил вештините на просењето, но и свирењето на гусла. Бил русникав, со модри очи и мустаклија. Во Велес го паметеле како шегаџија и веселник (*„од него немаше повесел"*), како пијаница (*„пиел како питач"*) и како кавгаџија (*„сите плачеле од него"*) при што во тепачките интервенирала и полицијата. Откако се преселил во Велес, се оженил за Сава, со која добил 16 деца, од кои живи му останале само две, но и од нив едното му умрело во 1913 год. Бил писмен, што било исклучива појава на времето во кое живеел. Знаел, покрај македонскиот, уште и турски, грчки, српски и бугарски јазик, како и многу песни на овие јазици. Брадата ја оставал да му расте, а се запуствал воопшто кога се подготвувал за долго патување. Патувал и просел низ Македонија (доаѓал во Битола, Солун, Крушево, Куманово), но и во Србија, Бугарија, а и во Грција. Преку Солун, пристигнал дури до Драма и Кавала. Патувал сам, но и со прилепските и велешките

[137] АЕ 109/II-а... 57.

тајфи. Најчесто соработувал со велешката тајфа во која постојани членови биле Лазо Перјаникоски, Петре Брезоакоски и Манче Слепиот од Ново Село.

Коце Далјанката е еден од последните учители на Велешкиот просјачко–гусларски центар, кој во својот дом во крајот на минатиот и почетокот на овој век направил едно од најпознатите училишта на просјаците–гуслари во Македонија. На учениците им обезбедувал бесплатна храна и стан, им давал и по 200 гроша во вид едногодишна награда, но одземал сè од испросеното.

Неговото постојано врталиште во Велес, како и на повеќето велешки просјаци–гуслари бил анот во Којник на Никола Меанџијата. Во зимските вечери тука поединци за пиење трошеле и по 100 и до 300 гроша. Умрел во Велес во 1927 год. како 75-годишник, по тешка настинка, а по едно долго патување во Грција (Солун и Лерин). Закопан е во Велес.[138]

**ЃЕЛО** Ѓело бил човек на средна висина, полничок, калеш, отворен, разговорлив и веселник. Додека се наоѓал во родниот Велес се носел убаво, ги употребувал новите алишта од аба. Меѓутоа, кога заминувал на пат, ги користел просјачко–парталавите, го прифаќал просјачкиот стап, а едната нога, комуфлирајќи ја дека е саката, ја обложувал со партали. Гуслањето и репертоарот ги имал прифатено од Коце Далјанката. Умрел на возраст од 60 години.[139]

**ГЛИГОР** И Глигор не бил ниту слеп, ниту сакат. Во Велес дошол од Овчеполието, тука се оженил и се настанил, додека, по убиството што го извршил врз жената, не побегнал во Грција. Новиот дом му бил во Писодере. Не бил добар пејач, зашто бил и д'ткав, Свирел на гајда и на гусла. Во Велес, пред заминувањето за Грција, најмногу настапувал во кафеаните.[140]

**КОСТА (Коста од Велес, Коста Бугаринот)** Од Велес, каде што се родил, се преселил во Србија, во Миливи, каде работел како воденичар. Имал убав глас, знаел да свири на гусла и тамбура. Умрел во длабока старост во 1925 год.[141]

---

[138] АЕ 109/II-а... 57; АЕ 109/II-б... 48-50.

[139] АЕ 109/II-а... 57.

[140] АЕ 109/II-б... 4.

[141] Рад. Меденица, **Епска песма у Ресави**, Прилози проучавању народне поезије, г. III, св. 2, Београд, 1936, 283.

## ОХРИДСКИ

**ОД ЛЕТОПИСОТ** Оние што ги познавале состојбите со просјаците–гуслари во Македонија, Охрид го вбројуваат во најзначајниот центар. Ј. Х. Васиљевиќ познава само два центра, Битолскиот и Охридскиот,[142] а Бр. Русиќ своите теренски истражувања од првите децении на овој век ги заклучува со констатациите дека Охридскиот центар бил, барем во одреден период, еден од најголемите и најзначјните.[143] Дека Охрид имал во минатото мошне значајна улога во развојот на гусларството во Македонија потврдува и К. Шапкарев. Сеќавајќи се за своето детство од првите децении на минатиот век, говори дека во родниот град имало многу просјаци–гуслари кои со својот репертоар биле неисцрпен извор за многу стари народни песни. Почетокот на XIX век, според него, бил крајот на просјаците–гуслари зашто или повеќе ги немало воопшто или само по некој и тоа *„како некоја опашеста ѕвезда"* за да го возобнови сеќавањето на нив.[144] Дека имал добра меморија потврдува и Гр. Прличев со поемата *„Сердарот"*.

Ако црквите и манастирите биле значајни фактори за поттикнување на појавата на просјаците–гуслари, тогаш Охрид ги имал сите предуслови да стане нивни главен центар. Иако во XIX век во Охрид среќаваме редуцирани 19 цркви,[145] нивниот број во подалечното минато бил значително поголем, се оперира дури со фантастичната бројка од 360 цркви и манастири.[146] Оттаму разбирлив е традиционалниот грижлив однос на охриѓани кон хендикепираните, сираците и вдовиците, а кое може да се проследи од Климентовото,[147] преку Прличевото,[148] до најновото време.[149]

---

[142] Д-р Ков. Хаџи Васиљевћ, **Прилеп и његова околина**, Београд, 1902, 188.

[143] АЕ 199/I-a.., 1.

[144] Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, том први, **Песни**, приредил д-р Томе Саздов, Мисла, СКопје, 1976, 54/6.

[145] Ив. Снѣгаровъ, **Градъ Охридъ**, Македонски преглед, гол. IV, кн. 1, Македонски наученъ институтъ, София, 1928, 93.

[146] А. К. Шапкаревъ, **Кратко историкогеографско описание на градоветѣ Охридъ и Струга**, III, 1901, 17.

[147] Теофилакт Охридски, **Житие на Климента Охридски**, Превод от гръцкия оригинал, увод и бележки от А. Милев, БАН, 1955, 75, 81-82.

[148] Григор С. Прличев, **Одбрани страници**, Приредил Тодор Димитровски, Кочо Рацин, Скопје, 1959, 169.

[149] Р. Киријазовски, **Новооткриени значајни документи за манастирот Св. Наум**, Историја, год. V, бр. 1, Скопје, 1969, 181-188. **Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија**, Редакција и коментар Љубен Лапе, Институт за национална историја, Скопје, 1954, 359.

Еден запис од црквата Св. Богородица, а со датум 1379 година („*Претстави се раб божји Остоја Рајаковиќ по гуслом Угарчиќ, сродник крања Марка и зет жупана Гропе, октобра 10 лета 1379*"),[150] за некои е сосема јасен доказ за суштествувањето на терминот „гусла" во охридскиот говор и за гусларските традиции во ова подрачје од најрани времиња.[151] Дека тој термин бил одомоќен потврдува и народната книжевност.[152] Пројавените резерви,[153] всушност никогаш докрај не ги оспориле аргументите. Гусларската традиција во Охрид ја осведочиле и поновите проучувачи на македонската народна песна. Тодор Маневиќ во патеписните белешки, меѓу другото, опишува и впечатлив празничен гусларски настап на охридска улица,[154] а некои понудиле и помали студии на претставници на таа традиција.[155]

**НАУМ (Наум Просјакот, Наум Слепио)**

Првите и основни податоци за најстариот и, се чини, еден од најзначјните преставници на Охридскиот просјачко–гусларски центар од минатиот век, Наум, ги нудат двајцата големи собирачи на македонското народно творештво, К. Шапкарев и М. Цепенков. Според Шапкарев, Наум, кого го именува и како Наум Слепиот, но и како Наум Просјакот, бил роден во крајот на XVIII или почетокот на XIX век, зашто кога умрел во VIII-та деценија од минатиот век, веќе бил во длабока старост, бил деведесетогодишен. Поголемиот дел од годината го врвел надвор од градот и само во ретките прилики

[150] **Записи и летописи**... 79; Йордан Иванов, **Български старини из Македония**, София, 1970, 39; Архимандрита Антонита, **Изъ Румелъи**, Синкпеторбург, 1886, 47; Станислав Краков, **Кроз Јужну Србију**, Београд, 1926, 64.

[151] Д. Костић, **Један заборављен јунак од 14 века, Остоја Рајаковић, по гуслам Угарчић, можда Бошњак, сродник Краљевића Марка, сахрањен у цркви св. Климента у Охриду**, Време, г. IV, бр. 1671, Београд, 15 август 1926, 4; Истиот, **Остоја Рајаковић Угарчић**, Српски књижевни гласник, Нова серија, књ. XXXIII, бр. 8, 16 август 1931, 611-619.

[152] Д-р Кшиштоф Вроцлавски, **Македонскиот народен раскажувач Димо Стенковски**, II, Текстови, Инситут за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје, посебни изданија, кн. 6, Скопје, 1984, 27/5; 171/28.

[153] Др В. Ђоровић, **Остаја Рајаковић Угарчић**, Прилози проучавању народне поезије, књ. V, св. 1-2, Београд, 1938, 53-56.

[154] Тодор Маневић, **Нашинци**, Београд, 1933, 22.

[155] Драг. Костић, **Старост народног епског песништва нашег**, Јужнословенски филолог, књ. XII, Београд, 1933, 48; Х. Поленаковић, **Ванђелов „Болен Дојчин"** Прилози проучавању народне поезије, г. VI, св. 2, Београд, 1939, 280-286; Бр. Русић – А. Шмаус, **Гуслар Ванђел из Охрида**, Прилози проучавању народне поезије, г. III, св. 1, 119-133; Хр. Вакарелски, **За един трубадур на Македония**, Македонска мисъл, год. I, кн. 9-10, 1946, 412-424; Александар Стерјовски, **Последниот охридски гуслар**, Матица Македонска, Скопје, 1994.

се прибирал во Охрид, во постојаното коначиште. Шапкарев тврди дека имал неисцрпен извор песни (знаеше *„безброј стари јуначки песни"* – вели тој) меѓу кои се наоѓала и една подолга, непозната дотогаш народна песна за заземањето на Охрид од Турците, што било главната причина за упорноста на Шапкарев да го дебне и да го исчекува нестрпливо. За жал, двајцата никогаш не се сретнале. Кога, на крајот, Шапкарев нашол слободно време да го побара, тој веќе бил мртов и *„заедно со своето мртво тело ги завлекол во својот студен гроб и во вечно, неповратно исчезнување"* сѐ она што го носел како национална гордост и богатство, заклучува Шапкарев.[156]

Другиот вреден собирач на македонското народно творештво, М. Цепенков, во *„Автобиографијата"* нуди навистина скржави, но затоа значајни податоци. Тврди дека Наум Слепио, просјак–гуслар, имал неисцрпен поетски репертоар, кого поголемиот дел го беше научил од Цепенковата тетка-песнопојката Дафина, од која Н. Тахов беше ја оформил и својата збирка на народни песни.[157] Бидејќи во ова време ниту во Прилеп, ниту во Битола нема гуслар со вакво име и слава и бидејќи и Шапкаревиот Наум живеат во исто време, логично е да се мисли дека тоа е една иста личност. За жал, тоа е сѐ што се знае за него.

**СТАНКО** И како пејач и како гуслар, но и како учител на многумина охридски просјаци–гуслари, Станко претставува она што биле во Прилеп Коле Лауц, а Ташку во Битола.

Тој е помлад врсник на Наума, зашто е роден во почетокот на XIX век (1810-1812), а живеел, како што се сеќавала неговата снаа од син, Тасевата жена, 72 години. Ослепел млад, кое било причина да се оддаде рано на гуслата, песната и просењето. Кога поодраснал со себе го водел синот Тасе, којшто, исто така, сакат, не бил способен за друга работа. Тој му бил и учител и сета гусларска вештина и богатство на народните песни Тасе беше ги научил од својот татко. Заедно, како водач и пејач, односно како патувачка двојка, при што двајцата пееле и свиреле, ги посетувале охридските села, но патувале и низ цела Македонија. Иако рано хендикепиран, Станко беше го задржал бодриот дух. Бил калеш и стасит, мирен и племенит. Имал чист глас и убаво и вешто свирел. Песните му биле од охридската усна традиција, но и од другите просјаци–гуслари.[158]

---

[156] Кузман А. Шапкарев, цит. дело и стр.

[157] Марко К. Цепенков, цит. дело, кн. десетта, 305, бел.

[158] АЕ 109/II-a... 9; АЕ 199/I-a... 20-21.

**ТАСЕ** Роден е во Охрид пред 1860 год., а умрел 1910 год. Бил виок, калеш, цврст, но и грд маж, со една, десната „исушена" нога. Како и таткото, ја сакал шегата, но бил лут и лесно пламнувал.

Знаел многу, особено стари народни песни. Истите, како и вештината во музицирањето на гуслата им го предал на цела генерација охридски и други просјаци–гуслари, меѓу другите и на Ванѓел Кипаризоски. Пеел меко и убаво, а имал и чист глас.[159]

**СОГЛЕ** Потекнувал од Тиквешијата, а гусларската вештина ја имал совладано во Охрид, кај Станко. По завршувањето на курсот, останал постојано да живее во Охрид, тука и умрел. Бил окат, но левата нога му била „сува". Како пејач и свирач бил послаб од својот учител.

За неговата смрт постои предание дека умрел во истиот ден кога и неговиот учител, дури и во истиот ден кога им пцовисале и коњите.[160]

**ИЉО**
**(Иљо Бимбиљо)** За него нема многу податоци, се знае дека бил окат и дека бил од околината на Охрид. Бил русникав, на средна висина и куц на едната, десната нога. Почесто доаѓал во Битола каде отседнувал во врталиштето на прилепските просјаци–гуслари, во Прилепскиот ан.

Во 30-тите години од овој век сé уште бил жив.[161]

**ВАНЃЕЛ КИПАРИЗОСКИ**
**(Ѓеле, Ѓелија)** За Ванѓел Кипаризоски е пишувано доста, а меѓу другите кои се позанимавале со него, се: Бр. Русиќ и А. Шмаус,[162] Митар Влаховиќ,[163] Х. Поленаковиќ,[164] Х. Вакарелски[165] и некои други.[166] За него пишуваше и „*Политика*", а и книжевното наследство што го оставил многу одредено и богато говори за него.

---

[159] АЕ 109/II-a... 9; АЕ 199/I-a... 20-21; Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија 109.

[160] АЕ 109/И-а... 109.

[161] АЕ 109/II-a... 37. Според тврдењето и на Димитар Стефановски, проф. во Педагошката академија Битола (18. IV. 1993).

[162] Бр. Русић – А. Шмаус, цит. статија.

[163] Митар Влаховић, **О слепим гусларима**... 103.

[164] Х. Поленаковић, цит. статија.

[165] Хр. Вакарелски, цит. статија.

[166] Александар Стерјовски, цит. дело.

Роден е во Охрид на 15 март 1879 година. Многу рано ги почувствувал горчините на животот (на 8 месеци ослепил од сипаница); мајка му умрела кога имал 4 години; татко му Михајло го убиле Албанци-качаци кога имал 6 години; го одгледале пријатели или роднини. На 15 години отишол кај Тасе Станков да го учи гуслањето, пеењето и просењето. Кога умрел учителот во 1910 год. веќе бил самостоен во занетот и почнал да си го печали лебот самиот. Три пати се женел и имал неколку деца. Неговата куќа се наоѓала во истата, Станко–Тасева Маала, во Горна Влашка Маала. По Првата светска војна му било забрането да проси, па во поблиските села, како во Пештани, патувал потајно.[168] Во помладите години и додека го служел здравјето формирал сопствени тајфи со охридските, прилепските, битолските и другите просјаци–гуслари. Во нив ги вклучувал Ташку, Цветко, Коле, Крсте, Павле, Ристе и др. или тој се приклучувал во нивните тајфи. Кога подостарел се движел по охирдските села, а подоцна се ограничил исклучиво на Охрид. Умрел на Коледе 1945 год. и закопан е заедно со гуслата и просјачкиот стап во Охридските гробишта.

Репертоарот му бил богат и разнообразен. На дописникот на „*Политика*" му тврдел дека неговите песни не само што се бројни, ами нив ретко кој ги знае и дека никаде не се забележани. Покрај песни („божовни", „кралски", „старовремски", „спахиски", „комитски", „љубовни" и др.) знаел и многу приказни. Најмногу му ги порачувале песните за Св. Петка, Св. Недела, Аврам и Исак, за Кралот Марко и др. Не само што акумулирал, ами и зрачел. Творец е на поголем дел од репертоарот, а другиот го капитализирал со добра меморија. Најмногу прифатил од учителот Тасе, но и од другите просјаци–гуслари, како и од охридската и другата литерарна традиција. Немирен кон поетксrа материја ја брусел и ја условршувал според својот вкус и знаење и го бележел во нив и своето животно искуство и својот дух. Бил религиозен и многу личности и настани од „*Стариот*" и „*Новиот*" завет ги втиснал во своите песни. Меѓутоа христијанската интонација е заедничка црта скоро на сите негови песни и приказни. Припаѓајќи му на најобесправените и најпотиснатите, со полно грло повикувал на бунт и се воодушевувал од непокорните. Бил омилен забавувач и од настапот правел секогаш претстава. За жал, неговиот стих не секогаш ги почитува версификаторските правила и барања, што е впрочем одлика и на повеќето македонски просјаци–гуслари од ова време.

---

[167] **Политика**, Београд, 22 фебруар 1939, 11, „**Гуслар рекордер**"

[168] Според сеќавањето на Ката Медароска, домакинка од Пештани (покојна).



Ванѓел Кипаризоски во помлади години со просјачки алишта
и со дисагите на рамо

Vangel Kiparizoski at a younger age in beggar's clothes and with saddlebags
on his shoulder



Ванѓел Кипаризоски во повозрасни години

Vangel Kiparizoski at an older age

# СРЕДНО РАЗВИЕНИ ЦЕНТРИ

## МАРИОВСКИ

**БЕЛЕШКА** Во минатото опстојувал, но и интензивно се развивал и еден посебен просјачко–гусларски центар, Мариовскиот. Лоциран во изолирано и тешко достапно подрачје, кое низ вековите задржало посебен ритам на живеење, како и посебно фолклорно наследство, ќе оформи специфичности типични само за него. Мариовските просјаци–гуслари кон фолкорното наследство на другите подрачја се однесувале со интерес, но го префериреле и го љубеле домашното искуство и наследство. Преку нив ќе се запознае пошироко и еден посебен свет, но и поинакви творечки фолклорни решенија.

Мариовскиот центар е од разбиен тип. Во него ги немало толку значајните и обединувачки зимски вечерни пункта, а еснафските врски биле сосема слаби. Меѓутоа, благодарејќи на навиките на живеењето, на хигиенските, здравствените и другите традиции, отсуството на врски со понапредната средина и градот, тој никогаш не оскудувал од подмладокот. Дури, напротив, голем дел од несреќните, слепите и сакатите деца патувале за другите центри, пред сè, во Прилепскиот.

Макар што надвор тие се идентификувале како прилепски, односно битолски или тиквешки, со посебната, типично мариовската носија, но и со сè она што го носеле како фолклорна традиција, веднаш се препознавале. Со себе ги носеле возбудливите приказни за итроманот Итер Пејо, кои се доживувале како автентични, зашто биле кажувани „од прва рака". Се носеле и песни за локални јунаци и за локалните настани. Познатите јунаци во нивните песни добивале поинакви решенија, зашто се граделе врз богатите локални фолклорни традиции.[169] Очигледно имале што да презентираат и пред македонската и друга публика.[170]

**МИТРЕ ЈОВАНОВ (Митре Курта)** Митре Јованов е еден од постарите и попознатите мариовски просјаци–гуслари. Роден е во селото Галишта во крајот на XVIII или почетокот на XIX век, а умрел во последните децении на минатиот век во длабока старост, односно како 85-годишник. Бил окат, имал само една „сува"

---

[169] Д-р Војислав С. Радовановиќ, **Маријовци у песми, причи и шали**, Скопско научно друштво, Скопље, 1932.

[170] Александар Стерјовски, **Мариовскиот просјачко–гусларски и пеачки центар**, Во: **Фолклорот и етнологијата на Мариово и Меглен, Зборник**, Друштво за организирање на мариовско-мегленските културни средби, Друштво за наука и уметност – Битола, Прилеп, 1994, 165-171.

нога, десната. Во селото, бил третиран за имашлив човек (имал куќа, ниви, овци и добар коњ, со кого ги правел своите патешествија низ Македонија). Сопругата му била селанка од истото село и со неа добил три деца, две машки (постариот Трајко го убиле српски чети) а помладиот Јоше, од кого добил наследници. Ќерката Ѕуна не оставила деца, зашто сите ѝ умирале во раната младост. Бил молчелив и тих. Одел со ресачка, џамадан и со други специфички од мариовската бела носија. Патувал, главно или со водачот Миле, кој бил од истото село, но и со други просјаци, повеќето од Прилеп. Понекогаш од селото отсуствувале по еден или еден и пол месец. Патувал низ своето Мариово, но и низ Тиквешијата. На едно такво патување бил нападнат од Турци од Дреново, кај Мрзен и бил ограбен. Пљачкашите правеле со него и груби шеги. Барајќи скриени пари во џамаданот, нашле полно вошки, па џамаданот го денеле со пушките и си играле со него.

Да свири на гусла научил од своите соселани просјаци–гуслари, но и од прилепските кои доаѓале во селото и со кои се дружел во тајфите.[171]

**РИСТЕ МУРЏЕВ (Ристе Питачо од Полчишта, Ристе Аџијата)**

Родителите му биле земјоделци, мајка му се викала Стојанка, таткото Мурџо, а жена му Маса. Со неа добил две деца, Димитрија (кој *„не бил салам"*) и кој умрел млад и ќерка, Неда.

Ристо Мурџев, поознат како Ристе Питачо од Полчишта или како Ристе Аџијата бил на средна висина. На едното око не гледал, а и едната нога му била „сува". Бил искривен и во устата, што му причинувало тешкотии во говорот и во пеењето. Кога свирел, кон тоа, непријатно се берел во клупче, но сето тоа го надоместувал со начинот на интерпретацијата на песните, доживувајќи ги како настани што навистина се случиле (*„како да ги гледал пред себе"*). Знаел многу, особено стари песни. Една која со особено задоволство ја пеел била *„Косте Костурјанче"*. Просел низ селото, но и низ Мариово. Патувал самиот со коњ, но и со водачите Стеван од Бешишта и со некој си Лазар. Свирел и пеел по селските агли, каде се береле случајни минувачи или заинтересирани поединци, но и деца–слушатели. Се појавувал, исто така, и во селските анови.

Умрел на 78 годишна возраст во 1885 год.[172]

---

[171] АЕ 109/II-а... 18, 42-43.

[172] АЕ 109/II-а... 21, 37-38, 57-58.

**ПЕТКО**
**(Петко–Пено Питачо)**

И Петко бил окат, но сакат просјак, двете нозе му биле „суви", па се движел, како и Јован Стеванов од Врпско, користејќи коњи но и со помошта на водачот Најдо Груев, соселанец, сакат („**чкулав**") од едната, левата рака. Живеел во Долно Маало во селото Пчаништа. Бил семеен и имотен селанец. Имал две ќерки (едната рано му починала) и еден син. Располагал со поголем имот, во кого влегувале ниви, овци, свињи, коњи, говеда и друго. Се говорело дека и во Битола има поголема, убава куќа.

Заедно со водачот, со двата коња, патувал не само низ мариовските села, низ Тиквешијата, Битолско и Битола, Прилеп, Гевгелија, но и во Солунско, па и низ „Турско". Пристигнал во една прилика, како што уверувал, дури до Видин.

Свирел лесно и убаво на гуслата, а пеел со убав глас. Пеел, главно, „кралски" песни. Секоја, ако се однесувала за јунак, ја завршувал со констатацијата: „*Ако не бил, не се славел*!".

Бил црномурест, на средна висина. Носел народна носија од бела кошула, црно ќуфче, црни бечви, направени од дебел, волнен шајак. Умрел во 1890-1895 год. во 50-60 годишна возраст.[173]

**МИТАН**
**(Митан од Пештани)**

Овој мариовски просјак–гуслар роден е во селото Пештани околу 1844 год. И тој не бил слеп, бил сакат, двете нозе му биле „исушени", што било причина при движењето да се користи или со животни или со рацете. Рано останал без татко, а неговата мајка во домот донесла домазет, кој доаѓал од селото Галичани.

Да свири на гусла научил во Битола од битолските и прилепските просјаци–гуслари. Со гуслата патувал низ Мариово, но и подалеку. Како водач му бил некој си Недан од Бешишта, кој дошол во Пештани како домазет. Понекогаш им се приклучувал на прилепските тајфи со кои преземал подолги релации. Особено соработувал со тајфата на Јоан и Ристе. Не стекнал некој добар глас на гуслар, но затоа стекнал добар имот. Покрај куќата, нивите, спестил и доста пари со кои купил 4-5 коњи. Во своето село ретко свирел и пеел, освен во неделите, кога доброволно се согласувал тоа да го прави. Како семејна слава му бил Аранѓеловден, при што на честитање му доаѓало сето село. Во бракот му се родиле четири ќерки и еден син (Василе) кој подоцна станал и кмет во селото. Умрел во селото некаде по востанието, по сѐ во 1905 год.[174]

[173] АЕ 109/II-а... 38-39, 22, 51.

[174] АЕ 109/II-а... 23; АЕ 199/I-а... 19.

**СТЕПАН (Степан од Бешишта, Каравиљ)** Степан во својот еснаф, но и меѓу љубителите на песната и гусларското свирење попознат бил како Степан од Бешишта, но и како Каравиљ. Роден е околу 1856 год. во селото Бешишта. Бил окат, но со една „сува" нога. Бил среден на раст и калеш. Носел чисто бело мариовско руво. Бил разговорлив и отворен и ја сакал веселбата („*бил џумбушлија*"). Имал пријатен и јасен глас, убаво пеел, а и свирел вешто. Со тие квалитети е еден од подобрите мариовски и македонски просјаци–гуслари. Два пати се женел, со првата имал син и ќерка, а со втората, која присилно ја омажиле за него, по решителната интервенција на владиката Григорие за да се одвлече од врските со Турчин, немал пород.

Покрај гуслата, со себе парадно носел и пушка. Рано се вклучил во националниот отпор на Мариово, па заради покажана неустрашивост во ризични ситуации бил наречен „*бабакар*" (јунак). Учеството во отпорот е причина и за смртта. Андартарските чети, кои биле бројни на овие терени по Илинденското востание, првин, како опомена му ја запалиле куќата (што било повод втората жена да побегне во Охрид, повторно кај љубовникот-Турчин), а потоа со четири куршуми во 1908 год. да биде убиен. Синот, кој бил сличен на таткото и кој рано ѝ се приклучил на борбата, плашејќи се од верижна одмазда, се преслил во битолското село Црничани. Но за жал и тој ја имал судбината на таткото, бил убиен од Турчин.

Каравиљ бил добар гуслар и пејач. Знаел повеќе, особено, „кралски" песни. Патувал сам или со други до Велес, Лерин, Охрид и Дебар. Најмногу и најчесто престојувал во Битола.[175]

## СТРУМИЧКИ

**БЕЛЕШКА** Триаголникот Струмица-Радовиш-Гелгелија според еден од еминентните истражувачи на македонското гусларство, Бр. Русиќ треба да се третира како еден единствен просјачко–гусларски центар.[176] Многу сегменти трите града ги обединуваат: заедничката историја, истиот или сличен начин на живот, слични фолклорни традиции, слични специфики на интерпретацијата на песните, начинот на музицирањето, видот на музичките инструменти, репертоарот, заедничките тајфи, маршути, тајниот говор, еснафското живеење итн. Епската и друга фолклорна традиција, која во овие

[175] АЕ 199/I-a... 19-20; АЕ 109/II-a... 18.

[176] Бр. Русиќ, **Македонските гуслари**, Нова Македонија, Скопје, 16 август 1953, Забавен прилог.

краишта била упорна и жилава,[177] била, всушност, само една од основите на богатството на репертоарот на овие интерпретатори. Другиот дел му припаѓал на традициите што се поврзани со македонските просјаци–гуслари.

За жал, од поголемиот број, денес се познати имиња само на неколку и тоа од последните претставништва на овој центар. Од нив, исто така, не е дојдено никакво фолклорно наследство.

Од инструментите што ги употребуле просјаците–гуслари од овој центар доминантна била четириструната гусла, која ја викале „цигулка",[178] а гудалото го викале „тријало".[179] Такви четириструни во 1938 год. забележал Бр. Русиќ во село Костурно и според тестирањето можело да се каже дека имала добар глас.[180] Покрај неа пред Втората светска војна, макар што има тврдење дека во овие краишта не постоела гусла[181] се употребувала и гусла со две тетиви.[182]

Просјаците–гуслари не само што поаѓале на просење низ Македонија од овој центар, ами и во него доаѓале од повеќе страни на Македонија, посебно од Солунско и Кукушко, каде што, исто така ги имало. Тука тие доаѓаат со иновации во музицирањето и нови теми и нови песни, кое, домашните изобилно го користат за своето надградување.

**ПЕТРЕ (Петре од Клеповци, Дедо Петре)**

Петре од Клеповци е еден од постарите просјаци–гуслари во Струмичкиот центар, зашто кога умрел во седмата деценија на минатиот век бил веќе во длабока старост. Се родил, живеел и умрел во струмичкото село Костурно, во родот Клеповци.

Татко му се викал Златан, мајка му Митра, а жената, која ја довел од селото Триводи, Ангелина. Ќерката била, исто така, слепа, односно тешко разрока. Бил висок, снажен, убав, со забележителни мустаци. „*Бел и црвен*", со темна коса, го привлекувал внимателно на помлади години. Се облекувал во народна носија, со ќепе, долама, а носел и фес. Бил слеп. Преку летото со месеци останувал надвор од селото. При просењето, коњот и водачот ги оставал надвор од селото, а самиот тргнувал од куќа до куќа, помагајќи си со стапот. Во населените

[177] Мил. С. Филиповић, **Епска песма у околини Струмице**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, Београд, 1934, 222-230.

[178] Исто, 228.

[179] АЕ 109/II-a... 55.

[180] Исто.

[181] Димитъръ Ивановъ, **Гевгелийскиятъ говоръ**, София, 1932, 46.

[182] АЕ 109/II-a... 53.

места отседнувал во ановите. Во Богданци конакувал во анот на Заушаков, во кого престојувале и други просајци–гуслари, врвејќи го времето во пијанење и меѓусебни контакти. Работејќи вака стекнал убава куќа и друг имот.

Знаел многу песни, а ги пеел привлечно. Меѓу најпознатите му биле оние за цар Константин, Болен Дојчин, Црна Арапина и др. Повеќето ги завршувал шематизирано, со стиховите:

Уд мене песна, уд Бога здраве,
Век за века да се славе![183]

**РИСТО**
**(Дедо Ризо, Дедо Ришо)**

И тој е еден од постарите просјаци–гуслари на Центаров, зашто кога умрел во првите години од овој век имал 55 години. Се родил во селото Коњско (Гевгелиско), бил слеп, крупен, со „бели" мустаци, а одел во селска платнена носија со карактеристичните одлики на регионот од каде потекнувал. Патувал и надвор од Гевгелија. Со „чираци" и со два коња, преку Солун доаѓал и до Серес.

Знаел многу песни, од кои најпознати му биле „кралските",„заманските", „божовните" (за Св. Ѓорѓи). Многу пеел за Кара Ѓорѓи („*Левен Ѓорѓи*"), за Секула војвода, Дете Голомеше, Дете Дукадинче и др. Ја пеел со љубов и песната „*Аратли Јован*".[184]

**МИТО НАУМ МИРКОВ**
**(Мито Мајмунџијата)**

Не бил слеп, нити бил сакат, а сепак просењето му било главно занимање.

Бил роден во село во Солунско, од каде неговото, заедно со уште едно семејство, се преселиле во Банско, Струмичко. Роден е во 1873 год, а во 1908 год. се оженил за девојка од кочанското село Морозница, со која добил неколку деца. Бил калеш, со црни мустаци (се тврдело дека бил христијански Ром). Бил мирен и тих. Во почетокот патувал со мечка, а подоцна и со мајмун (оттаму и прекарот) и со нив ги забавувал присутните. Првата гусла му ја направил очувот-вретенар, кој истовремено му бил и учител. Покрај неа променил уште неколку, а последната ја направил самиот од црничево дрво (главата) и ореово (капакот). Имала четири жици, секоја различна по тоналитет.

Песните, како што тврдел, ги имал научено во селата во Кочанско и Струмичко, а најмногу пеел за Јована Арватка, за Болен Дојчин, Грозен Ѓорѓи, Сербес Еленка девојка, Муса Кесеџија, Личен Димо,

[183] Мил. С. Филиповиќ, цит. статија, 228; АЕ 109/II-а... 51, 55, 58; АЕ 109/III...215.

[184] АЕ 109/II-б... 7; АЕ 109/II-а... 48-49.

Стојан Бимбашијата и др. Свирел и на свадби и на слави. Во 1931 год. ненадејно и засекогаш престанал да свири и пее. М. Филиповиќ, кој пишуваше за него, вели дека причина за таквата одлука била ненадејната смрт на ќерката и големата болка што ја чувствувал за неа. Откако престанал да свири, а како знак дека никогаш нема повеќе да ја земе в раце гуслата, ја искршил темелно. Понатака егзистирал како вретенар. Во ова време имал 65 години.[185]

## МАЛЕШЕВСКИ

**БЕЛЕШКА** Како и Мариово, тешко достапната и со комуникации осамена Малешевија, изградила не само автохтонен и мошне интересен живот, заради кого го привлекла и вниманието на науката,[186] ами оформила и свој, посебен просјачко–гусларски центар и тој од разбиен тип. Ги немал препознатливите специфики, овие гуслари не можеа да живеат низ расфрлените села тесен и интензивен еснафски живот, своите тајфи тешко и со напор ги формираа, немаа популарни и омилени собирни пункта каде инстиктивно поаѓаат барајќи дружење со слични на себе. Но затоа пак, имаа на располагање една богата месна фолклорна традиција што ја експлоатираа докрај и тоа е она што како вредност го носат со себе презентирајќи го при своите настапи. Објавени се такви фолкорни материјали,[187] има обиди тие и да се проучат.[188]

Малешевските просјаци–гуслари како музички инструмент ја употребуваат гуслата, која овде се викала „*вигулица*".[189] Јеремија Павловиќ не ја нашол навистина на теренот, но останал со убедувањето дека „*се памети дека некогаш ја имало*".[190] Била градена добро, со телешки тетиви, била флексибилна зашто се употребувала и за придружба на епските десеттеречки песни, но и на орта.[191]

---

[185] Мил. С. Филиповић, цит. статија, 228; АЕ 109/II-а... 62-63.

[186] Методија Соколовски, **Малешево во XVI век**, Историја, г. XV, бр. 1, Скопје, 1979, 161-170; Јеремије Павловић, **Малешево и Малешевци**, Београд, 1929.

[187] **Малешевски народни песни**, збирка на Станко Костиќ, Редактирал Тодор Димитровски, Институт за македонски јазик, Скопје, 1959; Исто, в. стр. 7-8.

[188] Јованка Лазаревић, **Прилог проучавању малешевске народне поезије**, Зборник радова САН, књ. XIV, Етнографски институт, књ. II, Београд, 1951, 210-220; Д-р Душан Недељковић, **Облици малешевске епике**, Прилози проучавању народне поезије, г. VI, св. 1, Београд, 1939, 18-34 и др.

[189] Д-р Душан Недељковић, **Облици малешевске епике**... 23.

[190] Јеремије Паловић, цит. статија, 293.

[191] Д-р Душан Недељковић, **Облици малешевске епике**... 22.

минатиот век, како и за другите македонски просјачко-гусларски центри, време е кога живеат последните претставници. Станко Костиќ, меѓу информаторите имал и еден *„слеп гуслар"*, Ристо Дучев, кој понудил повеќе, главно, епски, пред сè, јуначки песни.[192] Д. Недељковиќ, истражувајќи го теренов, сретнал уште неколку: Давид Чукарев во Русиново, Атанас Јанков од Митрашинци и Петре Буров од Русиново,[193] но и Бр. Русиќ наведува уште неколку. За жал, времето на овие интерпретатори беше веќе изминато. Не без резигнација, вљубеникот на епот, Д. Недељковиќ. заклучува дека Малешевијата, *„област со богато гусларско пеење, со исчезнувањето на последните гуслари, носителите на еснафското организирано пеење и на многу стари артистички облици на епско кажување, после Втората светска војна претставува потполна пустош за истражувачот на народната епика"*.[194] Таму немал што да бара тој повеќе. Тоа е крајот на Центаров.

**РИСТО КАЧАРЕВ (Ристо Финдак)**

Најстариот познат просјак–гуслар од Малешевијата, а кој потекнувал од Берово, бил Ристо Качарев. Кога во 70-те или 80-те години од минатиот век умрел, бил на возраст од 50 години. Не бил слеп, но едната нога му била покуса. Бил полничок, на средна висина, со „црвени" мустаци и брада. Носел малешевска народна носија. Покусата нога при одот ја потпирал на патерицата. Ја сакал шегата и алкохолот, но не се пијанел. Во Берово, каде што имал сопствена куќа, му живеело семејството. Патувал по Малеш, Пијанец, Петричко и Струмичко на коњ и со водач. Кога просел претпорти, не слегувал од коњот.

Не бил од најдобрите пејачи, но затоа со својата еднотетивна гусла, свирел добро и вешто. Откако кај другите просјаци–гуслари забележал гусли со повеќе тетиви и на својата ѝ додал уште една. Покрај неа, направил и други, зашто се разбирал од дрводелскиот занает (неговото семејство биле бочвари-кацари, оттаму и презимето).[195]

**АРСО ОД ГРПОВЦИ (Дедо Арсо)**

Арсо од Грповци, познат и како Дедо Арсо, бил еден од најпопуларните и најпознатите просјаци–гуслари, не само во Источна, ами и во Пиринска Македонија. Постојано бил присутен во Малешевијата,

---

[192] **Мелешевски народни песни**, 168/бел.; п. 136 и др.

[193] Д-р Душан Недељковић, **Облици малешевске епике**... 27.

[194] Д-р Душан Недељковић, **Разматрања на изворима старе македонске епике**, Зборник радова Етнографског института САН, књ. 1, Београд, 1950, 44.

[195] АЕ 109/II-а... 68.

Струмичко, Валандовско и низ другите места, но патувал и низ Мелник и другите градови и села на Пиринска Македонија.

Во последните децении од минатиот век од Берово (или од село во Беровско), каде постојано живеел, женејќи се, се преселил во Мелник, но врските со родното место никогаш не ги прекинал. До балканските војни доаѓал слободно, а откако била поставена државната граница, доаѓал со „тескере". Во ова време имал 50-тина години.

Како дете ослепил и им се приклучил на просјаците–гуслари и гусларската вештина, во која бил еден од најдобрите, ја имал совладано од велешките просјаци–гуслари, кои му биле учители и во репертоарот. Оттаму и неговото подоцнежно поврзување со нив кога се спомнувало неговото име. Татко му се викал Иљо, а помладиот брат Јован. Бил на средна висина, русокос, полничок. Носел малешевска народна носија. Во Малешевијата го паметеле и по необично големите мустаци.

На гуслата, која ја викал „*sукло*", од трите тетиви, свирел убаво. Истата, како и другите просјаци–гуслари, ја носел од левата страна при патувањето, сместена во торба. Репертоарот му се состоел најмногу од „стари" песни, во кои „кумитските" заземале посебно место. Песна што најмногу ја сакал била онаа која пеела за Али паша Јанински. Пеел нежно и со занес и се говорело дека со песната и пеењето, не само жена, ами и моме може „*да расплаче*". Затоа го канеле, како во Дојран, Штип, Гевгелија и Струмичко и во домовите. Песните ги завршувал со стиховите:

– Слушајте, мало-големо,
дур не било-не се славело![196]

**РИСТО ДУЧЕВ** Ристо Дучев е еден од последните и најзначајните претставници на Малешевскиот центар, кого Д. Недељковиќ, кој имал прилика да го сретне и да го слуша, го нарекува „*малешевски Филип Фишник*". Потекнувал од семејството Дучевски од Берово. Имал два браќа, Божан и Јангел и сестра, Љаска, а жената му, беровчанка, со која имал и деца, се викала Сава. Бил крупен, калеш, со црни мустаци. Сипаницата, од која ослепил, не оставила траги на лицето. Носел потури, долги, црна раса и шубара. Бил со бистра глава и необично праведен („*Само половина око да имам ќе го утепа да вида кривица*", говорел). Со својот водач Стојан од Петрич патувал низ Малеш, Пијанец, Мелник, Струмица, Гелгелија, Косово и други места. Понекогаш се задржувал и по 3-4 недели, некогаш и повеќе. Соработувал со разни тајфи, а го знаел и тајниот гусларски говор. Во Берово имал куќа, овци (околу 50 на број), нива и друг движен и недвижен имот. Пиел и се опијанувал.

---

[196] Мил. С. Филиповић, **Епска песма**... 228; АЕ 109/II-а... 55-56, 59, 60.

Гуслата му била малечка, со три тетиви, но давала пријатен звук. Откако умрел (1926-1927), на 75-76 годишна возраст) жената му, која го надживеала десетина години му ја предала на некој овчар од Русиново и оттогаш трагите ѝ се губат. Знаел многу песни за Марко Крале, Милош Обилиќ и други јунаци. Некои од нив влегле во збирката на Станко Костиќ „*Малешевски народни песни*", меѓутоа, собирачот, за жал, не ги дефинирал. Имал тенок и убав глас.[197]

**МАНОЛЧЕ** За слепиот 20-годишен Манолче, кој имал „*бело лице*" како девојка, бил русникав и носел малешевска народна носија, има малку податоци. Се знае дека сам или со својот водач патувал најмногу низ Малешевијата, но дека пристигнал и до Солун. Најмногу пеел „*кралски*" песни. Бидејќи „*пеел ангелски*" сиот народ се берел околу него. Најмногу ја сакал песната за Димитрија во која мајката го кара да не оди далеку во темната гора зашто таму има душмани.[198]

Во Малешевијата имало и други просјаци–гуслари. Давид Чукарев (Давитко) е еден од нив. Бил од Русиново, бил окат и многу подвижен. Бил ученик на Ристо Дучев.[199]



Давид Чукарев / David Chukarev

---

[197] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 188; Д-р Душан Недељковић, **Облици малешевске епике**... 22; **Малешевски народни песни**... 7; АЕ 109/II-а... 67.

[198] АЕ 109/II-а... 47-48.

[199] Д-р Душан Недељковић, **Облици малешевске епике**... 23; АЕ 109/I-б... 4.; АЕ 109/II-а... 70.

## КРАТОВСКО-ЗЛЕТОВСКИ

**БЕЛЕШКА** И Кратовско-злетовскиот просјачко–гуслачки центар бил, се чини, еден од поразвиените. Впрочем, предулови за тоа постоеле. Многубројните манастири, расфрлени насекаде, некои и со голема слава и како скрипторски центри, а и како светилишта и лечилишта, ја одиграле својата улога.[200] Придонес ќе придодаде и начинот на живот, особено односот кон здравјето и хигиената, кој бил крајно потценувачки. Социјално-економските прилики, исто така, како и секаде, одиграле клучна улога во лифертувањето на оние што ќе бараат туѓа помош во битката со животот. Има повеќе записи што го потврдуваат тоа, а во еден, кој потекнува од средината на минатиот век од Лесновскиот манастир, се вели и ова: *„Стана много глад на Скопје което мреха человци за хлеб. Стана в Кратово брашното 18 гроша шиника..."*.[201] Се разбира, гладот, грабежот и сиромаштијата не треба исклучиво да се поврзува со турското ропство, зашто такви појави имало и во првите децении од овој век, кога во овие краишта дојдоа други господари. Не ретко и сега почитувани газди и домакини, заради злоупотребата на власта, се вбројувале во категоријата на најпониженитe. Еден таков случај е со Заро Генов, кого крими-српската власт го фрли на улица, иако дотогаш беше еден од газдите.[202] Но тој не е осамен случај.

Сето тоа доведе до масовен број на просјаци, а меѓу нив и на оние кои со музучкиот инструмент го заработуваа горчливиот леб. Дека, пак, нивниот број бил голем и дека тие располагале со огромно фолклорно богатство ни укажува кратовчанецот Ефрем Каранов. Тој, исполнувајќи го слободното време од летниот одмор по завршувањето на школата, а чекајќи работно место, во 1873 год., се обиде дел од богатството на неговиот народ од овој регион да го забележи и да им го предаде на генерациите, ќе оформи збирка на фолкорен материјал и на еден дел му дал име *„просјачки песни"*,[203] зашто биле собрани од просјаците-гуслари. За жал, освен неколкуте објавени песни во периодиката, другиот материјал е изгубен и останавме посиромашни со една значајна збирка и едно лично искуство од животот на овие интерпретатори.

---

[200] **Злетовска област**, Собрание на општината Пробиштип, Наша книга, Скопје, 619-641.

[201] **Записи и летописи**, Избор и редакција Радмила Угринова-Скаловска, Македонска книга, Скопје, 1975, 107-108.

[202] Злетовска област... 655.

[203] Д-р Томе Саздов, **Студии за македонската народна книжевност**, НИО „Студентски збор", Скопје, 1980, 137.

**ПЕТРЕ НЕДЕЛКОВ (Петре од Мушково)** Петре Неделков, како и сиот род по таткова линија (дедото Неделко, таткото Стојан и др.) роден е во село Мушково. Во последните децении од минатиот век, заедно со бројни Македонци кои го откриле Влашко како ветена печалбарска земја, заминал и тој, со голема желба брзо и лесно да ја обезбеди иднината. Се вратил по извесно време, но без средства за живот и без очниот вид. И тој, всушност е највпечатлив пример за големата измама на печалбата и за нивото на општата здравствена култура на Македонецот во тоа време, зашто токму таа е причина за губење на визуелните контакти со околината. Таткото, кој никако не го одобрувал заминувањето на синот, ослепениот син не сакал повеќе да го прифати. При првата средба отсечно му ја одредил натамошната судбина: „*Прав и здрав си пошол, а сега не можиш да работиш, оди си*!"

Слеп и неспособен за земјоделска и друга физичка работа, кон тоа и без средства за живот, направил гусла и почнал да проси во сопственото, а потоа и во околните села. Сепак, пресуден момент за болната одлука била смртта на двете негови деца од глад.

Иако самоук, вештината на гуслата брзо и успешно ги совладал. Бидејќи знаел доста македонски, но и турски народни песни, се прочул како еден од најдобрите гуслари во околијата и започнале да го канат и во домовите и на семејните и други прослави и свечености. Бил подвижен и ги посетувал околните пазари и панаѓури. Станал учител и на неколцина, меѓу другите и на Лазо Китанов Коријарски, со кого воспоставил, кога овој се осамостоил и пријателски односи. Обајцата формирале патувачка двојка и патувале низ околијата и подалеку или им се приклучувале на разни тајфи, посебно на велешката.

Во 1939 год. сеуште бил жив со тежината на своите 75-80 години. Иако стар и несреќен, никогаш не заплачил врз судбината.[204]

**ЛАЗО КИТАНОВ КОРИЈАРСКИ** Лазо Китанов Коријарски е последниот македонски просјак–гуслар.

Роден е во кочанскиот дел од Осоговијата, во населбата Ново село, а во маалото Корија (оттаму и прекарот Коријарски) околу 1900 година. Во осмата година од животот по несреќен случај (експлозија на „бумба", како што велел тој) ослепил и изгубил три прста од левата рака. На десетгодишна возраст родителите го дале кај Петре Неделков да го учи гусларскиот занает и тој кај него со години бил „на јадење и на спиење, и на свирење и на шетање". Заради оштетената рака му била

[204] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 188; АЕ 109/II-6... 38; АЕ 109/I-6... 4.

направена специјална гусла, која можел да ја држи со десната, а со прачката да влече со левата рака. Во селото на учителот, Мушково, се оженил за вдовицата Илинка со која добил повеќе деца, а живи му останале два сина и две ќерки. Откако се осамостоил, со сопствен коњ и водач патувал низ осоговоските села, но и во подалечните градови и села. Во 1941 год. бугарските власти му забраниле да се бави со гуслање и тој го активирал вториот занает, којшто, исто така, добро го познавал, народната медицина. Лечел со триење, со тревки и баење душевни болести, болести на желудникот, цревата, неплодност кај жените, шинати зглобови, од уроци и уплави и др. Престанал со таа активност откако се преселил во Штип во 1964 год. и откако му било забрането со тоа да се бави.

Коријарски бил добар пејач и забавувач. Знаел повеќе епски песни (за Аврам Гостољубец, за Грешен Станко Дуко, за Марко Крале и Црна Арапина, за Милош Обилиќ, Али паша Јанински, Ајдук Никола и др.) Знаел и лирски песни, но и приказни и басни (за мечки, лисици, змии и др.) Лично најмногу ја сакал песната за Марко Крале, а најчесто ги пеел, зашто најмногу биле порачувани песните за Станко Дуко (од мажите) и за Аврам Гостољубиец (од жените). За некои од нив говорел дека се негови лични дела. Всушност, помалите или посериозните интервенции ги третирал за свое авторство на песната.

Двете песни што се забележани од него: *„За Марките и Црна Арапина"* и *„Грешна душа Станко Дуко"* го откриваат неговиот творечки однос кон материјалот што го имал. Лазовата песна од епското подрачје има епска стожерска и јасна идејност зачната уште на почетокот, а која упорно се плете и се развива вешто. На крајот, како краен резултат, се крунисува со поента. Песните имаат бројни и интересни епизоди кои течат паралелно, топографирајќи го главниот настан или личност. Нему привлечни му се убавите споредби и метафори. Неговиот стих е одмерен и цврст, со јасно дефинирана функционална цезура.[205]

## ПРОСЈАЦИ-ГУСЛАРИ ВОН ЦЕНТРИТЕ

**БЕЛЕШКА** Просјачко–гусларските центри не се формирале еднаш засекогаш, напротив, еден се раѓал, друг гаснел и повторно, трет се раѓал, четврт гаснел. Меѓу другите со право може да се претпостави дека и Слепченскиот просјачко–гусларски центар е еден од угаснатите. Можеби е еден од постарите и поразвиените, какви што биле Битолскиот и Прилепскиот. Постојат и одредени сознанија дека такви центри имало и во Скопје, Куманово, Тетово, Тиквеш, но и во Неврокоп, Кукуш и на други места.

[205] Бранислав Русиќ, **Лазо Коријарски**... 187-203; АЕ 109/II-б... 38.

Во 1910 год. низ Македонија, главно низ Западна Македонија, истражувајќи, проаѓаат двајца патешественици од Букурешт. Дошле и во Скопје. Го посетиле и Куршумли ан, кој во ова време бил пазар. Таму им го привлекло вниманието меланхоличните и монотоните звуци на турската песна што била следена од гусла.[206] Во 1941 год. слеп пејач од скопското село Душановац бил познат интерпретатор на македонски народни песни, заради кое имал настап и преку радио-брановите на Радио-Скопје.[207] И тој свирел на гусла.[208] Иако во ретки прилики, според Јов. Хаџи Василевиќ во Катланово во неговото време можеле да се сретнат сеуште гусли.[209]

Истиот запишувач тврди дека и во Кумановско во минатото *„имало често гусли и се гудело, сега тоа е сосема ретко. До пред 30 години*, вели тој, *немало планинско село во кое немало барем по една"*[210] И во новите услови, можеле, тврди тој, да се сретнат во рацете на просјаците гуслари од овој регион.[211] Меѓу последните што се појавија е Тоде Петковски, кој некаде околу 1950 година свирел на гусли на Горно Водно. Не бил, навистина, слеп, но го имал прифатено занаетот на слепите од претходните векови.[212]

Во 1916 год. на М. Арнаудов му дале податоци дека во Тетово порано живеел некој познат пејач Мисо (Михаил) Колјов, којшто знаел многу „кралски" песни, научени од прилепските „божјаци".[213] Една деценија подоцна, ни соопштува М. Влаховиќ, за групи од просјаци–гуслари кои потекнувале од Тетово, а доаѓале во Гостивар.[214] Но дека гуслите ги имало во фолклорниот живот на овој регион ни се потврдува и преку народните песни.[215] Старите мавровци, исто така, тврделе дека во нивните краишта во крајот на минатиот век, сеуште имало гусли.[216]

Голем број просјаци–гуслари кои станаа познати претставници на прочуениот Прилепски центар водеа потекло од Тиквешијата. Вакви интерпретатори среќаваме и во Петричко, Неврокоп, Кукушко, Солунско и на др. места.

---

[206] Fr. Lebrun – M. Voinescu, **Macedonia**, Bucarest, 1911, 34.

[207] T. P. Vukanović, **Štap za slepe kod balkanskih Slavena**, Socijalna misao, g. IX, bp. 12, Zagreb, 1957, 450.

[208] AE 109/III... 55.

[209] Јован Х. Василевић, **По Кумановској и Скопљанској околини** (1889), Братство, V, Београд, 1892, 213/27.

[210] Истиот, **Јужна Стара Србија**, књ. прва (Кумановска област), Београд, 1909, 392.

[211] Исто.

[212] Branislav Rusić, **Dalmatinska „lira" i „gusla" makedonska**, Etnološki pregled, 6-7, Beograd, 1965, 106.

[213] М. Арнаудов, **Очерки по българския**... 270.

[214] Митар Влаховић, **О слепим гусларима у Јужној Србији**... 101.

[215] **Македонски народни песни**, Скопје, 1948, п. 1.

[216] Душан Недељковић, **Мавровска психичка група**, Гласник Скопског научног друштва, VII-VIII, Скопље, 1930, 260-261.

Гусли (кемане), колку што може да се констатира од музејските експонати од Народниот музеј на Македонија имало и во Пијанец.[217] Повеќето биле со три жици, но ги имало и со тетиви. Вакви исти инструменти употребувале и Македонците–Муслимани.[218] Ги имало и во Кривопаланечко,[219] Македонски Брод[220] и на други места. Во Скопска Црна Гора се среќавале, заради традицијата, дури и многу често, дури во с. Бразда едно семејство го носело прекарот Гусларевци.[221]

Покрај двеструната, често во употреба се јавувала и еднострунатa. Таква, направена во Ќустендил, денес се чува во Етнографскиот музеј во Софија.[222] Такви, пронајдени во Прилеп, и во Штип, богато украсени, се наоѓаат во Народниот музеј на Македонија.[223] Исти употребувал и гусларот–просјак Ристо Финдак,[224] но и многумина други. Покрај еднострунатa се употребувала и двострунатa. Се среќавале во рацете на Ромите–свирачи од Костурно (Струмичко), но и во Гевгелиско и Кукушко.[225] Многупати некои од нив, наместо жици имале тетиви.[226] Се употребувала и четириструнатa,[227] но и онаа од 12 струни,[228] како и од 14.[229] Името ѝ е различно. Во Валандовско се викала „гагало", но и „ѕукло",[230] во Струмица – „цигулка",[231] во Битола – „цимбалка",[232] во Солунско – „гига"[233] итн.

Била правена на македонски терен и од македонски мајстори. Најпознатата, прилепската ја пласирале дограмаџиите, од кои во

[217] Музеј на Македонија, Збирка народни музички инструменти-фонотека, инв. бр. 1118, 952, 953, 5373, 8242, 8241.

[218] Д-р Цветанка Органџиева, **Карактеристиките на епските песни на Македонците-муслимани од Делчевско (Пијанец)**, Македонски фолклор год. XII, бр. 24, Скопје, 1979, 177-178.

[219] Музеј на Македонија... ин. бр. 12887, 4428, 311, 312.

[220] Исто, ин. бр. 310, 11925.

[221] АЕ 109/II-б... 7.

[222] Елена Стоин, цит. статија, 149.

[223] Музеј на Македонија... инв. бр. 8034, ин. бр. 2907.

[224] АЕ 109/II-а... 68.

[225] АЕ 109/II-а... 53.

[226] Исто.

[227] Мил. С. Филиповић, **Епска песма у околини**... 228; д-р Момчило Златановић, цит. статија, 49, 55, 62, 63.

[228] Мил. С. Филиповић, **Епска песма у околини**... 229.

[229] Dr. Greta Sykora, **Данашња народна елика у Бугарској**, Прилози проучавању народне поезије, год. I, св. 1, Београд, 1934, 93.

[230] Branislav Rusić, **Dalmatinska „lira" i makedonska „gusla"**... 106.

[231] Исто.

[232] Мил. С. Филиповић, **Епска песма околини**... 228.

[233] Вл. Влаховић, **Неколико запажња**... 87-88; АЕ 109/II-в... 43.

крајот на минатиот век и почетокот на овој, биле: Коста Ковалески, Борис Лауцески и Трајко,[234] додека во Охрид прочуен мајстор, кој за образец ја имал прилепската, бил Јо(н)че Баче.[235] Во Радомир неа ја правел Тоне Велев[236] итн.

Како одела замената од еднострунa со двеструна, триструна и повеќеструна може само да се претпостави, но дека таа замена започнала рано, тоа не е неспорно. Веќе во XV век ги имаме првите најави.[237] Меѓутоа, иако пофилексибилната повеќеструната го освојувала просторот, еднострунатa никогаш сосема не била истисната.

И на крајот, не сите просјаци–ѓуслари од Македонија живееле во центри. Многумина ги среќаваме како индивидуални, осамени и впечатливи случаи кои се јавуваат за да потсетат на едно изминато време низ кое помина нашиот фолклорен терен. Тие своите еснафски инстикти ги реализираа со претставниците на поблиските и поразвиените просјачко–гусларски центри. Такви просјаци–гуслари има многу и списокот што е даден е само еден незначителен сегмент на бројот и значењето што го имале.

**ФИЛИП МИТРЕ** Роден е во леринското село Петорак. Но фотографијата, направена во Битола во 1899 год. претставува старец од околу 70-тина години. Бил на среден раст, калеш и шишко, добродушен и весел старец, кого сиромаштијата и несреќата не беа му ја убиле „*волјата за живот*", На двегодишна возраст ослепил од сипаници и со „ќеманeто" и песната егзистирал од најраната младост, прехранувајќи го многучленото семејство.

За кратките релации ангажирал дете-водач, а кога крстарел низ Македонија, Србија и Западна Бугарија, им се приклучувал на прилепските просјаци–гуслари. Сима Н. Томиќ, доцент на Белградскиот универзитет, кој во 1889 год. дошол на лексички истражувања во Македонија, го пронашол на леринскиот пазар и за награда „*поголема од онаа што би ја остварил на пазарот*" го довел во Битола да му ги диктира песните.

Единствените објавени песни: „*Марко Крале и Арапин*" и „*Марко Крале и Ѓино Арнаутин*" презентираат еден од најдобрите и најшколуваните епски пејачи кај нас. Со вештина и мерка оперирал со фолклорната материја. Честите епизоди, кои имаат паралелен тек и не го поматуваат

---

[234] АЕ 119/I-а... 45.

[235] АЕ 119/I-а... 45.

[236] Рајна Д. Кацарова, **Единъ български епиченъ пъвецъ**, Прилози проучавању народне поезије, г. VI, бр. 1, Београд, 1939, 113.

[237] Алаксандар Стерјовски, **Македонските свирачи и глумци**... 81.

сконцетрираното внимание имаат единствена цел – да го збогатат и дополнат главното дејство. Неговата творечка формула е да оформи расказ и тој тоа го прави и сè подредува на тоа. Неговиот стих нема вообичаена аритмија на просјаците–гуслари од неговото време, напротив, со бројните украси и други елементи потсетува на школата на врвните мајстори.[238]



Гусларот Филип Митре / The gusle player Philip Mitre

[238] С.[има] Н. Т.[омиħ], **Маħедонски рапсод**, Нова искра, г, II, бр. 2, Београд, 16 фебруар 1900, 60-61. Јов. Н. Томиħ, **Историја у народним епским песмама о Марку Краљевиħу**, Београд, 1909, 188-193; Др Илија Николиħ, **Слепиот гуслар Филип Митре**, Битолски весник, г. XXX, бр. 1489, Битола, 22 декември 1993, 6; АЕ 109/II-а... 74.

**ЈОВАН МИХАИЛОВ** За Јована Михаилов направена е голема и единствена направда: нити еден просјак–гуслар не оставил зад себе толку големо фолклорно богатство, а нити за еден не се знае помалку отколку за него. Единствениот запис од Стефан Верковиќ, ставен врз корицата на збирката од 58-те епски песни, гласи: *„Од слепецот Јован Михаилов од селото Броди (грчки Врондиј) во Сереска нахија"*.[239] Тоа е сè.

Поаѓајќи од неговите песни, првиот впечаток што се наметнува е дека е човек со извонредна енергија и меморија, слична на толкуте други големи пејачи, како на пример, на Дафина од селото Просеник, Сереско, која само во првата средба со Верковиќ му издиктирала 270 народни песни. Михаилов не оставил толкав број, но оставил скоро идентичен број стихови. Со богато животно и друго искуство тој низ песните нуди податоци за многу страни од животот на нашиот народ од подалечното и поблиското минато, со историски, социолошки, етнографски значења, но и многу податоци од словенската и грчката митологија, од *„Стариот"* и *„Новиот"* завет. Тоа, посебно некои издвоени квалитети на неговиот стих, особено украсени како *„бела калдрма"*, *„потрошенна калдрма"*, *„ѓула црвени"*, *„бело грло"* сугерираат заклучок дека не ослепил рано, ами дека имал време да го искуси пред да влезе во вечниот мрак. Оттаму, ете, го црпел искуството градејќи го својот стих и својот однос кон надворешниот свет.

Иако е со необично добра меморија, тој не меморира како пејач, ами интерпретира (извонреден пример во тој однос се двете веријанти за раѓањето на Александар Македонски). Тој е и естраден уметник чија главна цел е високонапонен истерес кај публиката.

**НИКОЛА МЛЕЧАКОВ** Никола Млечаков бил од село Дупница (денес Станке Димитров). Во 1883 год. со него комуницирал собирачот на народни песни Владимир Качановски и забележал една подолга епска песна со тематика Косовски бој, која е неокончана и изнесува 601 стих. И покрај големата желба на запишувачот да го регистрира крајот на песната, од причина што интерпретаторот беше веќе заминал со тајфа просјаци–гуслари на вообичаените маршути, тоа не можел да го реализира.[240]

---

[239] Стефан И. Верковиќ, **Македонски народни умотворби**, книга трета, **Јуначки и трапезарски песни**, Подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1985, 19.

[240] Владиміръ Качановскій, **Сборникъ западно-болгарскихъ пъсенъ**, С-Петербург, 1883, 431.

**АТАНАС И КОЧО ШУШОРОВИ** Тоа биле двајца браќа. Родени биле и живееле во петричкото село Петрово. Обајцата биле слепи, биле семејни и со просењето имале стекнато имот, меѓу другото и две убави куќи. Бидејќи знаеле и турски народни песни, биле гости како во христијанските, така и во муслиманските, турските куќи. Надвор од селото патувале со водач, а извесно време со Илија Георгиев Тошев. Занаетот, наводно го имале научено во Велес, кај гусларот дедо Арсо.

За Кочо се знае дека бил добар гуслар и дека имал убав глас. Знаел и стари песни, пеел за Грозникав Ѓорѓи, за Болен Дојчин, Марко Крале, Муса Кесеџија и др. Гуслата (ќемането) му била од три жици, а бидејќи ја користел и како музички инструмент за следење на орото, жиците ги комбинирал од разни материјали: првата му била од метал, втората од коњско влакно, а третата од црево. Го знаел тајниот говор и него го употребува со водачот и братот кога патувале низ Струмичко, Петричко и други места.[241]

**ИЉО** И тој бил од Петричко. Бил слеп, Имал убав глас, а како свирач бил третиран за најдобар „ѕукаџија" (гуслар) во Петрич и Петричко. Доаѓал и во Струмичко и во Малешевијата.[242]

**ТАСЕ** Слепиот просјак–гуслар од Петричко, Тасе, бил висок, полничок и калеш. Носел шајачка народна носија од својот крај. Качен на коњ, а со помош на водачот Трајко, патувал и низ поблиските, но и подалечните петрички села. Во 1938 год. имал 60-70 години.[243]

**МАНЧО** Бил, по сѐ, од Џумајлија. Бил слеп, на средна висина, рус, со „*жолти мустаци*", а се облекувал во народна носија. Патувал со водач и два коња. Вештината свирење на гусла, како и песните ги имал научено од велешките просјаци–гуслари, со кои се здружувал во тајфи. Го оценувале како слаб гуслар.[244]

**ПЕНО (Пено од Кукушко)** Според едно тврдење бил наполно здрав, а според другото, бил слеп на едното око и сакат во едната рака. Бил на средна висина, црн („*црн како Ѓуптин*"). Носел дојранска народна носија. Во 1905 год. имал

---

[241] Тодор Тодоров, цит. статија, 67, 69; Катя Михаилова, Странствуващите певци-просяци... 30; АЕ 109/II-а... 7-8; АЕ 109/II-а... 64-65.

[242] АЕ 109/II-а... 60.

[243] Исто.

[244] АЕ 109/II-а... 65.

околу 60 години. Имал жена, која рано му починала и дете (Вано казанџија од Дојран). Како пејач бил слаб, но на своите гусли умеел убаво да свири.[245]

**ПЕТКО (Петко од Света, Петко од Тренчевци)**

Во селото Света (Демирхисарско – Битолско) живеел слеп просјак–гуслар, кој повеќе бил познат како Петко од Света, односно како Петко од Тренчевци. Бил крупен и калеш. Песните и вештините на гуслата ги имал совладано од прилепскиот просјак–гуслар Колич. Како водач го ангажирал некој си Согле.[246]

---

[245] АЕ 109/II-б... 5; АЕ 109/II-а... 59.

[246] АЕ 109/II-а... 13.

# ЗАКЛУЧОК
# SUMMARY

*Македонските просјаци–гуслари, познати и како „питачи", „слепци", „божјаци", „кеманеџии", „цигулари", „гагалџии" итн., претставуваат една од разгранетите категории професионални свирачи и пејачи. Појавата им носи и домашни, автохтони специфики, но таа истовремено извира и од општиот тек и развој на фолклорот, зашто е дел на заеднички живот и процес во светот.*

*Социо-економските прилики, нивото на хигиенска и здравствена култура, неизлечивите, особено епидемичните болести од кои остануваат пусти цели провинции, но од кои се зголемуваат до неизмерна бројка неспособните за физичка работа, особено на слепите, ја формираат тврдата основа за нивната појава. Многумина од нив, како Хомер, Продром, од византиското средновековие, Вишниќ и други претставуваат неспорен факт дека слепилото било истовремено и лична и семејна болка и трагедија, но, колку тоа да е чудно, и проверена и неповторлива привилегија, барем што се однесува на уметничката креација, зашто, како што рекол поетот, **„видот ѝ пречи на мислата"** (Његош).*

*Трагите на масовната појава во Македонија се вековни. Првите, според некои, треба да се бараат во ослепената Самуилова војска. Сепак, слепецот Преде и свирачот Хрусе од средината на XIV век се зачетокот на една долга и богата еснафска категорија на народни интерпретатори што ќе опстојува со векови.*

*Се појавуваат, развиваат и гаснат и повторно се јавуваат, се развиваат и гаснат бројни просјачко–гусларски центри низ Македонија. Првите биле лоцирани околу манастирите, зашто од самиот почеток тие стануваат безбедни засолништа и азиларни средишта за сите хендикепирани и неспособни сами да го печалат својот леб и кои имале потреба од туѓата дародавност. Во XIX век во Македонија најпознати се Битолскиот, Прилепскиот, Велешкиот, Охридскиот, во Вардарска и Добрскиот (Разлошкиот) во Пиринска Македонија.*

*Просјаците–гуслари живеат организирано како и секоја друга еснафска заедница. На најзино чело стои протомајстор („баш мајстор"), а мајсторите и членовите се сите кои го совладале занаетот и самостојно заработуваат. Чираци (ученици), пак, се оние кои се воведуваат во занаетот. Истиот тие го совладуваат во домот на учителот, на честите маршути, но и на заедничките собири, особено во ановите, меаните,*

*кафеаните и др. Еснафот имал и свој празник и свој светец, таен говор и заеднички собири на кои се решавале проблемите на поединците и заедницата.*

*Во научната и уметничката литература се оперира со термините **„слепечка школа"**, односно **„слепечка академија"**, кога се сака да се истакне педагошкиот аспект на установата каде просјачко–гусларскиот подмладок ги совладува вештините на занаетот. Тоа е, сепак, романтичарски занес од подоцнежнен датум од некои состојби во фолклорот и синтагмиве повеќе треба да се прифатат со содржините на стил, еснаф, уште повеќе на центар.*

*Улогата и значењето на просјаците–гуслари во фолклорот е повеќеслојна. Биле автори, чувари и сејачи на фолклорните материјали, кои се состоеле од стотици и илјадници песни, приказни, а кое во секој од нив спиел, разбудувајќи се во прилики кога му се овозможувало. Динамични и подвижни, игнорирајќи ги етничките, јазичните, политичките и други граници, дури и топографските и други препреки, крстареле низ сиот Балкан. Стигнувале до Црното и Јадранското Море и до најсеверните краишта на Војводина. Во времето кога законот за крепосништво го редуцирал или сосема го скратувал движењето на поединецот, тие станале ако не единствените, тогаш секако главните сејачи на фолклорните жанрови и мотиви. Без нив фолклорната карта на Балканот и на светот, нема никакво сомнение, би била сосема поинаква.*

*The Macedonian beggar-players of the gusle, also known as „pitachi" (alms-men), „slepci" (the blind) „bozhjaci" (God's people), „gagaldzii", „kemanedzii", „tzigulari" (fiddlers), represent one of many categories of professional musician and singers. Their emergence has local and regional characteristics, but at the same time springs from the common course and development of folklore in the world.*

*Socio-economic conditions, health and sanitation, and especially the epidemic number of impaired and blind people, form the foundation for the emergence of the Macedonian beggar-players. The privileged status of many of the blind, like Homer or Prondrom from the Byzantine Middle Ages, Vishnic and others, are proof that blindness was not only personal and family tragedy, but that it also confirmed a unique position in society, at least concerning artistic creation, because, as the poet said, „sight obstructs thought" (Njegosh).*

*The mass emergence of blind epople in Macedonia is centuries old. The first occurence, according to some, is the blinding of Samuilo's army at the beginning of the 11th centry. However it is from the middle of the 14th century, with the blind Prede, and Hruse the instrument player, that the rich tradition of guild singers and musicians of folk songs that will endure for centuries takes its start.*

*In Macedonia, numerous centres for beggar-gusle players appeared, developed and died out repeatedly. The first ones were located around monasteries, as from the very beginning monasteries became safe resort and asylum centres for all handicapped people who were incapable of earning their own living, and needed other people's charity. In the 19th century the best known centres in Macedonia were Bitola, Prilep, Veles and Ohrid in the Vardar Macedonia, and Dobrsko (Razlog) in the Pirin Macedonia.*

*The beggar-players of the gusle lived in an organised way, like any other guild community. At the head was the protomaster („the senior master"), and masters and members were all those who had mastered the craft and earned their living independently. Apprentices (pupils), however, were those being introduced to the craft. They learned the craft in the master's home, then on the frequent journeys, but also during common gatherings, especially in inns, pubs, cafes and other public places. The guild had its own holiday and saint, a secret language, and general meetings at which they solved individual and community problems.*

*In scholarly literature and in popular fiction we meet the terms „blind people's school" or „academy for the blind", when the aim is to stress the educational nature of the institution where the young beggar-players of the gusle learned the skills of the craft. hese terms, however, are a romantic dream of a later date: the above syntagms should in fact be accepted together with the contents of style, guild, even more of centre.*

*The importance of gusle-players in folklore is complex. At times they were creators, but more often they were guardians and distributors of folklore in the form of hundreds and thousands of songs and stories, which they stored in memory and waited for right moment to draw upon. Dynamic and mobile, ignoring the ethnic, language, political and other barriers, even topographic and other obstacles, they continually travelled around the Balkans. They reached as far as the Black and the Adriatic Seas and the northernmost areas of Voivodina. They taught their own folklore traditions and adopted foreign ones. At a time when the law of indenture reduced or completely limited the mobility of individuals, the travelling gusle players became, if not the only ones, then certainly the main sower of folklore genres and motifs. Without them the folklore map of the Balkans and of the world, no doubt, would have been quite different.*

# ИНДЕКС

## ИНДЕКС НА ЛИЧНИ ИМИЊА

### А


Азадовский, М. К. 79
Aladib, Petar 85
Александар Македонски 45, 175
Алексиј - цар 64
Алушевски, Илија 155
Алчев, Стојан 181
Амало, Толе 90
Ангелакова, Поликсена 33, 111, 112, 121
Andreas, Josip 15, 183
Андреевски Петар 14, 158
Андриќ, Иво 12
Антиħ, Б. 130
Антиќ, Јован 92
Антолјак, Стјепан 54
Апостол – гуслар 27, 39, 51, 86, 89, 118, 119, 128, 162, 168–172
Апостолски, Михаило 133
Аргир, Војвода 85
Арета – архиепископ 64
Аристотел 65
Арнаудов, Михаил 24, 64, 82, 140, 142, 160, 176, 206
Арсениј – еромонах 41
Арсо од Грповци – гуслар 200
Асовиќ, Марко 130
Атанасиев, Марко 111
Атанасов, Петър 42
Атанасовски, Борис 103, 171, 173
Атила 107


### Б


Бабингер, Франц 66
Бајазит II 69
Балабанов, К. 57
Bančić, Slavko 53, 99
Баче Јон(ч)е 165, 208
Башиниħ, Ш. 107
Безсоновъ, Петъръ 26, 145, 148
Бек, Ханс Георг 64
Белон, Пјер 119
Белџигеровски, Ѓорѓи 156
Bernardo, Lorenco 33
Бертрандон де ла Брокиер 107
Bystron, J. St. 36
Битоски, д-р Крсте 71
Бихан, А. 16
Блаже Поречанец 168
Богдан – ѕидар 37
Богдан – свирач 48
Bogdan – Bijelić, Pavlina Pl. 97
Богдановиħ, Димитрије 69
Божовиħ, Григорије 14, 114, 128, 138, 147–149, 153
Б(ояновъ), Ив. Б. 27, 134
Бојанов, Серафим 175
Бојаџиевски, д-р Петар 51, 57
Бојо – свирач 47
Болен Дојчин 136, 198, 211
Бошковска, Фана 89
Браун, Едвард 121
Брезоакоски, Петре 185
Бретение 20
Будимир, д-р Милан 61, 106
Boué, Ami види: Буе Ами
Буе, Ами 15, 38, 44, 107
Буковац, Влахо 20
Бурда, Коле 164
Бурев, Петре 200
Бучков, Георги Илиев 178


### В


Вакарелски, Хр. 21, 27, 93, 140, 187, 189
Wanеček, d-r Ottokar 59, 64, 65, 70, 99
Василева, Маргарита 183
Василевскій, Л. 87, 94
Василиј II 29, 54, 55
Vasilliy II види: Василиј II
Велев, Тоне 208
Велјановска, Фана Костова 62, 113

Верковиќ, Стефан 9, 10, 21, 24, 26, 143, 175, 210
Verković, Stefan види: Верковиќ Стефан
Весели, Еуген 98
Šulc, d-r Magdalena Veselinović 98, 99
Византијци 52, 70
Винш, д-р Валтер 92, 132
Виторовић, М. 93
Višnić, Philip види:
Вишниќ Филип
Вишниќ, Филип 51, 82, 124, 139, 143
Владисавлевиќ, Стана 142
Влаховиќ, Вл. 21, 85, 136, 149, 182, 189, 207
Влаховић, Митар С. види: Влаховиќ Митар С.
Влаховиќ, Митар С. 10, 22, 28, 59, 80, 88, 90, 102, 107, 110, 116, 119, 120, 122, 126, 127, 128, 135, 136, 137, 139, 142, 151, 154, 158, 160, 161, 170, 189, 206
В'лкашин – свирач 48
Voinesky, M. види: Воинеску М.
Воинеску М. 16
Волкашин, 25, 46
Вроцлавски, д-р Кшиштоф, 10, 187
Vukanović, T. P. види: Вукановиќ Т. П.
Вукановиќ, Т. П. 18, 78, 120, 124, 206
Вуковиќ, Илија 134
Вукотиќ, Илија 113
Вукчевиќ, Марко 133
Вулетиќ, Новак 134
Вуловић, Светислав 24, 77, 85, 147, 129

## Г

Гаврил Радомир 53, 54
Гаджев, Здравко 177, 180
Гауер, Џон 60
Гяблювъ, Петко 97
Геземан, Герхард 100, 132, 133, 155, 170
Геков, Заро 203
Georgijević, Bartolomej 43
Герлах, Стефан, 15, 38, 40, 44, 56, 64, 69
Гете, 61
Глигор – свирач 185
Гогучевски, Трајко 161
Gorki, Maksim види: Горки Максим
Горки, Максим, 12, 59
Grdić – Bjelokosić, Luka 97
Grevs, Robert 38
Грубан – свирач 48
Груев, Најдо 195
Грујоски, д-р Трајче 14, 32, 35, 146
Грци 61, 90, 106
Гудуриќ, Вељко 126
Гуфие, Шоазел 16

## Д

Далјанката Коце 85, 185
Данаил – еромонах 67
Дворниковић, Владимир 101
Де Пинон, Карние 44
Дебел Новак 107, 136
Дејан – свирач 47
Дејан – феудалец 53
Дернцвам, Ханс 64, 70, 93
Дете Голомеше 136
Дете Дукадинче 198
Диме Кривавилица 79, 95, 165, 168
Димо – свирач 48, 49
Димов, Васил 82
Димовски, Ѓорѓи 43
Димитри – 49
Димитров, Пера 88, 95
Димитрова, Лиляна 183
Димитровски, Тодор 13, 186, 199
Димче Могилче 13, 173
Динеков, Петър 11, 64, 137, 145
Динов(иќ), Ѓорѓи 37
Динчев, К. 177
Добрика – свирач 49
Доброслав – свирач 48
Doklestić, Ljubiša 31, 53
Дринов, М. 148
Дробњаковић, Бор. М. 110, 129, 139
Дробниковић, Владимир 114, 141
Дуко, Станко 127
Душан цар 50, 69, 70, 183
Душановчанин, Б. Д. С. 68
Дучев, Ристо 200, 201

## Ѓ

Ђ., А. 146
Ѓелија – гуслар 39, 74
Ђенић, Љубиша Р. 139
Ѓело – гуслар 185
Ѓора, Ѓорѓевиќ Ивко 24
Ѓорѓевиќ, В. 149
Ѓорѓевиќ, Милан 127
Ѓорѓевиќ, Тих. 73, 87, 97
Ѓоре Гарагатка 79, 82, 165–167
Ѓорѓи Лажот 173
Ђурић, Војислав 65, 107
Ђурић, д-р Милош 78, 98, 106
Đurić, – Klajn, Stana 15, 183

## Е

Евреи 70, 165
Египјани 68
Ексатијуд – свирач 48
Елена – царица 127
Elijada, Mirča 72
Еничеревъ, Н. Г. 71
Етрурци 107
Еслиас – свирач 50
Есхил 125

## Ж

Жинзифов, Рајко 13, 21, 116, 123
Жирмунский, В. М. 79, 89, 101, 129
Жупић, д-р Станислав 97

## З

Завоевъ, Петъръ 32, 38, 44
Зарева, Рајна 180
Zec, Jure 85
Златановић, д-р Момчило 133, 183, 207
Зографски, д-р Данчо 33, 121

## И

Ибријева, А. П. 128
Ivan(ević), Fr. 97
Иванић, Иван 25, 85, 86, 147
Ивановъ, Димитъръ 197
Ивановъ, Йор(данъ) 11, 28, 34, 54, 145, 146, 148, 187
Иваноска, (Ристоска), Иванка 86
Игњатовиќ, Јаков 12, 128
Икономовъ, Василъ 22
Илиќ, д-р Војислав 28, 148
Иљо – гуслар 211
Иљо Бимбиљо 189
Иљоски, Васил 14, 22
Инки 59, 64
Иниќ, Новак 130
Иречек, Константин 16, 22, 44, 59, 69, 107, 108, 112, 116, 136
Итер Пејо 193
Исаиловић, Васа Ј. 99
Исус Христос 57, 68
Исхак бег 71

## Ј

Jagić, d-r V. 120
Јани – свирач 48, 174
Јанков, Атанас 200
Ястребовъ, И. С. 21
Јахја паша 71
Јиречек Константин види: Иречек Константин
Јоан Кривиот 79
Јоан Палеолог 33
Јован – цар 64
Јован Владислав 53
Јован – свирач 49
Јована Арватка 198
Јованов, Коце 184
Јованов, Митре (Митре Курта) 105, 193
Јованов, Цветко 164
Јовановиќ, Паја 20
Јованов(иќ), Стеван 37
Јованче од Праведник 79, 166
Jovičević, Andro 104, 124
Йонов, Михаил 32
Јонче од Возарци 167
Йордановъ, В. 11, 34, 142, 146, 148

## К

Каваев, Филип 116
Кадиевиќ, Трајко 160
Kaleši, d-r Hasan 71
Каниц, Ф. 20

Каравеловъ, Любенъ 12, 21, 53, 55, 59, 87, 96, 146
Карађорђе 105,
Каракашевиќ, Владимир 25, 80, 88, 91, 114, 131, 135, 137, 148
Каранов, Ефрем 21, 26, 203
Карановић, Милан 23, 130
Карапанџа, Тодор 165
Кастелан, Л. 16
Катарџиев, д-р Иван 133
Кацарев, Никола 111
Кацарова, Рајна 208
Качановский, Владимир 26, 210
Качарев, Ристо 200
Караџић, Вук Стефановић 25, 26, 41, 59, 65, 73, 82, 107–109, 120, 136, 137, 139, 141, 142, 174
Келти 64
Кесяковъ, д-р Хр. 118
Кидинов, Константин (Дине) 143, 177
Кидинов, Спас 177
Кикошин, Истар 127
Кипаризоски, Ванѓел (Ѓеле, Ѓелија) 7, 51, 85, 89, 91, 93, 96, 103, 108, 118, 119, 125, 134, 138, 143, 165, 189–192
Киргизи 64, 101
Кирјазовски, Р(исто) 186
Кићовић, д-р Мираш 23, 44, 46, 107
Кличкова, В(ера) 158
Kljuškov, E. 12, 59
Клосон, Ернест 110
Кънчев, Васил 25, 55, 100, 112, 120, 176
Ковачев Ристо 111
Kovačević, Ivan 72
Ковилов(иќ), Коста 160
Коле – гуслар 167
Коле Дреноецот 79
Колесса Филарет 96
Колјов, Михаил – Мисо 160, 206
Корьевић, Светозар 12
Константин – цар 127, 173, 198
Константин IX Мономах 55
Константинов, Д. Хр. 27, 130
Константинов, Милош Хр. 93, 148
Кордунаш, Манојло 128
Коријарски, Лазо 27, 84, 119, 127
Корица, Никола 83, 92,
Корунов, Петър 175–178, 180
Косидовски, Зенон 62, 106
Коста од Велес 185
Коста Бугаринот 185
Костић, Драг. 187
Костић, Коста Н. 146
Костиќ, Станко 199, 200, 202
Костић, Ф. 141
Костов, Владимир 14, 65
Копев, Петар (Пене) 180
Котевски, Димитар 28
Кочо Ѓуптино 79
Krakow 36
Крали Марко види: Марко Крале
Крива Вилица Диме види: Диме Крива Вилица
Крижаниќ, Јурај 107
Крстанчев, Илија 177
Крстевски, Александар 71
Крстиќ, Ѓорѓе 20
Круша Веле 96
Куба, Лудвик 16
Кузинери, Еспри Мари 15, 38
Кузман и Дамјан 57
Кузмановски, Александар 102
Kulišić, –piro 125
Купрешанин, Вељко 85
Kuhač, Fr. Š. 12, 23, 27, 36, 51, 59, 79, 80, 82, 99, 107, 108, 119, 124, 126, 135, 137–139
Кучук Сулејман 136

## Л

Лазар – цар 127
Лазаревић, Јован 199
Лазевски, Борко 20, 157
Лакедомоњани 86
Лалевић, М. С. 124, 139
Лапе, Љ(убен) 54, 121, 186
Латаврин, Г. Г. 53, 55, 70
Латковић, Видо 107
Лауц, Коле 87–89, 95, 96, 105, 118, 163, 166, 170, 188
Лауцев(ић), Борис 160
Лауцески, Борис 208
Леарт, Остин 15, 38
Lebrun, Fr. 16, 136, 150, 206
Лефевр 15, 121
Лескалопие, Пјер 16

Лесковац, Младен 99
Лик Вилјам Мартин 41
Линин, Александар 20
Личен Димо 198
Лозаноски, Ванѓелко 10
Loprlić, J. 65
Лудевит IX 70
Лужички Срби 65
Лучков, Марин 177

## М

Мазнеов, Кипре 177
Македонски Словени 20
Македонци 25, 54, 65, 73, 204
Макензијева, Мјур Г. 128
Маневић, Тодор 149, 187
Манолче – пеач 202
Манчо – гуслар 211
Маринковић, Боривоје 139
Маринковић, Радмила 68
Марко од Варош 79, 164
Марко Крале 11, 26, 27, 34, 46, 107, 119, 127, 128, 136, 141, 154, 168, 175, 202, 205, 211
Марковски, Венко 14
Мартиновиќ, Саво Матов 139
Марулиц, Веле 96
Матекало, Анте 141
Matić, Vojin 55, 61, 116
Матић, Светозар 12, 85, 86, 137
Матицки, Миодраг 141
Matković, d-r Petar 117
Матковски, Александар 11, 15, 16, 31–33, 38, 50, 93, 109, 111, 112, 121, 142, 145
Медароска, Ката 190
Меденица, Радован 80, 83, 92, 110, 112, 124, 128, 129, 138, 139, 185
Medenica, Radovan види: Меденица Радован
Мехмед II Освојувач 48, 66, 174
Мијаци 117, 142
Миле – свирач 47
Милев, А. 186
Милетие Македонски 42, 67
Милојевић, д-р Милоје 130
Милот, Џон 60
Милутиновиќ, Ѓуро 51, 85
Миљковиќ, Петар 42, 67
Мирбадалиева, А. С. 64
Мирков, Мито Наум 198
Мирчевска, Нада 89
Мисирков, К. П. 25, 86
Митан од Пештани – гуслар 195
Митрев, Крсте 167
Митре Курта 193
Митрев, Тале 153
Мито Мајмунџијата 79
Михал – свирач 49
Михаил – митрополит 37
Mihailov, Jovan 7, 26, 143, 210
Михайлова, Катя 183, 211
Михајло Комнен 64
Михајлов, Најче Коста 51, 62, 82, 88–90, 110, 113, 116, 119, 132, 138, 143, 149, 151, 154
Михајловски, Коста 28
Михо – свирач 48, 49
Младеновић, Михајло 60, 61
Млечаков, Никола 26, 210
Мојсеј 72
Момировић, Петар 18
Момчило Војвода 46, 136
Мркаја, Релја 130
Мурат I 53
Мурат II 107
Murko, d-r Matija 12, 61, 80, 99, 100, 110, 112, 113, 148
Муса Кесеџија 26, 128, 175, 198, 211
Мустафа Паша 71
Мустафовски, Мустафа 14, 116, 155, 156
Мухамед 68, 72
Мушико, Диме 87, 95, 163

## Н

Наум Просјакот 79
Наум Слепиот 34, 141
Наст, д-р Албер 60
Неделков, Петре 204
Недељковић, д-р Душан 28, 148, 149, 200, 201, 202, 206
Недић, Видан 124, 125
Нектариј Пелагониски 42
Нестор Ѓуптино 152
Нестор Црнио 79, 128, 152

Никола – свирач 49
Никола де Никола 46
Николић, Вуксан 130
Николић, д-р Илија 141, 209
Николов, Коле 168
Николова, Ваня 183
Николовски, Благоја 173
Новаковић, Стојан 23, 50, 58, 70, 112, 181, 183

## Њ

Његош 60

## О

Обдек, Марко 87, 88, 95
Обилиќ, Милош 46, 107, 202, 205
Обрадовиќ, Д(оситеј) 65
Обреновиќ, Милош 67
Обреновиќ, Михајло 139
Одисеј 38, 139
Скругиќ – Сриемац, Илија 98
Органџиева, д-р Цветанка 207
Оцокља, Бранко 88

## П

Павић, д-р Милорад 17, 18
Pavišić, d-r Z. 52
Павле од Вашарејца 79
Павле од Прилеп 93
Павлов, Ташку 143, 150, 154
Павловић, Драгољуб 68
Павловић, Јеремија 142, 199
Pavlović, d-r Milivoj 97, 99
Павловски, Антонио Б. 2
Павловски, Божин 2
Паласка, Сари 166
Палигора, Ташку 149
Палислама, Илија 90, 96
Паниќ, Аврам 137
Панић, Суреп, М. 51, 105, 127
Паушанов, Јован 111
Пејо чалгаџија 50
Пејовиќ, Роксана 183
Пејчиновиќ, Кирил 13, 21, 70, 114
Пено од Кукушко – гуслар 211
Пено просјакот 82
Пенушлиски, Кирил 9, 12, 26, 36, 60, 68, 145, 210
Перјаникоски, Лазо 185
Перуновиќ, Ѓ. 149
Петко – свирач 47
Петко (Пено питачо) – пеач 79, 195
Петко од Тренчевци – гуслар 212
Петков, Лазар 111
Петковић, Живко Д. 97
Петковски, Тоде 206
Петранов, Асен Иванов 126
Петре од Клепавци – гуслар 197
Петров, Никола 161
Петров, Петар 50
Петров, Стојан 89
Петровић, Мих. 93
Петровић, Теодора 141
Пецов, Ангел 177
Pigafetta, Marko Antun 117
Пискал, Ѓина 20
Платон 98
Подруговиќ, Тешан 125
Показо, Јован 85
Показо, Јон (Јоан, Јонче) 161
Поленаковиќ, д-р Харалампие 12, 26, 27, 43, 70, 97, 136, 189
Поленаковић, Харалампие види: Поленаковиќ Харалампие
Поп-Стоилов, Антон 25
Поповић, д-р Душан Ј. 99
Поповиќ, Сретен Л. 2, 11, 25, 103, 114, 137, 146, 147
Поповски, Климе 16
Попфилипов, Хаџи Михаил 175
Поско, Тоде 173
Преде – свирач 47, 50
Прелиќ, Тома 82, 88, 95, 113, 131
Приск – хроничар 107
Прличев, Гр. С. 13, 186
Прокопие – еромонах 41
Пропп, В. Я. 125
Проско, Тоде 136
Прохоров, Никифор 125
Пруси 65
Пуквиљ 16

## Р

Радовановић, д-р Војислав С. 193
Radojčić, d-r Svetozar 45

Радослав – свирач 48, 49
Радошевиќ, Алекса 130
Рајаковиќ, Остоја 187
Рали – свирач 48
Рамовска, Цветанка 177
Рацин, Кочо 182
Рико, Пол 42
Римјани 52, 106
Ристе Аџијата 194
Ристе од Возарци 165
Ристе Питачо 194
Ристе од Тиквеш 93
Ристе – гуслар 161
Ристо – пеач 198
Ристовски, д-р Блаже 51, 96
Ритих, П. А. 109
Ромејци 66
Роми 15, 50, 66, 73
Ромки 15, 112
Руварац, Д. 100
Ружичић, д-р Гојко 182
Руси 61, 64
Русић, Бранислав види: Русиќ Бранислав
Русиќ, Бранко види: Русиќ Бранислав
Rusić, Branislav види: Русиќ Бранислав
Русиќ, Бранислав 12, 13, 20–22, 27, 28, 51, 74, 77, 80, 84, 85, 89, 91–93, 97, 98, 104, 108, 114, 119, 124, 125, 127, 136, 140, 142, 146, 148, 161, 166, 169, 170, 186, 187, 189, 196, 197, 200, 202, 204–207

## С

Сава – архиепископ 69
Savić, d-r Ljubomir види: Савиќ д-р Љубомир
Савић, д-р Љубомир види: Савиќ д-р Љубомир
Савиќ, д-р Љубомир 17, 28, 33, 51, 53, 57, 58, 59, 65, 69, 78, 80, 93, 99, 113, 114, 123, 141, 148, 158, 182
Саздов д-р Томе 10, 21, 26
Самарџић, Радован 34, 46, 109, 119
Самуил – цар 175
Сарацени 64
Св. Ѓорѓи 68
Св. Кирил и Методиј 116
Св. Климент Охридски 68, 70
Свирец Преде 23
Свирку Пејо 50
Сеиже, С. 15, 38
Секач, Јозеф 101
Секула Детенце 136
Секуловска, Томислава 156
Секуловски, Апостол 85, 103, 168, 170
Секуловски, Трајан 155
Семко – гуслар 53
Силјан, Раде 2
Сикоза, Божидар 23, 126
Sikoza, d-r Greta 87, 100, 108, 126, 138, 176, 177, 207
Симеон – еромонах 41
Синан – свирач 50
Симитчиев, д-р Коле 11, 28, 141, 145, 148
Ситвасарски, Петар 177
Скити 52
Славейковъ, П. Р. 147, 148
Словени 38, 55
Смиљанић, Тома 78, 117
Smiljanić – Bradina, Toma 142, 158, 159
Смилев, Кочо 111
Смилевски, Димитар 93
Снѣгаровъ, Ив. 44, 53, 69, 186
Согле – свирач 189
Соколов, Борис 64, 79, 125
Соколоски, Методија 31, 47, 49, 50, 71, 109, 199
Сондерсон, Никола 60
Сотировски, д-р Никола 72
Софокле 90, 125
Софрониј – калуѓер 42
Софревска, Ранка 128, 155
Спенсер, Едмунд 16, 145, 149
Спиро Црне 136, 173
Сребрен Кривогаштанец 153
Стајко – свирач 47, 48
Стамад – свирач 49
Стаменковиќ, Александар (Санде) 133
Станиќ, Д. 20
Станко – гуслар 188

Станко, Дуко 205
Станков, Тасе 165, 190
Станко – Тасева, М. 190
Станковиќ, Б. 14, 22, 152
Станковска, Љубица 78
Станоевски, Цветан 44, 109, 110
Станојевић, Алекса 110
Стеван Немања 69
Стеванов, Јован 163, 195
Стенковски, Димо 10
Степан од Бешишта (Каравиљ) – гуслар 196
Stergar, Stane 52
Sterjovski, Aleksandar види: Стерјовски Александар
Стерјовски, Александар 3, 5, 11, 23, 27, 38, 40, 41, 42, 49, 67, 174, 181, 187, 189, 193, 208
Стефан Дечански 53, 57
Стефан Охридски – калуѓер 42
Стефан Првовенчани 107
Стефановић, Р. 183
Стефановски, Димитар 189
Стоиловъ, А. П. 25, 28, 99, 103, 140, 147, 148, 176, 177
Стоин, Елена 175, 207
Стојадиновиќ – Српкиња, Милица 141
Стојановски, д-р Александар 31, 47, 48, 50, 70, 71, 109, 133
Стојчев, Нако 11
Стратимировиќ, Стеван – митрополит 141
Стрејовић, Драгослав 61
Сулејман Законодавец 33, 66
Сулејманов(иќ), Шакир 68

## Т

Тале Гајдаџијата 153
Тановић, Стеван 120
Тантуре, Јован 28
Танчевски, м-р Кирил 93
Тасе – гуслар 189, 211
Тасев, Огне 105, 163
Ташко(у) Влао 79, 150
Ташко Крушевчанецо 88, 150
Ташко(у) Чавкар 79, 150
Таха, Хусеин 60
Тахов, Н. 188
Трајков, Ѓорѓи 111
Твардовски, Самуило 117
Тевфик, Мехмед 145
Телев, Никола види: Тилев Никола
Теодосија Синаитски 43
Теофилакт Охридски 186
Тилев, Никола 7, 27, 134, 138, 143, 176, 178, 179
Тиресија – пророк 61
Тодор – свирач 49
Тодоров, Тодор 182, 211
Тодоровски, Гане 13, 116
Тозер, Хенри Ф. 16, 183
Този, Нико П. 2
Толе Амало 79, 167
Томић, Јован Н. 27, 209
Томиќ, Сима Н. 135, 208, 209
Thomson, E. A. 107
Тошев, Илија Георгиев 211
Трајановић, Сима 97
Туѓан, Фран 133
Турци 53, 54, 56, 68, 73, 105, 145, 161, 188

## Ќ

Ћоровић, д-р В. 187
Ćorović – Ljubinković, d-r Mirjana 17, 57

## У

Угринова – Скаловска, Радмила 31, 181, 203
Узбеки 101
Узунов, Стојан 177
Узунов, Христо 85

## Ф

Фелф VI 70
Ferić – Seiwerth, d-r F. 52
Филип, Митре 208
Филипов, Михаил 24
Филиповић, Мил. С. 21, 182, 197–199, 207

Финдак, Ристо 207
Фирфов, Живко 156
Флошар, д-р Мирон 106
Флоринскій, Т. 65
Фортис, А. 65
Грейзър, Джеймс Джордж 64
Von Hamer, Joseph 69

## Х

Хан – царска династија 64
Халили, Кадри 97
Хари Слепиот 60
Хаџи Васиљевић, д-р Јован 11, 21, 23, 25, 108, 112, 114, 116, 120 139, 146, 147, 206
Херенда, А. Б. 110
Херодот 52, 61, 86, 129
Хомер 63, 123, 125
Хрусе – гуслар 50
Христов, Стојан 114
Хусовиќ, Хусо 134

## Ц

Царева, Юлияна 183
Цветко Круша 136
Цветкова, Бистра А. 180
Цветковски, Јован Нестов 154
Цвијић, Јован 22, 111, 120, 136, 142, 149, 158, 160
Цермановић, Александрина 61
Цепенков, Марко К. 9, 10, 12, 36, 51, 96, 114, 116, 137, 141, 145, 159, 160, 181, 187, 188
Цигани 27
Црна Арапина 127, 136, 198
Црњански, М(илош) 130

## Ч

Чајкановић, Веселин 72, 73
Чапкуно, Митре 95
Čelebi, Evlija 71, 121
Чилевъ, П. 12, 28, 96, 97, 100, 146, 147
Чолаков, Ат. 26, 175
Čubelić. d-r Tvrtko 107, 119, 126, 137
Чукарев, Давид 200, 202
Чупић, Никола 24

## Џ

Џамбазовски, д-р Климент 37
Џамбазовски, Панта 59
Џамбиќ – гуслар 139
Џеладин бег 69
Џенер, Едвард 52
Џимревски, Боривоје 16, 20, 93, 121, 182

## Ш

Шапкарев, Кузман А. 10, 13, 21–24, 71, 186–188, 134
Шаулић, Новица 90
Шевченко, Тарас 13
Шефкија Качакот 168
Шимин, Обрад 149
Шишмановъ, д-р Ив. 27
Шкарић, Милош З. 137
Шмаус, А. 21, 22, 59, 74, 77, 80, 85, 89, 91–93, 97, 98, 104, 107, 108, 112, 114, 119, 125, 127, 131, 132, 134, 137, 140, 142, 187, 189
Шлецер, А. 26, 175
Шоповъ, А. 11, 12, 34, 103, 146
Šulc, M. 142
Шушоров, Кочо 211
Шушоров, Атанас 211

# ИНДЕКС НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА


## А

Албанија 183
Александрија 60
Анџиста – село 49, 174
Атина 61, 98

## Б

Бабијани – село 49
Бабуна 112
Балдево – село 24, 59
Балкан 16, 20, 26, 31–34, 41–43, 59, 103, 116, 142, 145, 146, 159, 160, 176, 180, 181, 216
Банат 59
Барбац - село 133
Бачка 59
Бегино – село 49
Беласица 54
Белград 7, 10, 12, 14, 15, 18, 21–24, 27, 28, 34, 38, 41, 44, 46, 50, 51, 55, 59, 61, 62, 64, 65, 68, 69, 70, 72, 74, 77, 78, 80, 82, 83, 85, 87, 88, 93, 97, 98, 99, 101, 103, 105–111, 113, 114, 116, 117, 120, 122, 124, 125–128, 130, 132, 135–139, 141, 146–149, 154, 158, 169, 177, 181–183, 185, 187, 190, 197, 199, 200, 206–209
Беловодица – село 165
Београд види: Белград
Beograd види: Белград
Берово 111, 200, 201
Бешишта – село 194, 195
Билеќа 130
Битола 7, 10, 11, 12, 14, 16, 18, 20, 21, 24, 25, 28, 31, 32, 34, 35, 40, 43, 47, 51, 57, 65, 66, 71, 72, 81, 82, 88, 89, 93, 95, 99, 100, 102, 105, 111, 113, 116, 134, 143, 145, 146, 147, 148, 149, 150, 153–157, 159, 160, 162, 164, 166, 167, 178, 182, 184, 188, 189, 193, 195, 196, 207, 208
Bitola види: Битола
Битољ види: Битола
Битоля види: Битола
Битолско 12, 18, 21, 28, 31, 37, 41, 51, 57, 149, 155, 167, 195
Босна и Херцеговина 59
Благоевград 177
Богданци 111, 198
Бојана 127
Борово – село 59
Босна 103, 116, 128
Босфор 109
Брьгалница 25, 55, 100
Брезова – село 88
Броди – село 26, 210
България види: Бугарија
Бугарија 16, 21, 22, 24, 41, 44, 57, 59, 85, 103, 129, 173–176, 184
Будим 137
Букурешт 16, 24, 36, 55, 147, 206
Букурещ види: Букурешт
Bucarest види: Букурешт

## В

Вакарел – село 174
Валандовско 201,
Вардар 16
Вардарска бановина 155
Вардарска Македонија 12, 112, 174
Варна 55
Варош – село 164, 168
Warszawa 36
Велес 47, 81, 109, 111, 112, 143, 158, 168, 181, 182, 184, 185, 196, 211
Veles види: Велес
Велешко 50, 181, 183, 184
Велинградско 180
Видин 195
Wien види: Виена
Виена 107, 174
Византија 38, 64
Витолиште – село 95
В'ково – село 49

Влахи – село 175, 178
Влашко 204
В'лково – село 49, 174
В'лкосел – село 49
Воден 49
Возарци – село 167
Војводина 88, 90, 95, 103, 113, 131, 132, 216
Врање 18, 25, 120, 129, 133, 147, 148, 183
Врањско 133
Врашеница – село 47
Vrnjačka Banja 72
Врпско – село 161

## Г

Габаловци село 155
Галиција 87
Галичник 37
Галишта – село 193
Гевгелија 111, 195, 196, 198, 201
Гевгелиско 73, 120, 207
Германија 41
Глобочица – село 48, 174
Градец 121
Градње – село 24
Градско 16, 183
Грмен – село 48
Грмлани – 48, 174
Годешево – 48, 174
Голем Порој – село 48
Горен Порој – село 48
Горна Џумаја 116
Горноџумајско 25
Гостивар 22, 206
Гостун – село 48
Грошаница – село 37
Гружански срез 37
Грција 38, 42, 61, 78, 136, 155, 173, 183–185
Гулак – село 177
Гуменица – село 50

## Д

Дабница – село 165
Далмација 65
Дебар 28, 196
Дебърско 22, 23
Демир Хисар 7, 18, 22, 48, 149, 154, 155
Демирхисарски вилает 48
Добри Дол – село 59
Добрешница – село 50
Добрско 55, 143, 173, 174, 176–180
Дојран 201, 212
Долен Порој – село 48
Дорково – село 180
Драма 167, 184
Дреново – село 168, 194
Дубница – село 174
Дубровник 109, 120
Дупница – село 48, 210
Душановац – село 206

## Е

Европа 25, 78
Европска Турција 166
Егејска Македонија 21, 25, 103, 121, 180
Едрене 53
Екши су – село 173

## Ж

Жван – село 57
Железнец 22

## З

Zagreb види: Загреб
Загреб 12, 15, 17, 23, 31, 33, 36, 45, 51, 53, 57, 59, 60, 61, 62, 65, 66, 78, 80, 85, 90, 99, 104, 107, 119, 124, 126, 133, 137, 141, 148, 183, 206
Задар 86
Западна Бугарија 200
Западна Европа 32
Западна Македонија 22, 41
Земун 73, 101, 120
Злетово 143

## И

Извор – село 154
Ириг 99, 100
Истанбул види: Цариград

## J

Јадранско Море 148, 216
Јадранско Приморје 119
Јајце 110
Јапонија 59
Југозападна Македонија 99
Jugoslavija види: Југославија
Југославија 15, 66, 110, 113, 149, 156
Јуделина – село 49, 174
Јужна Италија 61
Јужна Кина 65
Јужна Македонија 121
Јужна Србија 10
Јужна Стара Србија 21

## К

Кавадарци 111, 171
Кавала 167, 184
Кадино Село 164
Карабогданска земја 41
Каравлашка земја 41
Кешишлик вилает 49
Кембрич 60
Киев 183
Кина 64
Кичево 41, 47, 51, 111, 161, 165
Кичевска нахија 47
Кичевско 22
Конуш 15
Коњско – село 198
Корница – село 49, 174
Косово 97, 113, 127, 132, 201
Костен – село 48
Костур 38
Костурно – село 207
Кочани 111
Крагуевац 67
Крагуевачки округ 37
Кратово 143, 203
Кривогаштани – село 153
Кривопаланечко 207
Крушеани – село 163
Крушевица – село 181
Крушево 85, 143, 161, 163, 164, 167, 184
Крушевско 167
Крушевица – село 47, 147
Кукуш 105, 111, 205
Кукушко 105, 197, 206, 207
Куманово 25, 108, 147, 184, 205
Кумановска област 21
Кумановско 41
Kučevishte види: Кучевиште
Кучевиште – село 19, 20

## Л

Лакос – село 174
Лвов 96
Ленинград 79
Лерин 143, 185
Леринска нахија 49
Леринско 95
Лесново 90
Летевци – село 47
Леуново – село 31
Либахово – село 48, 174
Лика – село 48
Лисиче – село 92
Л'ки – село 48
Ловча – село 177

## Љ

Ljubljana 78, 97

## М

Македония види: Македонија
Македонија 13, 16, 18, 21, 25, 27, 28, 31–33, 38, 41, 42, 44, 47, 48, 50, 67, 68, 71, 82, 85, 87, 95, 98, 103, 109, 130, 132, 133, 142, 143, 148, 151, 158–160, 163, 164, 173, 181, 183–186, 194, 197, 206–208
Македонски Брод 207
Мал Порој – село 48
Мала Врбица – село 31
Мала Азија 46
Maleševo 143
Малешевија 199, 200, 202, 211
Малина – село 177
Мало Рувци – село 163

Мариово 95, 143, 155, 159, 162, 166, 174, 194–196, 199
Маћедонија види: Македонија
Macedonia види: Македонија
Медина 56
Мека 56
Мелник 201
Мелнишко 25
Места 25, 55, 100
Метохија 97
Митрашинци – село 200
Monastery види: Битола
Морокоста – село 48, 174
Москва 13, 26, 53, 64, 79, 114, 129
Мосолишта – село 177
Мушково – село 204

МАНАСТИРИ:

Бигорски 41, 67
Dovledžik 143, 150
Зографски 67
Лесновски 52, 58, 78, 203
Рилски 41
Св. Архангел 57
Св. Богородица 41
Св. Јован Продром 18
Св. Катерина 43
St. Mihail Gavril 143, 150
Св. Наум 44, 121
Св. Никола 145
Св. Никола Шишевски 57
Слепченски 10
Топлички 57
Трескавички 160
Хилендар 67

## Н

Небрегово – село 173
Неврокоп 48, 49, 205, 206
Неврокопско 25, 177
Неготино 111
Непроштено 74
Нидобранцко (Недобрско Нидобрско, Добрско) 24, 25, 176
Нодни Новгород 59
Никифорово – село 31
Нисферино – село 59
Ниш 15, 124, 148
Нови Сад 11, 12, 25, 37, 50, 59, 66, 78, 85, 86, 89, 90, 98, 99, 102, 113, 114, 137, 147, 185, 204

## О

Осоговија 204
Отанца – село 178
Охрид 11, 21, 32, 39, 44, 53, 58, 69, 71, 85, 87, 93, 96, 103, 110, 111, 118, 121, 143, 160, 164, 168, 186–190, 196, 208
Охридско 21

## П

Паливоденица – село 59
Pariz види: Париз
Париз 43, 70
Пеќ 168
Пела 112
Пелинце – село 133
Перу 59, 64
Петорак – село 208
Петрич 103, 211
Петричко 25, 200, 206, 211
Петрово – село 211
Пештани – село 103, 118, 190, 195
Пијанец 200, 201, 207
Пиринска Македонија 12, 23, 26, 48, 49, 100, 112, 174, 175, 200, 201
Пирот 116, 121
Писодере – село 185
Пловдив 11, 16, 34, 59, 103, 112, 146
Подгорица 133
Полска 64
Пољанци – село 24
Поречје 161
Порој – село 48, 174
Постол – село 25
Премка – село 47
Приедор 130
Прилеп 10, 11, 16, 22, 23, 25, 39, 86, 88, 90, 93, 95, 96, 102, 105, 112, 118–121, 133, 136, 143, 149, 158–161, 165–168, 170, 171, 173, 182, 188, 193, 195, 207

Прилепско 22, 120, 167
Присојани – село 89
Приштина 71, 97
Пробиштип 203
Просеник – село 26, 210
Пчиња 183

## Р

Радовиш 196
Радомир 208
Радомирско 50
Разлог 26, 99, 174, 176
Разлошко 23, 27, 99, 116
Ресен 111
Рибно – село 48, 174
Рим 18
Романија 41, 42
Рудник – село 47
Руднички округ 37
Рупелска клисура 112
Русенско 178
Русиново – село 200, 202
Русија 24, 41, 42, 59, 67

## С

С. Петербург 21, 26, 87, 210
Самоковско 178
Санџак 103
Sarajevo види: Сарајево
Сарајево 97, 110, 125, 130
Света – село 212
Света Гора 10
Семберија 51
Сервија (Сијатиста) 41
Серес 48, 49, 143, 174, 198
Серско 120, 210
Скадар 127
Скопје 5, 9–16, 18, 20–23, 26–28, 31, 33, 36–38, 43, 44, 48–51, 54, 57, 59, 60, 67, 68, 70, 71, 77, 84, 86, 90, 92, 93, 96, 109–114, 116, 121, 124, 130, 133, 134, 141, 142, 145, 148, 155, 160, 181, 182, 186, 187, 193, 196, 199, 203, 205, 206, 210
Скопљe види: Скопје
Skoplje види: Скопје
Скопска Црна Гора 19, 20, 57, 132, 207
Скопски вилает 47, 59
Скопски санџак 50
Скопско 57, 71, 120
Славонија 59
Сланкамен 82
Slepče види: Слепче
Слепче – село 18, 149, 174
Slovenija 17
Смилево – село 37
София види: Софија
Софија 11, 12, 15, 16, 22, 25, 27, 32–34, 38, 42, 44, 50, 53, 55, 64, 71, 80, 82, 97, 100, 103, 107, 116, 118, 121, 130, 137, 140, 142, 145, 146, 160, 174–178, 180, 182, 183, 186, 187, 197, 207
Софиско 177
Сплит 119
Солун 25, 38, 70, 103, 111, 112, 165, 166, 184, 185, 198, 202
Солунско 195, 197, 198, 206
Србија 17, 22, 41, 46, 51, 59, 67, 68, 73, 87, 98, 109, 133, 142, 163, 173, 180, 184, 185, 208
Србица – село 59
Срем 51, 59
Стамбол види: Цариград
Стари Град 47
Старо Нагоричане – село 45
Струга 71, 121
Струма 25, 55, 100, 112
Струмица 21, 103, 120, 143, 196, 201, 207
Струмичко 21, 121, 198, 200, 201, 207, 211
Суматра 65
Сушица – село 105

## Т

Татар Пазарџик 174
Татарпазарџиско 24
Тесалија 42
Тетово 59, 110, 111, 205, 206
Тетовски вилает 109
Тетовско 22, 31, 74

Тибет 65
Тиквеш 205
Тиквешија 166, 194, 195
Тиквешко 167, 168
Топла – село 49
Тополица – село 49, 174
Триводи – село 197
Трстеник – село 171
Турција 32, 33, 82, 119

Ќ

Ќустендил 207
Ќустендилски санџак 50

У

Украина 96
Урвич – село 59
Уџани – село 49

Ф

Florina види: Лерин

Х

Херцеговина 103

Ц

Цариброд 33, 46
Цариград 15, 26, 38, 40, 46, 52, 64, 70, 107, 109, 116
Цетиње 130
Црн Дрим 21
Црна Гора 16, 41, 73, 103, 109, 133
Црно Море 103, 148, 216
Црна Река 16
Црничани – село 196

Ч

Чучер – село 57

Џ

Џумајлија – село 211

Ш

Шипка 53
Широк Сокак 14
Штип 201, 205, 207
Штонче – село 48

## СОДРЖИНА

**СВЕДОШТВА / EVIDENCE** ........ 7
ОДРАЗ ВО ЛИТЕРАТУРНИОТ ФОЛКЛОР ........ 9
ОДРАЗ ВО УМЕТНИЧКАТА ЛИТЕРАТУРА ........ 12
ОДРАЗ ВО ПАТЕПИСНАТА ЛИТЕРАТУРА ........ 14
ОДРАЗ ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ ........ 17
ИМИЊА ........ 21
СВЕДОЦИ ........ 23
„ПРОСЈАЧКИ ПЕСНИ" ........ 25
ПРОУЧУВАЊА ........ 27

**ПРОСЈАЦИ "Со подадена рака" / BEGGARS** ........ 29
ПРИЧИНИ ........ 31
*Социо-економски* ........ 31
*Хигиенско-здравствени* ........ 32
*Локални и семејни традиции* ........ 34
КАТЕГОРИИ ........ 36
*Просјаци од неола* ........ 36
*Просјаци од занает* ........ 38
*Таксидиоти* ........ 41
*Забавувачи* ........ 44
Средновековни ........ 44
Од XV век ........ 46
Од другите векови ........ 49
СЛЕПИЛО И СЛЕПИ ........ 51
*Причинители* ........ 51
Голема сипаница ........ 51
Ослепувањето како казна ........ 52
Доброволно и самоослепување ........ 55
Исцелување и лекување ........ 56
*Од животот на слепите* ........ 58
Масовност ........ 58
*Внатрешна светлина* ........ 60
*Божји дар* ........ 61
*Слепите и фолклорот* ........ 62
ОДНОС ........ 65
*Негации и грижи* ........ 65
Негации ........ 65
Индивидуални грижи ........ 68
Институционални грижи ........ 70
Теофанија ........ 72

**ЕСТРАДА / THE STAGE** ........ 75
ИНДИВИДУИ И ЗДРУЖЕНИЈА ........ 77
*Карактеристики* ........ 77

Надворешен изглед - 77
Прекари - 78
Меморија - 79
Склоност кон алкохолот - 80
Имот и семејства - 82
Бајачи и екими - 83
*Учество на националниот отпор* - 84
*Здруженија* - 86
Мајстор (учител) и чирак (ученик) - 86
Водач - 89
Патувачка двојка - 91
Тајфа - 93
Газда - 94
Еснаф - 96
Таен говор - 97
Академија-да или не - 98
*Крстосувања* - 101
Подготовки - 101
Кратки и долги маршути - 102
Логорувања и конакувања - 103
Проблеми - 104
Враќање - 105
ЕСТРАДНИ МЕСТА - 106
*Затворени* - 106
Трпезарии - 106
Крчми (меани) и кафеани - 108
Анови - 111
Свечени и пригодни сали - 112
*Отворени* - 114
Претпорти - 114
Мостови - 116
Сретсела - 116
Пазари - 119
Панаѓури - 120
Дворови - 122
*Изведби* - 123
Најава и ставови - 123
Претстава - 124
Публика - 126
Натпревари - 129
Награди - 131
Импортно гусларство - 132
*Репертоар* - 134
Обем - 134
Жанрови - 135
Клањалици и благодарници - 136
Збогатување на репертоарот - 138
*Улога* - 139
Автори - 139
Чувари - 141
Сејачи - 142

ЦЕНТРИ И ПРОСЈАЦИ–ГУСЛАРИ / CENTRES FOR BEGGAR–GUSLE PLAYERS ---------- 143
РАЗГРАНЕТИ ЦЕНТРИ ---------- 145
*Битолски* ---------- 145
Од летописот ---------- 145
Ташку Павлов ---------- 150
Нестор Црнио ---------- 152
Тале Митрев ---------- 153
Сребрен ---------- 153
Јован Настов Цветковски ---------- 154
Коста Михајлов Најче ---------- 154
Трајан Секуловски ---------- 155
Мустафа Мустафовски ---------- 156
*Прилепски* ---------- 158
Од летописот ---------- 158
Јонче ---------- 161
Никола Петров ---------- 161
Огне Тасев ---------- 163
Јован Стеванов ---------- 163
Цветко Јованов ---------- 164
Марко ---------- 164
Ѓоре ---------- 165
Ристе ---------- 165
Павле Димев ---------- 166
Јованче ---------- 166
Јонче ---------- 167
Крсте Митрев ---------- 167
Толе ---------- 167
Коле Николов ---------- 168
Апостол Секуловски ---------- 168
*Добрски* ---------- 173
Од летописот ---------- 173
Краток список на добрските просјаци–гуслари ---------- 177
Никола Тилев ---------- 178
Рајна Зарева ---------- 180
*Велешки* ---------- 181
Од летописот ---------- 181
Преде и Хрусе ---------- 183
Лазар ---------- 184
Коце Јованов ---------- 184
Ѓело ---------- 185
Глигор ---------- 185
Коста ---------- 185
*Охридски* ---------- 186
Од летописот ---------- 186
Наум ---------- 187
Станко ---------- 188
Тасе ---------- 189
Согле ---------- 189
Ильо ---------- 189

Ванѓел Кипаризоски - - - 189
СРЕДНО РАЗВИЕНИ ЦЕТРИ - - - 193
*Мариовски* - - - 193
Белешка - - - 193
Митре Јованов - - - 193
Ристе Мурџев - - - 194
Петко - - - 195
Митан - - - 195
Степан - - - 196
*Струмички* - - - 196
Белешка - - - 196
Петре - - - 197
Ристо - - - 198
Мито Наум Мирков - - - 198
*Малешевски* - - - 199
Белешка - - - 199
Ристо Качарев - - - 200
Арсо од Грповци - - - 200
Ристо Дучев - - - 201
Манолче - - - 202
*Кратовско-злетовски* - - - 203
Белешка - - - 203
Петре Неделков - - - 204
Лазо Китанов Коријарски - - - 204
*Просјаци-гуслари вон центрите* - - - 205
Белешка - - - 205
Филип Митре - - - 208
Јован Михаилов - - - 210
Никола Млечаков - - - 210
Атанас и Кочо Шушкови - - - 211
Иљо - - - 211
Тасе - - - 211
Манчо - - - 211
Пено - - - 211
Петко - - - 212

**ЗАКЛУЧОК / SUMMARY** - - - 213

**ИНДЕКС** - - - 219

ИНДЕКС НА ЛИЧНИ ИМИЊА - - - 219
ИНДЕКС НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА - - - 228

МАТИЦА МАКЕДОНСКА
Димитрија Чуповски 6/1-6
91.000 Скопје
тел: +389 91 232 435
тел/факс: +389 91 229 244

•

Александар Стерјовски
МАКЕДОНСКИТЕ СЛЕПИ ГУСЛАРИ
- примери од Хомеровското пеење

•

Печати
А.Д. ГИТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

•

Тираж
1.000

CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

СТЕРЈОВСКИ, Александар
Македонските слепи гуслари: примери од Хомеровското пеење / Александар Стерјовски . - Скопје; Мелбурн: Матица македонска, 1999. - 238 стр. ; 24 см.

ISBN 9989 - 48 - 009-5 (Ед.)
ISBN 9989 - 48 - 221-7 (Кн. 15)

Aleksandar Sterjovski

# BEGGAR-PLAYERS OF THE GUSLE

ISBN 9989-48-009-5
ISBN 9989-48-221-7 (кн.15)

МАТИЦА МАКЕДОНСКА